Миле ИЛИЕВСКИ

ДОКУМЕНТИ ЗА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (ОКМ - ДООМ - НОФМ)

ПРВ ТОМ

Миле ИЛИЕВСКИ

ДОКУМЕНТИ ЗА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (ОКМ - ДООМ - НОФМ)

- ПРВ ТОМ -

Миле ИЛИЕВСКИ

ДОКУМЕНТИ ЗА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (ОКМ - ДООМ - НОФМ)

- ПРВ ТОМ -

Издавач:
Авторот

Рецензент и подготовка на ова електронско издание:
Александар Донски

На знамето што ќе го кренам да биде напишано: Единствена и обединета Македонија!... Да живее македонскиот народ! Да живее Македонија!... Македонци, сетете се на Вашето потекло и немојте да се откажувате од него!

(Извадок од Манифестот на илегалната Привремена влада на Македонија, објавен во април 1881 година).

ПРЕДГОВОР

Оваа книга има за цел да раскаже дел од обемната приказна од историјата на македонската дијаспора, поточно работата на македонските патриотски и револуционерни организации кои таму дејствуваа, како и на нивните активности и влијанија во Македонија во периодот од по Втората светска војна, па се до осамостојувањето на вардарскиот дел на Македонија под името Република Македонија.

Самиот факт што во времето кога се настанати овие документи, македонската дијаспора имаше над 160.000 припадници, доволно зборува за трагичната несреќа на страдална Македонија. Заради таквата судбина, ние ги организиравме организациите ОКМ, ДООМ и НОФМ со цел да ги постигнеме вековните македонски идеали за слободна, обединета и независна држава.

Меѓутоа, душманите на Македонија никогаш не бираа средства како да ја спречат и уништат нашата работа посветена на интересите на нашата татковина. Колку и да бевме одвоени од нашата татковина, ние постојано со мислите бевме со неа инстинктивно посветени на нашето враќње во родниот крај, за кој бевме духовно и мисловно врзани. Сите ние со нетрпение работевме и го очекувавме конечното ослободување и обединување на поделена и поробена Македонија.

Неизлечените рани на македонскиот народ, задобиени во тешката и нерамноправна борба за слобода и независност и продолжувањето на ропството, беа основниот фактор што го разгоруваше огнот на македонската народно-ослободителна револуција. Духот на светата борба на македонскиот народ се уште живее во душите на македонските патриоти, кои се сведоци на распетието на Македонија според волјата на нашите мегаломански определени соседи.

Преживеаните македонски борци за слобода, кои побегнаа во туѓина пред камите, шмајзерите и казаматите на грчкиот крал Георги и на маршалот Папагос, како и оние кои побегнаа од тортурата на диктаторите Тито и Тодор Живков, во земјите во кои се населија низ Европа, Австралија и Америка, создаваа македонски организирани групи со цел продолжување на борбата за ослободување и обединување на на Македонија.

Позначаен таков организиран субјект беше Ослободителниот Комитет на Македонија (ОКМ), кој беше формиран на 2 август

1962 година во градот Трелеборг во Шведска. По неколку години, на својот уставотровен конгрес одржан во Западна Германија во градот Киел, ОКМ се здоби со своја политичка платформа и статут.

Ослободителниот Комитет на Македонија набргу се престори во едно вистинко македонско револуционерно движење, кое пушти корени и во Австралија и Америка. Во организацијата зедоа учество македонски политички емигранти, како и прилично голем број македонски печалбари. Подоцна, во склад со новонастанатите услови, ОКМ прерасна во Движење за Ослободување и Обединување на Македонија (ДООМ).

Меѓутоа, непријателите на Македонија не мируваа во својата подмолна активност. Тие уфрлија свои агенти во редовите на ОКМ (подоцна ДООМ), кои сакаа да го уништат ова македонко револуционерно движење. Нивната прикриена активност предизвика состојба на меѓусебни недоверби и раскол, кои понекогаш земаа карактер и на лични пресметки помеѓу поедини активисти, од кои едни беа вистинските патриоти, а другите беа уфрлените платени и прикриени агенти на безбедносните служби на државите окупатори на Македонија.

За време на состаноците и Конгресот на ДООМ постојано се правеа измени и дополнувања на раководните акти, а се превземаа и разни други активности. Но, по киднапирањето на лидерот на ДООМ Драган Богдановски од страна на УДБ-а, во Движењето се појави голема празнина. Весникот што го издаваше ДООМ под наслов “Македонска нација” се префрли во Австралија под редакција на Мијалета Шариновски. Но, антагонизмите се продлабочија и се појави фракционерство, кое резултираше со поделба на организацијата на два дела. Во насока на смирување на состојбите, јас се сретнав со Богољуб Андоновски кој беше многу разбран и толерантен човек со богато искуство, иако за одделни работи имавме и спротивни мислења. Се согласивме дека настанатата празнина што се појави по киднапирањето на Драган Богдановски, мора да се пополни. Потоа следуваа и други разговори на други активисти, па работата тргна на подобро. Тоа беше нов удар врз УДБ-а и врз тајните служби на другите соседни држави кои држеа под окупација делови од Македонија.

Продолжи и излегувањето на македонски весници со патриотска содржина во дијаспората, кои го разгоруваа пламенот на македонската национално-ослободителна револуција. Нашиот весник “Македонска нација” многу се

подобри, а се подобри и односот на нашата организиација со другите патриотски групи, посебно со “Обединети Македонци” од Канада.

Во такви услови повторно воскресна идејата за едно семакедонско обединување. Тоа го пишуваа сите македонски весници во емиграцијата, без разлика која организација ги издава. Се пропагираше потребата од ставање под еден кров на сите македонски револуционерни сили.

За време на меѓусебните средби и договори беше поднесен предлог за ново име на една заедничка организација и за таа цел беше изготвен проект на заедничка идеолошко-политичка програма со заеднички статут.

Се јавија различни предлози за ново име. Еден од нив беше: Народно Ослободителен Комитет на Македонија, а имаше и предлог едноставно името да биде ВМРО. Но, повторно поради дејствувањето на уфрлените агенти од УДБ-а, не се дојде до саканото обединување. Сепак, на Петтиот конгрес, се донесе одлука движењето да го носи името Народно Ослободителен Фронт на Македонија (НОФМ). Се донесе платформа според која по завршувањето на народно-ослободителната борба, македонскиот народ сам треба да донесува одлуки преку референдум за највиталните прашања од своето опстојување, какви што се: политичко-социјалната структура, потоа евентуалното здружување во некоја балканска држава создадена од рамноправни народи, како и други витални прашања.

Значи, цел на НОФМ беше конечно ослободување и обединување на поделениот македонски народ и на неговата татковина Македонија, како и создавање на една демократска македонска држава, која ќе биде заедничка татковина на сите Македонци и припадници на националните малцинства, кои рамноправно ќе живеат и ќе ги имаат истите права и должности пред законот.

Оваа книга сведочи за тие времиња. Овде е изнесен само дел од документацијата на најзначајните македонски револуционерни организиации со надеж дека идните генерации ќе знаат да ги ценат нашите напори во тие тешки времиња.

Документите ги изнесуваме такви какви што се, без никакви коментари за нивната содржина (или евентуално само со мали забелешки во функција на нивно дообјаснување) затоа што тие најдобро зборуваат сами за себе. Оставен е и оригиналниот јазик на кој тие се пишувани, освен мали незначителни

лекторски интервенции во дел од писмата, кои не влијаат врз содржината на писмата. Документите ги предаваме хронолошки.

Упатувам благодарност на сите мои соборци од тие времиња.

Се поклонувам пред споменот на оние мои соборци кои веќе не се меѓу живите.

Упатувам голема благодарност и до оние кои ми помогнаа со материјали за ова книга, иако најголемиот дел од материјалите ги чувам во своја приватна архива.

Упатувам благодарност и до сите други кои, на каков било начин, го помогнаа излегувањето на оваа книга.

Ги повикувам сите некогашни активисти на ОКМ, ДООМ и НОФМ да ми испратат материјали од својата активност за да ги објавиме во следните изданија на едицијата со документи поврзани со дејноста на овие организации.

Миле Илиевски

ПИСМО ОД МАРКО МИЛУНОВИЌ
ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ СО ОСТРИ НАПАДИ
ПРОТИВ НЕГОВИТЕ ЈАВНИ НАСТАПИ*
(15.07.1958 година)

Марко Милуновиќ
Финнхsттан 20
Лока брунн

15 Јули 1958 год.

До господин Миле Илиевски
Сенаториум Свøјсø

Ние не се познаваме, но должноста ме тера да Ви обрнам внимание како на Вас, така и на сличните на Вас, да престанете со својата безобразност која се состои во следното:

Ваштие закани и заканите од Вашите сатрапи на чесните и мирни луѓе, кои не размислуваат така како што Вие би сакале.

Вашите пцости кон еден народ и неговите синови кои се наоѓаат во емиграција.

Вашето кроење на "граници и држави."

Вашите приказни за убиените српски бегалци од страна на припадниците на ВМРО во Италија.

Сите овие безобразности ме тераат да Ви обрнам внимание да го контролирате својот јазик и зборови што ги упатувате кон групи и поединци.

Треба да знаете дека ова е демократска земја, каде постојат строги закони за "терористите, убијците и фашистите", како и дека за делото закана исто така се одговара пред законот, како и за дело во обид.

Вие можете да зборувате што сакате и да припаѓате на разбојничка банда каква што е ВМРО, но секој чин што се коси со законот, може скапо да Ве чини.

Безобразностите чувајте ги за кругот на Ваши пријатели и за оние кои се слични како Вас, ним објаснувајте им ја идејата на разбојничко-терористичката банда на Ванчо Михајлов.

Но, со таквата работа, самите на себе си ископавте јама.

Запаметете, што и да се случи Вие ќе бидете одговорни, бидејќи моја задача е да ги прогонувам ништожниците.

На многу места зборувате за некакви "убиства, што ги извршиле твоите колеги во Италија и дека сте фрлиле

неколкумина Срби в бунар", па со ова Ве повикувам во рок од една недела од погорниов датум, во врска со тоа да ми ја дадете следната изјава:

Дали е вистина тоа што се зборува или не?

До колку до тој ден не добијам одговор, оваа работа ќе ја пријавам кај судијата за криминални затајувања, кому ќе му ги претставите работите со дополнителни сведочења на оние пред кои тоа сте го зборувале.

Запаметете на убијците и на нивните помагачи местото е во затворите, а не во санаториумите на една културна и демократска земја. Ова не е Грција или Шпанија, туку земја во која не постојат терористичко-фашистички организации.

Дали сакате да се изврши протест кај оние кои Ве лечат и кај оние што Ве довеле?

Вашата смрдлива ВМРО банда никого не го интересира. Тешко на тој народ, на кој такви магарења му носат слобода.

Ви давам еден совет за Ваше добро: чувајте го јазикот зад забите, а ако тоа не го можете тогаш забите ќе Ви излезат пред јазикот. А за својата организација можете да работите колку што сакате, само оставете ги заканите и бунарите, убиствата и навредите.

Го чекам Вашето писмо до следниот рок. Потоа пријавувам.

Со почит,
Марко Милуновиќ

---

* Писмото во оригинал е пишувано на српскохрватски јазик. За Милуновиќ ќе пишуваме и во продолжение.

ПИСМО ОД АСЕН АВРАМОВ* ДО “ПАВЛЕ ПОПОВСКИ” (ПСЕВДОНИМ ЗА МИЛЕ ИЛИЕВСКИ) ВО ВРСКА СО СОСТОЈБАТА ВО МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАЦИЈА (28.10.1958 година)

Драги Поповски,

Малку задоцнив со одговорот, бидејќи се надевав дека ќе имам малку повеќе време за да ти пишам поопширно. Но кога видов дека почнав да задоцнувам, ти пишувам сега накратко колку да знаеш дека го добив твоето писмо. Многу се радувам поради фактот што уште кога сте стигнале таму сте почнале да се организирате за да можете додека сте во Шведска да ги одржите врските меѓу вас и да ја одржите кај вас љубовта кон нашата страдална родина Македонија. Исто така ме радува и тоа што сте подготвени да стапите во врска со нашите сонародници во Белгија, кои еве веќе повеќе од една година се организирани и ја развиваат својата дејност. И уште порадосно е тоа што вие веднаш пројавивте готовност да ги послушате советите на своите постари и поискусни сонародници, кои малку поодамна се наоѓаат на Запад.

Сигурен сум дека нашите организации во САД ќе Ви бидат од корист со се што можат. Истото се однесува и за нашите организации во Канада, Белгија и на други места. А, како што пишав и претходно, секогаш можете да пишете и тука и да побарате совети или да ги кажете вашите потреби. Сите сме синови на еден народ и сите сме притиснати од иста несреќа и затоа треба меѓусебно да се трудиме братски да си помагаме според можностите.

Верувам дека веќе го добивате весникот што го објавува нашата организација во Америка “Македонска трибуна”. Тоа е нашиот најстар весник во Слободниот свет, кој веќе повеќе од триесет години решително ги брани идеите на нашата ослободителна борба. Ќе имате можност да разберете со каква решителност и цврстина нашата организиација во Америка веќе близу половина век ја брани пред надворешниот свет нашата света идеја за создавање на една независна, слободна и обединета Македонија.

Многу добра лекција сте им дале на Србите. Тие секогаш се обидуваат да излагаат некои нашинци под разни форми: некаде право ги запишуваат во српски друштва, а некаде ги запишуваат во “југословенски” друштва. Но и овојпат од вас таму разбрале

дека ние не сакаме да имаме ништо заедничко со каква и да е Југославија и дека сакаме да бидеме господари на нашиот дом.

Честопати слушаме за страдањата на нашите сонародници во логорите во Грција. Но исто така слушаме и за појавената цврстина на нашите браќа пред српските и грчки закани. Многуте страдања што ги носиме само ќе го засилат нашиот дух и нашата љубов кон нашата родина Македонија, а исто така се повеќе ќе се засилува и нашата желба што побргу да ја видиме слободна и независна.

Во писмото спомнуваш дека некои наши браќа, посебно помладите, се среќаваат со мали тешкотии за разбирање на книгата. Но, сигурен сум дека со малку напор ќе можете сите да ја разберете. Јас одлично го разбирам твоето писмо, иако е пишувано на вашиот дијалект. Во источниот дел на Македонија, од каде сум јас, се зборува речиси како што ти пишувам. Доволно е секој да може да ја научи нашата вистинска Свети Кирило-Методиевска азбука, а не онаа што ни ја наложи Белград по 1944 година. Но, сето тоа постепено ќе се средува. Никој од нас не е виновен затоа што Македонија е поробена и мнозина од нас немале можност да прочитаат и научжат повеќе. За сега најважното е, кога некој наш сонародник чувствува по некое прашање нејаснотија или збунетост, целосно отворено и братски да праша, за да му биде објаснето тоа што го интересира.

Во писмото велиш дека засега околу десетина нашинци се без работа и такви ќе останат до крајот на пролетта. Како живеат тие? Имаат ли доволно за живот, храна и облека? Претпоставувам дека месната власт прави се што е возможно да им помогне на новите емигранти, но добро е да ми пишете повеќе за ова.

Со текот на времето верувам дека во слободна Шведска ќе можете да се населите подобро, но за се треба трпение.

Асен Аврамов

---

* Асен Аврамов беше најблискиот соработник на Ванчо Михајлов. Како млад емигрант сакав да контактирам со сите македонски, но и анти-македонски организации за да се запознаам подобро со состојбата во емиграцијата. Од бугароманската организаиција на Ванчо Михајлов, во склад со нивната пробугарска пропаганда, сите национално свесни Македонци беа прогласувани за “србомани”. Таков беше

случајот и со мене. Затоа, неколкуте писма што ги разменив со Асен Аврамов, ги потпишував со лажно име “Павле Поповски”. Всушност Павле ми беше цимер, кој не се интересираше во политика, но кој ми дозволи да го користам неговото име во оваа мала преписка. Инаку, писмото на Аврамов е пишувано на бугарски јазик. Во него доаѓа до израз непознавањето на основни работи од македонската историја, посебно кога пишува дека требало да пишуваме со “нашата вистинска Свети Кирило-Методиевска азбука”, сакајќи да укаже дека таква азбука е “бугарската”. Но, светите браќа Кирил и Методија ја создале глаголицата, а не кирилицата. Глаголицата кратко време била во употреба и се сомневам дека денес кој и да било просечен Македонец или Бугарин би разбрал макар и една буква од оваа азбука. Интересно е и тоа што во исто време кога ванчомихајловистите ме прогласуваа за “југословенски шпион”, од југословенскиот комунистички режим бев прогласен за “ванчомихајловист”.

Миле Илиевски

СТАТИЈА НА ВЕСНИКОТ “ХРВАТСКА ЗОРА” ОД ШВЕДСКА ВО ВРСКА СО ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА ПРВИТЕ ДВА БРОЈА НА “МАКЕДОНСКА ЛОЗА”

(бр. 45, март - април, 1959 година, стр. 5)

СПИСАНИЕ “МАКЕДОНСКА ЛОЗА”*

На почетокот на оваа година во Норвешка почна да излегува македонското емигрантско списание “Македонска лоза” под редакција на Д. Богдановски. Досега излегоа два броја, за јануари и февруари, првиот со слика на манастирот “Свети Наум Охридски”, а вториот со слика од Свети Климент Охридски на насловната страница. Списанието се печати на гештетнер на македонски јазик со хрватко-српски превод на поважните написи.

Во воведникот на првиот број се вела дека “Македонска лоза” како независно списание за политика и култура си поставува за задача да работи на остварување на вековниот идеал на македонскиот народ - слободна, независна и целокупна Македонија. Издавачите велат дека секогаш ќе бидат раководени од интересите на својот народ и земја, бранејќи го притоа своето, а почитувајќи го она што им припаѓа на другите. Тие не се затровени со никаков шовинизам или омраза спрема ниту еден соседен народ, како што е тоа честа појава во

емиграцијата и неуморно ќе работат нивната татковина Македонија, која денес претставува јаболко на расколот на Балканот, да стане јаболко на зближување помеѓу сите народи и земји на Балканскиот Полуостров. “Македонска лоза”, се вели понатаму, пружа братска рака на сите балкански емигранти во фронтот во борбата против црвената тиранија. Во воведникот на вториот број повторно е прецизирана линијата на списанието, посебно по повод реакциите на кои наиде првиот број “како меѓу нашата македонска, така и меѓу братската бугарска, српска, хрватска, црногорска и словенечка.” Редакцијата уште еднаш напомнува дека “Македонска лоза” не е ниту анти-бугарско, ниту анти-српско, ниту анти-грчко списание, туку дека ќе работи на зближување на сите овие соседни народи, а патот на таквото зближување води само преку Македонија. “Епохата на националната затвореност и ексклузивитет помина, настапи епоха на соработка врз основа на взаемна почит, демократска слобода и суверенитет на секој поединечен народ” - се вели во истиот воведник.

Обата броја на ова списание, секој на близу четириесет страници голем формат, изобилуваат со написи, прикази и книжевни прилози. Во првиот број, меѓу останатите, се објавени и овие написи: “Наместо програма”, “Отворено писмо до црковните врховисти”, “За македонска национална црква”, “Критички осврт кон книгата на д-р Слијепчевиќ за Македонското прашање”, “Критички осврт на книгата на Ванчо Михајлов 'Спомени'“ и други. Вториот број, пак, ги донесува овие прилози: “Неколку збора кон вториот број”, “Слободна и независна Македонија”, “Московските игри со македонската трагедија”, “Македонската национална црква и лагите на бугарските шовинисти”, “Македонскиот јазик не е само културна, туку и национална потреба за Македонците” и така натаму.

Колку што може да се види и заклучи од првите два броја, списанието “Македонска лоза” пополнува една празнина која одамна ги чекаше своите вистински луѓе. Се надеваме дека издавачите ќе останат верни на начелата кои си ги поставија во првите воведници, трудејќи се секогаш љубовта кон својот македонски народ и земја, да ја ускладат како со политичко-реалистичките гледања на работите, така и со ставот достоен за културните луѓе, бидејќи емиграцијата и без тоа е преполна со несвесни помагачи на комунистичката тиранија.

_____

* Написот во оригинал е објавен на хрватско-српски јазик.

ПИСМО ОД ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ДО
МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО КОЕ ГО ИЗВЕСТУВА ЗА
СВОИТЕ ТОГАШНИ АКТИВНОСТИ (29.04.1959 година).

Драги брате Илиевски,

Ти благодарам на твоето второ опширно писмо, кое го добив и разбрав се што ми пишуваш. Исто така ти благодарам за испратените четири адреси на кои им го испратив уште вчера списанието.

Денеска еве ти праќам уште дваесет и пет егземплара од "Македонска лоза" и тоа: пет броја од првиот и по десет броја од вториот и третиот број и ти оставам на тебе да ги распространиш онака како наоѓаш за најзгодно. Ако тие броеви ти бидат малку, тогаш те молам обрати се до нас, ние ќе ти испратиме повечко.

Потребно би било да испратиш и некој број и на твоите пријатели во Австралија или да им пишеш во врска со појавата на "Македонска лоза", како би могло списанието да се пробие за да се шири нашата идеја насекаде каде постои македонска емиграција.

Јас ќе дојдам во Шведска во месец јуни и ќе можеме да си позборуваме и размениме мисли. Точно датата е немам уште определено, но ќе те обавестам на време. Те молам само тоа нека си остане само во тебе и да не се распространува веста на секаде зошто ти знаеш дека нашите душмани не спијат и работат неуморно да ни напакостат. Зборот не станува само за оние предатели околу Ванчо Михајлов, туку и за шпионите на титовите дипломатски претставништва, кои неколку пати протестираа до норвешкото правителство дека сум работел од Норвегија активно за растурање на Југославија.

Титовата амбасада тука поднесе и нота да се сопре излегувањето на "Македонска лоза", но сите нејни напори останаа безуспешни, бидејќи по норвешките закони, печатот е слободен тука и секој има право да пише што сака.

Јас ќе ти пишам често, те молам потврди ми го приемот на оваа пратка со списанието.

Ти пожелувам се најубаво како на тебе, така и на сите наши сонародници во Шведска.

Со срдечни братски поздрави,
Твој
Богдановски

Дополнение:

Ништо немој да се секираш за твојот ракопис, писмото си е прекрасно. Во Варберг, што не е многу далеку од Лахолм, живее еден наш сонародник господин Пеев, кој ми изгледа дека е многу добар Македонец, судејќи по она што ми пиша тој. Тој е професор по јужнословенски јазици и до пред некое време е предавал на универзитетот во Лунд. Познаваш ли се со него? Ако не се познаваш ја можам да те ставам во врска со него, макар и јас да не се познавам уште со него.

ПИСМО ОД ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО ПОЧЕТНИТЕ ПАТРИОТСКИ АКТИВНОСТИ НА МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАЦИЈА ВО ШВЕДСКА (25.07.1959 година)

Драги Миле,

Благодарам за писмото и за испратената стихотворба која ја донесоме во “Македонска лоза” во седмиот број кој ќе излезе кроз една недела.

Убаво си направил што си го испратил на време апелот, ние исто така ќе го однесеме и во “Македонска лоза” во седмиот број, а за осмиот број ќе го донесеме и во српско-хрватски превод.

Печатот е одамна готов, но по моја кривица се случи така што јас не отидов да го земам на време, а во моментот работилницата е затворена поради годишен одмор, но во скоро јас ќе дојдам пак кај вас и ќе го донесам.

Миле, јас ќе пристигнам во Шведска во сабота на 8 август, прво ќе се задржам во Гетеборг, ако ти се даде можност, гледај снајди се и дојди. Таму ќе го регистираме Друштвото, а истовремено ќе ги активираме и другите наши сонародници, после ќе се врниме назад во Халмстад, Оскаструм, кај тебе во Лахолм, а можеби ќе посетиме и други наши сонародници. Јас пак поднесов молба за виза и те предупредувам да знаеш дека пак те зедов за гарант. Барав виза за три седмици како на годишен одмор. Ова ти го пишувам да те предупредам во случај ако стане некое прашање до тебе од страна на шведските надлежни органи.

Извинете ме што немав време да го испратам апелот за потпис на претседателот и секретарот, но тоа јас сметам не игра

голема улога, можат и сега да го направат и потпишаниот егземплар нека ти го вратат на тебе да стои во архивата на Друштвото.

Ништо немој да се чудиш и да се плашиш што твоите пријатели се исплашиле и не ти пишале. Ти знаеш каква клеветничка дејност развиваат оние предавници околу “Македонска” трибуна, еден ден целиот свет ќе увиди дека ние сме на прав пат. Треба некој да го пробие ледот и ние сме се нафанале на тој патриотски долг, од нас се бара да бидеме смели и упорни до крај на борбата. Никакво плашење, никакво клонење со духот, само главата горе и напред.

Не знам дали си се научил дека Пеев и Балаловски пострадале во сообраќајна несреќа. Пеев отишол да го посети Балаловски и тој му побарал веспа да повози малку и се преобрнале и двајцата. Балаловски се повредил во нога и гради, а Пеев скршил рака. Голема несреќа, но сега се и двајцата подобро.

Пиши му на Велјановски по тој повод дека Пеев не е во Стокхолм и не може да му биде тумач.

Толку за овој пат драги Миле, саатот е еден по полноќ и жена ми ми црка, машината не е остава да спие.

Пиши ми што побргу и до скоро видување, целувни ја убаво твојата бабичка.

Со братски поздрав,
твој,
Драган

ЗАПИСНИК ОД СОСТАНОКОТ НА САМОИНИЦИЈАТИВНИОТ СОБОР НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО СКАНДИНАВИЈА НА КОЈ Е ФОРМИРАН ОСЛОБОДИТЕЛНИОТ КОМИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА (23.06.1962 година)

ЗАПИСНИК*

На самоиницијативниот собор на Македонците во Скандинавија, на ден 23 јуни 1962 г. во Трелебург - Шведска.

На меѓусебната дискусија за организирањето на Македонците во светот, избркани од својата поробена и распарчена земја - Македонија, имајќи ги предвид многуте претенденти на оваа земја и фалсификатори на македонската историја и нација,

граници и сл, соборот заклучи дека има потреба да се формира Комитет кој ќе ги штити и застапува сите интереси на оваа земја и народ без никакви предрасуди или узурпации од која било страна.

Од сите беше прифатено дека новоформираниот Комитет треба да се вика “Ослободителен Комитет на Македонија”. Главна и примарна цел на овој Комитет (заедно со неговите организиации) е: да се бори против секоја тиранија над македонската слобода, како и против комунистичките влијанија, шовинизмот, сепаратизмот и сл, како и да ги организира сите Македонци во светот кои имаат отворени срца и патриотски чувства за Македонија.

По усвоените предлози беа избрани следните патриоти како членови на Комитетот:

г-дин Д. Нечевски, Копенхаген, Данска
г-дин Б. Мицковски, Малме, Шведска
г-дин М. Цветковски, Малме, Шведска
г-дин П. Неделковски, Копенхаген, Данска
г-дин М. Илиевски, Гетеборг, Шведска
г-дин Р. Недановски, Трелебург, Шведска
г-дин К. Шамбевски, Трелебург, Шведска

За прв претседател на Комитетот беше избран Нечевски

Комитетот предложи и усвои да објавува весник како свој орган, под името “Македонија”, кој би се подготвувал во Готенбург. Беше договорено првиот број да се објави на Илинден (2-ри август) денот на македонското востание и македонски национален празник. Весникот ќе ги застапува само интересите на ОКМ.

За членови на редакцијата беа избрани следите лица:

г-дин Р. Христов, Алингсас, Шведска
г-дин Б. Блажевски, Трелебург, Шведска
г-дин М. Илиевски, Готенбург, Шведска
г-ѓа Д. Мицковска, Малме, Шведска

За главен и одговорен уредник беше назначен Р. Христов.

Исто така беа назначени и следните лица:

За пропаганда: г-дин П. Мулазиновски

Касиер: г-дин В. Тасевски
Курир: г-дин П. Томевски

Со ова состанокот заврши. Беше договорено датумот на следниот состанок на ОКМ да се договори дополнително.

Трелебург, 23.6.1962

Записникот е потпишан од:
Претседателот на ОКМ: Д. Нечевски
Уредникот на "Македонија": Р. Христов
Членот на ОКМ: Б. Мицковски
Членот на ОКМ: Р. Недановски
Членот на ОКМ: М. Илиевски

_____

* Оригиналниот текст на овој записник е на англиски јазик

ВОВЕДЕН ТЕКСТ ЗА ПРВИОТ БРОЈ НА ВЕСНИКОТ "МАКЕДОНИЈА" (втора половина на 1962 година)

Весникот "Македонија" е една сосема нова публикација на новоформираниот Ослободителен Комитет на Македонија, основан според решението на вој Комитет од 23 јули 1962 г. во Трелеборг, Швеција.

Идеата за издавање на овој весник е нова, како резултат на сите досегашни публикации на македонската емиграција во светот и нивните достигнувања, но и порази, фракционерства, монотонии, пасивност и сл. Заради сето тоа се осеќаше голема празнина во македонската емиграција во слободниот свет, каде човек слободно може да се каже Македонец и патриот за татковината Македонија и да ја заштитува својата нација и земја, како и сите луѓе на оваа планета и да биде во солидарност и почитување на останатите такви. Намерата на овој весник е да ја пополни оваа празнина и да го надоградува, брани и расветлува се она што лежи во интересите на македонскиот народ, а не на група одметници, пропагатори и т.н.

Весникот "Македонија" е независен и слободен. Не припаѓа ни кон која организација или политичка партија и нема таква цел за во иднина, како би најправилно служел на сите Македонци, а на останатите народи и држави не донесе нешто несакано, нарочито на соседите на Балканот. Но, ќе биде секогаш најголем противник на оној што води неправедна политика спрема македонскиот народ, било во кој дел на денешна поделена Македонија и нејзината емиграција било во кој дел на светот. Не е исклучена соработка било со која и било каква организација,

политичка групација, печат, радио и сл. ако тоа не пречи на интересите на македонскиот народ и ОКМ и е во прилог на правдата, вистината, хуманото разбирање и заштитата на мирот и слободата во светот. Како првостепена цел на в. "Македонија" е: борба за наполно признавање на македонската нација, како што е со сите нации во светот и разбивање на поделеноста на нашата татковина, која е апсолутно неоправдана и е извор на немирите, засегнатоста и заостанатоста на Балканот. Потоа борба против шовинизмот, фанариотизмот, фракционизмот, политичката инфлуенција и сл. и соединување на сите сили за постигање заедничка народна цел. Ние ќе ги почитуваме сите успеси досега постигнати во прилог на Македонија, без никаква пристрас или лицемерие и ќе ги осудуваме сите неправдини сторени на погоре реченото.

Уредувањето на весникот се врши од редакциски колегиум, составен и одбран од ОКМ и е во директна врска со Комитетот. Јазикот на кој се пишува весникот е македонски, каков што е признат и се употребува во денешна Социјалистичка Република Македонија, но возможно е да има некои преиначени зборови, за кои сметаме дека не се македонски.

Тиражот е ограничен, т.е. према потребите и адресите кои ги имаме на располагање. Засега излегуваме со периодични и вонредни изданија (од 6 до 12 броја годишно). Распространувањето на весникот се врши преку нашите повереници и директно преку редакцијата врз доброволна претплата, а подоцна со одредена минимална претплата.

Се надеваме дека секој читател ќе наиде на она што го бара во весникот, а она што го нема и може да го пополни, му препорачуваме да го стори тоа како би придонел за борбата на "МАКЕДОНИЈА" за Македонија, за Македонците, за сите нас обесправените и национално понижените.

Материјалите би било пожелно да се правилно потпишуваат до редакцијата, како би се имале во вид нашите можности и евентуалните потреби за известувања, барања и т.н.

Во случај да се бара анонимност на објавените материјали, редакцијата во потполност го обезбедува тоа, но со додаден псевдоним, шифра или слично од авторот. Сите ракописи, објавени или необјавени, не се враќаат и се најдискретно сохрануваат од одборот за чување и сохрана на таквите.

Да живее македонската нација! Слобода на Македонија!

Редакцијата

ПИСМО ОД МИТКО ТОДОРОВСКИ ОД КУНГЕЛВ ДО
МИЛЕ ИЛИЕВСКИ СО ПОФАЛБИ ЗА
ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНИЈА”
(29.05.1964 година)

До главниот редактор
Миле Илиевски
на весникот “Македонија”
Гетеборг

Драги редакторе,

Мислам дека ќе ве изненади ова прво оисмо кое го испраќам од цело срце кој досега сум посакувал побрго да го испратам, али од недостаток на време си реков да ве потсетам со ова писмо. И да ви честитам на вашиот одговор што сте му одговориле на господин Н. Роган.

Али вашиот одговор точно гласи и повторно ви благодарам и ви честитам лично од мене и од моите пријатели кои живееме до денеска заедно.

Мене многу ме израдувавте и немам дочекано таков ден да се толку израдувам и развеселам, али од вашиот весник, кога го добив од нашите пријатели, нестрпливо ги читав писмата од Н. Роган и не можев да мислам во кој свет се наоѓам од нервоза.

А кога го прочитав вашиот одговор, повторно се развеселив и помислив дека и од нашите браќа можат убаво да одговорат и појасно да им раскажат на оние кои не разбират и кои недоволно се изградени во човечанството и со нивниот заостанат памет кој не знаат каде го оставиле.

Засега драги редакторе, повторно ви благодарам и ви честитам среќа и успех во вашата работа лично на вас и на цела ваша организација.

Догледање.

Тодоровски Митко

ПИСМО ОД ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ ОД КАНАДА
ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ СО СОВЕТИ ЗА ПЛАСМАН
НА ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНИЈА” ВО КАНАДА
(јули 1964 година)

Драги Илиевски,

Во одговор на Вашето писмо од 17.05.1964 година имам задоволство да Ве поздравам и Ве известам за добиените весници. Ви благодарам многу, а благодарам и за мојата песна објавена во весникот “Македонија”. Во писмото потцртувате особено за пробивање на весникот и ценење во Канада. Тоа е секако пријатно за мене и јас од срце би сакал да Вашиот весник постане ценет овде и ќе настојувам да успееме во тоа, иако со тешкотии. Весниците што беа пратени од јуни ги предадов на некои Македонци овде во Монтреал кои изјавија дека немаат задоволство да го читаат весникот “Македонија”. Овде во Монтреал не можат да се најдат некои претплатници бидејќи нема толку многу Македонци, а оние што ги има не гледат толку по читање на весници, па затоа јас ќе се обидам да весникот се пробие во Торонто. Тој е град каде исто така има доста Македонци и се надевам дека ќе добиете некои претплатници. Јас секако мислам дека ќе биде најдобро да весникот се испраќа во редовна продажба и затоа се потрудив да Ви испратам и некои адреси каде што се продаваат повеќе југословенски весници и се надевам дека ќе може на ваков начин да се дојде и до поголем број претплатници, а уште подобро ако весникот излегува позабрзано. На весникот ќе треба да му ставите цена по која ќе може да се купува, тоа ќе биде по договор, оставам редакцијата да се одлучи.

Се прашувате како да го испраќате весникот. Се разбира дека ние би сакале навреме да го добиваме, а тоа ќе биди со авионска пошта. Сега проштавајте што во ова писмо Ви испраќам пари само за обично испраќање, што значи дека ќе морате и понатаму весникот да го испраќате со обична пошта, а подоцна ќе се обидам да Ви испратам пари за авионско испраќање.

Проштавајте што Ви одговарам вака касно на Вашето писмо, зафатен сум со доста работи.

Со поздрав,
Искрено Ваш,
Г. Јовановски

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО
ХРВАТСКИОТ ЕМИГРАНТСКИ АКТИВИСТ
ИВАН ХРВОЈ ПО ПОВОД ИНЦИДЕНТОТ ШТО
СЕ СЛУЧИЛ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА НА
ХРВАТСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ (07.09.1964 година)

Драги господине Хрвој,*

Благодарам на вашиот лист од први септември оваа година. Не Ви одговорив веднаш поради презафатеност на работа и во семејството.

Во врска со Вашето прашање можам отворено да Ви кажам дека, колку што мене ми е познато, никој од членовите на Комитетот за Ослободување на Македонија не беше овластен да присуствува на Вашата конференција. Доколку сепак тоа некој го направил, го направил на своја рака.

Човекот што сте го исфрлиле од конференцијата, колку што знам, е Србин и тој нема никаква врска со нашата организација. Доколку таму бил одведен од лица кои имаат некаква врска со нас, тогаш тие тоа го направиле своеволно и без знаење на нашата организација.

Со Бугарите немаме никаква врска, посебно не пријателска затоа што сме поделени поради спротивни цели во однос на нашата татковина Македонија.

Вашиот предлог за состанок со задоволство го прифаќам и ќе бидам среќен ако можам да придонесам за подобро разбирање меѓу нас. Бидејќи е тешко да се договори состанок штом Вие не знаете кога одите за Норвешка, сметам дека би било најдобро претходно да ми јавите кога доаѓате за да договориме состанок.

Можеби е најдобро да се состанеме во канцеларијата на професорот Миленковски, која се наоѓа во самиот центар на градот.

Се надевам дека ќе се видиме и ќе поразговараме пријателски.

Многу срдечни поздрави,
Миле Илиевски

_____

* Писмото во оригинал е пишувано на српскохрватски јазик.

ПИСМО ОД БЛАГОЈ МИЛЕНКОВСКИ ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОКМ ДИМКО НЕЧЕВСКИ ВО КОЕ СЕ НАВЕСТУВА РАСКОЛОТ ВО ОВАА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДВЕ СТРУИ (22.09.1964 година)

Драги Димко,

Пред се сакам да Ви се извинам што вечерта пред вашето заминување не ве одведов дома кај мене на спиење. Јас имав доволно место да Ве земам сите да спиете кај мене и така планирав, но после се премислив за да не речат нашите: "Ете, ги доведе дома за да прават тајни разговори."

Веднаш после вашето заминување од кај мене (по околу еден час време) ми телефонира Драган Богдановски и рече дека тој смета оти јас сум крив за се што се случило овде, дека Чикаровски бил мој човек, дека јас и Павле сме ја сториле сета оваа работа за да му го земиме весникот на Миле, дека тој имал во рацете писмени документи оти Димко велел за мене дека сум шпион и сл. Рече дека одма ќе одел кај Миле и ќе му речел да не го дава весникот.

Вчера ми телефонира Миле и ми рече: "Се додека не се расчисти работата со материјалното послување и не ни се даде писмено решение дали сум крив или прав за оптужбите - јас не го давам весникот." Јас му реков дека за такви условија ние не разговаравме на состанокот и дека решението беше да Миле го предај весникот привремено додека се докаже неговата работа, а после ако биде прав пак да си го земе весникот. Тој меѓутоа инсистираше на тоа дека не го дава весникот се додека не се испита работата. Под такви условија јас одбив да соработувам со него и му реков да си го печати весникот како до сега, а откога комитетот ќе ја разгледа работата, ќе видиме какво решение ќе се донесе за весникот, т.е. дали некој друг ќе го превземи или Миле ќе си остане и натаму главен редактор.

Јас сметам дека ставот на Миле не е правилен. По се изгледа дека Чикаровски имаше право кога рече: "Миле ќе се согласи да го предај весникот само за јас да бидам суспендиран од должноста секретар, а после пак нема да го предај весникот." Миле се согласи вечерта на состанокот и се договоривме да утрото другиот ден ми ги донесе сите материјали, а сега (мислам дека Драган во тоа го има убедено) вели нешто сосема друго.

Немам намерение на Миле да му го одземам весникот бидејќи тој вложил голем труд и средства во него, но сметам дека не е правилен неговиот став - во текот на два дена го менува своето мнение. Можеби Миле се плаши дека јас

навистина имам амбиција да со Чикаровски му го одземам весникот, но јас се колнам дека такво намерение немам.

Ова ме наведува на мисла дека можеби бев несправедлив кон Павле Чикаровски и дека би требало сите работи подетално да се испитаат.

Сожалувам што до вакви компликации доаѓа и сакам само едно, јас да бидам чист од своја страна и да не ми се префрла дека не го направив весникот на време.

Сметам дека Драган Богдановски сака да го убеди Миле сам да го издава весникот, бидејќи знае дека Миле не е кадар тоа сам да го стори, оти весникот набргу ќе пропадне ако Миле сам го прави - та со тоа Драган сака на дипломатски начин да му турни сандук и на Миле и на ОКМ.

Како претседател треба веднаш да поведете истрага и сите работи итно да ги расчистите.

Од моја страна јас не можам ништо да сторам повеќе, бидејќи не сакам Миле погрешно да ме разбере како да сакам да му го украдам весникот.

Очекувам хитен одговор.

Со почит
Благој Миленковски

Копии:
Миле Илиевски
Павле Чикаровски

ПИСМО ОД МЕТОДИ МАРКОВСКИ ОД САД ДО РАКОВОДСТВОТО НА ОКМ (04.12.1964 година)

Здраво мили мои сонародници,

Со ова мое прво писмо како прво да ви заблагодарам од моја страна на се што правите за нашата иднина. Со нашето мнение и силни души што ги имаме треба еден ден да успееме да туриме еден краток, што се вели, наш покривач, а не туѓи. Туѓи не сакаме, ние си имаме наш.

Драги мои, ние вашиот весник го прочитавме и сум задоволен од вашата штампа.

Јас бев на посета во град Њу Џерси. Таму бев два дена и таму за вашиот весник разбрале.

Како друго, разбраме дека е таму донесен од други луѓе: Димче Бејчаро (инжинер од Прилеп) пошто сум и ја од Прилеп, а он ми је братучед.

Со братски поздрави
од Методи Марковски, Прилепчанин зван “Оската”

ПИСМО ОД СЛОБОДАН СИМИЏИОСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО КОЕ СЕ ОБИДУВА ДА ГО СПРЕЧИ РАСКОЛОТ ВО ОКМ (27.12.1964 година)

Морж, недела 27 декември 1964 г.

Драги Миле,

Го примив твоето писмо со фотокопијата на едно писмо што ти го испратил Благој Миленковски и ти благодарам за тоа. По тоа прашање би можел да ти речам да бидеш крајно претпазлив и да не велиш никому веднаш тоа што го мислиш зошто можи да станува збор за добар човек и обратното. Кој е Б. Миленковски иднината ќе покаже. Едно е сигурно: тој не е многу глупав човек и се прашам да не има други кои сакаат да ве скараат за да ја уништат Организацијата. Многу е лошо што не можеме да се состанеме и да дискутираме по сите тие толку важни прашања. Мене не ми се бендисува многу што Д. Богдановски ни служи како посредник. Јас посредници не сакам многу. Дали е точно дека Драган ти помогнал материјално? Јави ми подробно за тоа и исто така дали неговата помош беше значителна или пак “колку за да се рече дека помогнал”? Од УДБа не плаши се. Тогаш кога ќе почнат реално да ни прават лошо било УДБа било други, ние ќе им одговориме на таков начин што ќе зажалат, а до тој момент нека прават што сакаат. Ние засега немаме никакви ВИСТИНСКИ И КОНКРЕТНИ докази дека УДБа не гони, зошто ако тоа беше случај, ние ќе го почувствувавме веќе одамна. Секако ТИЕ прават нешто, но јас не верувам дека, барем засега, би се решиле да ни прават нешто МНОГУ зошто се свесни дека во таков случај нашата реакција и реакцијата на народот ќе бидат токму спротивни и наместо ние да бидеме “бандити”, тие такви ќе испаднат.

Пак ти повторувам: биди дипломат, не карај се со никого, студирај ги луѓето и биди спремен да им паришраш нивните клевети и слични акции. Не верувај му никому, а нарочно не на луѓе кои ти идаат таму и за кои што малку или речиси ништо не

знаеш. Кога ќе се видиме еден ден ќе дискутираме надолго и нашироко за сите овие работи.

Те молам да го потсетиш Драгана дека тој ми вети да ми ги даде книгите 1 и 2 од “Македонска лоза”, а и да ми го врати скопското списание “Македонија”. Кога ќе иде кај мене прво нека ми пише и нека закаже состанок, бидејќи јас мислам да се селам, па тој ризикува да не ме најде во стариот стан.

Ти испраќам материјал за празниците што настапуваат.

Срдечно твој,
Данчо

ПИСМО ОД ДАНЧЕ БОЈКОВСКИ ОД ЧИКАГО
ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО РАСКОЛОТ
ВО ОРГАНИЗАЦИАТА ВО ШВЕДСКА (14.07.1965 година)

Драги Миле,

Писмото твое го добив денес и реков уште одма да ви одговорам со неколку реда, колку да ве поздравам вас и вашата фамилија. Јас овде сум добар, а и вам ви го сакам истото.

Од вашето писмо гледам доста работи кои ми пишете. Јас се радувам што кај вас останува истото како и на почетокот. Вие сте добри Македонци и како такви ве сакам и ве поштувам и од мене ви пожелувам напредок и добра среќа. Вие ми пишите на Димко да не сум му расипел атар. Не драги Миле. Немојте ти и Димко да си дозволите да се цепите па да се ситат непријателите, него треба да ги стегнете двете македонки раце, па да почните задно да работите. Ова треба да го сторите за да знаат сите дека тоа беше ништо. Ти и Димко не треба ништо еден без друг да работите. Јас ве познавам двата како добри и затоа треба да ме послушате.

Миле, вчера се вратив од Канада, Торонто, па некои работи ќе ти расправам. Немој да мислите дека јас овде седам со скрстени раце. Не драги Миле, него јас имам поголем проблем за вршење на пропаганда за соединување на нашите Македонци во Канада и Америка, затоа што во овие две земји ги има преку 100.000 Македонци. Овде е нашата најубава шанса, а има и пари, па вие таму ќе можете да работите со помош наша. Ова ви го пишувам затоа што јас лично се најдов и зборев со претседателот и секретарот во Торонто, Канада и видов дека тие се луѓе со права македонска политика и во нив има

македонски дух. Се согласивме заедно да соработуваме кај Македонците во Канада и Америка и сите земји во Европа.

Многу се задржавме до вашиот проблем во Шведска, дека настанаа две струи и цепење на два табора. Ми поставија питање за тебе и Димко и јас им кажав за вас и за Димко се најубаво и тие се сложија со мене.

Се сложивме за сите прашања и дојдовме до заклучок да образуваме еден општ Комитет за цела емиграција во западниот блок. Миле да збориш со Димко за оваа работа и да пишете со него заедно дали се слагате со мене, односно со нас овде.

Миле ве молам немој да настанат уште еднаш такви работи во Шведска со вас. Ние не ги познаваме сите луѓе од таму, но без разлика кој се и што се, сите се добри за во нашето двориште. Ние Македонците имаме само една линија за ослободување на Македонија. Ние овде одиме за соединување на сите Македонци, а вие таму, правите обратно. Вие сакате секој трети човек да биде и раководител и организација. Ние овде нема да си го дозволиме тоа. Зошто толку брзате, па и се напаѓате во вашите броеви “Македонија” и “Македонец”? Дајте, одговорете ми. Кажете ја разликата меѓу вас па да знам кого да поткрепувам. Ова ви го пишувам озбилно без никакво исмевање или пак со поткрепување на едни или други. Ви се колнам да прекинете тамо. Срамота е тоа да се напаѓате преку весниците. Решавајте таму, комитетот нека ја одлучи вистината, затоа и постои комитет избран од вас. Ве молам тебе и Димко и сите наши сонародници да се прекини со сите неслоги и да се почне со отворени срца за нашата поробена татковина. Драги Миле, нас не може никој да не попречи. Ние имаме способни луѓе. Мило ќе ми биде и понатака да бидеме во што поблиска врска на пишување писма и размена на нашите мисли за ослободувањето на нашата поробена Македонија. Јас од мене и од мојот млад македонски клуб на чело со мене и мојата управа и нашите добри Македонци ве поздравуваме вас и сите наши Македонци. Тоа ви го сакаат и Македонците од Торонто, Канада. Сите заедно да извикаме за нашата татковина: “Бегајте тирани не ве сакаме!”.

За сега толку, а понатака повеќе ќе ви пишам во однос на нашето ослободување за заедничка работа и поставување веза измеѓу вас во Европа и ние овде во Америка и Канада. Работите одат добро. Слогата се наголемува за заедничка соработка. Јас на Димко ќе му пишам и расправам за се, дека и вие одите кон тоа за заедничка соработка за соединување на сите Македонци.

Верувам дека мојот предлог ќе се прифати. Тогаш победата ќе биде наша. Тогаш заеднички ќе можиме да решаваме доста наши проблеми за нашата Македонија.

Миле, чекам одговор од вас. Со поздрав ваш добар пријател,

Данче Бојковски

ПИСМО СО ЗАПИСНИК ОД СОСТАНОКОТ НА МАКЕДОНСКАТА ОСЛОБОДИТЕЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА ОДРЖАН НА 17.07.1965 ВО ТРЕЛЕБОРГ, ШВЕДСКА

До редакторот на весникот “Македонија”
Гетеборг
ПРЕДМЕТ: Заклучоци од состанокот на
Ослободителниот Комитет на МОО

Ослободителниот Комитет на М.О.О. на ден 17.07.1965 год. под претседателство на Димко Нечевски, одржа состанок, на кој состанок се донесоа следните заклучоци:

1. Весникот “Македонија” да излегува еднаш месечно.
2. Главен и одговорен редактор на весникот да биди Миле Илиевски од Гетеборг.
3. Претплатата на весникот “Македонија” да се врши на чековна сметка при Шпар банка Трелеборг, бр. 2081099.
4. Целокупната кореспонденција на МОО да се доставува на увид на Ослободителниот Комитет, Бокс 2014 Трелеборг 2.
5. Материјалните трошкови за печатење на весникот “Македонија” ги сносува Ослободителниот Комитет на М.О.О., а по претходно доставени квинтации за купен материјал.

Врз основа на горните заклучоци, а по добивањето на ова писмо Ве молиме да го проучите и ни го дадете својот одговор и своерачно потпишана изјава од Вас дали ќе се придржувате на горните заклучоци на ОК.

По добивањето на Вашиот одговор и изјавата, овој комитет ќе донесе писмено решение со кое ќе бидете овластени за редактирање на весникот “Македонија”.

Предното Ви се доставува за сведение.

Во очекување на Вашиот одговор, братски Ве поздравуваме.

СЕ ЗА БОРБАТА ЗА НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДУВАЊЕ И ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА!

Благоја Блажески
Ристо Недановски

ПОВИК ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА ОКМ ЗА ИЗБОР НА
НОВО РАКОВОДСТВО ПО РАСКОЛОТ
ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА (1966 година)

Драг сонародниче,

Избирање на ново раководство на Ослободителниот Комитет на Македонија е природна појава и беше неизбежно тоа да се стори со цел да се спаси Организацијата од упливот на југословенските агенти во нејзините редови.

Нашиот став спрема Миленковци и нивните помагачи е јавен и заснован на факти од нивните недела, за кое се превземени остри мерки против таа предавничка клика.

Ние сме сигурни дека е чест и понос на секој вистински МАКЕДОНЕЦ да се бори за ослободувањето и обединувањето на жално распарчена и поробена Македонија. Сметајќи Ве и Вас во тие МАКЕДОНЦИ се сметаме за должни да го побараме Вашиот совет и Вашата изјава за овој сенационален потфат!

Специјално избраната комисија
за припремување на Собранието
на Ослободителниот Комитет на
МАКЕДОНИЈА

Пандил Димитровски
Хотел Бел Аир. 16 Пассаге
де Пекин, Парис, 20
Франце

ПИСМО ОД ИВАН ПЕТРОВСКИ (ВАНЕ САМОИЛОВ)
СО БАРАЊЕ ЗА ПРЕТПЛАТА НА
ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНИЈА” (14.06.1966 година)

Мр. Иван Петровски
5832 Ла Мирада Авенуе
Холлсњоод 38, Цалифорниа
УСА

До редакцијата на весникот “Македонија”

Кај еден мој пријател во Холивуд, деновиве за прв пат имав прилика да го прочитам вашиот лист “Македонија”, кој го

издавате во Гетеборг, Шведска. Се радувам дека постои ваков објективен лист, кој правилно ги изнесува проблемите и историјата на македонскиот народ и нашата македонска нација. Ве молам веднаш да почнете да ми испраќате од вашиот лист на горната адреса. По примањето на првиот број, ќе ви пратам чек во вредност на една година претплата.

Смрт или слобода!

Братски поздрав од
Иван Петровски

ПИСМО МОД СЕРАФИМ ПЕТРОВ ОД БЕЛГИЈА ВО ВРСКА СО ПРИЕМОТ НА В. “МАКЕДОНИЈА” (12.07.1966 година)

Уважуван г. редакторе,

Одамна немам примено од вашиот весник “Македонија”. Јас си ја сменив адресата, па сигурно ги враќаат весниците, но Ве молам пуштајте ми ја “Македонија”, ќе се претплатам, а ако имате можност пуштете повеќе броеви за да раздавам на нашите Македонци.

“Македонија” е наш најубав весник и наша должност е да го шириме.

Серафим Петров

ПИСМО ОД ДАНЧЕ БОЈКОВСКИ ОД ЧИКАГО ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВРСКА СО РАСКОЛОТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ВО ШВЕДСКА (15.07.1966 година)

Драги Миле,

Последниот број кој го издавате вие “Македонија” ме натера да ви пишам не да се карам со вас или да ве напаѓам. Јас едно сакам да ви пишам, а тоа е: дајде ми одговор драги господине Миле зошто е таа ѓурлутија таму со Димко и останатите? Молам во писмо вие лично да ми пишите и расправате за се поодробно.

Дали е добро тоа тепање, карање и напаѓање еден со друг? Така ли се води политичка организација на еден народ? Да се прашаме самите дали сме свесни за тоа што го правиме? Ве

молам дајде ми одговор. Ако ти драги Миле имаш лична омраза кон една особа немој сите Македонци да ги окривуваш. Јас сакам чесно и поштено да дадам труд за Македонија зашто и јас сум должен на мојата татковина. Јас сакам да помогнам, но зошто не ми давате на демократски начин да соработувам со вас? За мене се двата броја еднакви “Македонија” и “Македонец”. Сите оние кои се за Македонија, јас сум со нив и ги почитувам. Јас мислам дека сето тоа е натпревар за столица, кој ќе биде најгоре. Не, драги Македонци. Не треба да гледаме што ќе даде земјата за нас, него ние што ќе дајме за неа. Тоа го рече президентот Кенеди. Ве прашувам Миле, дали може да се прекине со тоа, со тие гнасни зборови напишани на македонски? Дајте ми одговор. Дали може братски и заеднички да живееме? Нека биде крај на сите овие зборови. За ова му пишав и на Димко. Дали ќе биде примено моето мислење кај вас или не, пиши слободно Миле. Дали може да останат двата македонски листа и да се пише за нашата татковина? Дали може да се заборави сето лошо кое владало кај вас и сите заеднички да тргнеме и да викниме: “Ние сме борци за Македонија?” Размислете Миле што правите. Ти си кулурен човек. Мислам дека треба со разбирање да се решаваат македонските проблеми, а не да се карате и да се смеат нашите душмани и да велат дека овие не можат да имат ни своја организација, а камоли држава. За да им докажеме треба единствени да бидеме.

Дали се сеќаваш кога ми писа дека со Димко сте добри и дека пак заеднички ќе почнете? Дали заборави на тие зборови и отиде во вселената? Можеби грешам, ама опрости ми. Дали може да се одбере еден Централен Комитет со централна управа, а двата весника да работат сложно? Дали се слагаш со тоа ти драги Миле? Јас не сум задоволен ни со едните ни со другите се додека има такви лоши работи кои се пишат по броевите во “Македонец” и “Македонија”. Ние овде имаме клуб “Млади Македонци” во Чикаго. Имаме во касата околу две илјади долари на располагање. Ние сакаме да се со вас повземе заеднички да работиме и тие пари да ги дадеме за нашата главна организација. Да се печатат книги, да се врши пропаганда за Македонија. Од секоја игранка остануваат 500 долари чисти пари.

Јас сум главен на клубот Миле. Ве молам од сите Македонци овде да се смирите и да почнете заеднички.

На есен почваме со игранки кои ќе траат цела зима. Мислам за идната година со 6 - 7 илјади долари да располагаме. Сите пари ќе бидат испратени кај вас за пишување и подобрување на весникот.

Миле, ако и понатака продолжите со ова, мислам да се отстранам од сите вас, па да почнеме ние овде наново. Ние нема да бидеме слуги за напаѓање, туку за работење. Сметам да е доста пишување од моја страна. Чекам одговор. Поздрав до сите тамо. Со поздрав твој одан,

Данче Бојковски

ПИСМА ОД ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО ПОЧЕТНИТЕ ОРГАНИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО РАСТУРАЊЕ МАТЕРИЈАЛ СО ПАТРИОТСКА СОДРЖИНА И ВО ВРСКА СО РАСКОЛОТ ВО ОКМ (прва половина на шеесеттите години од 20 век)

Здраво Миле,

Денес ти испративме дваесет егземплари од “Камбани” препорачано авионски. Се надеваме дека ќе ги добиеш, но најубаво е да појдеш до поштата и сам ги бараш, бидејќи нешто не е во ред, пак да не е некое дело на удбашот Миленковски?

Убаво ќе биде списанието веднаш да го распространиш на оние кои сметаш дека е најубаво, дури и на мафијата на Миленковски за да видат дека има луѓе кои не спијат.

Јас во моментот овде сум така речиси на пат. Немам многу пари со мене, но идната недела ќе пуштам нешто.

Вториот број “Камбана” е отчукан и ќе почне да се врти, но кога ќе дојдам при тебе ќе зборуваме.

Третиот број да го вадиме кај тебе и тоа како литературен дел на “Македонија”. На Миленковски немој да му се плашиш, само бирај материјал и пак ќе го шутнеме убаво. Тој веќе сам се раскри како удбаш и само лудите можат повеќе да му веруваат. Пиши ми на следниот адрес веднаш штом го добиеш списанието:

Мр. Казански Иван
(за Драган)
7 Руе Беаујон, Парис, Франце

Многу срдечни поздрави на целата фамилија,
Драган

*

Драги Миле,

Денес ти испратив пет страници отчукани, ги пуштив авионски во специјална цевка. Јас мислам дека ние мораме да го чукнеме удбашкиот шпион. Во колку молчиме тоа потешко ќе биде после луѓето да ни веруваат. И тоа треба да го чукнеме така силно за да не може ни уста да отвори. Статијата за него ќе биде на цели 10 (десет) страници. Јас така сум ја разработил да тој е закопан во земјата. Се надевам дека до петок ќе ги препишам и другите страници и ќе ти ги пуштам. Ти сега изврти ги овие што ти ги пуштив.

Во моментот кога му објавивме војна би било пожелно "Македонија" да излегува поредовно за да остави впечаток на сериозност. "Македонец" излегува многу нередовно. Јас сум ти пуштил досега 300 круни (на три пати по сто - два пати на туѓо име). Ќе ти пуштам уште.

Материјалот што требавме да го објавиме (статиите на Миленковски) ќе ги објавиме во број 24. Ние во неколку броја ќе поведеме кампања против Миленковски. Нека се обиде да се брани.

Со срдечен поздрав,
Драган

*

Здраво Миле,

Синоќа ти пратив едно писмо, но во него заборавив нешто, па еве пак ти пишувам.

Карпош овие денови ќе ти пушти уште дваесет "Камбани" за да ги распространиш. Списанијата на корицата не се нумерирани, па те молам стави им број и година - значи на обете места "1".

Гледај да пуштиш што повеќе егземплари за Америка и Канада.

Драган

*

Драги Миле,

Еве денес ти праќам пет отчукани страници од 24 број. Третата статија за Вапцаров не сум ја целата препишал, ќе ја

препишам вечер. Рефератот од она удбашка sверка го зедов од кај Пандета и е начукан, но ќе напишам еден наш коментар за таа србокомунистичка филозофија.

Јас сметам дека овој број треба да излезе побрго, тој можеби ќе се обиде да издаде еден број "Македонец" за да не пак нападне и тргне во противнапад, но дури сега ќе има можност да разбере со какви луѓе си има работа. Потруди се бројот да излезе што побргу.

Ме интересира многу како реагира шпиоништето на нашиот напис за него, па затоа во недела ќе ти се јавам по телефон.

Многу братски поздрави на тебе и сета твоја фамилија,

Драган

*

Здраво Миле,

Денеска ти пуштив сто шведски круни, се надевам дека ќе ги добиеш уште во текот на оваа недела. Парите ги пуштив од името на Панде Димитровски за да избегнам контрола бидејќи овде има еден закон со кој треба дозвола и оправдување за праќање на пари во странство.

Во сабота ќе се врнам во Париз, сега сум на пат за Франција и се надевам дека ќе го земам од Пандета материјалот за шпионот Миленковски. Веднаш да ми го испратиш кај Пандета и рефератот од Миленковски што беше читан на конгресот, како и да ми кажеш за она писмо што било фатено, а испратено од југословенската амбасада - дали било за Миленковски?

Ќе го чукнеме тој удбаш така убаво да ни илјада удби нема да му помогнат.

Сега го подредувам третиот број на "Камбана" кого се надевам да го печатиме тебе кај тебе бидејќи таму во Шведска хартијата е многу поефтина. Во Швајцарија 550 листа пакет во шведски круни чини 12 круни, а тоа е многу скапо. Бидејќи ти си настанет во Шведска за стално би било многу убаво да те направиме и одговорен редактор на "Камбана". Целиот месец февруари ќе го проведам во Франција, па те молам праќај ми писма преку Пандета.

Овој петок авионски препорачано ти праќам материјал отчукан за "Македонија". Изврти ги тие страници и чекај го останатиот материјал.

Јас имав напишано една одлична статија за поетот Никола Јонков Вапцаров од Пиринска Македонија, кој беше голем

македонски националист, а го стрелаа Бугарите, но бидејќи статијата е долга, ќе остане за еден од идните броеви на “Македонија”.

Прими срдечни братски поздрави. Многу поздрави и на твојата госпоѓа.

Твојот брат и пријател на живот и смрт,

Драган

*

ПИСМО ОД БЛАГОЈ МИЛЕНКОВСКИ ДО
МИЛЕ ИЛИЕВСКИ СО ПОФАЛБИ
ЗА ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНИЈА” (17.02.1967 година)

Гетеборг, 17 / 2 1967

Почитувани Миле,

Симо Поповски се обрати до мене со молба да му ги пратам оние броеви на весникот “Македонија” во кои негови работи се печатени. За сожалување, јас не располагам со такви броеви. Заради тоа ти го праќам неговото писмо со молба да му ги испратиш весниците ако ги имаш.

Честитам за успехот на новата “Македонија”. Зголемен број на страниците би ја зголемил и вредноста на весникот, која дури и таква каква што е сега заслужува секаква пофалба.

Со почит,
Благој Миленковски

ПИСМО ОД СЛОБОДАН СИМИЏИОСКИ ОД ШВАЈЦАРИЈА
ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО КОЕ ГО ИЗВЕСТУВА ДЕКА СЕ ОТКАЖУВА ОД СОРАБОТКАТА СО ОКМ (18.06.1967 година).

Драги Миле,

Не сум задоволен и ќе ти објаснам зошто: ти знаеш дека ако не бев јас и уште некои на Запад немаше да излезе ништо интелигентно и македонско. Благодарејќи на една искрена и несребролубива соработка од страна на ретки луѓе како јас, ти и уште некој, она што излезе на Запад по Втората световна војна ќе може без срам да завземе едно чесно место во идната наша историја, а и во историјата воопшто. Нашите идеи се здрави, објективни идеи, без заслепеност од различни “капитализми” или “комунизми”. И едниот и другиот режим имаат, како и сите

режими, добри и лоши страни. Со тоа наше мнение ние сме смело свртени кон иднината и иднината ќе не оправда и ќе каже дека ние сме биле едни од пионерите на една идна покомплетна и посправедлива и пообјективна идеологија: мост за соединување на сите народи во една светска федерација што не ќе биде ниту комунистичка, ниту пак капиталистичка; иднина која нема да биде совршена но ќе ги носи поуките од сите грешки на минатото. За таа работа, прошатавај ако сум нескромен, јас имам една голема заслуга заедно со тебе и со неколку други луѓе. Ти тоа го знаеш многу добро.

Јас знам дека веќе одамна има луѓе као на Запад, така и во други земји, кои се мајтапат на моја сметка, мислат дека сум се избудалил од париотизам, си вообразуваат дека се служат со мене, а во вистинскиот "јас" сето тоа нивно "пријателство" и "признание" ги знам уште одамна, иако не сум протестирал за некои работи што би требале да ме тангираат, тоа не сум го сторил затоа што мислам дека еден човек во мојата положба, свртен кон една далечна, но чесна, иднина, треба да стои над тие дребни работи, последици на бабини мудрувања, оперетски пеливанлак, дребно-примитивистички митомании и компромисно-лицемерни интриги, својствени за сите, но со извесен, локален за нас, гањовско-балкански карактер. Јас не се плашам од иднината, а колку што се сеќавам и тебе сум ти пишал дека треба да се гордееш оти ти си за мене нешто како нов Крсте Петков Мисирков или Сандански. Ако ти и јас живеевме во турско, има многу можности дека ќе загиневме чесно на Мечкин Камен 1903 година. Горното не се однесува на тебе колку на некои други наши македонски елементи за кои сум примил или насетил одеци од нивни интриги или дребни карактери.

Тебе Миле лично можам да ти префрлам дека и покрај моите настојувања, не си се погрижил да ми го најдеш бројот со мојот расказ "ЗОРА", нити пак си зел време да ми пишиш едно писмо по тоа прашање. Никогаш не си побарал да ме сретнеш, а јас знам дека ако си сакал - си можел тоа да го сториш. Не си ме известувал за ситуацијата таму, иако јас заслужувам таков коректен третман од тебе.

Ми се чини дека немаш причини да ми се лутиш и дека јас навистина верно и искрено, а и ефикасно, соработував со тебе. Сега ми се чини дека ќе разбереш: и јас си имам, како и секој, мои лични грижи и да ти кажам право, доста ми е од сите овие истории. Македонија или Македонец никогаш ништо за мене не

сториле, но и покрај тоа јас ги сакам и Македонија и Македонците. Тоа не значи дека морам цел век да се занимавам со прашања кои кога ќе бидат решени, а ќе бидат еден ден, други луѓе ќе дојдат на готово кои ништо или речиси ништо не прават денес кога е најтешко нешто да се стори во нашиве печалбарски и ропски услови и дома и овде.

Повеќе пати сакав да прекинам со соработката, но секогаш попуштав пред искушението, но овој пат сакам и навистина да се смирам и да започнам сериозно да мислам на една друга, за мене важна, работа: иднината моја и на моите блиски. Додуша и порано сум мислел на тоа, но сега сакам целата своја енергија да ја употребам во тој смисол.

Сега сакам луѓето да ме забораваат и да можам еден ден да си одам спокојно на одмор дома и да ги видам пак сите оние места на кои сум бил како дете. Како што гледаш сосема сум искрен со тебе. Но, еден ден кога, како и сите, нема повеќе да бидам меѓу живите, едно сакам и те молам, а тоа е да го задржиш на добро место ова писмо за, така да речам, идните генерации: се што сум ти пишал под псевдоним или не, да биде објавено под моето вистинско име.

Со други зборови, драги Миле, нашата соработка свршува, а тоа требаше да дојде порано или подоцна. Можеби сега нема да ме разбереш, но возможно е дека ќе го разбереш еден ден овој мој став.

Материјалите што ги имам кај тебе можеш да ги објавиш под псевдонимот што на нив фигурира или без потпис, ако не сум клал никаков потпис. Но, ако ги објавуваш, објави ги само еднаш и немој да ги повторуваш. Едно да знаеш: нити еден збор од сето што сум ти го испратил не е излишен, па дури и таму кај што зборувам некакви приказни или “разонодни нешта”. Сето тоа си има своја цел и е полезно за Делото. Сето тоа ќе биде во иднина скапоцен материјал за проучување на денешната наша историја, мисли и мненија. Не заборавај го тоа Миле, те молам и немој да мислиш дека некои работи сум ги пишал така на ветер. На ветер не пишувам и нема да пишувам. Весникот немој повеќе да ми го испраќаш. Ти посакувам многу енергија, смелост и успех во твојата работа, како и среќа во твојот приватен жиот.

Срдечно и сонароднички твој
Слободан Симиџиоски - Карпош

П. С. Карпош е единствен псевдоним што сакам да ми остане покрај името, а другите не се важни. Карпош е многу убаво име, а и е познато во нашата минатата историја (двајца Карпоши: едниот во турско, другиот во партизанско, а третиот... сум јас!).
ФОТОКОПИЈА НА ЦЕЛА СТР. ОД ПРВАТА СТРАНА НА ЛЕТОКОТ “МАКЕДОНСКА ОСЛОБОДИТЕЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА” 20.05.67 доом1 пг.5

ПИСМО ОД ДИМИТРИ ДИМИТРИЕВСКИ
ДО РЕДАКЦИЈАТА НА ВЕСНИЦИТЕ “МАКЕДОНЕЦ”
И “МАКЕДОНИЈА” СО БАРАЊЕ ЗА
ВОСПОСТАВУВАЊЕ СОРАБОТКА
(25.06.1967 година)

Драги сонародници,

Голема национална радост ми направија весниците “МАКЕДОНЕЦ” и “МАКЕДОНИЈА” бидејќи обата ги читав во нашата татковина Македонија.

По прв пат слушам за нашето национално име Македонец со кое се гордееме сите Македонци, така денеска целиот свет знае оти постои нашата историски докажана нација.

Ја живеам во Австралија 25 години, така по прв пат после толку долго време си направив една прошетка до нашата светла земја и сега на повратокот се наоѓам во Германија, па имам намера да се состанам со вас. Јас би дошол во Минхен за да ви предадам лично еден чек на 1000 ф. австралијански за револуционерната борба која ја предводува Ослободителниот Комитет на Македонија за слободата и обединувањето на нашата Македонија. Овие пари ги собраа нашите браќа во Австралија и ми ги дадоа мене, бидејќи јаска заминав за Европа.

Ја ве молам одма да ми одговорите со вашата полна адреса за да можам да ве најдам што побргу, оти визава ми истекува, па така немам можност да се задржам подолго време. Ја парите сакав да ги испратам до чековната сметка на Ослободителниот Комитет на Македонија во Швеција, но за голема несреќа адресата од чековната сметка ја оставив дома во Македонија, па затоа ве молам како знаите да ми ја испратите одма вашата полна адреса.

Со братски поздрав до вас, сите, до сите сестри и браќа Македонци. Да живее слободата на нашиот народ македонски, со оган во срцата наши, напред.

Ваш сонародник,
Димитри Димитриески

ПИСМО ОД МИЛЕ ТАСЕВСКИ ДО РАКОВОДСТВОТО НА ОКМ ВО КОЕ БАРА СВОЕ ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА (веројатно од 1967 година)

Од Миле Тасевски, Порт Кембла, Аустралиа
До Ослободителниот Комитет на Македониа и најголемите синови на Македониа.

Здраво најголеми патриоти и синови на Македониа. Јас горе наведеното име и презиме се навоѓам во Аустралиа скоро две години, односно 18 месеци, а стар сум чисти 19 и пол години. При читањето на разни книги и со зборување на разни луѓе ја прифатив и вашата најсакана книга за нас Македонците “Македонија”. Како што ви пишав јас се запознав со Јован Марковски и Диме Николовски од моето родно село. Како што ви пишувам, јас вашиот весник го пратам од 24 број 1966 год. и до ден денес редовно го прегледувам вашиот односно нашиот сакан и најверен и најчисто искажан весник “Македониа”, а не србоманска “Нова Македониа” со тој Лазо србоманот, генерал Апостолски, В. Смилевски и други.

Како прво: тој Цепевски да не е од село Велушина, Битолско?

Како второ: Дали сум примен во оваа организациа на Македониа со заклетва од мене до вас?

Како трето: би сакал една книга од конгресот. Дали ќе ми дадете или не?

Како четврто: дали праќате книги во внатрешноста или тоа не е моја работа?

И пето: дали вашата организација од Гетеборг прима дописници од странство и дали испраќа книги во странство и каде?

Ако е потребно одговорете ми на ова писмо на адреса: Миле Тасевски, 40 Кембла, Порт Кембла, НСЊ, Аустралиа во затворено писмо. Поздрав до целиот ваш Комитет. Молам одговор. Ќе ви пишувам по добивањето на одговор уште многу

почисто и поинтересно за поважни работи и уште со стотици луѓе ќе ве запознаам преку мене, Диме и Јоле. И ќе се претплатат на вашиот весник илјади и илјади патриоти.

Патриот и Македонец,
М. Тасевски

ПИСМО ОД ПРОТОЕРЕЈОТ СТЕФАН БЕЛИЧЕСКИ
ОД САД ДО ОКМ (17 јули 1967 година)

ПРВАТА МАКЕДОНСКА ИСТОЧНО-ПРАВОСЛАВНА
ЦРКВА “СВЕТА БОГОРОДИЦА”, ЛОС АНЏЕЛЕС,
КАЛИФОРНИЈА

До ОСЛОБОДИТЕЛЕН КОМИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
Гетеборг, Шведска

Од името на црковната општина во Лос Анџелес, Калифорнија (САД) Ви ги испраќаме нашите прерадосни желби.

Во исто време го поздравуваме првиот историски Конгрес, за кој нашиот народ не бил во состојба да се пробиет на оваа светска платформа која ја остварувате Вие.

Ние ќе се молиме пред Св. престол на милостивиот Бог, да ве чува во крепко здравје и успех во делото.

За редовен член на пленумот го предлагаме господин Киро Матраков, инжињер од град Прилеп, а сега живее во Лос Анџелес.

Црковен старешина
Протојереј Стефан Белически

ПИСМО ОД НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ НА ОКМ ДО
ОТЕЦ БЕЛИЧЕСКИ И КИРЕ МАТРАКОВ ОД САД
СО ПРЕДЛОГ ЗА СОРАБОТКА (05.08.1967 година)

Многу уважуван Отец Белически,

Драг сонароднику Г. Матраков и сите други македонски национални борци во Америка,

Ослободителниот Комитет на Македонија со радост и големо воодушевување го прими Вашето патриотско писмо од 17 јули 1967 година. Искрено и од се срце Ви благодариме на искажаните ваши желби за нашиот Конгрес. Сожалуваме што задоцнивме така долго време со одговор на вашето писмо, но

тоа се должеше на тоа што Ослободителниот Комитет на Македонија требаше да свика специјален состанок за да го разгледа вашето писмо и да донесе решение во врска со примањето на господин Матраков за член на Националниот Совет на Ослободителниот Комитет на Македонија. Кога Вашето писмо стигна во наши раце, Конгресот кој се одржа во град Кил во Западна Германија, токму што беше завршил со својата историска работа, а делегатите веќе беа разотидени.

Националниот Совет на Ослободителниот Комитет на Македонија на своето специјално заседание еднодушно реши господин Матраков не само да биде примен за член на Националниот Совет на Ослободителниот Комитет на Македонија, туку и да му се повери должноста Политички секретар на Ослободителниот Комитет на Македонија. Со ова решение Ослободителниот Комитет на Македонија сакаше да им искаже своја доверба и свое признавање на свесните македонски борци на американскиот континент. Во нашиот Комитет има луѓе кои лично го познаваат господин Матраков како чесен и искрен македонски патриот, а му ја познаваат и целата фамилија како една од најчесните и најпатриотски фамилии во град Прилеп.

Драги браќа Македонци,

Да ги обединиме сите наши национални снаги, да ги сплотиме нашите борбени редови за да не може никој да не разбие. Пред вас Македонците што живеете во Америка постои една голема национална задача, а таа се состои во тоа што вие треба да го афирмирате македонското национално дело и македонската национална кауза на американскиот континент. Прекуокеанскиот свет треба да ја научи вистината за Македонија. Со вашата национална дејност на црковно, културно и политичко поле вие треба да ги разбиете двете врховистички и предавнички пропаганди што ги шират денес по Америка старите и новите врховисти. Старите врховисти се нашите бугаромани во таканаречената М.П.О., а новите врховисти се агентите на србоманската клика околу Матицата на иселениците од Македонија и други србомани и белградски лакеи и наемници. Ослободителниот Комитет на Македонија е спремен да ви помогне македонското национално дело да го засилиме на американскот континент и се надеваме дека со заедничка и неуморна работа, тоа нешто ќе биде постигнато. Нека во иднина работиме заеднички и со братски советувања.

Не би било лошо ако господин Киро Матраков дојде на еден разговор со нас во Европа. За патните разноски ќе помогнеме и ние.

Конгресот заврши со многу успешна работа. Во “Македонија” која излезе од печат и која Ви ја испративме авионски, има приказ за работата на Конгресот, на материјалите од конгресот, рефератите, говорите, усвоениот Статут, програма и испратениот до македонскиот народ Манифест. Сето ова кон крајот на месец август ќе излезе во специјална книга која ќе ви биде навреме испратена.

А сега драги браќа примите срдечни македонски борбени поздрави. Со големо нетрпение очекуваме од вас одговор.

Миле Илиевски
Сандо Христов

ПИСМО ОД ИЛИЈА ТОДОРОВ ДО РЕДАКЦИЈАТА НА ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНИЈА” ВО КОЕ ПИШУВА ДЕКА МАКЕДОНЦИТЕ СЕ ПОТОМЦИ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ И ГИ ИЗВЕСТУВА ЗА СВОИТЕ СТРАДАЊА (06.08.1967 година)

Од пред едно извесно кусо време дојдовме до познанство со еден ваш и наш собрат и преку него дознав за вашата организирана македонска фамилија во кралството Швеција.

Драги браќа на родината мајка Македонија. Иако далеку од огништата прогонети по сите континенти од слободниот свет, денес сме во ерата на 20 век и гледаме дека очито во светот дојде до промени. Колониите добија и добиваат свои држави преку модулот на Обединетите народи, други нарамија оружје, па со револуција и жртви дојдоа до автономија, а црнците се цивилизираа без да се плашат од најновото автоматско оружје на УСА полицаи.

Браќа Македонци по вера, душа, крв и идеја, горешт е срам за потомците на вечниот Александар Велики Македонски. Најстарата древна држава родината Македонија денеска стенка обесправена и распарчена под срамно тешко ропство. Таму братот пак се мачи и родот родината ја предава на изродите јаничари и предавници на својот народ. Денес уште стенкаат во удбашките ќелии под контрола на злокобната УДБа сите наши

браќа верни на мајката родина и чекаат слобода. Ние и самите бевме во темницата Титославија.

Преку вашиот весник “Македонија” разбрав за злочинот над нашиот собрат Марко Богоевски од страна на издајниците изроди на нашата нација. Ќе ги сретне црната рака на ВМРО и ќе го добијат своето. Тука е уште полошо. Тука е главното удбашко гнездо во Европа. Една ноќ ми влегоа во станот во центарот на Минхен и ми зедоа 1000 ДМ, 500 долари и сите документи. По втор пат ми извадија пиштол, те така морав да се селам на периферијата.

Премили мои Македонци треба да разберат нашите дека ние не се уплашивме ни кога бевме внатре во затвор, мачени нечовечки во крвавите ќелии на УДБа. Тие ги тепаа, стрелаа и бесеа вмровците, но не можеа да го скршат духот на ВМРО. Клето да му е и проклето на оној Македонец што гази преку коските на нашите комити и војводи, дедовци и татковци. Никакво кршкање лево или десно од патот на илинденци. Не сакаме богатства, не сакаме пари, само човечки правдини. Не сме Јужносрбијанци, ни Елини, не сме ни Бугари, туку чистокрвни Македонци - централисти. Срдечно ве поздравува вашиот собрат и маченик Илија со фамилијата. Пренесете поздрав до Марче Богоевски во болницата.

Една молба до Миле Илиевски. Во селото Граешница имав еден маченик борец на ВМРО по име Васко. Во аферата 1952 во Отешево се разделивме и ништо не знам за истиот. Ме интересира дали разбравте нешто за овој човек? Во колку имате можност и време, одговорете ми.

Со срдечен поздрав
и македонска чест
ваш Илија

ПИСМО ОД НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ НА ОСЛОБОДИТЕЛНИОТ КОМИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА ДО “СЕКРЕТАРОТ” ПО ПОВОД НЕГОВОТО ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА И АКТИВНОСТИТЕ НА ИСТАТА ВО САД И КАНАДА (28.8.1967 година)

Драги наш секретаре,

Вашето многу очекувано писмо го добивме и верувајте нашата радост беше бескрајна кога од него научивме дека Вие

пристапувате во борбата заедно со нас. Не треба да Ве чуди тоа што ние сме Ви укажале така одеднаш големо доверие. Вие не сте за нас непознат човек. Во нашата Организација ние имаме луѓе кои што Ве лично познаваат, па кои биле и на робија со Вас. Со ова писмо користиме прилика да Ви пренесеме топли и срдечени поздрави од Тодоровски Илија од селото Долно Лакочерај крај Охрид, кој Ве познава од затворот Идризово. Тој е бил суден за патриотска дејност 12 години затвор од кои е одлегал цели десет години. Сега живее во Минхен, Германија као политички емигрант. Во Минхен се наоѓа и еден бивш Ваш пријател, мислиме дека е бил суден со вас, Илиев од село Ваташа Тиквешко, кој сега работа во бугарската секција за радиото "Слободна Европа", но кој за жал е голем срам за Македонија. Тој е голем ванчомихајловист, се прави поголем Бугарин од вистинските Бугари и пред две години имаше организирано атентат на Илија Тодоровски зошто тој не сакаше да биде предавник на Македонија, да стане "македонски Бугарин". Во Париз имаме еден наш активен член од село Долно Којнари, Прилепско, кој работел некогаш во претпријатието каде што сте работале, па и полагал некој испит пред вас, но не бил задоволен и се карал со Вас. Момчето се вика Киро Андоновски и се израдувал необично многу сега кога го сретнал Вашето име во "Македонија". Ни испрати писмо и ни рече да Ве поздравиме.

Петре Петков за кого што пишувате не е за нас непознат човек. Тоа е писмено момче и е искрен патриот, но за жал и ние му го немаме адресот. Сега ќе пишеме во Австралија до Атанас Балабуров, кој е од Богданци и е легал во затвор заедно со Петрета да ни ја пушти неговата адреса. Балабуров беше во Бразилија, но сега се наоѓа во Австралија кај што има еден стрико. Во Бразилија се наоѓа и Ацо Бачев од Велес, кој е легал заедно со Петрета во Идризово и е многу добро момче. Се надеваме дека со него се допишува доктор Стеван Гавочанов, кој живее во Германија, па ќе пишеме да ја дознаеме преку него и адресата на Петрета Петков.

Драган Богдановски Ви се заблагодарува на комплиментите што му ги испраќате за неговиот стил и денес Ви испрати една негова книга песни што беа објавени пред две години. Вашата песна ќе ја подотера тој и ќе ја објавиме во "Македонија".

Сметаме дека би било убаво ако Вие таму во Америка се потрудите да организирате еден земски комитет на Ослободителниот комитет на Македонија за Америка. Таму е

Методи Марковски од Прилеп, кој бил и Ваш роднина. Тој е чесен патриот и допринесе многу за ширењето на нашиот весник во Америка. Во Мичиген живее Јосиф Грежловски од Љубојно, Преспанско. Тој е студент, писмено и совесно момче и загреано за македонското национално дело. Влезете веднаш во врска со него. Во Чикаго живее Данчо Бојковски, кој не е наш член, но е национално свесен борец и е претседател на некаков македонски клуб во Чикаго. Влезете и со него во контакт. Нивните адреси ќе Ви ги напишеме на крајот од ова писмо. Видете што може да се стори за создавање на еден земски Комитет за Америка. Студентот Грежловски одговара да исполнува секретарска должност, а сонародникот Блаже Черепналковски изберете го за претседател, но сепак вие таму најдобро ги познавате и ќе ги упознаете луѓето.

Не интересира каква е Вашата црква "Света Богородица? Стои ли таа во контакт со Црквата во Македонија зошто досега не сме го сретнале нејзиното име никаде во списанието "Македонија" што го издава Матицата на иселеници од Македонија, која често пишува само за црквата во Гери, Индијана. Опишете ни ја положбата на македонските цркви во Америка, а и испратете ни ги нивните адреси за да им го пуштаме весникот.

Ние сметаме дека треба да се видиме и да позборуваме лично, секако треба да создадеме услови за една таква средба. Сега за сега сме многу заети со работа зашто работаме делото да го засилиме нарочно во Австралија каде што има голема наша емиграција, а исти обиди правиме и во Канада, но во Канада се многу силни луѓето од Матицата. Во Канада УДБа има испратено интелектуалци шпиони кои ужасно агитират против нашето младо движење и успеаја да одвратат многу наши членови и симпатизери. Имате ли Вие некои контакти со Канада, а не би било лошо ако Вие или некој од Вашите луѓе појде до Канада. Ние имавме и тајни врски со македонската црква во Торонто, но во последно време таа се отегнува многу од страв да не си ги расипе односите со Скопје. Во Торонто имаше еден наш член кој навистина работеше многу и собираше голема материјална помош за нашиот весник, ама сега се ожени со ќерката на секретарот на Црковната општина и оттогаш се приклучи на Матицата во Скопје. Негова слика и статии постојано сретнуваме во списанието на Матицата. Ние имаме повеќе членови и симпатизери во Канада, но секако дека треба да се воспостават нови контакти.

Во врска со една средба со нас ќе Ви пишеме во октомври месецот. Би било најпожелно Вие да дојдете во Европа, но ќе ја разгледаме можноста за доаѓање на некои од нас во Америка.

Толку за овој пат драги наш секретаре. Ќе си пишуваме често зошто сите ние сносиме одговорност за политиката што ја водиме. Примете срдечни братски и патриотски поздрави,

Миле Илиевски

ПИСМО ОД ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ВО ИМЕТО НА РЕДАКЦИЈАТА НА ВЕСНИКОТ "МАКЕДОНИЈА", УПАТЕНО ДО МАКЕДОНЕЦ ВО САД
(28.08.1967 година)

ОСЛОБОДИТЕЛЕН КОМИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

Гетеборг, 28 август 1967 год.

Многу уважуван сонародник,

Вашето писмо од 4 август оваа година го добивме, но извинете што задоцнивме така долго со одговор. Нашиот редактор имаше месец дена годишен одмор, па писмата чекаа на одговор кога тој се врне. И ова Ваше писмо не израдува многу и еден дел од него, оној што е даден во форма на дијалог, ќе го објавиме во идниот број на "Македонија".

Драги братче, Вие македонските национални борци во Америка треба да се сплотите под македонското национално знаме и да работите за афирмација на нашето дело на тој континент. Во Лос Анџелес, Калифорнија живее политичкиот секретар на Ослободителниот Комитет на Македонија, сонародникот инжињер Киро Матраков, треба да се поврзите со него и да работите заедно. Денес му ние пишавме и на него и му го испративме Вашиот адрес молејќи да влезне во врска со Вас. При крајот на ова писмо Ви го пуштаме и неговиот адрес. Убаво би било кога Вие свесните и чесните македонски синови во Америка се соберете и образувате еден земски Комитет на Ослободителниот Комитет на Македонија за Америка. Зборувајте за тоа со Киро Матраков.

Толку за овој пат драги сонародник. Ви пожелуваме на Вас и на Ваште блиски многу здравје, успех и напредок. Примете

срдечни братски поздрави од Вашите браќа по крв и соборци по идеал. До скоро пишување!

За Редакцијата на “Македонија”
Драган Богдановски

ПИСМО ОД ИЛИЈА ТОДОРОВ ОД ГЕРМАНИЈА
ДО РЕДАКЦИЈАТА НА ВЕСНИКОТ
“МАКЕДОНИЈА” (09.10.1967 година)

Уважени сонародници,

Денеска 9-10-67 го примив вашиот и наш весник “М.”, и тоа преку моите домашни. Јас во овој момент не сум со моите дома и се наоѓам во една болница.

Уважени браќа од достојната ни маченичка родбина и достојно верни на м. идеализам. Јас од пред осум дни сум во болница, те така имам доста време слободно што го користам во читање. Се потзабавив со весничето, а нарочно со рефератите, како и од говорите. Јас братски ве молам да бидете повоздржани помеѓу самите нас. Во книшката од комитетот сретнав за некое ВМРО денешно на В. М., кое не постои. Името ВМРО го заменија со “Емпијо” (МПО заб. авт.), што значи “патриотическа организација”, а В.М. го прекрстија во Иван М. Сакам да речам дека овие старци немаат врска со ВМРО, туку тие се патриоти на бугарштината и бугарскиот јазик, а нивнио така наречен водач се крие како некоја п.чка под кошула. Изгледа пак чека прилика за освета на вмровските идеалисти и нивните симпатизери. Ви благодарам за весникот, воедно се извинувам што од некои причини се уште не сум се исплатил, причините не се финансиски. Би ве молел за една обавест. Доколку имате на располагање некои учебници од македонското минало пратете ми ги со М. со постар историјат за м. историја.

Братски ве поздравува сите по ред
ваш брат
Илија Тодоров

ПИСМО ОД МАТОВСКИ ДО РАКОВОДСТВОТО
НА ОКМ СО МОЛБА ЗА ПРЕТПЛАТА
НА ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНИЈА” (10.10.1967 година)

Поштована редакцијо,

Со ова писмо претходно испраќам топли поздрави на сите членови од Ослободителниот Комитет на Македонија и сите приврзаници на истата организација.

Прибидејќи се осеќам како Македонец, спремен да ги делам (НЕЧИТКО) со вас, молам редакцијата на “Македонија” да ми испрати писмо со кое ќе ми објасни на која сметка да испратам пари за претплата на весникот “Македонија” и колку треба за четврто тромесечие оваа година и за цела 1968 година, како и книгата со наслов “Уставотворен конгрес на Ослободителниот Комитет на Македонија”.

Весниците да ми доаѓаат авионски, исто и книгата да ми се испрати авионски. Јавете ја целокуплната сума колку кошта во англиски фунти да би одма ви испратил парите.

Останувам со големо исчекување и големо нетрпение дури да ми дојде весникот. Со поздрав.

Матовски
43 Стеел Ст.
Грингла, НСВ
Аустралиа

ПИСМО ОД “ЈУЖНОСЛОВЕНСКИОТ ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ” ДО ОСЛОБОДИТЕЛНИОТ КОМИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА СО ПРЕДЛОГ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ СОРАБОТКА (11.09.1967 година)

ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ*

Минхен, 11.09.1967

До Националниот Совет на Ослободителниот Комитет
на Македонија, Гетеборг, Шведска

Драги и почитувани пријатели,

Со задоволство и радост го потврдувам приемот на Вашето братско писмо од 28.08. о.г., Вашиот предлог за договор помеѓу

Ослободителниот Комитет на Македонија и Јужнословенскиот демократски Сојуз, како и нацртот на Вашата Декларација.

Во склад со Статутот на нашиот Сојуз, доставив фотокопии од Вашето писмо и останатите прилози на членовите на Координативниот одбор на Јужнословенскиот Демократски Сојуз на разгледување и давање мислења. Во најкраток рок очекувам одговори, по што и Вие ќе го добиете мојот дефинитивен одговор, односно нашите предлози. Дотогаш најубаво Ве молам за трпение и разбирање.

На нашиот договор и на заедничката идна соработка лично давам големо значење. Исто така уверен сум дека со радост ќе го поздравуваат сите членови на нашиот Сојуз. Нека биде тоа почеток на формирање широк блок на млади и напредни демократски сили на сите јужнословенски народи и пример за сите сотанати како треба да се работи.

Токму поради тоа е потребно и тоа сакам овде да го истакнам дека и вие и ние треба најсовесно да ја бараме најдобрата можна форма на соработка, која и на сите останати национални групи со кои имаме врска - Словенци, Босанци и други - ќе им послужи како модел и поттикнувач на заедничка работа со нас.

Колку што гледам, постојат две можни форми на ваква работа: зачленување во нашиот Сојуз или пак едно придружување (асоцијација). Во првиот случај потребно е прифаќање на основните начела на нашиот Сојуз, како и на Статутот на Сојузот. Во вториот случај потребно е само прифаќање на основните начела на Јужнословенскиот Демократски Сојуз. Формата на организацискатa работа и соработка ќе се одлучи со еден договор. Сега треба да се бара најпригодното решение.

Уште еднаш братски Ве молам за разбирање и трпение, додека не завршат моите консултации со членовите на нашиот Координативен Одбор. Најсрдечно ги поздравувам сите членови на Националниот Совет на Ослободителниот Комитет на Македонија и ја искажувам мојата блгодарност за контактот што е воспоставен.

Ваш
Роко Калеб**
Генерален секретар на ЈДС

_____

* Писмото во оригинал е пишувано на српскохрватски.

** Роко Калеб, Хрват по националност, беше познат политички емигрант. Прво беше раководен активист на Јужнословенскиот Демократски Сојуз, а потоа и редактор на хрватското емигрантско списание “Хрватска зора”. Тој помагаше и во печатењето на весникот на ОКМ “Македонија”.

ПИСМО ОД ТЕРЗИОСКИ Р. ДО ОКМ ВО ВРСКА
СО ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНИЈА”
(веројатно од 1967 година)

Орган на Македонскиот Ослободителен Комитет на Македонија

Драги браќа,

Јас нашиот весник “Македонија” многу пати го читав и многу ме заинтересира. И сега сакам од срце да се претплатам во Австралија. Ние мислиме да се ослободиме. Доста сме разделени, нека биди крај и сонце да не угреј на овој мрачен крај. Долу нашите душмани. Да живее нашиот Ослободителен комитет и нашата организација за Македонија.

Терзиоски Р.

Поздрав имате од Диме Колоски

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ
(ЧЛЕН НА РАКОВОДСТВОТО НА ОКМ)
ДО ДИМИТАР РАСПАШКОВСКИ ВО ВРСКА СО
ПЛАНИРАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО АВСТРАЛИЈА(05.11.1967 год.)

Драги Господоне Распашковски!

Многу Ви благодарам на писмото Ваше од 27/9-67год. Исто така Ви благодарам на десетте долари, кои ги имавте пратено на име претплата на весникот.

Ни пишувате за ставот на нашите во Дара, кое за нас не е ново. Но човек утре треба да има во вид дека ни на една нација, целиот народ не се занимава со политика, макар да во нашата македонска положба се бара присуство на сите Македонци за да може да се постигне она што захтеваат нашите македонски барања. Од друга страна, треба да приоѓаме на нашите луѓе со разбирање, бидејќи нашиот човек могу пати во историјата е

лажен, а од друга страна голем дел од нашата емиграција е неписмен или полуписмен.

Лично јас (кој го пишувам ова писмо) тврдо сум уверен дека нашите и покрај гореспомнатите негативни особини се добри патриоти и земајќи ги предвид фактите со кои тие се судруваат, навистина е за пофалба нашата емиграција и нема да претерам ако речам дека таа е свеста на МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ДВИЖЕЊЕ. Бидејќи се познавате со Драган Богдановски, кој исто така многу Ве поздравува, секако доста работи Ви се познати за нашето движење. Но и овде уште еднаш ќе го подвлечам ставот на Ослободителниот Комитет на Македонија, кој е истиот оној како што Ве запознал на времето Богдановски, т.е. пред се и над се работи на МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО, што значи дека за нас во прв ред се МАКЕДОНСКИТЕ ИНТЕРЕСИ, а потоа се друго е второстепено, мислам на политика во боја: црна или црвена. Свесни дека Македонија е поделена од Бугрија, Србија (Југославија) и Грција уште веднаш паѓа во очи дека тие се нашите непријатели против кои треба да се бориме и пазиме од нивните досегашни "ослободувања", како што беше со Бугарите за времето на Илинденското востание и како што испадна со Србите за времето на Втората световна војна. Уште одамна Ви е пратена книшката што беше издадена во чест на Уставотворниот КОНГРЕС од каде убаво ќе можите да се запознаите со целите и идеите на Ослободителниот Комитет на Македонија.

Во Австралија имаме добри врски и полагаме големи нади, но не смеиме да заборавиме дека во Австралија југословенска УДБа има јака шпионска мрежа и на еден многу мајсторски начин го сузбива македонското национално движење. Агентите на УДБа се дресирани луѓе и на современ начин ги деморализираат нашите, а каде тоа не им успева, употребуваат и терор. Вам секако Ви е познато дека во Сидни се наоѓа инженерот Павел Кржовски, од кого очекуваме да ја организира и предводи нашата емиграција во Австралија, се разбира со помошта на други Македонци кои се свесни дека поробена Македонија посега со своите раце кон нас - нејзините слободни синови. Ве поздравувам во името на ОКМ и во мое лично име, Вас и сите Ваши пријатели.

Гетеборг 5/11 - 1967 год.
Ваш Миле Илиевски

ПИСМО ОД РИСТО НЕДАНОВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ
ВО КОЕ ГО ИЗВЕСТУВА ЗА ПРОМЕНА НА
СВОЈАТА АДРЕСА
(18.11.1967 год.)

Драги Миле Илиевски,

Бидејќи јас се преселив од Трелеборг, а се населив во Ескилстуна, пак реков да ви се јавам со неколку збора колку да знаите дека не се наоѓам повише во Трелеборг.

У колку е интересира за мене јас со здравјето сум добар, а ви пожелувам исто така на вашата фамилија уште поодобро здравје и добра среќа за во иднина.

Јас од овде не би имал нешто така нарочно ново со кое да ве известам нити пак овде имам некои познати, само се најдов со Владо Гелевски, така со него си праveме одвреме навреме муабет, други не ми се понати, а со мене е Петре Томевски, заедно дојдовме од Трелеборг. Ако ве интересира за други Македонци, нив ги има, само не ми се познати, така немам некој разговор со ними пошто тија се сите печалбари, па така сум си одстрана од нивните друштва.

Со нашите сум во врска писмено, кои се најдуват во Трелеборг, Гетеборг, Малме, Еслев, Хеганес, Вестерос, Лунд, Швајцарија, Франција, Канада, Америка, Аустралија, кои на секаде се имам видено со новата адреса.

Пак затова реков да ви се јавам и вас у колку ве интересира за мене некогаш ако сакаш да пишиш некое писмо, разбира се во колку имаш време. Исто така, во колку имаш волја, да пишиш како се развиваат работите кај вас во Гетеборг, до каде сте со делото кое ние заеднички го створивме.

За сега толку би имал да ви пишам, а понатаму ќе пишам повише.

Сега земете не броени поздрави од мене Недановски лично до вас, а исто така и до вашата ценена од мене фамилија.

Со поздрав,
Ристе Недановски

АПЕЛ ОД ОСЛОБОДИТЕЛНИОТ КОМИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА ДО МАКЕДОНСКИТЕ ЕМИГРАНТИ ВО ВРСКА СО АТЕНТАТИТЕ ИЗВРШЕНИ ВРЗ ЧЛЕНОВИ НА ОКМ (крај на 1967 или почеток на 1968 година)

Ослободителен Комитет на Македонија

АПЕЛ

До македонската политичка емиграција

Драги браќа и сестри прокуденици од поробена Македонија

Поробителите не изгонија од нашите родни огништа и направија од нас вечни скитници. Но не треба да позволиме да остани во заборав нашата прошлост. Не треба да го заборавиме нашиот вечно намачен македонски народ и жално распарчена Македонија. Ние Македонките и Македонците што се наоѓаме во редовите на Ослободителниот Комитет на Македонија високо го издигаме гласот против потиснувачите на Македонија. Нас не има насекаде, како внатре во поробената Македонија, така исто и надвор расеани по светот - далеку со илјади километри, но со срцата и мислите секогаш сме во Македонија и ги чувствуваме болките и страданијата на нашиот поробен народ, кој стенка под јаремо на Белград, Софија и Атина. Југославија, Бугарија и Грција кои се жестоко заинтересирани да го одродат македонскиот народ и постепено да ја погребаат Македонија не бират средства и начини во нивната престапна надеж. Во 1964 година агентите на југословенската УДБ-а извршија инциденти на повеќе членови од Македонското национално движење, некои од нив лежаа со недели во шведските болници. Г. Ристо Недановски го онеспособија за целиот негов живот. На 27.5.1967 година грчко-југословенските агенти во заедничка соработка го нападнаа со ножови главниот касиер на ОКМ г. Марко Богоевски на кого му нанесоа смртоносни удари. Истите убијци нападнаа и други членови на ОКМ, без да им успее акцијата.

Апелираме кон нашата политичка емиграција да се обедини и заеднички да даде одговор на балканската мафија. Како слободен дел од нашиот народ ние сме должни да ги разобличуваме лажните пропаганди на нашите поробители и да ја обавестуваме на време светската јавност во какво положение се наоѓа нашиот народ. Да работиме со сите сили и средства за довршување на илинденските идеали.

Македонски печалбари!

Ви даваме на знаење дека поминаа години, децении и векови, а ние се уште останавме во жеголот вјармени, измачени, украдени и излагани. Ние Македонците, нашата чест понос и некогашната историска важност, сето тоа го фрливме во провалија и замолчивме уплашени и бледи пред денешниот современ свет. Зошто? Барем сега кога знаеме колку е мил оној крај кој го напуштивме со бол кој од ден на ден не разочарува и расти во нашите срца, да се сетиме и самите да се окривиме дека позволуваме да ни одлета честа и да не прегази времето. Зар не е срамота за нас да седиме со скрстени раце пред горката судбина на нашиот народ? Нека вашата свест ве упери кон една директна обавеза дека ќе и бидеме верни на нашата гневно распарчена Македонија и од длабочината на нашите срца со нескриена патриотнос ја положиме заклетвата пред себеси дека од денеска ќе работиме за Македонското дело.

Од Меморандумо на македонската емиграција во Петерзбург испратен до балканските држави во 1903 год.

Македонија која е прославена од Александар Македонски, од апостолот Павле, облагородена од дејноста на светите браќа Кирил и Методи, обединена од славниот Самуил, заштитувана од мажествениот Добромир Стрез, обесмртена од Крали Марко, облиена со крв на милиони маченици за слобода, место Македонија да биде единствена и целокупна ослободена европска дипломација, а со неа и вие наши “браќа сојузници и ослободители”, не расцепувате на парчиња и ги поткопувате нашите свети идеали. Зошто?

Македонски патриоти!

Вие кои што сте расфрлени по светот, вас на кои што ви ја сломи снагата носталгијата за родниот крај. Вие и вашите срца сте и должни на Мајката Македонија. Вас ве повикува Ослободителниот Комитет на Македонија да се сплотите во неговите редови и да и појдите на помош на Мајката Македонија која посега со своите раце кон нас - нејзините слободни синови да ги скиниме ропските вериги од нашата мил татковина Македонија.

Македонскиот слободен весник “Македонија”, органо на Ослободителниот Комитет на Македонија ги отвора страниците на сите македонски ќерки и синови, братски ве повикува да

дигнете врева против тиранијата што не прогонува и мачи, нас и целиот наш народ да работиме за довршување на македонските идеали.

ПИСМО ОД МИЛЕ ТАСЕВСКИ ДО РАКОВОДСТВОТО НА ОКМ ЗА БУГАРСКАТА ПРОПАГАНДА ВО АВСТРАЛИЈА (1967 или 1968 година)

Ваше поштување,

Од М. Тасевски, Порт Кембла

Се извинувам пред сите вас и пред Ослободителниот Комитет на Македонија.

Како прво и прво ве поздравувам и ви пожелувам успех во работата. Писмото ваше и весникот не ги добив поради тоа што ги примил некој од моите кирации, односно на брат ми, па не ми ги дадоа и не знаев што да ви одговорам. Дури сега брат ми ми ги даде и ви одговорам. Благодарам многу.

Би сакал нешто да ве прашам. Јас вашиот член М. Т. би сакал да дојдам кај вас во Шведска и да останам на моја сметка. Дали можи или не и дали има некоја гаранција за мене за работа. Тоа е најважно за мене. Сакам убаво објаснет одговор за кој трошоците се на моја сметка. Книгите од Скопје ги добив пред 20 дена, околу 32 книги. Скоро сите историски. А исто овде најдов еден читател на бугарското списание “Славјани”. Книгата успеав да му ја земам и добро ја посматрав, иако е писана на бугарски. Ја пратив на списанието “Нова Македонија” во Скопје за да ја види и да ја стави на дневен ред. На моја сметка јас плаќам за да видат во Македонија дека и во Аустралија не прават Бугари, додека главатарите од Скопје си имат добри меки српски постели и не можат да се разбудат и имат добар сон. Трнот очи копа и јарем ни става. Та со човекот и до тепачка дојдовме, но не е способен за мојата снага, па и за појќето македонско друштво.

М. Тасевски

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ (ВО ИМЕ НА ОКМ) ДО РОКО КАЛЕБ (УРЕДНИК НА “ХРВАТСКА ЗОРА”) ВО ВРСКА СО ТЕШКОТИИТЕ ЗА ПЕЧАТЕЊЕ НА ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНИЈА” (22.01.1968 година)

НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ НА ОСЛОБОДИТЕЛНИОТ КОМИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

Гетеборг 22.1.1968 год.

Драги господине Роко!

Срдечно Ви благодарам на Вашето писмо од 16.1.1968 год., на кое уште веднаш Ви одговорувам. Вие сте за нас најсигурниот човек во Минхен на кого можиме да го повериме нашиот весник. Не сакаме да Ви одземаме од Вашето скапоцено време, но бидејќи одите по Ваши работи во печаницата “Логос”, ќе можите да видите и за нашиот весник како се одвиваат работите. На секое праќање на материјалите за нов број ќе Ви се јавувам и Вас со едно писмо. Ние ќе гледаме да најдиме Македонец кој ќе врши коректура, кој без Вас да не смее ништо да менува или дополнува, ако за една таква измена нема писмена согласност од нас. Ќе му кажете на директорот на “Логос” дека ни Богдановски во иднина нема никакво право да прави некаква измена или било што околу весникот “Македонија”. Имаме еден наш во близината на Минхен по име Илија Тодоровски, но тој недавно се оперира и е во лошо здравствено стање. Тој е добар и поштен човек, чија адреса ќе Ви ја напишам подолу.

Вашиот извештај не погоди доста, а има извесно време како се појавија во нашата средина инфилтрирани УДБ-аши, чија цел е на секој начин да го спречат весникот. Повеќе наши подорганизации (поткомитети), не само што не пратија никаква помош, туку не си ја платија ни редовната членарина, а и доста претплатници не си ги поновија претплатите, но тоа не значи дека луѓето во “Логос” треба да страхуваат дека нема да им го исплатиме долгот. Ние ќе сториме се што е можно за да го платиме долгот, но мораат малку да не сочекаат. Се што ќе печатиме во иднина однапред ќе го плаќаме. Парите ќе ги плаќаме преку Вас, Вие да и ги плаќате на печатницата. Случајот со Богдановски е интересен и секако има свое значење, за кое не можам ништо да речам, но верувам дека наскоро Богдановски мора да се јави. Чим го пронајдиме, тој ќе мора да плати еден дел од долговите.

Велите дека не сте Македонец и затоа ќе ви биди мошне тешко да извршите коректура, но секако ќе можите доста грешки да отстраните, а Миленовиќ би можел да послужи наполно колку еден Македонец, кога би сакал и би имал време. Ние секако за во иднина поретко ќе го печатиме весникот и доста пати ќе бидеме приморани да го издаваме шапирографски. Веруваме дека дирекцијата на "Логос" ќе не разбери во какво положение се ноќаме, а ние ќе сториме се што стои до нашите можности за што побрго да ги исплатиме долговите.

44 број нека се печати на 4 страници и да стои февруари 1968. Бидејќи е премногу материјал, тогаш нека остани за идниот број: "Српски колонисти надвор од Македонија" или "По трагите на бугарските црвени империјалисти". Зависи како најдобро пасува. И двата материјали можат да чекаат.

Пред некој ден ви пишав писмо на рака со цел да Ве уверам дека јас сум, а бидејќи ја менав адресата, сметав дека Ви е сумњиво да не се однесува за некој друг. Во тоа писмо Ви кажав дека ги добив весниците што ми ги имавте пратено на старата адреса. Братски Ве поздравувам Вас и Вашите пријатели и однапред Ви се заблагодарувам за Вашата услуга.

Ваш
Миле Илиевски

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО
КИРИЛ МАТРАКОВ ВО ВРСКА СО НЕГОВОТО
НЕЈАВУВАЊЕ (29.01.1968 година)

Драги г. Матраков,

Останавме веќе во заборав. По Ваше барање Ви одговоривме на 9/1-68 год. и гледавме сите Ваши барања да ги задоволиме, но тоа како да стави крај на се и уште еднаш не се јавивте. Ви писав и едно писмо од мое лично име, а кое се однесуваше лично на Вас, можеби погрешно ме разбравте или пак нешто друго се случи кај вас во Лос Ангелес, но од тогаш никој не се јави повеќе, освен еден мој стар познајник кој ми пишува дека тамошната Организација се развивала многу убаво. Мене ме радува за секоја македонска организација да напредува, но знам дека МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ДВИЖЕЊЕ ќе има поголем успех кога сите македонски организации, друштва, црквени управи и други наши институции се во

соработка. Но што можиме ние да сториме кога тоа се уште не е постигнато колку и да сме потрошиле време и работа на тоа подрачје - од една страна крпиш, од друга страна го раскинале непријателите. Навистина ние се прашуваме што се стори во Лос Ангелес штом нема ни еден да напиши некој редец и би Ви биле многу благодарни ако сакате да се јавите со некое писмо и не известите во што се однесува ќутењето.

Завчера добивме едно писмо од вашиот братучед Благој Матраков, чија адреса ќе Ви ја напишам подолу. Тој се интересира за Вас и меѓу другото прашува (ќе Ви ги цитирам неговите зборови):

“Еден мој добар пријател ми кажа дека во 'Македонија' пишувало за мојот братучед инжинерот Кирил Матраков. Ве молам да ми одговорите дали е тоа вистина и ако можите да ми го испратите тој број. Јас се наоѓам на работа во З. Германија шест години. На 'Македонска трибуна' му писав три пати, но одговор не добив. Ќе ве молам дали вие ќе можите да ми ја доставите неговата адреса или мојата да му ја пратете нему.”

Толку засега драги Матраков и примете ги моите топли и братски поздрави. Се надевам дека наскоро ќе се јавите со едно писмо. Поздравете го Черепналковски и другите наши Македонци што се видувате.

Ваш,
Миле Илиевски

ПИСМО ДО ОКМ ОД АКТИВИСТОТ МАРКО БОГОЕВСКИ
ПО ПОВОД АТЕНТАТОТ ВРЗ НЕГО И ТЕШКОТО
РАНУВАЊЕ ВО ЗАЕДНИЧКАТА АКЦИЈА НА ЈУГОСЛОВЕНСКО-ГРЧКИТЕ ПЛАТЕНИЦИ
ВО ГЕТЕБОРГ, ШВЕДСКА(почеток на 1968 година)

Драги браќа,

Преку г. Илиевски бев запознат со вашите писма и бев многу израдуван што не сум сам во несреќата и Вашите обиди да ми помогните ми даваат големи нади дека убијците ќе платат за нивниот мрсен обид.

Тешко е да се опишат моите маки и страданија кои ми ги нанесоа грчките ножови. Но, благодарејќи на еден доктор специјалист, останав жив. И за несреќа на убијците (кои мислеа дека на место ме убија) сега можам да ја кажам вистината пред шведскиот суд. Исто така е тешко да се кажи целосно за

организираното убиство, бидејќи јас бев изненадно нападнат, а на тоа место ме упати еден “Македонец” за што постојат докази дека тоа беше во согласност со убијците. Но, тоа не е наша работа по мое мислење, туку е работа на шведската полиција. Нас сега ни преостанува да фатиме еден добар адвокат, која иницијатива ја имаат превземено некои наши овде во Гетеборг.

По мое мислење убиството беше добро организирано со цел да ме убијат и да ги заплашат другите Македонци што работат за ослободување и обединување на Македонија. Братски ве поздравувам и однапред ви се заблагодарувам за вашата помош.

Ваш верен
М. Богоевски

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО
ЧОРАЛОВСКИ ОД СИДНЕЈ
СО ПРЕДЛОГ ЗА СОРАБОТКА (25.02.1968 година)

Драги г. Чораловски!

Го добивме Вашето писмо на кое со радост Ви одговоруваме. Велиме со радост бидејќи уште веднаш штом сте го нашле нашиот весник се јавувате, а тоа е и нашата цел, да го пробудиме интересувањето кај секој наш сонародник. Исто така не радува фактот што се гледа од содржината на Вашето писмо, дека Вие сте учен и заинтересиран Македонец, кое е од посебно значење за нашето национално движење. Истовремено со писмото Ви праќаме и некои броеви од 1967 година, во кои се надеваме дека ќе го најдете она што го барате, а она кое по Ваше мислење не му достига на весникот, Ви ги отвора страниците да го изразите она што сметате дека ќе допринеси за нашето дело.

Бидејќи Вие се преставивте, редно е и јас да Ви се престават. Јас се викам Миле Илиевски. Роден сум во село Граешница, што значи на Баба планина, или подобро речено, сме пиеле вода од иста планина. Но, ние во нашата Организација еднакво ги гледаме сите од Шар до Олимп, река Бистрица и од исток на реката Места до запад на албанските планини. Ги цениме делата на секој Македонец и се восхитуваме од таквите, но ги сумираме иделата на некои наши кои се предадени на туѓите пропаганди и се гадиме од таквите. Ние силно верувме дека во весникот “Македонија” секој вистински Македонец ќе го најде она што го бара и го дополни она што му фали на весникот. Уверени дека Вие ќе бидите еден од идните

помагачи и ќе влијаете на нашите во Сиднеј да се организират во нашето национално движење, братски Ве поздравуваме во името на Редакцијата и во мое лично име.

Ваш
Миле Илиевски

ПИСМО ОД ПЕЕВ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ СО СУГЕСТИИ ЗА ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНИЈА” (29.02.1968 година)

Здраво Илиевски,

Се надевам дека името на Борис нема да излезе надвор зошто тој ќе пострада. Ти сам знаеш како е таму.

Друг материјал за “Македонија” немам и работата ми одзема многу време, па не можам да обеќам засега ништо. Живко Чинго може да биде интересен за превод, но јас прво морам да видам што тој пишува. За преводи многу немам време, даваме за превод на хонорарни преведувачи. Економската страна зависи од литературниот квалитет.

Пиши му на Драган дека оние ајдуци ванчовисти не праќаат “Мак. трибуна” и не одговараат.

Користам случајот за неколку примедби односно претњите од удбаши за кои пишуваш во последниот број. Сите емигрантски весници што се издаваат во Шведска се преведуваат во специјални служби од власта и секакви против-претњи создаваат погрешна слика за весникот и луѓето зад него. Затоа немој да пишуваш претњи. Во овој случај треба да собереш материјал поткрепен со факти и сведоци и да поднесеш пријава во полицијата. А во весникот да пишуваш дека ти претеле, но ти не смееш да претиш. Удбашките агенти тоа и го сакаат, да те изазоват отворено да претиш на нивните усмени претњи, па после да одат преку своите канали и те клеветат пред органите на власта. Тоа е и основната тактика на сите комунистички агенти во нивната борба против емиграцијата. И немој могу да ве интересира дека разни комунистички агенти ширеле слухови дека “Македонија” се издавала од УДБа. Оној кој е заинтересиран за тоа, суди според содржината на весникот. Долгиот одговор со оправдувања за финансиите на весникот го сметам за непотребен. Немојте да се зафаќате со полемика со разни удбашки типови и држите се на висина кд нивното блато. Непотребно е исто така да губиш многу време со други емигрантски големосрпски и големобугарски весници. Во скопска “Нова Македонија” секако има доста материјал кој може

да се коментира, а надворешно политичките статии во шведските весници, кои го тангираат комунизмот, Балканот, а посебно во последно време и Грција, исто така даваат многу материјали.

Жалам што сум презафатен со книгоиздателството, освен тоа работам како консулт во едное експортно претпријатие, па работниот ден понекогаш ми станува до 15-16 саати. За сега би могол да го дадам моето мислење односно основната линија на "Македонија". Току за сега. Поздрави го Драган и кажи му да ми се јави ако е негде во сев. Германија. Околу 19 март во Бегедорф (кај Хамбург) би можел да го сретнам ако е наблизу.

Поздрави,
Пеев

ПИСМО ОД РОКО КАЛЕБ (УРЕДНИК НА "ХРВАТСКА ЗОРА") ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО АПСЕЊЕТО НА ДРАГАН БОГДАНОВСКИ И ПРОБЛЕМИТЕ СО ПЕЧАТЕЊЕТО НА В. "МАКЕДОНИЈА" (02.03.1968 година)

Драг господине Миле,*

Минхен, 2.3.1968

Минатите денови бев многу зафатен со февруарскиот број на "Хрватска зора", па затоа веднаш не Ви одговорив на писмото од 26.2. Се надевам дека новата "Х.З." веќе ја добивте.

Сега нешто околу Богдановски. Вечерва случајно навратив во печатницата "Логос". Директорот на печтницата ми кажа дека денес од Швајцарија му се јавил Богдановски. Секако дека сите во печаницата знаат дека Богдановски "исчезна", па затоа неговото телефонско јавување претставуваше мала сензација. Богдановски по телефон кажа дека бил уапсен во Франција. На прашањето од директорот зошто бил уапсен, Богдановски му одговори дека тоа било поради "политички причини". Потоа Богдановски рече дека испратил 500 (пет стотини) марки на печатницата за отплата на долгот, а остатокот дополнително ќе го прател. На прашањето на директорот кога ќе дојде во Минхен, Богдановски одговори дека не може да дојде следните две недели, затоа што чека да му биде вратен пасошот.

Директорот вечерва, додека бев во печатницата, Ве побара Вас телефонски за да Ви каже за ова, но изгледа дека сте го

промениле досегашниот телефонски број. Директорот Ве моли да му го испратите новиот телефонски број.

Во прилог Ви испраќам сметка од "Логос" за последниот број на "Македонија". Ви праќам и едно писмо кое стигна.

Ви го враќам писмото од Вашиот пријател од Рим. Тоа писмо е многу интересно.

Директорот на печатницата прашува што да прави со брошурата "Уставотворен конгрес". Таму има уште примероци.

Ме радува тоа што покажувате симпатии за нашиот Сојуз и за "Хрватска зора". Треба да бидеме и да останеме пријатели. Состојбата во Југославија е многу тешка. Се надевам дека набргу повторно ќе можете да го печатите весникот "Македонија" во печатницата. Верувам дека Богдановски ќе го плати целосно долгот. Жал ми е што тој секогаш има некакви свои компликации. Тој е симпатичен човек и штета што му се случуваат такви непријатности. Можеби самиот е виновен за тоа. Човек кој се занимава со политика, мора да биде многу внимателен.

Драг г. Миле, со ова го завршувам моето писмо. Ме чека доста работа.

Пријателски Ве поздравувам и Ви посакувам се најдобро.

Роко Калеб

_____

* Писмото во оригинал е пишувано на српскохрватски јазик.

ИЗВЕШТАЈ ОД МИЛЕ ТАСЕВСКИ ДО РАКОВОСТВОТО
НА ОКМ ВО ВРСКА СО ДЕЈНОСТА
НА ОВАА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО АВСТРАЛИЈА
И ЗА ТЕПАЧКА ПОМЕЃУ МАКЕДОНЦИ И СРБИ
(веројатно од почетокот на 1968 година)

За Комитетот или ОКМ

Од М. Тасевски
П.О. Талбинго НСВ

Претставен ОКМ на конференцијата и фактички примен од присутните. Решение е донесено од 60 Македонци за било каква потреба да бидат на нозе.

Арнаутски напад на Македонец кога бил во нужникот, бил удрен по глава. За ова беше јавено во полиција. Македонецот се помирил и ги наведнал плеќите. Ние Македонците што ја одржавме оваа конфренција донесовме одлука тој да го напушти уште вечерта ова место и од животот да се откажи. На ваквата мака се смееја сите, пцуеја и викаа дека на Комитетот не му требаат вакви луѓе. Тој не напушти, но и не предаде на полицијата. Бевме повикани и испитани како и што, но рековме дека немаме ништо со него. На сето ова Арнатутите се веселеа, но и ние се веселевме со свирки, ора и песни комитски во овој крај на Австралија.

На Нова година имаше тепачка со Срби и српски шпиони против Македонци. Јас не бев лично, но ми расправаше еден другар, а имало и други. На Водици поново седиме истите 48 на 5 маси, пиеме бира и пееме комитски песни за Гоце, Сандански, за Крушево, за Петров, а како химна ја пеевме “Од гроб станаја славните јунаци”, како и “Земјо македонска” и за кралот Александро. А тие околу 30 четници пиат, играат и пеат. Испратиа еден четник и вака ни вели: “Добро пеите, али запеите некоја српска братска.” и избега кај неговите. А Јован од Дебарца 40 годишен викна: “Напред Македонци против Срби!”. Само што станавме, милициа дојде пред нас, али не гледаме ни закон и имаше мала тепачка, но не разделиа. Имаше доста приговори, али за последно беше речено: “Било како било досега со вас Србите, отсега натаму нас не имате на гуша.” И пак песна “Земјо македонска” и нашата веселба продолжи до 4 саато утрото.

Ево членарина за мене и што ќе пишете испраќајте на адреса Тасевски Миле, П.О. Талбинго НСЊ, Аустралиа. Извинете на грешки. Необразован пише.

СМРТ ИЛИ СЛОБОДА!
ВЕСЕЛ ВЕЛИГДЕН

ПИСМО ОД НАЈДО НАСТОВ ДО РАКОВОДСТВОТО
НА ОКМ СО МОЛБА ЗА ПРЕТПЛАТА
НА ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНИЈА” (04.05.1968 година)

Драги браќа,

Благодарение на случајот што ми овозможи да го ставам в рака вашето списание “Македонија” (август - септември 1967 год. бр. 39/40). Така да е дознав и адресата. Тоа излегува во градот

каде јас сум живеел и работил околу 5 месеци (во 1961 год.) и од каде е напуштив Шведска.

На жалост никаква прилика не ми се пружи тогаш да сознаев за ова издание.

Од како го разгледав и внимателно го прочитав решив да се абонирам. Искрено ви кажувам да добив таков впечаток, да таа организација (ОКМ), чиј орган е ова списание, е таков здрав корен со таква регенеративна сила на тоа славно симболично растение со три прекрасни гранки, кое има да го хранит, цврсто да го држит и крепит со неговите длабоко развиени жили што ќе му обезбедат сигурно, среќно вегетирање и вечен самостоен живот.

Интересно ми стана колку во сите артикли сите проблеми се третирани реално и објективно со вистински македонски патриотски дух, како и јас самиот да ги претпоставив и си бев убеден од време по тие ставови.

Како Македонец мене многу ме радува одржувањето на конгресот и достигнатите резултати на О.К.М. Пак затоа ве питам да ми ја испратите книгата "Уставотворниот конгрес на Ослободителниот Комитет на Македонија".

Ипраќам ви 10 УС долари, од кои 4 долари за книгата и 6 за годишна претплата за весникот "Македонија" (испраќајте со воздушна пошта) за 1968 година.

На последок ви пожелувам големи и славни успеси во вашите херојски патриотски подвизи, за постигање на финалната цел: целокупна слободна суверена македонска држава. Мечтаеле и умирале за тоа Македонците повеќе од 10 векови и тоа е нужда и животна потреба на македонската нација, на македонскиот народ поробен и разделен во денешни денови.

Со искреност и почитување,
Најдо Настев

ПИСМО ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ОД АКТИВИСТ НА ОКМ ОД КАНАДА (17.05.1968 година)

Пред да почнам да го пишувам ова писмо треба да ти се извинам. Можеби грешките беа мои, но не помалку и ваши. Не знам што беше причината за нашето недопишување. Мислам дека ние оставивме лоша мисла за да го поновиме нашето добросостојство.

Повторно се извинувам и Ве молам да ми опростите. Не знам како се настаните таму и затоа Ве молам да ме известите за

досегашните работи, како работи комитетот, весникот и слично. Ове со јунајтед* имаме големи тешкотии. Годинава нешто се обидовме да ја очистиме лошата особина и можеби изгледите ќе се подобрат.

Пред малку на еден митинг ги изнесов и вашите весници "Македонија". Весниците не беа добро применети и разбирливо беа наречени фашистички, како што ме нарекоа и мене и ОКМ. Но некои го поткрепија ОКМ велејќи дека е една организација што ја пишува вистината за Македонија. Друга странка не ги сака мислите на ОКМ бидејќи се пишувало против Југославија. Сепак интересирањето за ОКМ порасна овде во Канада, а можеби тоа ќе донесе и плод. Наскоро можеби во летнава сезона ќе гостува еден од Јунајтед, ќе дојде специјално на приватни трошкови со цел да ја сознае вистината на тамошната организиација. Тој разбирливо е најголемиот комуниста за кое ќе треба да се претпазувате. Во идното писмо ќе ви го изнесам управниот одборт на Јунајтед.

Миле ве молам да ми пишете подетално за досегашните настани и ако се уште го публикувате весникот не заборави да ми го препраќате. Пиши ми за минатогодишниот конгрес и мислите за овогодишниот. Пишувај ми за се и ако можш прати некои факти со кои би можел да ја уверам Јунајтед.

Простете ми ако писмото не е разбирливо бидејќи го пишувам во автобусот додека одев на ваканција.

Останувам со братски поздрав,
до читање драги Миле,
(нечиток потпис)

_____

*Јунајтед - Унитед Мацедонианс (Обединети Македонци), најголема македонска организација во Канада

ПИСМО ОД ДИМЕ НИКОЛОВСКИ ОД АВСТРАЛИЈА
ДО РАКОВОДСТВОТО НА ОКМ СО МОЛБА
ЗА ПРЕТПЛАТА НА ВЕСНИКОТ
"МАКЕДОНИЈА" (19.05.1968 година)

Со ова писмо сакам да го поздравам народниот Ослободителен Комитет на Македонија од мене Диме Николовски и од целата моја фамилија. Исто со ова мое писмо ви испраќам еден чек од вредност три англиски фунти со кој сакам да се претплатам кај вас по втор пат за весникот

“Македонија” Сакам да ми се испраќа редовно за во идното време како што ми беше испраќан редовно до сега. Весникот кошта за цела година 4 АУ долари, но јас ви испраќам малку појќе како помош за весникот “Македонија”. Сега толку од моја страна. Со поштување. (Потпис заб. авт.).

ПИСМО ОД ЈОЛЕ МАРКОВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ
ЗА НАСТАНИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА КОНЦЕРТОТ
НА АНСАМБЛОТ “КИТКА” ВО АВСТРАЛИЈА
И ЗА РЕАКЦИИТЕ НА ТАМОШНИТЕ СРПСКИ И
ГРЧКИ СУБЈЕКТИ (03.06.1968 год.)

Драги Миле,

Измина доста време откко го добив вашето писмо, а чие неодговорување побрго, тоа е моја кривица и за тоа ви се извинувам многу.

Драги Миле го добив твоето писмо и разбрав дека го добивте моето писмо, па сигурно и парите ги добивте што ви ги пратив во јануари оваа 1968 година, пет фунти англиски. Пошто не ми пишавте за парите, па затоа ве прашувам. Миле, еве пак ви праќам четири фунти, со кои поново се претплатувам за оваа година - 6 долари, а другите да се внесат како помош за весникот “Македонија”.

Драги Миле, и самите знаете дека на 2.4.68 год. пристигнаа нашите Македонци со ансамблот “Китка” во салата Порт Кембла која беше полна до последното место. Со карти влегоа илјада души, а ги имаше и повеќе. Нив ги донесе под негов трошок попот од Мелбурн од црквата македонска, а ги предводеше професорот Драган Ташковски од Скопје.

Драган Ташковски излезе на бината да ги претстави, но сигурно од Скопје јазикот му го имаа врзано. Сакаше да кажи нешто, али немаше никаква веза за Македонија, нешто што ќе го загреј народот. Од пеачите бевме многу задоволни и добија големи аплаузи, али најглавното очекување и најголемото задоволство беше кога се појави попот на бината. Само неколку зборови од неговиот говор: “Драги браќа Македонци и сестри Македонки, ние не сме ни Бугари, ни Срби, ни Грци, него сме Македонци и денес треба да бидеме нација обединета од трите дела. Кога ќе си одат овие браќа и сестри во нашата вардарска Македонија, а посебно братот Драган Ташковски професорот, нека им кажат дека ние емигрантите од целиот свет не сме ја заборавиле Македонија, него уште повеќе ја сакаме од тие што

се тамо”. Некаква живост стана во салата исто како оган да се вивна од преголеми аплаузи, кои не прекинаа. Со неговиот говор прв пат слушнавме право во очи зборување за Македонија, а не избегавање како професорот Драган Ташковски. Попот заврши, а Драган Ташковски му се обеси на вратот и почна да плаче. Треба да му е јасно дека ние овде од секакви гнаси Грци, Бугари, Срби, од сите сме секогаш увредени и непризнати и затоа никогаш нема да бидеме смирени за судбината на нашата Македонија.

По завршувањето на концерто поминаа денови и месеци, а уште не се стишуват зборовите од четниците српски и од Грците. Пошто новинарите прашува, ги повика попот и им рече: “Пишете. Помеѓу границите кои се наоѓаат на Балканот во Југославија, Албанија, Бугарија и Грција, лежи македонската земја, разделена на три дела. овие што се тука се од едниот дел кој што е под Југославија”. Одма по неколку дена тие проклети Грци, не можејќи да поднесат и да признаат дека држат македонска земја во новина пишаа дека не постои Македонија и дека таа група е од Југославија. Југословенот Деканиќ, кој е тумач по југословенски јазици, беше прашан од Миле Брндевски од село Велушина: “Зошто Деканиќу не бевте на македонскиот концерт?” Деканиќ рекол: “Сакав да одам другата вечер кога беа во Волонгонг, но се виде дека тоа е македонска политика, која го извади црвот од земја и бара стара македонска држава, кое не е добро ни овде во емиграцијата, па ниту таму во Југославија. Стварно на тие шовинисти не им се свиќаше излагањето на попот.

Драги Миле, ево ви адреса од весникот што излегува во Мелбурн, али овде не се продава. Само тогаш попот ги донесе. Пишете му и ќе добиете сигурно позитивен одговор.

Пишувајте ве молам малце повеќе за тие проклети Грци во весникот “Македонија”.

Миле, што ме прашуваш за жената, таа ми е дојдена и ево една година сме во брак - живејме без грешка. На крај ве поздравувам сите од ОКМ. Многу се извинувам за запети и точки и грешки ненамерни.

Со поздрав вашиот брат
Јоле Марковски

_____

Јоле Марковски ми беше еден од најдобрите соработници, заедно со Миле Тасевски. Се што ќе ми пишеа го сфаќав сериозно и превземав мерки по нивните забелешки. Тие

двајцата беа организатори на моето патување во Австралија, каде со нивна помош и помош на нивните соработници, проверувавме некои работи за да се уверам во вистината. Притоа заеднички го спречивме обидот на УДБа да се растури организацијата во Австралија.

М. Илиевски

ПИСМО ОД БЛАГОЈ НИКОЛОВ ОД ПАРИЗ ДО РЕДАКЦИЈАТА НА ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНИЈА”
(22.09.1968 година)

Драги пријатели,*

Средовечен човек сум и еден од најголемите симпатизери за независна Македонија. До денес не сум занел дека има македонска емигрантска организација, која се бори за независна Македонија, макар да се наоѓале неколку такви во странство. Тоа го разбрав дури денес од еден Македонец студент во Париз за време на еден случаен разговор кој ми кажа дека има весник од таа организиација и ми го испрати да го видам и ми кажа од каде можам да го купам.

По добивањето на ова писмо јас ве молам уште веднаш да ми ги испратите следните броеви, а исто така да ми пишете дали ги имате сите броеви од 1968 год. за да ми ги испратите и да ви пратам пари.

Не верувам дека денес во Македонија на десет илјади луѓе макар и еден знае дека има таква организација затоа што окупаторите од Белград и Атина, заедно со нивните шпиони од македонско потекло, немаат интерес да го кажат тоа за македонскиот народ. А зошто е тоа така, на секој чесен Македонец му е јасно.

На крај со нетрпение го чекам испраќањето на весниците.

Ве поздравувам,
Благој Николов
Париз

Весниците да ми се испратат на адреса: Благој Николов, Руе де Моулин де Сенлис, 91 Монтгерон, Франце. Ве молам истовремено пишете ми на која точна адреса да испратам пари. Дали во Германија или во Шведска?

Пишете ми дали располагате со броеви од претходните години, дали се испраќаат и на кој начин да дојдам до нив за да ги прочитам.

_____

* Писмото во ракопис е пишувано на бугаризиран јазик.

ПИСМО ОД РИСТО РИСТЕВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО КОЕ МУ НУДИ СОРАБОТКА (04.10.1970 година)

Здраво другар Милане. Ево реков да ти се јавам со неколку реда макар и што не се познаваме. Јас сум Ристо од Битола и еве да ти кажам како имм дојдено до твојата адреса, која ја добив од еден Бугарин во логорот во Западна Германија Самметагер фур Ауслендер Зирндорф, а исто добив адреса и од Богдановски Драган што беше во Западна Германија во тоа време, а сега не знам каде е бидејќи му пишав писмо, али не добив одговор, па не знам дали го добил моето писмо. Му пратив и една слика моја за распознавање, али на жалост до тоа нешто не дојде. Сега во кратко да ти објаснам кој сум јас, иако можеби имаш чуено за мене. Во 1967 година бевме откриени една група од Битола, Прилеп и Демир Хисарско и така паднавме во затвор за Македонија, за која бевме готови да дигнеме востание за ослободување, односно прво одвојување од Југославија, а после и спојување на двата дела - егејска и пиринска Македонија. Бевме откриени, односно предадени од наши луѓе. На 30.06.1967 година бевме затворени и осудени на разни временски казни со строг затвор. Јас одлежав две години и два дена во Идризово, Скопје. После моето пуштање побегнав за Аустрија, а после се префрлив во Западна Германија и оттаму дојдов овде на 12.07.1970 година и сега се наоѓам во Шведска. Во колку сакате да дојдете да се видиме и спријателиме и ако уште излегува вашиот весник “Македонија”, сакам да го добивам и да станам стален читател на истиот весник. Чекам одговор. Р. Р.

_____

Ова е прво писмо што го добив од Ристе Ристевски. Извесно време пријателски комуницираме и се допишуваме, но потоа

дојде до недоразбирања и до негово некоректно однесување кон мене, што посебно дојде до израз за време на мојот престој во Австралија, по што ги прекинавме односите.

М. Илиевски

ПОКАНА ДО МАКЕДОНЦИТЕ ОД ГЕТЕБОРГ ЗА
ФОРМИРАЊЕ КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКО ДРУШТВО
(април 1972 година)

ПОКАНА

Се поканууваат сите Македонки и Македонци од Гетеборг и околината да земат учество во фомирање на културно-уметничко друштво на Македонците во Гетеборг. Постојат разни мненија за начинот и содржината на работата на Друштвото, но сите тие се усмерени кон една заедничка идеја: да се направи можност за оживување и заедничка соработка на сите Македонци во Шведска. Важно е дека Друштвото не се замислува како никаква политичка трибина и нема политички цели, но се стреми да се сочува македонскиот дух кај Македонците; да ни се даде можност да се разонодиме, провеселуваме и собираме онака како тоа сме го правеле во Татковината. За таа цел иницијативниот одбор од долу споменатите Македонци ви обезбедуваат сала во недела на 23.04.1972 во 15 часот на адреса: Фолкетсхус сал И Јоратарјет.

Од иницијативниот одбор:
Чивиоски Бане
Спасоски Јосиф
Томулевски Владо
Поповски Васил

ВЕСТ ОД АГЕНЦИЈАТА ТАНЈУГ ЗА АПСЕЊЕТО
НА ДВАЈЦА ЧЛЕНОВИ НА ДООМ
ОБЈАВЕНА ВО ЗАПАДНИТЕ МЕДИУМИ
(06.12.1972 година)

ОСУДЕНИ МАКЕДОНСКИ СЕПАРАТИСТИ

Регионалниот Суд во Скопје на 4 декември изрече пресуди на двајца граѓани поради формирање организација насочена

против народот и државата. Никола Димитровски (28-годишен) е осуден на шест години строг затвор, а Дончо Симјановски (26-годишен медицински работник) на пет години строг затвор. Беше утврдено дека Димитровски и Симјановски биле вклучени во непријателска дејност во втората половина од минатата година како членови на емигрантска националистичка група со седиште во Минхен, при што работеле против Југославија и нејзиното општествено уредување со цел да ја отцепат Македонија од Југославија. Во Минхен каде што обајцата биле привремено вработени, тие се поврзале со организацијата на познати емигранти кои веќе се осудени во Југославија за непријателска дејност. По нивни налог, на почетокот на септември, Димитровски и Симјановски донеле од Сојузна Република Германија во Југославија пропаганден материјал и неколку броеви на емигрантскиот весник "Македонска нација". Тие се обиделе да го поделат овој материјал во Прилеп и Тетово, но биле фатени уште првиот ден и уапсени. (Танјуг 1652 гмт. Декември 1972).

ПИСМО ОД ЦЕНТРАЛНИОТ КОМИТЕТ НА ДОМ ДО ПРЕМИЕРОТ НА ШВЕДСКА Г-ДИН ОЛАФ ПАЛМЕ СО АПЕЛ ЗА ЗАШТИТА НА МАКЕДОНСКИТЕ АКТИВИСТИ ВО ШВЕДСКА ОД ТЕРОРОТ НА УДБ-А

(30.04.1973 година)

ДВИЖЕЊЕ ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ

Постфацх 70 13 23
8000 Мунцхен 70
Њест Германs

Минхен, 30 април 1973 г.

До Претседателот на Владата на Кралството Шведска,
господин Олаф Палме, Стокхолм

Екселенцијо!

Во Кралството Шведска живеат повеќе од 10.000 Македонци. Едни од нив се дојдени во Вашата земја како политички бегалци од Грција, Италија и Австрија, а други пак се дојдени како "работници-гости" со југословенски паспорти. Многумина Маке-

донци од обете групи се веќе шведски државјани, а сите Македонци во Шведска се крајно благодарни на шведските власти и шведскиот народ заради тоа што им пружија слобода и достојна човекова егзистенција. Оваа шведска хуманост и гостољубивост Македонците високо ја ценат, па затоа тие секогаш настојуваа да ги почитуваат законите на гостољубивата Шведска, избегнувајќи секаква терористичка и друга недозволена и недемократска дејност. Од сите национални групи од Југославија, кои се имаат настанато во Шведска, Македонците досега најмалку задавале проблеми на шведските власти. Меѓутоа, во последно време врз Македонците во Шведска југословенската политичка полиција, така наречената "Служба за државна безбедност", преку своите многубројни тајни и јавни агенти, спроведува голем терор со кој ги доведува во очај и ги турка во против-акција, т.е, ги принудува на организираниот југословенски терор да одговорат со македонски против-терор.

На Вас Екселенцијо не може да не Ви е познато дека во Југославија владее тоталитарен и недемократски режим и дека меѓу разните нации во Југославија постои стар и истириски антагонизам. Луѓето кои што ја имаат напуштено Југославија и кои сега живеат во демократски земји, во новите услови на демократските општества, чувствуваат потреба да работат и мислат како слободни граѓани по прашањето за демократизирањето на режимот во својата татковина и за вистинска национална еманципација на своите народи. Овие демократски права Шведска досега не им ги ускратуваше на странците доколку тие не ги злоупотребуваа принципите на демократизмот со терористичка и друга недозволена дејност. Македонците во Шведска досега никогаш се немаа служено со тероризам или со други недозволени средства. Веќе неколку години во Шведска постои македонска организација Движење за обединување на Македонија, која има свои членови како меѓу политичките бегалци, така и меѓу "работниците-гости". Оваа македонска национална организација работи само со легални и демократски средства. Меѓутоа, тоталитарците од Југолавија сакаат и Македонците во Шведска да ги држат во јаремот на тоталитаризмот и диктатурата и своите непишани закони кои почиваат врз терор и крв, сакаат да им ги наметнат и на Македонците во демократска Шведска, како да е таа "седма република" на Југославија, а не слободна и суверена држава! Многумина Македонци во Шведска постојано се заплашувани од југословенските агенти дека ќе бидат убиени или претепани, а на 11 април оваа година,

во бродоградилиштето Гитаварк во Гетеборг, беше подло нападнат и задоби тешки телесни повреди членот на Централниот Комитет на нашата организација господин Тодор Коцевски, кој беше пренесен во болница и онеспособен за работа за подлг период. Напаѓачот се вика Ило Колевски и живе во Гетеборг, но шведските власти ништо не превзедоа овој терорист да биде примерно казнет за своето злосторство. Тој и денеска слободно се шета низ Гетеборг и секако демне некоја друга жртва.

Екселенцијо!

Македонците во Шведска повеќе не можат мирно и со скрстени раце да го поднесуваат овој терор и доколку шведските власти не преземат итни и сериозни мерки потив извршувачите на овој терор, нашата организација ќе биде присилена да се самозаштитува и на југословенскиот државен терор да одговори со македонски против-терор. Во еден ваков случај, невина Шведска ќе стане арена и за еден македонски тероризам, покрај постојниот хрватски. Одговорноста за ова нешто ќе падне на шведската влада бидејќи таа навреме беше предупредена од наша страна.

Сакаме да и обрнеме внимание на Вашата Екселенција дека тероризмот против Македонците во Шведска доби силен замав откако за генерален конзул на Југославија во Гетеборг дојде Мите Матевски, тој мизерен Македонец, кого што ние Македонците го познаваме како некогашен офицер на југословенската политичка полиција УДБ-а. Овој човек е специјалист за терористичка и шпионска дејност против македонската патриотска емиграција и е испраќан за "дипломат" во оние земји каде што има многубројна и политички активна македонска емиграција. Именуваниот Матевски порано беше конзул во Канада каде што диригираше со југословенската шпионска мрежа против македонската патриотска и демократска емиграција. За нашата емиграција нема никакво сомнение дека овој искусен полицаец во дипломатска руба сега диригира со терористичките акции против Македонците во Шведска.

Екселенцијо!

Ве молиме Вашата влада и Вие лично да ги преземете сите потребни мерки за сузбивање на овој терор против Македонците во Шведска. Доколку тоа нешто не го сторите, нашата организација ќе стапи во самозаштита и против-акција.

Ќе биде многу добро ако Вашата Екселенција повели да прими во аудиенција една наша делегација, која поподробно и

подокументирано ќе Ви ги изнесе проблемите за кои станува збор во оваа молба. Нашата делегација ќе ја сочинуваат, покрај гореименуваната жртва, и: Миле Илиевски од Гетеборг (инаку шведски државјанин) и Димко Нечевски до Данска (дански државјанин).

Со надеж дека Вашата Екселенција ќе ја земе сериозно во обзир оваа наша молба, примете Екселенцијо израз на нашето длабоко уважување.

Дипл. инг. Јован Гарвански
Благој Шамбевски

ПИСМО ОД БЛАГОЈ МИЛЕНКОВСКИ (СВОЕВРЕМЕНО ЕДЕН ОД ВОДАЧИТЕ НА ЕДНАТА ФРАКЦИЈА НА ОКМ) ДО ТОДОР КОЦЕВ ОД ГЕТЕБОРГ, ВО КОЕ ГИ ОБЈАСНУВА СВОИТЕ СТАВОВИ (07.11.1973 година).

Драги Тодоре,

Жалам што морам веднаш да ти речам, но - и покрај тоа што твоето писмо од 4.11.1973 година е напишано на македонски јазик - малку од неговата содржина разбрав. Се кажуваш во завиткана форма. Тоа не е мој обичај и затоа не се разбираме.

Сега да ти одговорам на завитканите нафрлени обвинениј а.

1. Твојата документација

По ова прашање немам ништо друго да ти кажам освен што е речено во моето писмо од 23.9.1973 година. Во колку сметаш, дека јас на некој начин - свесно или несвесно - сум ти нанел штета, имаш законска можност да преку надлежните органи на шведската власт бараш обештетување.

2. Рехабилитација кај југославенските власти

Ми се чини дека ти и твоите пријатели и сомисленици премногу читате криминални романи и гледате филмови од истото содржание. Само така можам да ти објаснам зошто сакате во мојот случај да направите ИБ-афера или ЊАТЕРГАТЕ - скандал. Тоа може да ги објасни и пријавите што против мене сте ги поднеле до шведската полиција. Всушност јас не би требало да ви обрнувам внимание и да се бранам. Сепак би сакал да ти наведам факти, а ти и сомислениците толкувајте ги како што ви одговара.

Јас немам потреба да барам рехабилитација. Пред се ништо не сум сторил, што би можело да се смета како “политичка

грешка” - како што тоа го велиш во писмото. Во времето додека соработував во разнии емигрантски весници изнесував ставови и критики, кои посетне се покажаа како точни и отворено се изнесуваа и во татковината.

Јас не сум повеќе југославенски државјанин и на никој начин не зависам од југословенските власти. Според тоа никаква рехабилитација во тој поглед не ми е потребна. Како шведски државјанин никоја власт на светот не ми може ништо друго освен да ме протера како персона нон грата, а тоа не е ни малку страшно.

3. Прислушни уреди и фотокопии

Таа “Џејмс Бонд - историја” слободно врзи ја на опашката на мачката. Да сакав јас да добијам сведенија и документи за твојата или вашата работа не би ми требали никакби уреди.

И Драган, и Димко и ти и многу други сте ми нуделе да станам член на разни организации, управи, весници и слично. Зар не би ми било најлесно да се согласам со вашите предлозии и на тој начин да имам директен увид во вашата дејност? А јас тоа консеквентно сум го одбивал. Не сакам да соработувам кога работите не се чисти и кога соработниците си ги вадат очите еден на друг и се нарекуваат со илјадници навредливи имиња, а после тоа седнуваат околу истата маса и се преправаат како ништо никогаш да не се случило.

Јас тебе никогаш не сум те поканил да дојдиш во мојата канцеларија и да ми раскажуваш за вашите работи. Ти идеше кај мене неколку пати и сам раскажуваше. Според тоа, сметам дека е непоштено и неискрено мене да ме наведувате и во твоето писмо и во изјавите кај полицијата за такви работи.

4. Твојата “љубомора” заради твоето одење во татковината и твојот страв од одење ми се необјаснителни. Искрено да ти речам, таквото мнение се должи на вообразеност и самонадценување. Такви како мене и тебе и другите околу нас сме “СИТНИ РИБИ”. Ние самите си замислуваме дека сме великани, луѓе од историско значење, опасни за Југославија, Европа и светот. Всушност за нас во Југославија на граница никој не не чека со шмајзер и лисици. Царинската полиција не прашува какво политичко убедување имаш. Но се разбира: треба прво да си го расчистиш прашањето со државјанството. Како шведски државјанин можеш слободно да одиш за Југославија или било која друга земја.

Толку за сега. Се надевам дека ова препишување и допишување ќе престани. Јас сум ужасно зафатен со работа и

немам време за рекла-казала. Во колку сметаш дека во мене не може да се има доверба заради мојот однос кон било која власт или било кое политичко убедување, можеш да ме одбегнеш на еден едноставен начин: не ме барај.

Со почит,
Благој Миленковски

ПИСМО ОД БЛАГОЈА ШАМБЕВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО ПРЕТСТОЈНИОТ КОНГРЕС НА ДООМ
(29.01.1974 година)

До братот Миле Илиевски,

Пред неколку дена ви пишав, али тоа беше на брза рака, а сега малку поозбилно. Вашето писмо со чекот го добив и го разменив. Добив 124 марки. На сите, а и лично на Вас, ви благодарам за ова финансиска помош.

При мене беше Богдановски и завчера си замина. Весникот бр. 19 е готов. За кој ден ќе излезе и ќе го добиете. Што се однесува до Коцевски и некои други, јас оставам лично на Вас да вие се расправате со нив пошто пишуваш за тебе дека не сакаш да се афирмираш јавно, али за тоа ќе збориме кога ќе се видиме јас и ти. Конгресот ќе се одржи за Велигденските празници во Минхен. Овој големо значаен собир ќе биде од големо значење и нема да биде како досегашните Конгреси, во кои учествуваа олоши и багабонти. Сега ќе има озбилни и од секаде, чесни и поштени Македонци и тоа од внатрешноста на Македонија, Америка, Аустралија, Европа и др., затоа сега лично Вие ќе изберете поголем број и тоа само озбилни и поштени како и прави Македонци, а за тоа време ќе не обавестите овде за да знаеме за распоредо и редот на луѓето, како и за резервација хотел. Конгресот ќе трае два дена.

За точни податоци на време ќе бидите обавестени, а овде јас со моите брќа веќе работиме на припремање за се што е потребно на и за Конгресот. Јас ќе ти испратам поголем број на весници, а ти им дади на сите кои имаат дадено помош. Како најважно оставаме на Вас да вие за се се грижите околу Конгресот и тамошниот поткомитет.

Со братски македонски поздрав лично до Вас и до сите браќа околу Вас. Молам на време да ме обавестите за делегатите што ќе дојдат.

Б. Шамбевски

ПИСМО ОД БЛАГОЈА ШАМБЕВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО ПРЕТСТОЈНИОТ КОНГРЕС НА ДООМ И ЗАГИНУВАЊЕТО НА НИВНИ АКТИВИСТ ВО САД
(03.03.1974 година)

Драги брат Миле,

Вашето писмо со материјалот вчера го добив, јас ќе постапам по Вашето барање и захтев. Никој нема да знае освен јас и Богдановски. Во Вашето писмо и во Вашето пишување се гледа оти голем успех имате постигнато во Гетеборг. Што се однесува за Коцевски, јас сум на становиште да се јас со него состанам, а после ќе видиме и расчистиме. Затоа Вие гледајте ако можите и ако он сака да дојди на конгресот, а јас тогаш со него ќе е видам целата работа и верувам дека ќе успеам да го направам голем патриот на Д.О.О.М. и голем непријател на криминалната банда. Како и на кој начин, тоа е моја тактика и работа.

Што се однесува до Димко и компанијата со нивниот план за да вадат некаква брошура или списание, нека видат, али сето тоа ќе биде јалово, во ова нешто јас 100% ве уверувам. Мене ми е жал за папирот и времето што си го губам за тие умрени мрши и затоа сакам да се состанам со Коцевски и на се да му ставам крај. Јас не сакам да ги поновувам умрените души како нив, ами сакам да одам напред со нови позиции и нови сили. Јас не сакам да давам совети пошто Вие сте зрел и паметен човек и знаете како треба да се води било каква борба да е.

Ве молам јас, не од мое име, ами од името на страдалната Македонија да се зафатите здраво во организирањето на делегати за идниот Конгрес што појќе да дојдат. Молам лично мене писмено да ме обавестите колку и кои лица ќе дојдат, а јас од тука ќе ви испратам покани по името. Без тие покани никој не ќе може да влезе во конгресната сала. Овој Конгрес е Конгрес, а не како досегашните што беа собрани од улица. Затоа молм избирајте луѓе паметни и прави борци за делото. Вчера добив извештај од Америка, доаѓаат два делегати, а можи и појќе. Од Берлин 2, а од Аустралија вероватно ќе дојдат 3, Париз сигурно 2-3, Германија 20, Македонија 10 и др. На овој Конгрес ќе има се што е потребно за документација. Местото мора да е во Минхен. Сите знаат за Минхен и тоа апсолутно не може да се измени. Конгресот ќе трае два дена: сабота и недела, затоа барам точноста на делегатите за резервација на хотел. Ова нешто треба озбилно да го сфатите, при мене нема срам, лага, изопачување на работите, фалење, лажење и др. На Конгресот

мора да има строга дисциплина и секој ќе има право да каже што сака и секого да го критикува. Новиот Ц.К. ќе се избира на демократски начин, а не како што беше до сега "тој и тој". Во Шведска има доста наши и Вие можете голема група да донесете. Затоа молам со време да ме обавестите за да знам за распоредот. Местото каде ќе се одржи никој не го знае, освен јас и Богдановски. Со Вашето пристигнување во Минхен, ќе се јавите на овој телефон 915 620 и од тој ќе добиете точни информации.

Друго немам што да Ви пишам, освен уште нешто, а тоа е жалосна вест. Во Америка во Поткомитетот, организациониот секретар загина во несреќен случај на враќање од состанокот во Гери, Индијана. Вчера им испратив на неговата сопруга и на неговите три дечиња телеграма во која им изразив сочуство од името на Ц.К. на Д.О.О.М.

Молам уште еднаш за точни податоци што Ви ги барам погоре.

Поздрав до сите браќа Македонци и ви пожелувам уште поголем успех во нашата заедничка борба.

Б. Шамбевски

ПИСМО ОД БЛАГОЈА ШАМБЕВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ СО ПОТСЕТУВАЊЕ ЗА ПРЕТСТОЈНИОТ КОНГРЕС НА ДООМ (05.04.1974 година)*

Драги брату М. Илиевски,

Пред неколку дена ти пишав едно писмо во врска со претстојниот Конгрес кој ќе се одржи на 13.4. о.г. во Минхен, но одговор до денес не добив. Од секаде ќе дојдат како и од Австралија и Америка, само од каде вас нема никаков резултат. Јас мислам дека е редно да одговорите барем со едно кратко писменце. Ние бевме со голема сигурност на вас во Шведска дека ќе дојдите во најголем број под твое раководство, а сега сме во неизвесност. Во колку се плашат од тој гад конзулот, тогаш лично ти со уште некој друг, без да ве знаат, дојдете. Најмасовно е кај вашите Македонци и срамота е никој да не дојде. Немој погрешно да ме разберете или сватите.

На Коцевски не сум му пишал нити имам намера да му пишам, а ти за тоа знаиш подобро и поарно ќе го решиш тоа прашање.

Еве ти испраќам и покана лично за тебе, а и уште две како резерва и во колку има да дојдат, ти им ги пополни и стави им редни броеви како што следуваат по твојот. А ако има појќе лица да дојдат, тогаш поведи ги со твојата покана без разлика колкав да е бројот на делегатите, само да не се некои неранимајковци.

Ова писмо ти го испраќам експрес и на истото чекам одговор. Ако не можиш писмено да ми одговориш тогаш јави ми се на телефон 915620. Во колку мене ме нема, тогаш кажи на жена ми за резултатот.

Верувам дека на ова писмо ќе ми одговориш и со сигурност тоа го очекувам.

Со братски поздрав,
Б. Шамбевски

_____

* Ова е едно од последните писма на фунцкионерот на ДООМ Благоја Шамбевски пред да биде sверски убиен од атентат, подготвен од УДБ-а.

ПИСМО ОД ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО ОДРЖАНИОТ КОНГРЕС НА ДООМ ВО ГЕРМАНИЈА И ВО ВРСКА СО НАСТАНИТЕ ОКОЛУ КОНГРЕСОТ (веројатно од мај 1974 година).

Драги Миле,

Еве решив да ти се јавам со неколку зборови. Јас сум добар со здравјето, а се надевам дека ти, твоето семејство, како и Иљо и неговите, сте сите добри. Како прво, сакам да те известам како помина општиот конгрес на ДООМ, кој се одржа на 13 и 14 април во Минхен. Самиот конгрес беше могу успешен, на него присуствуваа повеќе од 60 делегати, меѓу кои 4 од Австралија, тројца од Америка и двајца од Канада.

УДБа какви ли мерки не презеде за да го спречи одржувањето на конгресот, таа официјално по дипломатски пат бараше од Германија да не дозволи конгресот да се одржи во Германија. На почетокот од април германската полиција не замоли конгресот да го одржиме во некоја друга земја, но ние откажавме и рековме дека за ова нешто веќе е касно, бидејќи делегатите од прекуокеанските земји веќе имаат купено авионски билети за Германија. Меѓутоа, германските власти, за

да се покажат добри кон Југославија, да и угодат на Југославија, на 13 април тие мене ме затворија под изговор дека при моето престојување во Германија не сум се пријавувал каде живеам, па со тоа дека божем сум го нарушил законот за странците. Со ова мое затварање се мислеше дека одржувањето на конгресот ќе биде спречено, дека без мене конгресот нема да се одржи. Меѓутоа, не само германските власти, туку и УДБа се излагаа, конгресот се одржа како што беше предвидено, иако без мое присуство. Конгресот заврши на 14, а Германците ме ослободија на 15 сабајле.

Конгресот се одржуваше во салата за собранија и банкети на еден од најпознатите ресторани во Минхен. За целото време на траењето на конгресот германската полиција со радио-патроти ја пазеше зградата. Германците се плашеа удбашката банда да не го нападне конгресот. На конгресот присуствуваа и германски новинари од печатот и радиото кои дадоа извештаи за работата на конгресот преку радиото и печатот.

Сега немам време да ти опишам како поминал конгресот, какви дискусии се развивале на него и какви решенија се донесени, ова нешто ќе го читаш во "Македонска нација" број 21 за мај-јуни, кој е веќе даден во печатница. Делегатите од Австралија беа донеле фото-камери и добар дел од работата на конгресот е снимен на филм. Наскоро филмот ќе биде развиен и ќе се прикажува во Америка, Австралија и Канада, а и ние овде во Европа ќе добиеме една копија, која ќе можете и вие да ја прикажувате во Шведска за да видите и да се убедите каква револуционерна снага е сега ДООМ.

Разбрав дека во врска со моето апсење од германската полиција Димко и Гарвански раширила вест по Скандинавијата дека германската полиција ме вратила во Скопје! Ова нешто го изнеле пред конгресот двајца делегати од Данска. За оваа контрареволуционерна диверзија, делегатите од Америка кои беа на конгресот, на 15 април се пресметнаа добро со Гарвански. Тие го намамија Гарвански доцна вечер на една тајна средба и со железо му ја смачкаа главата и му скршија три ребра. Одвај остана жив и сега се наоѓа во болница. Неговите тепачи утредента рано си одлетаа за Америка.

Како што реков погоре јас не бев присутен на конгресот, но сега сум запознат дека овој конгрес решил ДООМ повеќе мирно да не трпи контрареволуционерни елементи било тие да се викаат Гарвански или Димко Нечевски и дека се формирани специјални групи кои ова нешто ќе го спроведат во живот

доколку овие контрареволуционерни елементи и понатаму му пречат на револуционерното дело. Повеќе лабаво нема да има. Сето ова ти го кажувам само на тебе драги Миле, бидејќи имам доверба и те молам изгори го ова писмо.

Инаку, Шамбевски ти е лут што не само што не дојдовте никој од Шведска на конгресот, туку и за тоа што дури не си му ни одговорил на писмото.

Новиот Централен комитет на ДООМ е составен најмногу од нови и млади луѓе, од старите остануваме само јас и Шамбевски. Конгресот и во мое отсуство пак ме избрал за претседател на ДООМ и редактор на "Македонска нација", така да типовите како Димко сега не ќе можат да речат дека јас сам се избирам или прогласувам за претседател.

Толку за овој пат драги Миле. Овие дни ќе ти се јавам по телефон. Поздрави ги сите наши соборци во Шведска и раскажи им ја вистината за конгресот.

Пред неколку дена ти го испратив од Париз 20-от број "Македонска нација", а верувам дека ќе ти испратат и од Минхен.

Многу срдечни братски поздрави,
Твој,
Драган Богдановски

ПИСМО ОД ВАНЕ САМОИЛОВ ПЕТРОВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО МЕЃУСЕБНИТЕ ПРЕСМЕТКИ ВО ДООМ
(20.06.1974 година)

Драги брате Миле Илиевски,

Не можев одма да ти одговорам на твоето писмо и затоа ти се молам да ми простиш. Овие денови бев многу презафатен со работа. Се одржуваа големи маневри на НАТО сојузниците и јас, пошто сум во Англиската армија, бев стално на терен. Но, сепак еве најдов слободно време да ти одговорам во кратко на твоите вести. Ме радува оти си стално во допир со нашите луѓе во Скандинавијата, а уште повеќе што си се видел со Димка и другите. Тоа е полезно оти сега знаеме повеќе за нивните идеи и планови. Знам за целиот случај за покушајот да се прави саботажа на организацијата и нашиот весник "Македонска нација". Но, тоа нека не ве забринува многу оти ние ќе ги прегазиме како воз шини сите оние кои ќе покушат или пак го

саботираат општото македонско движење. Јас не можам арампашлуци или безвезници да имам во мојата околина, а камо ли да соработувам со нив. За Димко Нечевски знаев дека е свесен и добар патриот за Македонија. Сега, како гледам, ја свртел капата наопаку, па се фатил со најдолните луѓе на македонската емиграција да соработува и да и штети на нашата борба. Слушај Миле, драг мој побратиме: Ти биди стално на опрез и имај будно око на се што се одвива таму. Не знам од каде и како добив писмо од Коцевски на адресата од братучед ми во Келн, што во прв ред многу се изненадив, а во втор ред на неговата содржина. Јас навистина досега, а и од сега натаму, сум ги ништел непријателите на македонското име и народ и ќе ги ништам дури сум жив. Сега ако Коцевски, кого и не го познавам добро, си мисли оти е еден од нив, па од страв почнал да пишува наоколу по народот писма за провокација на мојот карактер и личност, а да би се заштитил евентуално за да знаат од кого паднал и кого да го теретат за неговата смрт, многу се излагал. Ние од нашата специјална група на МНОД и ДООМ ниту му запретуваме, ниту му кажуваме на некого ако е зрел да се скине од гранката, ами директно ги кинеме такви трули плодови на човечката раса. Исто така не се пишува за некого кого не го познаваш. Кажи му и пренеси му на Коцевски дека многу згрешил што пишал многу нечесни зборови на мој рачун и дека еден ден ќе се видиме, пак лично да го прашам дали ме познава и што има против мене. Јас од мегдан не бегам. Во овој случај има многу изгледи навистина да му се деси нешто слично како на Гарвански во Минхен. За Драган Радински исто сакам да знам повеќе. Тој се знае со мене од 1972. Беше гостин кај мене и Киро Којчевски во Канада. Не знам и тој изгледа многу згрешил што покушава да прави ѓурлутија меѓу нашите. Ако имаш адреса, испрати ми ја. Друго, со Драган ако се видиш, тогај договорете се, па некој од нас ќе дојде да си ги земе назад словата исто така како што и тие ги зеле од нас. За сега толку. Обавезно гледај да се растура “Македонска нација” во Гетеборг, нашата. Јави ми се одма. Од тој нашинецот Тоде и другиот што требаше да ми се јават немам писмо и ако ти велат дека пратиле, лажат. Сите писма од сега натаму, праќајте ги препорачани за да се има доказ дека се испратени.

Со братски поздрав,
Твој,
Ване

ПРОТОКОЛ ОД СОБРАНИЕТО НА ЦЕНТРАЛНИОТ КОМИТЕТ НА ДООМ ОДРЖАНО НА 23 НОЕМВРИ 1974 ГОД. ВО СТРАЗБУР, ФРАНЦИЈА*

На собранието присаствуваа членовите на Централниот Комитет на ДООМ од Европа и претставници на поткомитетите од Европа.

Собранието го отвори претседателот на Централниот Комитет на ДООМ Драган Богдановски, кој во уводниот збор меѓу другото рече:

“Драги браќа,

Ова собрание на Ц.К. на ДООМ на кое присаствуваат и претставници на поткомитетите од Европа, го свикавме за да донесеме решенија за проблеми кои стојат пред нашето движење. Тие проблеми се на прво место од организационен карактер. Убиството на нашиот брат и соборец, нашиот организационен секретар Благој Шамбевски, остави голема празнина во раководството на нашето движење. Убијците на Шамбевски со нивното крваво злосторништво целеа да нанесат смртен удар на нашето Движење, но тие се тешко излагаа. ДООМ не го свитка своето борбено илинденско знаме, не се исплаши, туку ја продолжи светата илинденска борба. На ова собрание драги браќа треба да избереме нов организационен секретар и да направиме уште некои дополнувања во ЦК. Исто така треба да дискутираме и да донесеме решенија за некои прашања во врска со тактиката на Движењето.

Како што знаете драги браќа, по убиството на братот Шамбевски, Централниот Комитет на ДООМ повери братот Иван Петровски, дотогашен секретар на Контролната комисија привремено да ја исполнува должноста организационен секретар. Оваа должност братот Петровски ја исполни совесно и задоволително за кое нешто сме му благодарни сите ние, а јас го предлагам собранието сега да го избере за организационен секретар на ДООМ.”

Предлогот на претседателот Богдановски беше усвоен од сите присатни, така Иван Петровски беше избран за организационен секретар на ДООМ.

За нов претседател на Контролната комисија беше избран братот Ѓорги Ставридис од Минхен, Германија, а за нов секретар на Контролната комисија беше избран братот Миле (нечитко) од Брисел, Белгија.

Потоа претседателот Богдановски рече дека собранието треба да избере и нов касиер на ЦК на ДООМ затоа што досегашниот касиер Цане Трповски, после убиството на Благој Шамбевски, потпадна под влијание на жената на Шамбевски и не ги исполнува решенијата на ЦК на ДООМ. За нов секретар на ДООМ беше избран братот Властимир Станковски од Париз, Франција.

Потоа претседателот Богдановски истакна дека членот на ЦК на ДООМ Филип Филиповски, после убиството на Шамбевски се исплаши и си даде оставка на местото член на ЦК. За нов член на ЦК собанието го избра братот Миле Петровски од Аузбург, Германија.

Потоа собранието го разгледа случајот со Магдалена Стојанова, која е член на Контролната комисија на ДООМ, а за која постојат докази дека работи за југословенската полиција УДБ-а. За ова нешто беа наведени конкретни докази. Собранието ја исклучи Магдалена Стојанова од ДООМ и на нејзино место во Контролната комисија беше избран братот Јован Исаковски од Бремен, Германија.

После овие измени и дополнувања во европскиот дел од раководството на ДООМ, претседателот Богдановски рече дека ДООМ досега исполнуваше една политичка и исконска должност што пред македонскиот народ и меѓународното јавно мнение ја изнесуваше вистината за ропската положба на македонскиот народ во распарчена Македонија. “Движењето за ослободување и Обединување на Македонија” - рече Богдановски - “ја имаа таа заслуга што изгради една нова национална идеологија на македонскиот народ заснована на гоцеделчевската илинденска идеологија, но прилагодена на современите историски услови за борба во денешна распарчена Македонија и во денешниот, поделен на воени блокови, свет. ДООМ ја покажа својата висока политичка зрелост со тоа што тој стои неутрален спрема воените блокови, спрема капитализмот и социјализмот. ДООМ води национална ослободителна борба за ослободување на Македонија и за таа борба тој се стреми да ги обедини и сплоти сите македонски патриоти без разлика на тоа какви се нивните лични општествено-идеолошки погледи на светот.

Друга важна карактеристика на ДООМ е тоа што тој е еднакво бескомпромисен спрема сите окупатори што ја распарчуваат и угнетуваат македонската нација, а имено: Грција, Бугарија и Југославија. Никој денес не може да рече дека ДООМ е пројугословенска, пробугарска или прогрчка организација.” - рече

претседателот Драган Богдановски. ДООМ ја возобнови и закрепна старата идеологија на гоцеделчевската ВМРО за независноста на македонското револуционерно движење.

Понатаму претседателот Богдановски рече:

“Драги браќа,

ДООМ на политичко и организационо поле постигна големи резултати, кои ќе бидат забележани во македонската национална историја. ДООМ по својот устав и својата политичка платформа е револуционерно движење. Но, може ли едно движење да се вика револуционерно ако тоа само зборува и пропагира за револуција? Никој не може да биде револуционер додека рацете не му замирисаат на барут. Ние денес го будиме македонскиот народ од ропскиот сон, ги воспитуваме македонските генерации за револуционерна борба, го запознаваме надворешниот свет со револуционерното минато на нашиот народ и со неговата ропска современост, но сето ова што го правиме на патриотското поле, уште не е револуционерна дејност, ами е само подготовка за револуционерна дејност. Колку што јас лично можев да ги оценам борбените снаги со кои ДООМ денес располага, сметам дека е време ДООМ од воспитувачка и пропагандна дејност да мине на револуционерни активности. Време е веќе ДООМ својот борбен потенцијал да почне да го вооружува, да го организира во револуционерни илегални воени единици, кои постоењето на македонската ослободителна борба ќе го разнесат по сиот свет преку екови на пиштоли, пушки и бомби. ДООМ треба наскоро да стане револуционерна организација, каква што е ирландската ИРА, палестинскиот Ослободителен фронт, Организацијата на Баските и другите национално-ослободителни движења во светот. ДООМ мора да се вооружи и да стапи во вооружена дејност, инаку македонските патриотски снаги ќе изгубат доверба во него. Затоа драги браќа - рече претседателот Богдановски - предлагам ова собрание да избере еден Воен комитет од четири проверени патриоти, чија дејност ќе биде да раководи со вооружување и изградба на вооружени илегални револуционерни групи со нивна дејност внатре на македонскиот терен”.

По овој предлог на претседателот Богдановски настапи сериозна и долга дискусија. Предлогот беше усвоен и беа избрани четири патриоти во Воениот Штаб на ДООМ, чии имиња ќе останат голема тајна на организацијата и нема да бидат објавени за јавноста.

Понатаму стана дискусија на кој начин да се најдат материјални средства, кои се нужни за набавување на оружје и за изведување на вооружени акции. Се дојде до заклучок дека вакви средства можат да се најдат само по револуционерен пат. Се реши на побогатите Македонци во странство, на оние кои имаат приватни претпријатија или имаат големи заработувачки на друг начин, да им се наметне еден вид данок за револуционерна и ослободителна дејност. Висината на овој данок да се одредува според висината на приходот на сопственикот сонародник. Доколку некој откаже да го исполни барањето на Движењето, тогаш ДООМ ќе употреби и револуционерен метод спрема него. ДООМ ќе бара прво милом, а ако некој одбие, тогаш ќе зема и силом. Со тоа што ДООМ ќе зема данок за револуционерна дејност, тој нема да стане пљачкашка или гангстерска организација. Во историјата не постои револуционерно движење кое за својата борба не собирало матријални средства и по пат на сила. И нашиот национален апостол Гоце Делчев собираше насила пари за купување на оружје, но не беше ни арамија ни гангстер. Материјалните средства што ќе ги собира ДООМ под форма на данок за револуционерна дејност, ќе бидат стриктно употребени за револуционерна дејност. Секаква злоупотреба на материјалните средства за лична корист, најдрастично ќе биде казнувана од ДООМ.

Откако беше донесено решение по горното прашање, новоизбраниот организационен секретар на ЦК на ДООМ Иван Петровски изнесе предлог листот "Македонска трагедија" повеќе да не биде печатена (нечитко) на "Македонска нација". Ова нешто Петровски го образложи со тоа што "Македонска траге-дија" била вулгарна комунистичка пропаганда од која многумина Македонци во Канада и Америка биле револтирани бидејќи тие не сакале ни да слушнат за некаков комунизам и социјализам.

Против овој предлог се изјасни прво претседателот Богдановски, кој рече дека ДООМ води општо национална, а не партиска политика, дека тој води политика за ослободување и обединување на Македонија по сите возможни патишта, а не да прави ќеиф на некои македонски анти-комунисти во Америка и Канада. "Ние овде во странство не можеме да решаваме - рече Богдановси - каков режим утре ќе постои во обединета Македонија. Тоа не е наше прашање, туку е прашање на народот внатре во Македонија. Јас лично мислам дека во Вардарска и Пиринска Македонија каде што постојат социјалистички

општствени односи цели три децении, младите македонски генерации ни на сон не мислат да воведуваат капитализам во Македонија. Прво и прво во Македонија денес немаме капиталисти, а идната обединета Македонија нема да биде уредена со општествен систем по волјата на Македонците капиталисти од Америка и Канада. ДООМ нема да прави ќеиф на Македонците капиталисти од Америка и Канада, од нив ДООМ никогаш и не зависел. Овие богати Македонци ни продаваат празен ум, а досега немаат дадено ниту еден долар помош на ДООМ. Затоа јас категорички сум против квалификацијата што ја даваат некои Македонци за "Македонска трагедија". "Македонска трагедија" има веќе свои заслуги за македонската национална кауза и таа треба да продолжи да излегува. Меѓутоа, јас имам овде да изнесам една друга критика на "Македонска трагедија". Досега "Македонска трагедија" ја печатевме осум пати и за нејзиното печатење се потрошија околу 6.000 германски марки или околу 2.000 американски долари. Меѓутоа, браќата што стојат зад "Македонска трагедија" во тек на две години имаат испратено само 250 германски марки. "Македонска трагедија" се печатеше со средствата за "Македонска нација", т.е. со средствата на читателите на "Македонска нација". Многумина читатели се лутат што нивни статии и дописки не биваат објавувани во "Македонска нација". "Македонска трагедија" го завзела просторот кој треба да припадне за дописките на оние соработници на "Македонска нација" кои со своите материјални прилози го обезбедуваат излегувањето на "Македонска нација". Затоа драги браќа - рече претседателот Богдановски - јас предлагам печатењето на "Македонска трагедија" да го прекратиме за привремено, т.е. дотогаш додека браќата од "Македонска трагедија" не почнат трошковите за печатење на "Македонска трагедија" сами да ги подмируваат. Ние напомнуваме дека печатењето на "Македонска трагедија" го прекинуваме од материјална причина, а не од некакви идејни разлики. Се надеваме дека патриотите од кругот на "Македонска трагедија" ќе ги обезбедат потребните средства и нема да остават нивниот борбен лист да замре."

Предлогот на претседателот Богдановски за привремено прекинување на излегувањето на "Македонска трагедија" беше едногласно усвоен.

Собранието заврши со решение членови на Централниот комитет на ДООМ од Европа во јануари 1975 година пак да се соберат на собрание.

23. Ноември 1974 г.
Стразбург

_____

* Овој протокол е пишуван во ракопис, па некои места не се јасно читливи.
ФОТОКОПИЈА ОД ПРОТОКОЛ НА СОБРАНИЕТО... (ВО РАКОПИС) НА ЦЕЛА СТРАНИЦА доом2 пг 18

ПИСМО ОД ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ДО
МИЛЕ ИЛИЕВСКИ
(06.01.1975 година)

Драги Миле,

Ти се јавувам од Париз каде пристигнав на 4 јануари. На 2 јануари ја напуштив Шведска бидејќи итно требав да решам некои работи во Германија околу списанието. Во Шведска ќе дојдам меѓу 20 и 25 јануари. Дотогаш те молам поштата испраќај ми ја на следната адреса:

Станковски Властимир
Посте Рестанте
Парис - 25
Франце

Станковски Властимир е мојот внук за кој ти зборував. На Ванета повеќе ништо да не праќаш. Изгледа дека го купи УДБА за пари. Сега ми протури во “Македонска нација” една статија во која се пишува дека Шамбевски бил отепоан од бугарската државна безбедност. Исклучувањето на Ванета од Движењето е само проблем на времето, тоа треба паметно да биде направено за да нашето Движење не пострада ни најмалку.

Твојата машина овде ќе ја дадам на генерална поправка и ќе ти ја доенсам кога ќе дојдам. Оваа недела јас си купувам нова машина.

Толку за овој пат драги Миле, прими срдечни братски и борбени македонски поздрави.

Твој,
Драган Богдановски

ПИСМО ОД ВЛАСТИМИР СТАНКОВСКИ ДО
МИЛЕ ИЛИЕВСКИ (03.04.1975 година)

Драги брате Миле,

Како што и самиот велиш многу пати изменивме кореспонденција, но не лично меѓу нас, туку преку мене ја водевте кореспонденцијата со братот Богдановски.

Па еве малку место за мене. Можеби знаете, но сепак должност ми е да Ви соопштам дека јас сум му внук на Богдановски, а и самата доверба која Драган ја има оставено да преку мене оди вашето допишување достатно зборува за мене и мојот карактер, како што и самите прашувате. Друго нешто поспецифично за мене што би Ве Вам интересирало, слободно прашајте ме, јас со задоволство ќе Ви одговорам за подобро да ги упознаеме и сврзиме нашите чувства кон заедничката делатност во нашата борба.

Што се однесува до Петровски јас могу убаво го запознав и оценив неговиот карактер. Можам да Ви дадам една кратка информација за него лично зошто долго време, а и многу пати, бев кај него.

Како прво тој уште пред да биде избран за секретар, самиот се назначи за водач на движењето во едно свое писмо пишувано до неговиот, исто така како него мегаломан, Којчевски во Канада во кое писмо уште тогаш ги исклучуваше досегашните членови, а самиот си се наименуваше како врвен командант. Но, не е свесен дека тоа негово нешто однапред го знаевме, т.е. поседувавме неговото писмо.

Само чекавме да видиме каков потег ќе направи за да му противодговориме. А тоа нешто го направи со пиратското издание на весникот кој беше наш, се додека јас бев таму за последната корекција.

По моето отпатување од Минхен истиот го прогласува списанието за негово со сите внатре неаргументирани докази и исклучувања.

Ми се чини дека тој не заслужува да пишуваш повеќе за него. Само сакав кратко да Ве информирам за неговиот општ карактер како човек.

Сега да поминам на организационите работи.

Со Вашето писмо ми испраќате две адреси на претплатници, па би Ве замолил да ми одговорите дали се само тие или има уште други. Јас би Ве замолил по можност да ги испратите сите адреси за претплата, се разбира ако ги има, за да ги внесеме во

списокот на читатели, бидејќи оваа година решивме весникот да го испраќаме само на претплатниците, а не како и досега. Инаку, ова нешто Австралија најпрво го направи и ми достави комплетен список со своите читатели.

Ова нешто го бараме поради административни тешкотии околу излегувањето на тиражот на весникот.

А од друга страна треба да постои една точност во работата за подобра ефикасност на истата.

Уште ееднаш Ве замолувам, потрудете се да ни доставите комплетен список со потенцијални читатели и доброволни дарители за да им ја кажеме нашата благодарност и внесеме во нашата евиденција.

Ја користам приликата да Ве обавестам дека одсега натака кореспондираме овдека во Брисел, а мојата адреса е:

Посте Рестанте 1
Плаце Моннаие
Бруџеллес 1000
Белгиљуе

На крајот многу поздрав од мене и братот Богдановски лично до Вас и Вашето семејство.

Властимир Станковски

ПИСМО ОД ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО СВОЈАТА ИНТЕРНАЦИЈА ВО ФРАНЦИЈА (веројатно од 1975 година)

Драги Миле,

Со ова писмо сакам да воспоставиме врска за кореспондирање. Јас уште се наоѓам во интернација. Знам со сигурност дека француската полиција ја цензурира поштата што ми иде директно до местото каде што сум интерниран. Не сакам во никој случај писмата наши да паднат во рацете на француската полиција, која соработува со УДБа, затоа избрав еден индиректен пат по кој ќе можеме да кореспондираме. Ти ќе ми пишуваш на една адреса во Цирих, Швајцарија. Таа е сигурна адреса. Со лицето кое ја држи боксата се договорив двапати месечно да ме посетува во Франција и да ми ја носи поштата.

Не знам уште колку време ќе ме држат во интернација, но веројатно ќе ме држат додека мине Титовата посета на Франција која ќе биде направена некаде во октомври месец.

Те молам пиши ми што има ново, а писмата што се дојдени за мене, испрати ми ги на адресата во Швајцарија.

Материјал за "Македонска нација" испратив на печатницата во Минхен, но не знам кога весникот ќе излезе.

Толку за овој пат. Прими срдечни братски поздрави.

Твој,
Драган Богдановски

ПРОТЕСНО ПИСМО ОД ДООМ ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА БУГАРИЈА ТОДОР ЖИВКОВ (01.12.1975 година)

До првиот секретар на Бугарската работничка партија (комунисти) Тодор Живков, Софија.

Другар Живков,

Централниот Комитет на Движењето за ослободување и обединување на Македонија располага со сведенија дека бугарската власт во Пиринска Македонија спроведува масовен и голем терор врз македонското население за да го присили на претстојното пребројување на населението кое ќе биде направено во текот на овој месец да се откаже од својата македонска националност и да се запише во официјалната статистика како припадник на бугарската националност.

Овој нов терор врз Македонците во Пиринска Македонија се спроведува по диктат од Софија, што значи лично од вас другар Живков, преку партијата, отечественофронтовските, синдикалните и младинските организации, но и со директна полициска интервенција на органите на државната безбедност. Очигледно е дека овој попис има одредена политичка цел во Пиринска Македонија, со него се сака да се избрише постоењето на македонската нација во овој дел на Македонија. Агитатори и насилници ставени во службата на големобугарскиот национализам и шовинизам создаваат таква атмосфера, која треба да насади страв во последниот Македонец во Пиринска Македонија за да го присили да се откаже од својата македонска нацио-

налност. “Во Бугарија нема да има Македонци” - тоа е паролата што бугарскиот денационализаторски режим ја издига сега пред ова пребројување на населението.

Другар Живков,

Денес во грчкиот окупаторски дел на Македонија на слични пребројувања на населението Македонците се запишани како “Грци”, а во бивша Југославија Македонците беа запишани како “Срби”, но со ова нешто тие не се откажаа од својата македонска националност. Ние сме повеќе од убедени дека ова ново бугарско денационализаторско насилство нема да може од Македонците да направи Бугари. Ова Ваше насилство другар Живков врз Македонците од Пиринска Македонија ќе остане вечен срам за Народна Република Бугарија и за Вас лично. Во историјата ќе биде запишано како комунистот Тодор Живков со нацистички и фашистички методи сака да го избрише постоењето на македонската нација!

Централниот Комитет на Движењето за ослободување и обединување на Македонија не ги признава резултатите од ова насилничко пребројување на населението во пиринскиот дел на нашата македонска татковина и тој ќе го запознае целиот свет дека ова пребројување е само една монтирана политичка фарса, која сака од една страна да го избрише постоењето на македонската нација, а од друга да го измами надворешниот свет како во Бугарија немало Македонци.

Централниот Комитет на Движењето за ослободување и обединување на Македонија во името на правдата и вистината ја повикува Народна Република Бугарија да се откаже од умноболниот бугарски национализам и шовинизам и како за времето на великиот Георги Димитров, да им ја признае на Македонците во Пиринска Македонија нивната македонска националност.

Другар Живков,

Во почетокот на 1944 година Отечествениот фронт на Бугарија издаде проглас по македонското прашање, во кој меѓу другото се вели:

“За да се избегнат какви и да било нови историски грешки и за да и се даде на Македонија едно цврсто успокоение, Отечествениот фронт ја дига паролата 'Македонија на Македонците'. Со таа парола ќе му се тури крај на ривалството меѓу балканските држави. Никаква измена на сегашната расцепканост на Македонија од нејзините непријатели, ниту пак нејзино полно присоединување кон која било балканска држава. Единствено

спасоносно решение е целокупна, слободна и независна Македонија. Само така ќе престане да биде јаболко на радзор и ќе се претвори во здрава обединителка меѓу сите балкански држави."

Ова становиште на Отечественият фронт на Бугарија беше праведно за самиот распарчувач на македонскиот народ, кој од векови се стреми за своја самостојна национална држава, а беше полезно за трите балкански држави кои ја распарчуваат Македонија, бидејќи со неговото остварување во живот, ќе беше отстрането ривалството што постои меѓу нив заради Македонија. Будните македонски синови знаат многу добро дека Тито, кој ја возобновуваше тогаш пропаднатата југословенска држава, го одби ова праведно становиште на Отечественият фронт на Бугарија по македонското прашање и со тоа ја обнови криминалната поделба на Македонија. Затоа ние патриотите и борците од Движењето за ослободување и обединување на Македонија го сметаме Тито за касап на националното единство на македонскиот народ и за гробар на светиот илинденски идеал на македонскиот народ.

Централниот Комитет на Движењето за ослободување и обединување на Македонија апелира на раководството на Бугарската работничка партија (комунисти) и на правителството на Народна Република Бугарија да се вратат на становиштето на Отечественият фронт по македонското прашање кога го отфрли срамниот за неа големобугарски национализам и шовинизам, за да може да му овозможи на македонскиот народ во Пиринска Македонија да стави темел на самостојна македонска држава - Самостојна Социјалистичка Република Македонија, кон која во згодни историски прилики, ќе се присоединат и другите два дела од Македонија. На овој начин Народна Република Бугарија ќе даде големодушен пример на целиот свет за праведно решавање на националните прашања и ќе стекне пријателство кај секој еден Македонец.

Движењето за ослободување и обединување на Македонија не е никакво орудие на Југославија или на нејзините измеќари од СРМ, ами е независно и прогресивно движење, кое ја продолжува илинденската револуционерна традиција на македонскиот народ, борејќи се за обединета и самостојна Македонија. Затоа, Централниот Комитет на ДООМ апелира на Народна Република Бугарија да го прифати неговиот предлог за создавање на територијата на Пиринска Македонија Самостојна Социјалистичка Република Македонија.

Во надеж дека кај раководството на Народна Република Бугарија ќе победи разумот и чувството за правдина спрема македонскиот народ и неговиот национален обединителен идеал, примете другар Живков, братски македонски поздрави од членовите на Централниот Комитет на Движењето за ослободување и обединување на Македонија.

Претседател на ЦК на ДООМ
Драган Богдановски

ПИСМО И НОВОГОДИШНА ЧЕСТИТКА
ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ДООМ ОД ТОРОНТО, КАНАДА
МАЈК АПОСТОЛОВ ДО РЕДАКЦИЈАТА НА
“МАКЕДОНСКА НАЦИЈА” (01.01.1976 година).

Прима “Македонска нација”
П.О. Бокс 50026
50 - Готеборг Свериге

Драг господине,*

Во мое лично име, како Претседател на Движењето за Ослободување и Обединување на Македонија, и во името на сите мои сонародници и членови на нашата кауза, би сакал да Ви испратам лични поздрави за здрава, мирна, просперитетна и радосна Нова година на вас, на вашето семејство и на сите слободољубиви луѓе во вашата земја.

Нашата цел е посветена на воспоставување слободен и демократски начин на живот во нашата татковина, а таков начин на живот посакуваме и за сите земји низ светот во кои живеат наши поддржувачи.

Нашите посебни мисли за 1976 година се упатени кон сите деца на овој свет, посебно до сирачињата и до сиромашните. Посакуваме да добијат духовна и физичка сила и да имаат вера за да станат силни граѓани на иднината.

Искрено ваш,
Мајк Апостолов

_____
* Писмото во оригинал е пишувано на англиски

ПИСМО ОД ДРАГАН БОГДАНОВСКИ
ДО МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО
ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ОД КАНАДА
ВО КОЕ ГИ ИЗВЕСТУВА ЗА СВОЈОТ СТАВ
ВО ВРСКА СО НИВНИОТ КОНГРЕС
(април, 1976 година)

Драги сонародници,

Ви благодарам од името на Централниот Комитет на Движењето за ослободување и обединување на Македонија за поканата којашто ми ја испративте да земам учество на конгресот кој сметате да го одржите во есен 1977 година. Со големо задоволство ќе присуствувам на тој конгрес, само ве молам да ми дадете некои објаснувања. Како прво од Вашето писмо не се гледа јасно дали Вие превземате иницијатива да се одржи еден сеопшт македонски конгрес или пак тоа ќе биде конгрес на МНОД на кој ќе присуствуваат претставници од Вашето Движење од целиот свет, па затоа го нарекувате "светски конгрес". Доколку ние знаеме МНОД досега постоеше само во една земја Канада, па ни изгледа чудно што сега тој се спрема да одржи свој "светски конгрес". Немој да сфатите драги браќа дека со ова сакам да го навредувам Вашето Движење, јас само сакам да ги видам работите на чисто пред мене. Идејата за одржување на еден ваков широк национален форум е одлична идеја, но бидејќи се работи за постигнување на едно македонско национално единство, таков конгрес може да одигра историска ролја ако се одржи под името СЕМАКЕДОНСКИ КОНГРЕС, а не како конгрес на МНОД. Нека МНОД си остане иницијатор за свикување на конгресот, ние од ДООМ јавно ќе ја поддржиме оваа иницијатива.

Од друга страна треба да бидеме начисто што се разбира под името "македонски организации". Сите организации составени од Македонци се "македонски", па така и "Јунајтед Мацедониан", "Македонска патриотическа организација МПО", разните македонски клубови по светот што ги организираат југословенските конзули, па ако сакате и самиот Сојуз на комунистите на Македонија во СРМ се "македонски" организации, но тие се во служба на југословенскиот или бугарскиот врховизам. Сакате ли вие да ги поканите на тој конгрес и овие "македонски" организации? Ако овие врховистички организации бидат поканети на тој конгрес, тогаш

ДООМ нема што да бара на тој конгрес. ДООМ има три свои основни карактеристики:

1. ДООМ е македонско национално движење, кое смета дека Македонците се самостојна нација, па според тоа не може да бара заеднички јазик со Македонци, кои се сметаат за некакви македонски Бугари!

2. ДООМ е револуционерна организација со илинденска идеологија, тој се бори за отцепување на сите четири дела на распарчена Македонија од четирите балкански држави и за создавање на самостојна македонска држава. Според тоа ДООМ е непријател на оние Македонци кои, иако се чувствуваат по националност Македонци, но се затоа СРМ да си остане во рамките на Југославија или пак обединувањето на Македонија да се направи во рамките на Југославија. Ако на тој конгрес бидат поканети претставници на југословенските врховисти од СРМ или пак на марионетските јуословенски организации под македонски имиња коишто ги има во странство, тогаш ДООМ не може да учествува на тој конгрес.

3. ДООМ ја смета Југославија како една од четирите окупаторки на Македонија и против неа води иста борба каква што води против Грција, Бугарија и Албанија.

Доколку МНОД има исти вакви погледи врз македонската ослободителна борба, тогаш ДООМ со големо задоволство ќе испрати своја делегација на конгресот ако тој биде одржан врз принципите кои Ви ги кажавме во ова писмо.

Ве молиме да ни одговорите дали сте согласни со овие наши предлози.

Јас мислам дека планираниот конгрес ќе одигра голема историска ролја, но само под еден услов, ако на него земат учество само државнотворните македонски патриотски снаги. Никако не смее да се допушти конгресот да стане панаѓур на различномислечки Македонци. Ние треба да се собереме на тој конгрес за да бараме патишта како да ја засилиме обединителната борба на македонската нација, а не да се караме.

Мислам дека нема да биде лошо рефератите кои ќе се одржат на тој конгрес да бидат однапред испратени и проучени барем од најглавните луѓе кои ќе присуствуваат на тој конгрес.

Пишувате драги браќа дека меѓу Макеоднците овде во Европа станувале немили работи. Ние не ја сокриваме таа работа, но треба да се знае кој беше виновен за тоа. ДООМ е организација, која постојано е ангажирана во револуционерна

борба, не само надвор од Македонија, ами и внатре во неа, па затоа непријателите најмногу работат него да го уништат. Неколку пати УДБ-а ни подметна свои шпиони во нашето Движење и требаше да мине доста време додека ги откриеме и отстраниме од нашите редови. Исто така неколку наши браќа сакаа да си прават кариери, но не сакаа да работат или пак беа неспособни да го предводат Движењето. Важно е само тоа што ДООМ и покрај сите "афери" никогаш не престана да се бори.

Толку за овој пат драги браќа и соборци од МНОД. Бидете уверени дека ДООМ е со Вас во заедничката борба за ослободување и обединување на Македонија, за создавање самостојна македонска држава.

Се за ослободување и обединување на Македонија!

На сите борци од братскиот МНОД им испраќам срдечни братски и борбени македонски поздрави.

Ваш,
Драган Богдановси

ПИСМО ОД ДРАГАН БОГДАНОВСКИ
ДО МЕТОДИ МАРКОВСКИ (26.04.1976 година)

Драги брате Методија,

Еве ти испраќам копија од одговорот што му го испратив на МНОД во Канада во врска со нивната покана да учествувам на нивниот светски конгрес, за кој мислам дека никогаш нема да се одржи. Во моето последно писмо јас ти пишав дека се сомневам дека зад оваа иницијатива стојат удбашите од Скопје, но јас му одговорив на МНОД дипломатски и јасно под какви услови ние од ДООМ можеме да соработуваме и да дискутираме со други македонски организации.

Не знам дали МНОД испратил покани за тој нивни "светски" конгрес и на Македонци од Америка и други земји, пиши ми ако разбереш нешто за тоа во Америка.

Толку за овој пат брате Методија, наскоро пак ќе ти пишам. Прими срдечни братски поздрави.

Твој,
Драган Богдановски

ПИСМО ОД АНДОН МАНЕВ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ
ВО ВРСКА СО СОСТОЈБИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА
(01.08.1976 година)

Драги Миле,

Писмото твое од дата 12 Јули о.г. го зедов. Овоа твое писмо дојде и до мојата рака две недели по сетне што требаше и така сме задоцнети но вопрејќи сето ова се надевам дека ќе се разбереме.

1) За Драган јас берев гајле цело време бидејќи во Австралија јас одржувам најредовна врска (писмено) со него и затоа сериозно бев растревожен за неговата лична положба.

2) Точно пред две недели добив писмо од Властимира од Брисел кое писмо носи дата 13-ти Јули во кое ме информира дека Драган се намирал во "притвор" што за мене значи затвор и дека "нашите непријатели неправилно ја уведомиле Белгиската полиција божем Драган иде во Брисел да организира диверзии".

Дека Драган го помолил Властимира да ни одговори на кратко во негово име, а после десетина дена ќе бил ослободен и самиот Драган ќе ни пишувал. Едновремено Власте ми пиши дека од "Мак. Нација" сегашниов број нема да излезе, а ќе се издаде заедно со другио број пред Август. Власте повторува во краткото му писменце дека Драган на сигурно ќе се пушти за десетина дена. Но досега немаме никаква вест што станува.

Јас пишав писма веднаш до Ристета и Мијалета, а потоа добив од Ристе слично писмо бидејќи и тој добил известие од Властимира исто како моево.

Јас сум свесен дека без Драгана нашиот ДООМ ќе биде во сериозни проблеми и само се мислам како и што да стори Драган да го префрлиме некаде на друго место - на друг континент, кај нас, или во Америка или Канада, но сум свесен и за тоа дека борбата на Драган и на "Македонска Нација" најефективна ќе биде ако да се води од европските држави. Те молам помислете се и вие тамо во Скандинавија па и ти во Западна Европа за што да правиме по овоа прашање.

За тоа што пишуваш да ви пратиме пари помош за да се плати "Мак. Нација" во Минхен, јас наполно сум согласен, уште утре ќе му пратам копии од твоето писмо до Ристета и Мијалета, но и искрено се надевам овие денови да добиеме повеќе вести за слободата на Драгана, тој ќе ни објасни подобро што станува, а што се однесува за пари ние веднаш тоа ќе го стори ме.

Со Драган имавме план, да се напечати опширен леток со содржина за црковната борба во Австралија, посетата на делегациите на Матицата, Црквата и дејноста на удбаншките агенти Конзулатите, до кога Илиденскиот број на “Мак. Нација” ќе беше целиот посветен на црковната борба во Австралија во вид на Бела Книга. Но затварањето на Драгана попречи на сето ова.

Во врска со тоа што материјалот од Драган до мене се врати назад на боксот во Гетоборг, те молам прати ми го само писмото што беше со материјалот, додека “М. Нација” брои 32 ја имаме. Причината што се врати назад материјалот е грешка на Драгана или на тој што ја пишувал адресата моја. Бројот на улицата не е ставен и затоа поштенската служба го вратила назад. Значи имаме: Андон Манев 3105 Буллен Мелб.Австралија, до дека мојата адреса е број 38 Хелене стреет а бројот 3150 треба да е најсетне.

Пак во врска со Драган, јас најсетното писмо од него го добив од дата 9 Јуни, а потоа на 20 Јули дојде писмото од Власте.

Те молам ако не ти е мака и ако ти е можно одржувај со нас во Австралија писмена врска барем по еднаш на два месеци ако не можете месечно. Кога ќе ми одговориш ќе ми пратиш писмо на мојата адреса како што ти пишувам горе - на 38 Хелене стреет. На адресата што ми пиша некако моите луѓе заборавиле на време да ми го дадат писмото и затоа тврдо многу сум јадосан видејќи досега ќе бевме разбрани за вас а најважно за весникот во Минхен - за пари да помогнеме. Во секој случај, уште утре ке ги информирам Ристета и Мијалета, а и ќе бараме објаснение директно и од Минхен за да им помогнеме што поскоро. Денес славевме ИЛИНДЕН, беше најлошиот ден што го помниме во минатите 30 години, студ, град, дожд со ветер. Имавме и фудбалски натпревар, та народо се раздели едни таму другите ваме, но имавме и одлични успеси. Во друго писмо ќе ти пишам повеќе новини од нашата борба и дејност. Те молам поздрави ги сите другари во движењето околу ДООМ кај вас како и примете и вие лично искрени поздрави од мене и моето семејство.

Ваш Андон Манев

ПИСМО ОД АНДОН МАНЕВ ДО ПОТКОМИТЕТОТ НА ДООМ ВО АВСТРАЛИЈА ВО ВРСКА СО ДОСТАВАТА НА ПЕЧАТЕНОТО ЕКСПОЗЕ
(12.12.1976 година)

Строго доверливо!
До Поткомитетот на ДООМ во Австралија

Драги другари,

Приложени овде ви испраќам по два примероци од експозето (изложеното) преведено и печатено на англиски јазик.

Овие два примероци се за ваша употреба да го простудирате материјалот и да си подготвите планови за распродажбата на истото по два долари за секој одделен примерок.

Останатите примероци ќе ви бидат испратени вака: За Перт, братот Доне Димов, секретарот на Комитетот за Канбера-Квинбејн ќе патува за Западна Автралија на ден 24-ти декември. Тој ќе се запре во Мелбурн како и во Аделаида и ќе ги земе да ги однеси кај вас (ова значи и за Аделаида). Ве молиме да ни пишите колку примероци ќе ви треба за сите поткомитети. Братот Димов пристигнува на аеродромот во Аделаида во 9.20 саатот наутро истиот ден (24 дек.). Го молам секретарот или кој да е од поткомитетите на Аделаида и Перт да го сретнат него на аеродромот. Тој ќе носи во раката "Македонска нација" за да можете да го познаете. За Аделаида тој лета со АНСЕИТ Флигхт Но. 397. Во Перт стигнува на аеродромот во 11.20 пертско време наутро истиот ден во истиот авион.

Експозето за Нов Јужен Велс ќе биде однесено од мене лично. Точна дата за моето патување во НЈВ се уште не ми е определена бидејќи Организациониот секретар на ЦК на ДООМ братот Солунски и тој ќе патува за НЈВ и останува датата да се определи, но тоа ќе биде околу 26 и 27 декември. Држете врска со братот Ристевски за точното наше стигнување кај него или во Сиднеј.

Уште малку во врска со експозето. Ние во Мелбурн сторивме што можевме по наша сила и можност да го преведиме и наредиме најубаво. Јас лично сум крајно задоволен од работата, прекрасниот англиски јазик, самиот изглед со насловната страна на истото. Се разбира дека "Ѓупката си го фали нејзиното решето за да го продаде" и затоа на вас ќе остане и вие да си го дадете вашето мислење за извршената работа.

На крајот го ползувам случајот да на сите членови и наши блиски симпатизери и соработници на ДООМ во Австралија ви ги честитам светите Христови празници, а тоа е Рождество Христово и новата 1977 година. Нека да се надеваме дека ДООМ во Австралија през идната нова година ќе бележи уште поголеми успеси.

За австралискиот дел на ЦК на ДООМ:
Андон Манев (политички секретар) Мелбурн

ПИСМО ОД СРЕБРЕ МИЛЕНКОВСКИ ОД МАЛМЕ
ДО РЕДАКЦИЈАТА НА “ИЛИНДЕН”
СО БАРАЊЕ ЗА ПРЕТПЛАТА (13.03.1977 година)

До редакцијата на “ИЛИНДЕН”
Боџ 221
433 01 Партилле

Драга редакцијо,

Деновиве добив еден ваш весник бр. 2 од 1976 година и одма седнав да ви напишам едно писмо со кое сакам да бидам Ваш читател. Да наведам дека весникот го добив од еден пријател. По добивањето на ова писмо, по можност веднаш да ми испратите односно да бидам ваш читател, се разбора со една уплатница.

На адреса:
Миленковски Сребре
Јесперсгатан 2-а
214 45 Малме

Другарски ве поздравувам
(Потпис)

ПИСМО ОД МАРКО МИЛУНОВИЌ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ
ВО КОЕ ГО ИЗВЕСТУВА ЗА ШВЕРЦ НА ОРИГИНАЛНИ ИКОНИ ОД МАКЕДОНИЈА ВО ШВЕДСКА СО ПОМОШ НА НЕКОЈ МАКЕДОНСКИ ПОП (19.03.1977 година)

Драг господине Илиевски*

Благодарам за телефонскиот разговор.

Ветив дека ќе Ви помогнам, но за жал тоа не ми појде од рака. Бев во локалот каде што е сместена нашата архива. Но, таму има се освен "поп со брада" и ќе ми треба цела недела да барам каде е тоа. Не очекував дека тоа ќе ми биде потребно, па некаде сум го ставил или сум заборавил каде би можело да се наоѓа. А таму има разни работи за овие 20 поминати години.

Ви ги испраќам двата последни броја на "ЈУГОСЛОВЕН" и еден Гласник на Шведската Православна Црква.

Како што Ви реков по телефон, одамна ми е познато дека се продаваат икони од македонските манастири и цркви во Шведска. И не само во Шведска, туку по цела западна Европа. Се разбира дека секој човек мора до срце да го заболи тоа што тие народни богатства, сопственост на црквите и манастирите од Македонија, кои преживеале 500 години ропство под Турците, како и теророт на фанарите - сега се продаваат од страна на несовесните попови, нивните синови и други безбожници.

И затоа реагирав пред шест години кога во една галерија прв пат ги видов тие икони. Појдов да прашам колку чинат, бидејќи помислив дека можат да се купат за мали пари, но се излагав. Тоа беа скапи икони од Солунската иконографска школа, работени на дрво и платно, во сребро и злато и со најубави бои, кои можат да се замислат. Трговецот ми објасни дека некои од нив се реновирани и исчистени. Две имаа рамки од дрвена резба. На позадината на една на која беше насликана Богородица, стоеше натписот на дарителот "Кир Симеон од Кочани..." кој ја подарил оваа икона на некој манастир во Пчињската клисура во "летото Господово 1627..." за покој (ова не можеше да се прочита). Иконата беше работена на дрво, но со толку фина резба со генеологијата на Исусовата лоза. Кога му понудив илјада круни за неа, иако ги немав кај себе, тој слатко се насмеа и ми рече: "Јас им платив три илјади на вашите земјаци арамии."

Потоа се обидов колку што можам да откријам: кој ги донесува и кој таму ги краде? Кога дознав дека тоа го прави еден "македонски свештеник" ми беше јасно зошто и на кој начин тие

икони доаѓаат ваму. Уште кога наслушнав и дека тој поп е еден од бројните титоистички агенти, заедно со целото свое семејство, ми се идеше да пукнам од мака и да напишам статија за тоа. Но, ништо не помогна. Повеќе ништо не можев да сторам, но секогаш се надевав дека некој ќе реагира.

Иконите биле донесувани "за македонската црква во Шведска", а колку ги има во таа црква, јас не знам. Но, сигурен сум дека таму се само оние што не можеле да се продадат, додека останатите денес се наоѓаат во САД, Шведска и други земји во кои иконите биле продавани и извезувани, бидејќи се купени од луѓе кои немаат ни душа ни почит. Само не верувам дека "македонскиот поп" сам го правел тоа. Тоа го правеле и други, а го прават и денес.

Ќе ме радува ако некој застане на патот на ова злосторство. Јас не знам каков е ставот на македонските политички емигранти кон македонските клубови и македонските цркви и попови. Но, ако ги трпите, тогаш значи состојбата ви е во целост иста како кај нас Србите. Тие попови и нивните општини без никаков срам станаа најагилните комунистички застапници во емиграцијата.

Со почит,
Марко Милиновиќ

---

* Писмото во оригинал е пишувано на српскохрватски јазик. Со Милуновиќ отпрвин имавме извесни недоразбирања, но подоцна почнавме коректна комуникација. Тој ме извести за криминалот со македонските икони на кој случајно наишол. Попот што овде се спомнува е Боро Станковски, кој е Србин по потекло и оригиналното презиме му е Станковиќ (родум од Пожаревац). Тоа го утврдив со мојата истрага. За овој арамилак ја известив и полицијата во Шведска, но тие ми рекоа дека за ова не е виновен само попот, туку и други тогашни авторитети во Црквата и југословенската држава. Испратив писма до МПЦ, до Матицата за иселеници и до тогашното МВР, во кое детално ги известив за ова, но од никого не добив одговор. Подоцна по еден човек ми беше соопштено да не сум се "мешал" во тие работи затоа што "скапо ќе ме чинело". Тој се обиде да ме убеди дека тие икони биле "копии", но подоцна и самиот призна дека така му било речено да ми кажува со цел да престанам да пишувам за тоа.

М. Илиевски

ПИСМО ОД ЈОВАН ИСАКОВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ
(23.03.1977 година)

Драги Миле,

Драган е многу ангажиран со работа, така да многу малку време има за пишување, а гледам од писмата на Ристе дека многу се лути што Драган редовно не одговара.

Положбата со таков однос подлегнува на критика и носи големо недоверие меѓу нас. Веднаш штом добиеш писмо испрати го до нас тука, а во колку Драган нема да биде во состојба да одговори, тогаш тоа јас ќе го сторам.

Овие денови ќе одржиме предизборна конференција за Западна Немачка. Мислам дека тука ќе се средат работите и ќе тргне на добро.

Како е положбата со Тоде, молим те пиши ми поопширно во врска со финасиите и друго.

Чувај се и биди опрезен од Берлинската контра-револуција. Тие на секој начин настојуваат да не угушат. Тоа е поставено од УДБ-а. Имало некое писмо од некој си Арсо Петковски, кого јас лично го познавам. Тој е голем соработник на УДБ-а, кој на таков начин е еве веќе три децении. Го држи местото шеф на одделение на ф-ка Силика, Гостивар.

Во колку е точно дека има писмо и сака да се сретне со Драган, те молам писмото ми го прати за да му одговорам.

Само толку за сега. Во идното писмо ќе бидам поопширен.

Тука Драган ќе биде сместен во добар стан и нема потреба да оди горе долу без некакви цели. Нека пишува и нека одговара навреме на секое дојдено писмо.

Твој брат
Јован Исаковски

ПИСМО ОД ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА ЦК НА ДООМ ВО АВСТРАЛИЈА ПО ПОВОД ПРЕТСТОЈНИОТ КОНГРЕС НА ОВАА ОРГАНИЗАЦИЈА (04.04.1977 година)

До членовите на ЦК на ДООМ во Австралија браќата: Манев, Солунчето, Ристевски и Цалев

Драги браќа,

Овој пат Ви пишувам специјално во врска со претстојниот конгрес на ДООМ.

Како што знаете, последниот конгрес на нашето движење се одржа во април 1974 година. Редовно ние во 1976 година требавме да одржиме нов конгрес, но тоа не го сторивме по причини кои се Ви познати.

Задачите кои стојат пред нашето Движење наложуваат во текот на оваа година да одржиме конгрес. Најважната од тие задачи е следната: ДООМ во иднина каква борба ќе води? Дали ќе се задоволи само со својот сегашен начин на борба - водење на илинденска национална пропаганда за самостојна и обединета Македонија, или пак ќе направи чекор напред - водење вистинска револуционерна дејност со оружје в раце.

Друга една важна задача која што конгресот треба да ја реши е прашањето ДООМ дали ќе им дозволи на удбашките попови и другите југословенски агенти да држат контрола врз македонското иселенишво?

Не помалу важна е нерешената задача за обзбедување материјални средства за функционирање на ДООМ.

Исто така време е да избереме ново раководство на ДООМ, односно сегашното раководство да го очистиме од сомнителните елементи и од неработниците, готованите и на нивните места да доведеме испробани луѓе и луѓе кои нема да се жалат кога работат.

На конгресот ќе направиме анализа на целокупната работа на ДООМ од последниот конгрес наваму, ќе укажеме на сторените грешки и на “марифетите” во иднина како да се избегнуваат слични грешки.

Овој пат нашиот конгрес нема да биде никаков панаѓур или селска свадба, па на него да дојде и кој требе и кој не требе, овој пат присутните на конгресот ќе бидат просеани низ сито и решето. Присутните на конгресот ќе бидат бирани по делегатска система - основните организации на ДООМ, а тоа се поткомитетите и поверенствата, ќе делегираат по еден или по

двајца свои делегати. Се разбира доколку ова нешо е остварливо од материјални причини. Што се однесува за сегашните членови на ЦК и на Контролната комисија тие автоматски имаат право сите да присуствуваат на конгресот, доколку имаат можности да дојдат на конгресот. Со други зборови на конгресот треба да дојдат луѓе кои досега покажаа дека чесно и активно работат во нашето движење. По мое мислење бројот на присутните на конгресот не треба да биде поголем од 15 души. И тоа: 2 или 3 од поткомитетот "Методи Ченто" од Шведска, 2 или 3 од новосоздадениот комитет во Германија "Јане Сандански", двајца од поверенството на ДООМ од Белгија, евентуално еден од поверенството на ДООМ во Франција и 1 од Швајцарија, потоа ние членовите на ЦК од Европа и Контролната комисија.

Што се однесува до Вас од Австралија, бројот на делегатите ќе зависи од вашите материјални можности за колку души ќе можете да обезбедите пари за патните трошкови. Меѓутоа, секој член на ЦК и на Контролната комисија од Австралија има право да дојде на конгресот ако сам или ДООМ од Австралија му го обезбеди патот. Исто така организациониот секретар на ЦК на ДООМ треба да ги обавести сите поткомитети на ДООМ во Австралија дека секој поткомитет е поканет да испрати свој делегат на конгресот доколку тој на својот делегат може да го плати патот.

Прашањето за делегати од Америка и Канада е многу болно прашање бидејќи ДООМ таму постои само на хартија, а јас не би сакал на конгресот да ни дојде крајно сомнителниот Љубе Филковски. Меѓутоа ќе настојувам од Америка да додје стариот и чесниот Методи Марковски.

Од први јули почнуваат овде во Европа колективни годишни одмори, фабриките тогаш затвораат за месец дена, па затоа јас мислам дека конгресот треба да го одржиме на 2 и 3 јули во Германија. Сите делегати за конгресот треба да стигнат во Германија најдоцна до 1 јули. Местото на одржувањето на конгресот ќе е строга тајна, за него ќе знаат само двајца или тројца. Делегатите треба да се соберат кај братот Исакоски во Бремен, па оттаму ќе бидат одведени на местото каде ќе се одржи конгресот.

Вие браќата од Австралија сами решете кој или кои делегати од Австралија ќе ги испратите на конгресот, но јас мислам дека е пожелно да го испратите и сегашниот организационен секретар, кого што јас имам намера да го впрегнам во претседателскиот

јарем. Кога се клава самарот, магарето треба да биде на местото.

Што се однесува до изборот на луѓе за членови на новиот Централен Комитет и Контролната комисија, јас сметам тие луѓе да не се бираат од самиот конгрес, ами да бидат избрани како што ги биравме минатиот пат; Австралија сама да си ги избере тие луѓе пред конгресот, а Европа истото сама да го направи. Јас мислам, односно предлагам, во новиот ЦК на ДООМ Австралија и Европа да дадат подеднаков број членови на ЦК и Контролната комисија, а тој број да биде по 7 души за ЦК и по 3 за Контролната комисија. Што се однесува на застапништвото на Америка и Канада во новиот ЦК по тоа прашање уште ќе размислиме кого ќе земеме во Централниот Комитет.

Со ваквиот начин на избирање на членовите на ЦК најдобро ќе биде остварен принципот на демократијата, а истовремено ќе спречиме во новиот ЦК пак да се вмакнат непроверени луѓе. Освен тоа, на конгресот нема да има надгласување, земајќи во предвид дека на него ќе има најголем број делегати од Европа.

Пред да се собереме на конгресот, ние сегашните членови на ЦК треба да размениме мислења и заедички да ги обсудиме сите прашања по кои конгресот ќе дискутира и решава По сите тие прашања ние однапред да најдиме заеднички решенија, конгресот нив ќе треба само да ги потврди и озакони. Затоа, јас од моја страна ќе почнам да спремам материјали по тие прашања и ќе Ви ги испратам Вие да ги простудирате, да го кажете Вашето мнение за нив - да дадете нови предлози ако за тоа има нужда. Истовремено Вие треба да излезете со ваши идеи и предлози и да ни ги испратите и ние да ги простудираме и да си го кажеме нашето мнение за нив. Ве молам драги браќа: Манев, Солунчето, Ристевски и Цалето, седнете и напишете го вашето гледиште за досегашната дејност на ДООМ и каква ја замислувате Вие идната негова борба. Бескомпромисно укажете на сторените грешки - особено на нашиве во Европа, зашто тие се илјада пати поголеми од вашите. Сега сме во почеток на април месец, Вие имате достатно време до крајот на месецот мај да кажете се што имате да кажете.

Останува да се реши прашањето за врвните (главните) функции во новиот ЦК на ДООМ односно за делење на “чиновите”.

Одамна Ви имам пишано дека по мое мнение најкорисно ќе биде за нашето Движење и за целата денешна ослободителна борба ако претседателот на ЦК на ДООМ биде од Егејска

Македонија. Освен тоа, не еднаш Ви имам пишано дека јас сум сит и премногу сит од мојата претседателска кариера. Мој кандидат за претседателскиот јарем си останува мојот најголем критизер и "душман" Солунчето. Кога го предлагам него за претседател како егеец, јас не мислам дека братот Андон Манев е понедостоен за таа чест, но сметам дека Солунчето како помлад, полесно ќе ја влече претседателската кола.

Подвлекувам дека јас и сега си стојам на овој предлог на Солунчето да му го дадеме "чинот" претседател и покрај тоа што овде во Европа луѓето од ЦК на ДООМ и другите наши активисти не сакаат ни да слушнат за овој мој предлог друг наш брат да стане претседател. Мојот предлог тие го сфаќаат како обид од моја страна да се "извлечам", да "избегам од работа и одговорност". Тие ми велат: "Драгане со твојата долгогодишна работа и со твојот интелект ти си денес најпознат како македонски национален лидер не само меѓу Македонците во странство, ами и внатре во Македонија. Македонскиот народ има голема потреба од еден таков афирмиран водач, од еден втор Гоце Делчев, ние треба уште повеќе да те издигнеме како национален лидер, а не сега да те смениме од претседателската должност."

Се разбира, јас не се слагам со резонирањето на овие мои идолотворци. Судбината на ДООМ не треба да се сврзува само со една личност, па колку таа да била заслужна и способна. Утре непријателите мене можат да ме убијат или пак да ме најде болест или природна смрт, а со моето исчезнување не треба да исчезне и ДООМ. Затоа драги браќа <u>јас го гласам мојот "душман" Солунчето за претседател.</u>

Предлагам на местото на досегашните два потпретседатели на ДООМ во новиот ЦК да имаме три - по еден од Европа, Австралија и Америка - Канада.

Потпретседателите од трите континенти истовремено да бидат претседатели на сите организации на ДООМ на својот континент.

Предлагам од Австралија за потпретседател на ЦК на ДООМ да биде братот Андон Манев, кој истовремено ќе биде "чауш" односно претседател на ДООМ за цела Австралија. Тој ќе раководи со сите поткомитети на ДООМ во Австралија.

За организационен секретар на ЦК на ДООМ на местото на Солунчето го предлагам братот Ристе Ристевски, кој со неговата досегашна работа покажа извонредни организаторски способности.

За политички секретар на ЦК на ДООМ ја предлагам мојата маленкост. Ова нешто го правам зашто знам дека и во иднина интелектуалната политичка борба пак најмногу ќе тежи на мојот грб. Едновремено јас ќе морам пак да останам редактор на “Македонска нација”, бидејќи во моментот немаме друг човек за таа амалска работа.

Како гледате, драги браќа, кормилото или воланот на ДООМ пак си останува во наши раце, ние само правиме една ротација на должностите, односно си ги менуваме магаријата кои досега не јаваа.

Со оглед на тоа што новиот ЦК на ДООМ ќе брои повеќе членови, предлагам во рамките на ЦК да избереме едно Исполнително биро, кое да го сочинуваат: претседателот, тројцата потпретседатели, политичкиот и оганизациониот секретар и касиерот - значи седум души. Исполнителното или Извршното биро ќе раководи со секојдневните работи на ДООМ.

Одржувањето на конгресот е многу важно за иднината на нашето движење, затоа сметам додека не го одржиме конгресот да не превземаме некоја сериозна акција, мислам на она што ви пишав за создавање наши тројки. Ако сториме некоја сериозна акција пред конгресот, може да се случи европските полиции да почнат да не прогонуваат и затвораат, а тоа може да го осуети одржувањето на конгресот. Кога досега имаме чекано, да почекаме уште неколку месеци.

Во летната сезона постојат вонредни авионски летови, наречени чартер-летови, кои чинат обично половина цена од нормалната цена за авионски патувања. Ви предлагам уште сега да влезете во контакт со некоја патничка агенција и да се информирате дали нашите делегати од Австралија ќе можат да исползуваат еден таков поефтин чартер-лет. Обично за такви летови се резервира место два месеца порано.

Го молам братот Солунчето ова писмо да му го прочита на братот Трпо Цалев.

Толку за овој пат драги браќа. Ве молам да размислите по сите овие проблеми и не само да размислите, туку и да се фрлите на работа. Од вас сите очекувам брз одговор.

Примете сите многу поздрави.

Ваш покорен слуга,
Драган Богдановски

ПИСМО ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА РАКОВОДСТВОТО НА ДООМ ОД СТРАНА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОВАА ОРГАНИЗАЦИЈА МИХАИЛ ШАРИНОВСКИ СОЛУНСКИ ВО ВРСКА СО НЕДОРАЗБИРАЊАТА ПОМЕЃУ РАКОВОДНИТЕ КАДРИ (16.01.1978 година)

До потпретседателот на ЦК на ДООМ С. Петрушевски, копии до потпретседателот на ЦК на ДООМ Антон Манев, организациониот секретар на ЦК на ДООМ и заменик на генералниот секретар на ЦК на ДООМ Р. Ристевски, финансискиот секретар на ЦК на ДООМ Јован Исаковски, информациониот секретар на ЦК на ДООМ Митре Димитров, членот на ЦК на ДООМ Трајко Тодоров.

Миле здраво,

Еве денес го добив твоето мало, но тешко писмо, и како што гледаш одговарам на сите точки. Меѓу другото Миле, ако јас не бев претседател на ЦК на ДООМ ти никогаш од мене не ќе добиваше одговор на вакво писмо, а напротив сакаше да ти пишам две думи врз кои ќе те испратев тамо каде оште ѓаволот нема пасено телиња, но затоа што јас сум претседател на ЦК на ДООМ ќе ти одговорам не само на ова писмо, туку и други илјада да ми пишиш вакви лоши, јас ќе ти одговорам искрено како и секогаш без оглед на тоа дали ти ја сваќаш мојата искреност или не. Ти ми пишуваш Миле дека ние се договоривме со тебе да работиме искрено и колективно, но јас сега сум се врзал со Јован Исаковски и Томета и се чувствуваме како некои екстра избрани. Вакво нешто никогаш не постоеше, не постои и нема да постои. Ваков израз Миле од твоја страна е клевета против мене и ЦК на ДООМ и барам извинување од тебе. Јас како претседател на ЦК Миле имам право да се препишувам не само со секој член на ЦК, туку и со секој еден член на ДООМ, ова е моја света работа и ваква работа јас ќе вршам секогаш по сила на моите можности, но овој пат ти Миле правиш грешка. Јас сум сврзан не со Исаковски и Томета, туку со тебе. На Томета му имам писано едно писмо после моето враќање од Европа и досега немам добиено оште одговор. Писмото ја имаше истата содржина што и писмото кое беше испратено до тебе, т.е. ви изразив благодарност на сите наши браќа во Европа на кои им бевме дома на гости, едно само што Томе ми предаде пред неколку месеци врз Исаковски дека не треба да се лутам доколку тој имаше некои домашни или други проблеми и

понатака ништо, ако едно вакво препишување може да биде карактеризирано како екстра избрано. Во таков случај Томе и други членови на ЦК на кои оште им немам писано ни зборче, што можат да помислат за мене ако научат дека јас до сега тебе, навака од конгресот, ти имам писано повеќе од пет писма? Ти Миле тука си грешен и мислам ќе треба да си ја видиш грешката. Ако јас имам право да се препишувам со тебе, значи ќе треба истото право да царува и со другите. Во овој случај можеме да речеме дека помеѓу нас постои демократски централизам и братско разбирање. Истовремено правиш грешка кога ме нарекуваш лажач. Нито во едно мое писмо ти нема да најдеш Миле каде јас говорам дека Драган никој не го прави удбаш. Јас реков дека ако Драган има право другите да ги прави удбаши зошто тој мисли дека не може да се најде друг кој може да го прави Драган удбаш? А ова искажување Миле сосема не е тоа за кое ме обвинуваш. Јас ќе те молам да го прочиташ оште еднаш моето писмо за да можеш да се убедиш во тоа дека ќе треба да внимаваш што пишуваш.

Пишиш дека на Драган некој му пречи да работи и како се гледат работите, се срамиш да речеш дека еден од нив сум јас. И тука ти правиш грешка Миле. Никој на Драган не му пречи и нема да му пречи, само Драган ќе треба да разбере дека решењата од конгресот се примувани не само за нас, туку и за самиот Драган. Ако Драган ова нешто го прифати и ти и тој ќе се убедите дека јас дејствително говорам право. Никој на никого досега не му има речено да не му доверуваат на Драган Богдановски никаква работа. Тука ти Миле си заблуден и ќе треба да се разбериш сам. На Драган Богдановски луѓето во Европа му откажаа послушност, ова секој го знае и не треба многу да се говори. Јован Исаковски на должноста редактор е назначен не по своја волја, туку по волја на конгресот и кога некој друг се стреми да му наврзува на него решенија и укажувања без да има право на тоа, без друго тој ќе треба да го прифати одговорот, кој ќе го добие зошто не треба да го пика носот тамо каде не му е местото. Ако Исаковски на Драган му одговори грубо за ова нешто имаше лек, да се клади Исаковски на своето место така како што е положено по уставот на ДООМ и натаму да си мисли што прави и како прави. Исаковски нема ваков авторитет да пречи на никого и никој на него не му го дал ова право и никој не му наредил ова нешто да го прави. Престани Миле да се правиш наивен како да не знаеш ништо. Богдановски не е од тие луѓе кога него го навредуваат да не

знае како да постапи и каде да се обрне да побара заштита. Богдановски чувствува дека треба пред членовите на Движењето, пред ЦК и пред ПБ, да даде одговор за самоволното дезертерство од конгресот, а ви ја мутави главата на вас тамо и, заедно со вас, и на нас. Пред мене Миле има писма написани од раката на Драган, кои беа после конгресот испратени до наши стари познати и еве што му пишува на еден наш стар познат во Америка: "Ќе те молам брате ... да им пренесеш на Ристевски и Шариновски да разберат дека Богдановски не е од тие што можат да бидат контролирани дури и од самиот господин претседател". Како гледаш Миле, ние не пасиме трева. Во вакви прости и јасни искажувања можеме да вникниме и извадиме мнение за што говори Драган и што тој бара од Движењето. Ние на Драган му имавме дадено голема слобода, тој сам беше цар, сам беше претседател, сам беше законодател и сам исполнител, тој не беше научен да дава одговор на никој и затоа го клава принцип: ако не ми дозволите да работам така како што сакам, нема да ви дозволам да направите движење и извадите списание. А простите и доверливи наивни Македонци на Богдановски ќе му помогнат да се справи и сега со противниците. Само едно во овој случај ќе треба да разбере Богдановски дека овој пат на него нема да му роди лозјето грозје. Ако ние си дозволуваме да бидеме контролирани и да даваме есап за се што правиме, тоа нешто не ќе може да го одбегне ни Драган. Ова погоре е писано од самиот Драган и да ме извиниш што не ти праќам копија. Не се потребни вакви нешта Миле. Ако јас, ти или некој друг почнеме да се занимаваме со клевети и праќање на копии, нема да излезиме на добро. Јас верувам дека еден ден Драган ќе се сети каде се наоѓа и ќе види кои му се грешките. Јас никогаш немав омраза кон Драгана Миле. Ако има некој човек кој најповеќе го критикувал и се карал со Драган, тоа сум јас, но од друга страна ако има некој кој најповеќе влегуваше во оган да го брани достоинството и честа на Драган, тоа пак сум јас. Обрни се кон минатото и ќе видиш дека тоа е така. Кога Драган беше претседател ние сите него го каравме тамо каде требаше и му помагавме секаде каде требаше. Сега е време и за Драган да покаже како тој може да биде брат, помагач и искрен бранител на честа и достоинството на братот. Ти Миле имаш говорено лоши нешта за Драган, Драган има велено за тебе, но јас немам ни правено ни говорено лошо ни против него ни против тебе, па затоа ќе го молам секого да извади поука од моето прво писмо

во кое гласи следното: “Ако сакаш да бидеш почитуван треба да се научиш да почитуваш”. Престанете да ми припишувате нешта кои јас ги немам правено и не ги правам. Јас Миле никогаш нема да бидам ни на твоја страна ни на Богдановски и ни на Исаковски, јас секогаш ќе бидам за таа страна која работи согласно решењата на конгресот. Говориш дека ние со тебе се договоривме дека нема да правиме грешки, анализирајќи ги грешките на Драган и дека сега јас и Јован Исаковски сме ги правеле истите грешки. Слушај Миле: јас трпам и примам со сета душа критика, поука и совети, но ќе треба да знаеш дека јас не трпам клевети, јас не чувствувам зад себе грешки и нема да примам и трпам клевети. Јас му дадов наредба на Исаковски да работи согласно решењата на конгресот и да не допусни непроверени материјали во списањето за да не дојдеме до недоразбирање како што се случи во поранешните години. Башка од тоа му имам дадено наредба да држи врски со сите членови на редакцијата ако во случај се јави нешто. Ова Миле сосема не говори дека на Исаковски јас му реков да го нарече Богдановски удбаш, пак ниту тебе ти имам речено ако Томе ти се јави да не разговараш со него, а речи му дека јас тебе не те знам и нема што а говорам со тебе. Вакво нешто на никого немам речено и наредено и ако вакви нешта се јават, пробајте сами да се разберете, а само во случај да не можете тамо да се разберете, обрните се кон политбирото врз претседателот. Еве за какви нешта Миле беше решено да се изберат толку потпретседатели колку континенти има за да можат овие потпретседатели и претседатели на континентот да ги решават дробните проблеми без да го одвлекуваат вниманието на претседателот и политичкото биро од други поважни работи. За се тоа што ви се случи сега во Европа јас те наоѓам виновен тебе Миле. Ако ти како претседател на континентот му објаснуваше на Богдановски дека во Европа има да излезе уште едно списање и нека не обрнуваме внимание на тоа кој што рекол и сторил, кога списањето ќе помини во Австралија, тамо и да сака Драган тој ништо не ќе може да поможи доколку не се реши да се пресели овде. Ако тоа е така, тој исто немаше да се ложи за редактор официјално, но неофицијално тој секогаш ќе беше. Кавгата Миле не е помеѓу мене и Богдановски, туку помеѓу вас луѓето во Европа. Јас ниту се имам скарано со Богдановски и ниту пак се трудам да се скарам. Ти ме обвинуваш мене дека јас водам борба за претседател и затоа се караме со Богдановски. Јас ќе те молам Миле опет да се јавиш во затвор

при Тодета и да му речи дека грешно си го информирал за ова нешто. Помеѓу мене и Богдановски никогаш, ни сега ни понапред, ни во иднина не можеше да возникне борба за претседателското место. Јас вакво место никогаш не барав, овој самар мене ми се натовари не само по предлог на Богдановски, но и по нивно настојување. Сега јас и ти знаеме дека ова нешто го направи Богдановски не од голема љубов кон мене и не од тоа што тој беше наситен од претседателската должност. Богдановски никогаш не ќе се откажеше од претседателската должност ако не бевте вие неколку души во Европа кои ги читавте нашите писма до Драган и секогаш во очи му велевте дека тој не е способен да биде претседател. Но, при сето горе речено Богдановски можеше против секого да води борба за претседателското место, но не против мене и во ова биди уверен Миле. И затоа ќе те молам да се јавиш во затворот и да се извиниш пред Тодета за кривата информација. Што се однесува кон мене, јас ти кажав уште од почеток дека трпам се, но никогаш нема да трпам лаги и клевети, а од тука и излегува потребата од извинување. Ако дејствително Богдановски се појави на сцената и почне да се бори за претседателското место после тоа што тој сам предложи, ќе се демаскираше сам пред сиот ЦК и Движењето како умноболен и умнобркан човек, а Богдановски не е од тие кои сакаат да се кажат болни, дури и ако е болен. Ти Миле може да го знаеш Богдановски долги години, но ти многи малку години имаш работено со тоа кумановско пиле. Богдановски со будалскиот егоизам и бесниот кариеризам што го носи во себе, може да го направи еден ден да си ја продаде и мајка му, но Драган никогаш нема да се самопродаде себе. Ете затоа ти ќе треба да се ослободиш од идејата дека помеѓу мене и Драган постои борба за претседателство. Башка од тоа ако дејствително вакво нешто постоеше, јас одма ќе се откажев за да не дозволам раздор во редовите на Движењето. Ако не се решат проблемите мирно и ако Драган не си даде отчет за да си ја измие извалканата чест, ќе побарам вонреден состанок на ЦК за разгледување на проблемите и истиот состанок ќе биде последен пат што ќе ме видите помеѓу вас, се разбира во движењето ќе останам, но никогаш нема да заземам должност или се осмелам назад да влезам во ЦК. Јас Миле ти кажав дека можам да трпам се, но никогаш нема да трпам будалаштини.

Понатака продолжуваш да ми докажуваш дека не е верно тоа што Златевски сакал да го спречи материјалот од конгресот.

Прво те молам уште еднаш да го прочиташ моето писмо и се разбереш самиот. Јас не писав така, јас коментирав што ми пиши Јован и те прашав да се разбереш и да ми одговориш зошто вакви нешта се случуваат кога нема повод за нив? Исто ми пишуваш дека не е тешко да се разбере кога дошол материјалот на Драган во печатница и колку е тој пројугословенски и дека Драган со своите пријатели долго време изваѓаше весник и луѓето биле задоволни со драгановиот весник. Тука ти Миле многу убаво пишуваш, само сакам да те потсетам во едно дека кога Драган со пријателите негови го изваѓаше весникот, Солунски со пријателите негови го плаќаше тој весник и меѓу сето друго и овој весник на кого вие еве шест месеци го лигавите и не знам кога ќе го залигавите да го видат луѓето во својте раце, кои веќе почнаа да се сомневаат во чесноста на луѓето кои седат во редовите на ДООМ. И пак Солунски со своите пријатели, како се гледаат работите, ќе го плати. Петстотини веќе испративме, а други петстотини веќе се бараат за да бидат готови. Дозволи ми да те прашам колку собра и испрати Драган со своите пријатели? Извини Миле, но ќе ти кажам отворено и сакаш лути се, сакаш не, но твоето прашање е глупаво и детско. Што направи Драган со своите пријатели на нашата помош ние не само што знаеме поубаво од тебе Миле, но и искрено сме му благодарни на Драган и неговите пријатели и истовремено искрено од длабочината на сето наше македонско срце го повикуваме Драган и неговите пријатели да продолжат да го носат ова знаме и во иднина, само со неколку поправки: овојпат Солунски со своите пријатели да бидат исполнители, а Драган со своите пријатели да бидат помагачи, така како што тоа го правеше Солунски со другите. И тебе Миле како моја десна рака, или поточно мој заменик и одговорен за европскиот континент претседател, те молиме да се сретнеш со Драган и да го прашаш дали тој е спремен да им даде можност и на другите да покажат за што се способни, а тој само да помага така како што нему му помагаа досега, дури и ако во некои списања не се објават нивните материјали на првите страници! Ние Миле му помагавме на него без услови и без да има наши материјали во списањата, а него го молиме да ни помага со услови, секогаш да бидат нивните материјали на прво место и само еднаш на секои три години, кога ќе се одржува конгресот, да ни дозволува да ги клаваме материјалите од конгресот на првите страници. Како гледаш Миле не е тешко не само да се најде времето кога постапија нивните материјали

во печатница, но и тоа како ние се договоривме како да го уредиме списањето кога ќе бидат готови материјалите од конгресот. И тука никој не може сега да се откажува дека не беше имено така решено. Така ние се договоривме и така направивме. Тешко ми е да разберам зошто сега ти го креваш прашањето кога дошле и кога биле. Истовремено јас не можам да те разберам зошто ти сега си толку против настроен и не ги сакаш Јован и Томе? Јован и Томе не се подолни ни од тебе и ниту пак од Драган и ниту од мене. Тие се истите Македонци како што сме ние со тебе. Тие имаат право да бидат во Движењето, си го искажуваат своето мнение и можат да бират или бидат бирани како и секој од нас. Ако тоа е така, никој нема право нив да ги потценува или игнорира. Ако Јован или Томе рекле нешто лошо за тебе или Драган или го нарекле удбаш, тоа не значи дека Солунски е виновен и затоа против него ќе треба да се плука крв и се обвинува дека еве ние побратиме решивме така, а ти не изигра овака. Да се обвини човек е многу лесно, а да се оправдаш пред него е многу потешко. Затоа Драган плука денес злост и крв против мене и Ристета (како што во свое време плукаше со наша поддршка злоба против многу чесни Македонци на кои ти сега им пишуваш писма да се вратат назад во Движењето). Јас не сакам кривини и не се приклучувам кон едната или другата групировка за да им укажам помош на едните да ги исклучат другите. Јас Миле еднаш правам грешка и истата грешка во мојот живот пак не се појавува. Ние луѓето во Австралија, не знаејќи ја положбата во Европа, го поддржавме Драган во борбата против Петровски и со наша помош Движењето беше донесено до таа катастрофа до која е стигнато кај вас. Назад нема да поддржам никого и независно кој е тој, ќе се борам до смрт против него. Задачата на претседателот е таа Миле, што е и задачата на потпретседателите - да не се приклучуваат ни кон едни ни кон други, туку да се јавуваат како посредници на добра волја и мир. Вие Миле во секое писмо ме критикувате незаслужено за да ма направите да се озлобам и јас против Јован и Томе, за да имате можност вие со Драган да си го извадите инаетот над нив само затоа што тие рекле нешто против некого. Ти Миле по должноста во Движњето не смееш да застанеш ни на една страна. Ако некој го прекрши законот или уставот ќе треба да примениш мерки да ја омекнеш работата да не стане кавга, да ги собереш луѓето и со добро ги обврзеш да се смират. Ако тоа нешто не е можно да го сториш, само во таков начин се

обрнуваш кон претседателот и бараш да се замеша политчкото биро во недоразбирањето.

Пишуваш и ме критикуваш дека Томе таму нешто мелел, а другите ширеле низ цела Европа и Германија дека Богдановски е удбаш и пак ме обвинуваш мене дека јас се знам, но не применувам мерки. Од една страна си прав кога велиш дека знам, а од друга страна си крив кога велиш дека јас не сум се грижел и не сум презел мерки. Башка од тоа што е горе наведено јас знам и нешто повеќе - Томе некогаш му телефонирал на Миле Илиевски, а Миле му одговорил дека тој не го знаел Томе и затоа не сакал да зборува со него. На такво грубо однесување Миле Илиевски немаше право да навредува друг рамноправен член на ЦК, но Миле тоа го сторил. Драган Богдановски писал писмо во кое ги пцуе Солунски и Ристевски и им се заканува дека тој може да им стори вака и вака. Овие горенаведени новини Миле идат сите од Европа за која си ти одговорен. Што ќе се случуваше со мене ако вакви новини идеа не само од Европа, туку од секаде каде ДООМ дејствува и со сето ова се занимавав јас - без друго од мене немаше да остане не само коска, туку ни прав ни пепел. За да не стане ова нешто ние кон веќе двата од порано избрани потпретседатели, избравме уште еден за да има секој континент човек, кој ќе се занимава со овие и други проблеми и ќе се носат до претседателот и политичкото биро само тие проблеми кои ќе се покажат сложени и нерешливи во дадениот реон. Ова е од една страна што јас не сакав да се занимавам со ова работа доколку таа не е моја, туку твоја и доколку од твоја страна нема уште молба да се замешам јас. Ти молчеше и јас си молчев. Од друга страна ако јас се замешав во оваа манџа без да има повик за помош од твоја страна или од некој друг член кој може ќе беше незадоволен од твоите или ваши заеднички решења, бездруго ќе ти дадев повод да викаш, ме критикуваш и пцуеш за тоа што јас не ти верувам и се мешам во твоите работи и после ти ќе почнуваше да ми пееш: зошто ме избравте ако не ми верувате и што ли не друго? Јас ќе требаше да седам и да немам право да речам ни зборче пошто јас ќе се издрискував сам со својата будалаштина (молам да ме извиниш на грубоста). Ти Миле во ова писмо ме имаш товарено со критики без да имаш и влакно грешка. Што ќе се случеше ако дејствително јас ги прекршував решењата на конгресот? Бездруго ќе ја креваше цела Европа на нозе. Како гледаш Миле, прашањата се многу посложени отколку ти мислиш. Се разбира јас можев да се обрнам кон политичкото

биро уште со првото писмо кога јас научив за се што се деси и ви наредиме правите ова, правите она, а со ова нешто Томе и Јован бездруго ќе се ставеа на местата и ќе исполнуваа се согласно решењата на конгресот. Но, дали тоа ќе го чинеа и другите кои ни испраќаат поздрави дека тие се толку силни и моќни да растурат се што не им оди нив по гајдата? На ова прашање јас Миле не можам да ти одговорам доколку знам колку тие луѓе се национално свесни и се раководат во своите постапки од интересите на Движењето, а тоа значи од националните интереси. Јас Миле ќе бев многу порадосен ако вие тамо сами си наоѓате разбирање и не го замешувате во овие дробни нешта ниту претседателот и ниту пак Централниот комитет или сето политичко биро. На вас после конгресот ви беше порачано само да извадите едно списање за да излезат во назначено време материјалите од конгресот, а после Нова година да се печати списањето во Австралија на машината на која ќе треба да се докупи еден блок за метални плочи. На ова списање се потрошени или празно изгубени шест месеци и списањето уште не е готово, без разлика на тоа кој е виновен Јован Исаковски и Томе Јаневски како што ти тврдиш или Драган Богдановски и Златевски, како што тврдат Јован и Томе. (Томе го спомнувам затоа што ти за него напомнуваш, а јас не знам дали он вакво нешто тврди затоа што од него немам ни здраво ни живо). Меѓу се другото Миле, Австралија за ова време воспостави контакти со Канада и Америка, ја купија полно машината за печатење на весникот “Македонска нација” и собраа десет илјади долари за да се отвори финансиски извор некаде во средината на годината да може веќе да се исплаќа нешто од зајмените пари и да се има поддршка на весникот. Две илјади од овие десет, се дадени од самиот Јован Исаковски на рака кога се враќавме со него назад во Австралија. Како гледаш Миле од горе изложената анализа ќе биде многу тешко за мене и за другите членови на ЦК и политичкото биро да се разбереме тамо со вашите работи и решиме кого да го обвинуваме, а кого да го оправдуваме. Јас тука не го имам предвид писмото на Исаковски каде пишува дека Богдановски е удбаш, за ова нешто ќе го поткастрам како што треба затоа што тој беше на конгресот и знае какви решења ние примивме по ова прашање. Башка од тоа ќе побрам писмена изјава за постапката и објаснување како и на каков начин се дојде до ваква крајност. Јас уште еднаш те потсетувам Миле дека ти како потпретседател ќе треба да знаеш дека во секакви работи во однос Движењето за тебе нема

пријатели и браќа, туку има само твои соработници и истомисленици. На ваков начин секогаш ќе можете да ги решавате проблемите право и без тешкотии. Ако ти се прилепиш кон едната страна, бездруго со другата ќе бидеш на нож, можеби сум грешен, но така мислам во дадениот момент. Вие дојдовте во ваква крајност само затоа што ти завзема една од страните, па создадовте фракции и почнавте да измислувате ѓавол знае што и дојдовте до заклучок дека за се што се случува, виновна е борбата која се води помеѓу Солунски и Богдановски за претседателското место. Ова можеби те чуди, но јасно се гледа од твоето писмо. Погоре јас ти објаснив зошто помеѓу мене и кумановската ѕвезда не постои борба и затоа ќе те молам да ја заборавиш оваа твоја идеја. Тоа што го барам од кумановската ѕвезда, со тоа што се случи помеѓу вас, нема ништо заедничко. Јас барам од Драган писмена изјава со документи дека тој беше во затвор или ако не бил во затвор да каже дека така и така му се случи или дека не се јавил на конгресот каде можеле некои негови грешки да му излезат пред очи. Ова јас го барам не заради мене, туку заради самиот Драган и неговата чест. Ако јас се борев против Драган и сакав да му нанесам удар против него, не требаше да барам од него изјава или објаснување, туку ќе требаше да си молчам и да го исползувам свинскиот егоизам на Драган и неговата будалаштина и да си чекам кога членството на ДООМ само ќе почне да си бега еден по еден од редовите на поткомитетите говорејќи дека нема да седат во организација управувана од арамии и лажговци кои бегаат од нас во времето кога ние на конгресот бараме да ги видиме и запознаеме. Ти Миле го виде Донета како беше разочаран кога разбра дека Драган нема да дојде на конгресот и башка од тоа не излажа, не се јави во Париз каде ние го чекавме три дена. Како што ти писав пред ова писмо јас ја чекав таа кумановска “свиња” два месеци да се јави за да се договориме како да пишиме во списанието за неговото отсуство, тој не се јави и јас, за да не ги држам повеќе материјалите, писав дека тој не беше на конгресот по познати причини, и ако некој, не дај Господ Бог, ме праша кои се тие познати причини, јас на него ќе му речам дека Драган беше во затвор. Ако такво прашање ми се даде и се одговори дека беше во затвор, одма ќе речат дека во таков случај , вие сите ќе требаше да бидете во затвор затоа што бевте во иситте држави каде е затворен или беше затворен Богдановски. Не се ранат сега луѓето со лаги Милчо, сега сите се писари и сите се професори, не можеш секого да го излажеш. Ова е само една

страна, а од друга, ЦК ќе треба да дојде до едно усогласено решение и секој еден да знае како да одговара. Ние веќе се фативме во стапица. Се договоривме да зборуваме дека Драган дојде во последен миг пред завршетокот. Кога дојдовме во Австралија и почнавме со Ристе да ги посетуваме поткомитетите за отчет по конгресот, Ристе рече дека Драган дојде после конгресот, а јас реков во другиот поткомитет дека тој дојде пред крајот на конгресот, а Доне му рече на еден свој пријател дека Драган не само што не бше, туку не го ни видовме. Видиш Миле, ние се договоривме сите што да зборуваме, но кога дојде време да зборуваме, самата лага не ни даде можност на секого од нас тројцата, да зборуваме исто. Затоа Миле ќе му кажеш писмено или ќе одиш сам кај него или ќе го повикаш кај тебе и ќе му кажеш дека тој не смее да си ја гази сам неговата чест. Ако тој сам не се бори за својата чест, никој од нас не ќе биде во состојба да му поможи на него. А што се однесува до тоа што тој не е бил од тие кои не се контролират или кои можат да бидат контролирани, тука ќе му речиш дека ако тој е човек кој не се контролира, ние сме луѓе кои нема да му дозволиме да биде неконтролиран. Ако ние сме согласни да контролираме и бидеме контролирани ова нешто ќе биде приморан да го прави и тој самиот, затоа што тоа е решење на конгресот. Ми пишиш дека ти си го знаел Драган многу децении и како Македонец ти секогаш си го поддржувал него и дека тоа нешто ти си го чинел и сега. Јас искрено се гордеам со тоа што Драган има такви пријатели како тебе но при сета ваша пријателска верност, пак сакам да те потсетам дека Движењето трипати претрпе кризи и беше доведено до парализа во своите редови, мои денес ги има само во Австралија, а во другите делови од нашава планета сега веќе нема редови, па ни остана да се радуваме ако некој скриен поединец некаде се јави и ни рече: “Se, и јас сум тука!”. Овие кризи никогаш немаше да ги претрпи движењето ако тоа се формираше не на пријателски карактер, туку на национален. Јас не сакам да зборувам за ОКМ, истовремено нема да зборувам за кавгите со Гарвански и други, туку ќе речам за последните расправии со Иван Петровски. Анализирајќи ги писмата на Петровски, нашиот разговор со него на неколку дена пред конгресот, како и разговорите со други луѓе во Европа, не одат до заклучок дека Петровски е удбаш, но тој стана “удбаш” тогаш кога почна да се кара со Драган. Тој се караше со Драган за истите прашања за кои ти се караше со него и ми пишуваше мене пред конгресот, но ние Петровски не го подржавме зашто

нас ни беше доста тешко да решиме на чија страна да застаниме затоа што не ја знаевме положбата во Европа и башка од тоа истите убаво уредени писма имавме од самиот Драган и за да се увериме во нашите постапки решивме да се обрниме кон тебе, мислејќи дека ти ќе ја кажиш вистината. После добивањето на твоите неколку писма испратени до Трпо Цалев, ние се посоветувавме и застанавме на драгановата страна. Меѓу се другото сакам да ти кажам дека горенаведената анализа докажува дека Петровски не беше удбаш, ние него го прогласивме за "удбаш", тој немаше тогаш поткрепа да излезе на крај со Драган и падна под влијанието на Ѓоко, кој му го финансираше весникот. Гледај Миле и овој пат да не земиш некои други на тилот со твоето пријателство, гледај вашето пријателство да не создаде некои други групировки, кои веќе почнуваат да излегуваат на мегдан низ магла, со што ќе го донесиме пак движењето во криза и го растуриме тоа кое ние толку години до големи тешкотии и тешки судири со удбашите го создадовме тука во Австралија и се обидуваме да создадеме во Европа, Канада и Америка. Елајте да работиме согласно решењата на конгресот, т.е четвртиот конгрес кои се предвидени на национален карактер, а не на пријателски или братски. Ако Јован рече нешто лошо за Драган за ова само треба да се извести претседателот и политичкото биро и да се бара од Исаковски извинување. Ако рече Илиевски потив Солунски, со него на истиот начин, ако речат Манев и Ристевски со Цалев, со нив на истиот начин. Богдановски нека биде љубезен да даде есап за се пред своите другари во ЦК и ПБ и нека не бара пријатели за создавање групировки и кризи во ДООМ. На ваков начин Миле, сите работи и проблеми ќе можат да се решаваат без тешкотии и ќе се решават така како што е потребно.

А тамо каде ми го праќаш писмото од Драган за да го прочитам и да се уверам во тоа што ти не одиш зад грб е добро нешто и ти честитам за ова нешто, но другите писма писани пак од Драган, и меѓу се друго, се писани понапред од твоето, говорат за тоа дек ти си останал заведен во заблуда и мислејќи дека не одиш од зад грб, биеш баш во грбот. Јас не сакам да се занимвам со вакви неубави работи, но ако дојде дејствително до поголеми недоразбирања ќе ти пратам копии за да се увериш дека биеш баш во центарот на грбот, ако се ракодовиш само по тоа писмо што е испратено до тебе. Карактерот на писмото кое е испратено до тебе е писмо кое го пишува Драган барајќи поткрепители за создавање фракции и групировки во редовите

на движењето, а писмата кои лежат еве пред мене се со карактер кои ги пишува Драган откако веќе тој најде неколку пријатели и почнува да прави вакви пробни напади за да виде како ќе реагира на ова спротивната страна на која ќе треба да и се нанесе завршниот удар. Еве затоа јас погоре ти писав Миле дека ти може да го знаеш Драган многу децении, но малку ти со Драганчо имаш работено за да му ја знаеш тактиката. Нема други среде нас во движењето со ваква способност да можат во краток рок да направат од два брата, два ненавистни свата. Ваква дарба има само Драганчо и никој друг. А како Миле ќе заврши ова, ќе чекаме Господ да ни даде малце повеќе мозок. Тамо каде ми пишиш да размислам подлабоко за да најдеме убаво решење, искрено те сфаќам и затоа седам и ти писам еве од близу дванаесе страници писмо. Ако сите се раководиме од решењата на конгресот и ги кладиме интересите на движењето повисоко од својот егоизам и кариеризам, бездруго другото писмо ќе ми го пишуваш во дух на голем напредок и братско помеѓусебно разбирање, а пак ако почнеме пак да пишуваме писма во кои, наместо да ја делиме радоста во нашиот успех, ги предупредуваме некои да не си ја пикале муцката тамо или вамо само за тоа што по долгот на службата е потребно нешто да направи за да може да биде запазен нивниот авторитет во редовите на Движењето, бездруго нема да видиме бело видело ни ние, па ни Движењето. бездруго Миле што зависи од мене јас ќе направам само ќе те молам тебе да го заборавиш пријателството и да работиме само по принцип: направи грешка - не е вважно кој си - оправдувај се пред должниот форум, направи добро си во похвала од должниот форум. Ваков принцип јас признавам и секогаш за него ќе се борам затоа што таков принцип е кладен и предвиден во решењата на конгресот. Ми пишуваш дека се ова го правиш за да ја сфатам положбата. Ние ќе треба да се разбереме и да си дојдеме до нормална работа. Јас се надевам Миле дека разумот ќе победи и ќе се разбериме. Ние тука луѓето од Австралија немаме ни намера и ниту пак желба да некого го закопаме до гуша во калта, туку напротив нашиот принцип е да им се помага да излезат од калта тие што веќе седат во калта и на ваков начин и принцип ние ќе се бориме да работат сите луѓе во редовите на ДООМ, каде влегувате и вие луѓето од Европа. Јас длабоко се извинувам пред тебе Миле и искрено ја примам твојата критика ако јас сум направил ваква грешка да ти пишам заканувачко писмо. Те уверувам дека на никого нема пишувано вакви писма, а најмалку

на тебе. Во твоето претходно писмо јас напомнувам за вакви нешта, но тоа нема ништо заедничко со никого, туку едноставно коментирам дека ние ќе треба да го донесеме движењето до ваков напредок кога тоа ќе биде во можност да ги учи да гледат зад себе тие кои сега те плашат тебе и могу други наши браќа. По цела веројатност ти не го разбра мојот израз и затоа е тешко неоправдано да критикуваш. Повторувам Миле дека јас ваква грешка никаде не сум сторил.

И на крај Милчо ќе те молам за да се изврши се тоа за што говоревме сега и за што говоревме на конгресот ќе треба бездруго да се сретнеш со Драган и му расправаш дека никој него не го мрази и не му пречи да работи, само работите ќе треба да се вршат согласно решењата на конгресот и секој еден да се занимава со работата која на него му е доверена. Ако тој дејствително сака да пишува на списанието дека е одговорен редактор, нека се сврзи со нас на ист начин со кој работевме до конгресот и се ќе си дојде на место. Ние не го кладовме него затоа што тој никогаш не беше писан после кавгите со Петровски и меѓу се другото тоа нешто го сторил тој, а не ние. Башка од ова ако на него не му пречи за неговата чест и достоинство може да не се оправдува пред ЦК и ПБ, но во ваков случај, кога луѓето ќе почнат да бараат есап за ова и почнат да си го вртат носот од нас, пошто ние не ќе знаеме што да им одговориме на нивните прашања, во таков случај нека одговара Драган и целата тежина на поразот нека ја сноси тој самиот.

Како погоре напомнав Миле ние башка од парите осум илјади што беа потребни за машината бериме и други десет илјади за финансиски извори или како бизнис за движењето, парите се речиси сите собрани со исклучок на одредена сума, која треба да дојде од поткомитетите од Викторија при братот А. Манев. Меѓу другото, оваа сума е собрана од луѓето кои се само петнаесет отсто, а другите осумдесет и пет отсто не даваат додека не им ги кажеме причините за списањето, конгресните решења и разните други лаги кои ги шират непријателите против Драган. Од каде идат овие работи Миле не е тешко да се знае.

Во свое време вакво нешто се случуваше притив Р. Ристевски, но за Ристе ние се знаевме како е и како не е и кога еднаш една ваква дипломатска ороспија шириш јавно против Ристе вакви нешта пред широка маса луѓе, јас излегов со копии од некои Ристеви документи и го направив тој дипломат да не знае од која врата да си оди и јавно му реков дека ако не престанат да вршат вакви гнасни нешта, ќе издадеме специјални

летоци од вашите лаги, кои вие писмено ги испраќате како пропаганда и еве заедно со овие документи, кои го докажуваат спротивното се потпишани исто од вас и нема да оставиме ни една куќа во републиката и странство да остане без летки, башка од ова за сите ваши емисии врз Матицата и Светиот синод ќе бараме јавно во општините да дадете договор на тоа кои ваши документи се лажливи, а кои се вистински. Тие Миле не очекуваа дека Ристе има копии од судовите во кои беше суден и за што беше суден, а кога видоа дека има силен доказ против нивните лаги, еве има три и пол години, за Ристета немаат цркнато ниту збор, а за Драган и за други луѓе кои поминаа низ Грција оглувуваат ушите од лошо, но мене и нас другите треба да не интересира Драган и за да се некако запази авторитетот на Движењето и честа на Драган, која е врзана долги години со Движењето и затоа ќе треба Драган да си каже нешто за да знаеме да не се фаќаме во лагите. Ова нешто Миле е сериозно и затоа јас мислам дека само ти можеш Драган да го донесиш на прав пат и му објасниш дека ние можеме на него да му опростиме се како што и многу пати понапред тоа нешто го правевме, но тој не може да си игра со масите. Вие Миле во Европа сте инаку поставени, а тука нашите поткомитети се многубројни и ако еден рече дека нема да дозволиме арамии да си подигруваат со нас, оди после докажувај што е бело, а што црно - нема да најдеш крај. А сега дозволи ми уште еднаш да се извинам пред тебе ако некаде во ова писмо или во претходното те навредив. Искрено ќе те молам да ме братски извиниш доколку сум ти нанел навреда од невминание и ненамерно.

Михаил Шариновски Солунски

ПИСМО ОД МИХАИЛ ШАРИНОВСКИ СОЛУНСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ СО ОБИД ДА СЕ СМИРАТ МЕЃУСЕБНИТЕ ПРЕПУКУВАЊА СРЕДЕ РАКОВОДНИТЕ КАДРИ ВО ДООМ (12.01.1979 година)

Милчо здраво!

Твоето писмо го добив заедно со копијата од писмото до Манев, а исто и заедничкото писмо до мене и Манев. Без да лицемерам, бележам тоа, што овие твои писма ме одухотворуваат и радуваат. Уште од почетокот во писмата се гледа дека владее голема грижа и одговорност на македонскиот

патриотизам за судбината на Движењето и Македонија, нешто што во другите твои писма некако беше доста слабо, во нив на прво место се занимаваше со грижата на пријателството, а сето друго имаше второстепена улога. Јас не губев надеж дека еден ден ќе огрее сонце во некои недоразбирања и еве мислам дека ваквото нешто е на видело. Искрено ти благодарам за ова нешто. Таму каде во едно место говориш дека јас не сум бил слеп да видам што ти секогаш ме поддржуваше, е верно, го гледав и гледам, но сепак не бев задоволен од твоите писма затоа што пријателството кон Драгана ги надминуваше сите други елементи - патриотизмот, прашањето на реалната положба со работата на Драган и неговите постапки, грижата за Движењето и татковината. Уште еднаш искрено ти благодарам за овие твои писма без оглед на тоа што и во нив има некои нешта кои ги претеруваш повеќе отколку што е потребно. На сите овие нешта ќе се погрижам да се задржам подробно затоа што дел од општите прашања имаат општо значење.

Прашањето да составиме сметка и ги распределиме трошковите за списанието по сите поткомитети бездруго ќе треба да го стори затоа што за еден поткомитет вакви трошкови се големи и како јас со моите момчиња излегов на крај оваа година, т.е. минатата година, не знам ни самиот. Од грбот на нашиот поткомитет излегоа за овој период над десет илјади долари и ако може некој да го види ова нешто со каква тешкотија ги собиравме, ќе не плачи цел живот. Башка од тоа, нашиот поткомитет даде осум илјади долари за финансискиот извор кој ќе требаше да се отвори 77 година, а да ги задоволи некако потребите на ДООМ, од нив пет илјади се од мојот џеб. Овој бизнис не почнал уште затоа што ние не ги собравме сите потребни пари 20000 долари (дваесет илјади долари). Причината за ова нешо беше братот Манев. Тој требаше до собере 4000 и обеќа дека ќе собери. Имајќи вакви обеќања, ние кога собравме 16000 заклучивме договор со компанијата дека 20000 ги плаќаме и бизнисот го земаме во свои раце, а долговите за здањето што го користиме, ќе ги плаќаме месечно. Времето беше определено на 1 јануари 78 година. Времето помина, а Манев ниту се загрижи за ова нешто и така не само што сега не можеме да ги земеме назад парите, туку и се плашам дали еден ден ќе можеме да ги земеме и за исползување на бизнисот. Времето помина и прашањето со парите остана целосно во рацете на компанијата. Не е уште се завршено, но тоа е така затоа што тамо имаме некое

пријателство, а инаку никаква река не не крева. Ова решење беше примено на конгресот и одма се погриживме да обезбедиме достатно пари, но како гледаш не зависи се од нас со Ристета или ти со Тодета. За да имаме успех сите ќе треба еднакво да мислат и еднакво да дејствуваат и работат. Видиш Милчо тебе ти требаа близу две години да ја видиш работата со Драган, а има други кои и сега не можат да го разберат тоа нешто дека за се што се случи е виновен Драган, а не Солунски и Ристевски и тоа можеше да го согледа секој кој искрено беше загрижен. Причината беше во тоа Миле што некои работејќи долги години во Движењето се почувствуваа големи патриоти, лидери, идеолози и се друго без да имаат критерии за срамнување на становиштата на едните или другите да видат кој е прав, а кој е крив. Се раководеа чисто од егоизмот и мислеа дека ако тие мислат така, значи тоа е вистинско така. Многу малу луѓе се најдоа кои мислеа и работеа, раководејќи се од патриотизмот. Сега работите одат на многу подобро и се подобруваат секој ден, но не беше така пред кратко и убаво познато време. Ова нешто ти убаво го знаеш и не е потребно да го повторувам, еве затоа јас искрено ти благодарам за твоите три убави писма. Ти ми создаде голема главоболија во тоа време само затоа што ти никако не сакаше да се смириш со тоа што некој рекол дека Драган е писал удбашки материјали во списанието и за да се разбериме, еве ни зеде толку време, но не е само времето, има и голем зијан сторено без да го сакаме тоа нешто. Јас Миле овој пат, имајќи вакво убаво писмо од тебе ќе требаше да ти честитам и речам дека се ќе стори ме како велите и на ова ќе завршуваме. Мислам ќе беше голема грешка од моја страна ако го чинев тоа нешто без да ти дадам некои објаснувања каков зијан се донесе и кои беа причините, затоа ќе ми дозволиш да ти објаснам без да има лутба ако некаде те чукнам пријателски и тебе. Укажувајќи си ги грешките еден со друг на братски начин ние ќе си помагаме дружно за да не правиме грешки. Кога заврши конгресот беше договорено дека на прв план стојат финансиите и за да успееме да извршиме се како што треба, што беше примено на конгресот, ќе треба финансиски извор. За ова нешто беа примени и предвидени некои работи кои ќе требаше да останат во длабока тајна и не ги знае никој друг освен договорените лица кои ќе требаше да ја решат оваа работа. Во тоа време се ни се качи на глава наеднаш и ќе требаше да се работи многу внимателно за да не се дозволат непоправливи грешки. За ова нешто ќе требаше да

имаме разбирање, но како знаеш вакво нешто немавме и го немаме сега. Во тоа време ти писав неколку писма каде ти ја изнесов реално положбата и побарав од тебе да престанеш да се занимаваш со Јована и Томета и да гледаш да се ослободиш од пријателството со Драгана, а за ова ти реков дека ќе треба бездруго да се сврзиш со него и како ќе треба да се говори. Ти не ме послуша и си продолжи со прикаските: Јован вака, Драган така, а Томе онака, па ни избега од раце случајот да се отвори бизнис во Европа, кој ќе требаше да се раководи од вас самите и најповеќе се мислеше да го држите под контрола ти и Тоде. Ова нешто ни избега од рацете и цела виновност ја носиш ти, затоа што и се почувствува поголем париот од Солунски и Ристевски и си помисли дека само ти работиш правилно и ќе треба да го спасиш Драган. Како гледаш не било така и затоа изгубивме се, но јас не се разочарав, го спасивме Движењето, а имајќи го движењето ние сега ќе го сториме тоа што не го сторивме или го изгубивме. Кога ти пишуваше за Томе и Јован токму во истото време други луѓе пишуваа за тебе и Златевски и јас ќе требаше да бидам внимателен и секој свој чекор го мерам и премерувам за да не се дозволи грешка и не се создадат антагониски групи и ти писав писмо каде ти реков дека претседателите, потпретседателите, секретарите и подсекретарите немаат право да создаваат групи, ниту да се приклучат кон некои групи, но ти не ме разбра. Изгледа и сега некои нешта уште ги немаш сфатено и затоа пишуваш дека Солунски се покажал неспособен да го раководи движењето, удба го исползувала ова и затоа така се случило и најповеќе ова се однесува за нас во Австралија. Не е така Миле! Движењето се задржа и изнесе на својот грб вакви тешкотии и носи уште само затоа што не е така како говориш ти. Јас не се лутам и ти можеш да говориш се што сакаш, но не смееш да бегаш од вистината. Ти пишиш дека си критичен кон луѓето кои ги сакаш и затоа го искажуваш нештото така како што тоа е и јас не ќе требало да се лутам. Но како гледаш, не е така. На човек му треба повеќе самокритичност Миле за да може да ги гледа работите како што е потребно. Претстави си што можеше да се случи ако јас се раководев од пријателството и мојот егоизам? Се разбира дека вакво нешто не можеш ни да претпоставиш и затоа не ти се лутев и не ти се лутам ни сега затоа што ваквите нешта не се лесни. Нив може да ги разбери само човек кој станал револуционер, не поради тоа што прочитал некоја статија во некое списање, туку поради тоа што ја изучил азбуката, правилата и законите револуционерни или

законите на револуцијата. Јас може не требаше да ти пишувам дека и за тебе има гнасни писма, дека и тебе не те сакаа, како што не ги сакаа ни другите. Но, ако не ти пишам, ни сега нема да видиш дека е кривото, а дека правото. Вакви нешта се случуваа не само кај вас во Европа, како ти што знаеш тие продолжуваат и денес во Австралија, а тие беа и во Америка. Ти пишуваш дека не чинеше Солунски и затоа станале овие нешта, т.е. удба ги исползува моите неспособности. Јас нема да ти напишам ништо затоа што многу ги мразам луѓето кои пишуваат сами за себе, ова нешто го оставам да го разгледаш уште еднаш ти, откако некои нешта ти станаа појасни отколку што ти беа. Положбата во Австралија не стана лоша сега, таа секогаш беше лоша, но не можеа непријателите да најдат слаби места во нашата работа за да можат да се зацепат, кај нас постоеше монолитно единство и ова единство беше клучот за нашиот успех. Кога братот Манев се даде во слабост на некои, кои никогаш не биле и не се бореле за македонско, се создадоа услови да се најде слабо место и да се почне расцепот. Писмото кое го писал Ристевски беше само рачка, а вистината се влечка некаде од седумдесет и петта година. Една група момчиња од Порт Кембла почна да го убедува Стојана како Ристе имал грешки, крадел пари и ги навредувал поповите и конзулите кога доаѓале во општината. Стојан ова нешто некако го прифати јасно и ми пиша писмо во кое ми соопшти дека овие момчиња се добри и така натака. Притоа им рекол дека за ова нешто ќе требало да се обрнат со писмо кон мене. Тие ми напишаа писмо и бараа да се применат мерки против Ристета. Јас им кажав дека може да се прави, а може и да се криви, затоа ќе ги молам, ако се добри патриоти, да не пишуваат ништо повеќе, туку да чекаат до Божик или до Нова година јас да свикам во согласност со претседателот Богдановски состанок и состанокот ќе го одржиме во Порт Кембла кај самиот Ристе, каде ќе ја видиме неговата работа. Кога се состанавме им рековме - еве сега сме тука кај виновникот и ако имате нешто бидете љубезни и кажете му пред нас. При контролата се покажа дека Ристе е чист како бисер, парите и сета работа со него беа чисти. И потоа се покажа дека овие луѓе и не биле членови на ДООМ. Јас доста се налутив на нив и на Манев, но некако се смири работата. Тие рекоа дека не веруваат на Ристе и затоа не се решавале да се зачленат. Им рековме дека ќе треба да си создадат покткомитет и ако не сакаат да соработуваат со Ристе, нека соработуваат со мене или со Манев, а кога ќе се избират делегати, нека изберат

свој човек за ЦК. Ланската година пак свикавме состанок кај Ристе, а тие луѓе не само што не создале поткомитет, туку и не мислеле да создаваат. Не им била јасна положбата со Драган Богдановски, а кога им реков дека положбата со Богдановски се случи неодамна, и ги прашав што правеле лани или полани, ми ветија дека ќе создадат поткомитет и на следниот состанок ќе ме известат за тоа. Но оваа година се собраа на состанок заедно со анархистите за да го растураат ДООМ и го исклучат, не само Ристевски, туку и мене и Манев. Во оваа група влегува и брат ти. Тие не го сакаат Ристе, а ни еден од нив не е член на ДООМ. Друга група анархисти не го сака Манев, затоа што имал комунистички идеи. Јас им кажав одделно и на Ристе и на Манев. Ристе ме послуша, а Манев се почувствува голем лидер и отвори голема кампања против Ристе, а после и против мене. Го користуваа анархистите со помош на Доне Димов, а сега ми пиша дека сака да го вратиме неговиот поткомитет назад во ДООМ. Манев имаше можност пред да го растури својот поткомитет, да ги предвиди грешките, за тоа требаше да постапи како што јас му реков. Сега ти ја виде грешката, но колку ќе не чини сега кога срцата им се расипани? Ќе работат двајцата, но нема да го имаат тој љубовен стремеж и разбирање што го имаа пред да се случат овие неубави нешта. Како во групата каде е брат ти и во другата анархистичка група има добри момчиња, кои ја предвидоа сета оваа авантура и не им дадоа на анархистите да донесат расцепо, туку им кажаа дека не им е местото во редовите на ДООМ. На ваков начин, раководејќи се не од идеалот на кариеризмот и егоизмот, туку од идеалот на патриотизмот, можат да бидат создадени услови за непријателот да се открие самиот без да ти направи штета, а за ова, како што реков погоре, е потребна слога и заемно разбирање.

Анархистите одамна преземуваа акции да не извикат на полемика и меѓусебни расправии, но не можеа да го сторат тоа нешто додека Антон не им даде повод со своето автобиографско пишување. Јас говорев со Антон по телефон и строго го предупредив вакво нешо да не прави затоа што ќе донесе зијан не само на Движењето, туку и на себе. Користејќи го името негово, анархистите раководени од дипломирани удбаши и бугараши пишуваат писмо од мое име, каде бараат свикување конференција за решавање работи во ДООМ, иако никој од нив не е член на Движењето. Друго писмо се појави во кое се говореше дека после консултациите со Манев решиле да побараат свикување конференција и барале од Солунски и

Ристевски да се јават, инаку ќе бидат исклучени. Се разбира ние многу убаво знаеме кој ги прави овие нешта и кој стое зад тоа и лесно можевме да му направиме да утре се заборави и самиот себе. Правење вакво нешто ќе ги заблудуваше момчињата кои уште мислат дека анархизмот може да биди корисен за Македонија, па затоа ние со Ристе не само што не се јавивме на таа конференција, туку и не писавме писмо да кажиме дека ова е се лага. Ги консултиравме нашите момчиња како да се држат на конференцијата и кога анархистите почнале да говорат од името на ДООМ, ги прашале дали се членови на ДООМ и дали писмото кое им беше пратено на нив е било писано од Солунски или беше нивна провокација? Дали тие знаат дека ДООМ се управува од главата, а не од опашката? Смисолот беше да добијат поддршка и почнат создавање нова организација, која ќе се борела на подипломатски начин, отколку што се борел ДООМ. Оваа идеја не е нова, таа се појави 1976 година во поткомитетот од Западна Австралија под влијание на Југословенскиот конзулат и беше разбиена одма после нејзиното појавување, а сега како гледаш се појави пак и притоа побраа исклучување не само на Ристета и мене, туку побарале да се исклучи и Манев, иако од негово име ја побарале оваа конференција. Ако ние се јавевме со Ристе или почнавме да се занимаваме со пишувања можеби момчињата не ќе можеа да видат каде е зајакот закопан. Притоа на оваа конференција удбашите и бугарашите работеле заедно. Но, не им успеал обидот, тој излегол јалов. Како гледаш Миле, не го исползувас удбашите моето незнаење, како ти говориш, туку причината е национално идеолошката слабост на некои други лица. Претседателот може да раководи и жнее плод од својата дејност ако зад себе има јаки плешти како што имаше Драганчо. Моите плешти повеќе ми пречеа одошто ми помагаа. Една година и пол се занимавав само со објаснување на писмата во кои еден го напаѓаше другиот, а другиот напаѓаше трет. Вистинска помош видов само од единаесет души кои се наоѓаат во Америка, Австралија и Европа, тука ги имам предвид членовите и кандидатите за ЦК, а не редовното членство. И од редовното членство имаше огромна помош. Ти Миле можеш да пишуваш и говориш се што сакаш, тоа е твое право. А јас ќе ти кажам следното за да не си правиш илузии и фантазии од некои од прашањата. Движењето се запази и не се растури заради претседателот и неговата грижа да не ги распалува омразата и стремежот на противните групи, туку примајќи ги некои од

грешките на свој грб, носеше и носи смирувања помеѓу нив. И ова нешто јас бев во состојба да го правам со помошта на тие единаесет души, за кое нешто Македонија ќе им биде вечно благодарна. Јас можев уште некои нешта да ти отворам, но мислам дека понатака сам многу нешта ќе можеш да предвидиш за да не го должиме писмото. Ми пишуваш дека јас ќе треба да се раширам малце и им дадам слобода и на другите да работат. Тука правиш голема грешка. Кажи еден човек на кого јас му попречив да си ја врши работата. Ваков човек ти нема да најдеш. Тоа што Манев го додаде како едно парталче залепено во неговта биографија, кој не ми го прати мене, па требаше да ми го пратат некои чесни патриоти после моето писмо во кое јас побарав да се враќа се назад во архивата што се мисли да е лага или провокација за да имаме можност да ги отворуваме расцепниците - тоа што го пиши братот Манев не е вистина дека него никој не го прашал. Во моето информационо писмо јас барам согласност од секого оште од правата страница за да се исклучи Драган, тоа писмо го добија не само членовите на ЦК, но и поткомитетите, а Манев како мој заменик, доби еден од најпрвите. За исклучувањето се искажа против само еден човек, сите другите не рекоа ништо, што значи дека беа согласни, а меѓу нив и Антон. Башка од тоа предлогот да се печати соопштението не беше мој, туку на Манев, со таа само разлика што тој бараше специјално списање. Никакво друго специјално списање, башка од "М. Н." ние немаме и секакви други ќе излегуваат како провокација и лага. Меѓу се другото јас бев против секакви пишувања и ова нешто може лесно да се документира и докаже дека самиот Антон тврди дека јас бев против. Во кратко: предлогот го даде Манев, а членството го прифати и мислам дека правилно постапија. Јас само не позволив да се пишува по други списања затоа што ние имаме само едно авторитативно списање, а тоа е "М. Н." Вакви нешта јас сторив и не е грешка. Вистина ние примивме решење на конгресот да не се пишува за клевети и расправии, но тоа што ние писавме не е клевета, ниту пак расправија. Тоа е соопштение за човек кој ги прекршил уставот и решењата на организацијата. Решењата од конгресот еднакво важат за сите, а во тој број и Драган влегува. Ова нешто те молам да го сфатиш еднаш и засекогаш, дека јас немам ништо општо ни со предлогот ни со барањето. Јас само ја исполнив волјата на масите. Мене може да ми се припишува како грешка тоа што не дозволив да се ваѓат други специјални списања Тоа што Манев писал дека него

никој не го прашал не е верно. Сите беа прашани толку колку што беше пршан и Манев. Јас имам и друга грешка ако вистнски сакаме да се занимаваме со грешките и ја бараме правината. Во писмото барам исклучување, а во списанието пишуваме дека се одстранува во рок на три години. Вакво нешто е мое самоволие и се разбира дека има објаснување зошто јас вака постапив, но при сето тоа членството има право да ме обвинува за прекршок на решението. Со Антон јас држам контакти, но дали ќе го кладиме да работи, не знам. Тие се загрижени да си ги вратат назад изгубените позиции во општината и до кога ова нешто не го сторат, од нив не земаш работа. Списанието по решението на конгресот требаше да го вадат тие, а како што гледаш со него се занимавам јас и ми се отвори работа која не беше предвидена и е доста тешка, ми одзема многу време и немам време да си ги вршам моите претседателски работи. Реално јас не сум претседател, туку публицист, журналист, писател и печатар.

Гледам дека и ти и Златрвски пак се занимавате со Томета, па затоа ќе се погрижам уште еднаш да се изјаснам, може ќе најдеме заеднички јазик. Јас ви кажав дека него го познавам и знам, а колку толку ве знам и сите вас другите. Ако е тоа така јас ќе треба да верувам во сите писма и се занимавам со нив и ги прогласам сите за удбаши, бугаромани и гркомани. Ова е вистина затоа што нема такви писма само потив Томета. Против сите вас имам писма дека сте вакви или онакви. Вакво писмо јас немам само од Томета во кое не само што би напаѓал некого, туку не соопштува ни барем дали е жив. Ова е вистина и ме чуди зошто не сакате да го сфатите. Томе не ми се гледа добар, тој обеќа многу нешта, но не само што не изврши ништо, туку и не се јавува за да каже кои се причините за тоа. Но ова не ни дава за право на нас да го тужиме дека е ваков или онаков. Наша цел е ако не можиме човекот да го правиме наш, барем да не го правиме туѓ, еве овој беше смисолот на моето поранешно писмо, а не тоа што Томе имал некаква симпатија кај мене. Јас писав дека ние не смееме да пишуваме ако не знаеме, но тоа сосема не говори дека не смееме да бараме и дознаеме. Повторувам, ако имате факти дека не е добар човек, јавете се и предложете што мислите. Луѓето мислат дека ти си за се виновен, дека ти никого не го прашаш и дејствуваш на своја глава. Едно момче лани ми писа одговор на мое писмо во кое го прашав да ми објасни што е причината со Томета и зошто не се јавува кога толку се фалеше дека ќе правиме така, ќе

правиме онака Ми рече дека ретко го гледа и при една од средбите му рекол дека ти си го навредил по телефон и затоа не сака да работи. Јас одма ова ти го соопштив. Гледај да држиш добри односи со Јована, ова нешо е многу важно. Не смееш да ми противиш. Има нешта кои не смеам да ти ги пишувам ни во писмо ни по телефон. Повторувам дека ќе треба да вршиш некои работи без подробно објаснување, кои не смеат да бидат ширени никаде, затоа ќе треба да имаш тесна пријателска врска со Јована и советувај се со него по прашањето за Томе само не смееш да пишуваш ништо друго башка од тоа што ќе прашуваш зошто Томе не се нити слуша нити гледа. Ако Јован нешто знае ќе ти пиши. Повторувам држи добри односи со Јована и не смееш да ме прашаш зошто додека не се сретниме и видиме очи во очи. Ова е важно од најважните нешта. Се што ќе бара од вас е да му помагате согласно вашите можности. Копија од ова писмо ќе имаат само Тоде и Ристе. Ако во случај излези на мегдан, тогаш еден од нас четирите не е чесен и се издава широка тајна. Нема да чекате ни ти ни Тоде кога ќе се јавува сам Јован до вас со писма, вие ќе треба самите да се јавувате и прашате дали нешто е потребно да се врши и што по негово мнение е потребно. Го молам и Тодета да се советувате и ја вршите оваа работа додека да се видиме очи во очи за да ви кажам зошто сето ова е потребно. Јован е чесен париот и ќе му треба вашата помош... *

_____

* Писмото не е сочувано во целост.

ПИСМО ОД ЈОВАН ИСАКОВСКИ ДО ДОНЕ ДИМОВ
(19.02.1978 година)

Драги брате Доне,

Вашето писмо го пимив. Благодарам на картата, навистина е многу убва работа. Верувај ми веднаш ја прикачив над креветот каде што спијам. Многу, многу благодарам на тоа.

Материјалот испратен до сите поткомитети на ДООМ е неверојатно добар и точно подудара на сегашната ситуација воопшто кај нас. Вашиот материјал е најдобар што досега е напишан од наша страна. Во него се гледа целосна слика како би требало ДООМ понатаму да работи и без некултурности. Само така мој Доне може да се оди напред и да се нижат само победи и победи. Не треба да се гледа на функции и чукање по гради. Треба да се запрегнат ракавите и напред во борба за исполнување на нашите задачи, кои ни престојат.

Точно е дека некаде стојат весници со купови, а некаде луѓето немаат да читаат. А зошто е така? Положбата е јасно прецизирана во недостиг на финансии.

Единствен е вашиот поткомитет што испратил пари за весникот. Повеќе не сакам да пишувам во врска со тоа бидејќи во претходното писмо го образложив положението. Во иднина "Македонска нација" ќе се печати таму. Верувам дека ќе биде многу подобро и без мешање на опозиција, т.е. непријателот.

Материјали ќе има доста, за тоа да не ве брини. Само мора да се води сметка во техничката изработка на весникот.

Во моментот еден или два броја ќе бидат разбира се малку лоши, но во иднина тие грешки ќе бидат отклонети. Не треба да се плашиме. Мора да се почне и победата во врска со тоа ќе биде на наша страна.

Доне, гледам дека уз твоето рамо седат доста добри млади луѓе, на кои борбата на ДООМ ќе падне понатаму на нивни плеќи. Но, верувам дека сите вие сте искалени борци.

Само така мој Доне, критикувајте се што гледате неправилно. Барајте да секоја одлука која не е донесена во склад со нашите прописи, да биде изменета без оглед кој ја донел таа одлука.

Организацијата мора да се раководи на демократски начин. Диктатура на ДООМ не е потребна. Сите сме свесни и мораме да работиме она што совеста ни дозволува, разбира се сите заедно и колективно.Засега само толку. Поздрави ги сите наши браќа.

Твој,
Јован Исаковски

ПИСМО ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ОД АКТИВИСТ
НА ДООМ ВО КОЕ ГО ИНФОРМИРА ЗА АКТИВНОСТИ ПО АПСЕЊЕТО НА ДРАГАН БОГДАНОВСКИ (23.07.1979 година)

Драги Миле, Норсборг, 23.7.79

Се вратив на 9.7. од Даларна и те барав неколку пати по телефон. Сигурно си на одмор. Утре патувам и се враќам околу 15 август. Ќе ти звонам тогаш. Ако имаш време некако да дојдеш наваму ќе биде најдобро. Треба да видам дали и какви можности има да му се помогне на Драгана.

Ги познавам од амнести, но прво треба да се види подетаљно како го одвлекле, кога и од каде, чиј државјанин е, кои се замешани и т.н. Ме чуди многу што Борис Вишински (го знаеш што му издадов романот на шведски и подготвувам друг) ништо не ми кажал. Во мај ми се јави од Минхен бидејќи кога е во Југославија не се допишуваме пошто УДБа дознала од еден од Гетеборг дека јас исто така работам во Хеденланс форлаг. Тој ќе ми се јави секако на есен и можеби знае повеќе детаљи околу Драгана.

Ќе поработам на твојот чланок кога ќе се вратам бидејќи до сега немав време. Набавивме сопствена штампарија и имам работа многу.

Многу поздрави,
(Нечиток потпис)

РЕАГИРАЊЕ НА ДООМ ПО ПОВОД АПСЕЊЕТО
НА ДРАГАН БОГДАНОВСКИ (прва половина на 1979 година)

На 17 февруари 1979 година, пишува “Нова Македонија” дека Драган Богдановски, претседателот на Движењето за ослободување и обединување на Македонија, е осуден на 13 години затвор. Во краткото соопштение се споменува само дека Богдановски емигрирал 1951 и дека измеѓу 1956 и 1979 “дејствувал непријателски против нашата земја, нејзиното општествено уредување... со цел подривање на нашиот општествено-политички систем... на разбивање на братството и единството на југословенските народи... и загрозување на територијалната целина на СФРЈ.”

Тоа се значи обвинувањата на експонентите на комунистичката диктатура во Скопје против Драган Богдановски. “Нова Македонија”, која никако не пропушта да изнесува во детаљи

обични криминални престапи, не изнесува ништо конкретно во што се состои кривицата на Богдановски и по кој закон и параграф е осуден на таа тешка казна која во праксата на УДБа е смртна казна. Илјади Македонци внатре и надвор од земјата, кои чуле или читале за дејноста на Движењето за ослободување и обединување на Македонија, весникот "Македонска нација", како и книгите и брошурите кои движењето ги издава, се прашуваат денес: како злосторство сторил Драган Богдановски, та скопските полицајци веќе дваесет години го проследуваат, се обидуваат да го убијат и најпосле успеаја да го умртват и одвлечат за да го мачат со средновековни методи и осудат на долга смрт? Зошто скопските комунисти немаат најобичен граѓански кураж да објават спрема кој кривичен закон на Југославија се осудува Богдановски? И кој југословенски кривичен закон ја задолжува УДБа да убива во иностранство луѓе, чија една кривица е дека пишувале или се изјаснувале за демократија во својата земја? Каде е социјалистичката законост и социјалистичката демократија на титовците, која според нив стои многу повисоко од парламенарната демократија и законоста во слободниот свет?

Богдановски е суден на таен процес и македонската јавност се прашува: зошто управниците на СР Македонија се плашат од јавен судски процес? Да не види некој Македонец од улицата дека тие судат некого за "дела" за кои нити во турското ропство не се судело? Дека секој кој бара демократија и слобода во удбашките затвори се осудува на смрт? Се плашат дека оваа судска комедија во сталински стил, иако тие го напаѓаат баш Сталин за неговите судски комедии, ќе ги разголи нивните темни души и крвави раце? Или се плашеа дека обичниот Македонец ќе види еден осакатен, мачен и покриен со рани човек кого го судат дека барал демократија и обединување на распарчена Македонија? Многумина интелектуалци во Скопје кои го добиваат списанието "Македонска нација", чиј уредник беше Богдановски, секако дека би сакале да присуствуваат на судењето на еден ваков "крупен" политички престапник, со своите очи да го видат Македонецот кој прв после Втората светска војна го подигна прашањето за обединување на трите дела на Македонија, ја покажа на демократската јавност опасноста од денационализација на Македонците во Бугарија и Грција. Нашата јавност се прашува: под кој параграф и во кој кривичен закон потпаѓа овој "престап"?

Многумина Македонци во СР Македонија, кои инаку можеби и не го одобрувале бескомпромисниот став на Драган Богдановски, секако би сакале да го видат макар и во судската дворана оној кој прв во македонската историја и без секоја тенденција почна да обработува делови од македонската национална историја. Тоа беше една макотрпна работа, во материјална мизерија, често пати гладен, ронеше Богдановски во архивите во Европа и пишуваше без обзир на цензурата. Иако оваа дејност е со закон гарантирана на секој југословенски граѓанин, таа за скопскиот суд е "антинародна дејност". Каков престап најдоа скопските управници во тврдењата на Богдановски дека Македонија не е нити српска, нити бугарска, нити грчка и дека таа треба да се обедини? Ако е престапно да се бара обединување на Македонија пред бугарскиот и грчкиот национализам да успеат да го истребат македонскиот народ под нивна власт, тогаш и скопските управници отишле далеку од вековните идеали на македонскиот народ, па и од своите сопствени идеали. Каде е "опасноста за територијалниот интегритет на Југославија" во ова барање? Не само од македонска, но и од балканска и од европска гледна точка, едно обединување на Македонија е единото решение на вековните националистички спорови меѓу балкнските држави, без обзир на внатрешното уредување. Книгите, списанијата и предавањата на Богдановски, кои се плодови на неговата дваесетгодишна работа, си остануваат како документи од огромно значење во најновата историја на Македонија. Пресудата на скопскиот политички суд е затоа уште една црна страница во оваа историја. Воедно оваа пресуда уште еднаш покажа дека скопските управници се плашат и од сенката на секоја појава на независна и демократска мисла и дека режимот во Југославија е и си останува една црвена диктатура.

Кој е Драган Богдановски?

Роден е во 1929 година во село Клечевци, Кумановско во сиромашно селско семејство. Родителите го праќаат да заврши гимназија во Куманово. Таму разбира Драган дека не е се во ред во ослободената татковина. Разбира дека слободата што се труби од официјалната пропагандна машина е само слобода да се зборува на мајчин јазик и да се нарекува Македонец. Тој чита многу и официјална пропаганда и книги полни со ослободителен занес и со пробуден македонски национализам. И разбира дека границите на слободата се ставени на правото да се зборува на македонски јазик. И разбира дека во Македонија израснува една

нова модерна биократија од советски тип, со тајна и јавна полиција, кои по своите sверства и масовна контрола далеку ги натфрлија своите учители. Дека секој може да биде прогласен за “народен непријател”, дури и без причина, ако некој го поткаже на УДБа. Затворите и логорите се полнеа со обични граѓани и селани чија кривица е дека биле “потенцијални непријатели” на народната власт. Туку што завршил гимназија решава со пријатели да бега од земајта. Емигрира во Грција, а оттаму во Бразилија. По неколку месеци, во 1951, заедно со Сандо Пелев се враќа во Париз каде отпочнува студии по Право на Сорбона. Во 1958 ги продолжува студиите во Осло, Норвегија, каде се оженува со една Норвежанка со која има два сина.

Во Осло започнува неговата патриотска дејност. Тој започнува со издавањето на првото македонско спиание во туѓина после Втората светска војна “Македонска лоза”. Во 1959 се формира Македонски Национален комитет, кој опстојува до 1961, кога се расформира во недостиг на средства и затоа што некои членови го напуштаат, што е обична појва во емиграција. Но, Богдановски е неуморен. Издава книги со најновата македонска национална историја, збирки со песни свои и од други емигранти, нови весници како “Македонска нација”, го организира Движењето за ослободување и обединување на Македонија. Во 1973 година е избран за претседател на Движењето, каде секретар е Благоја Шамбевски - две маркантни личности во македонската емиграција. Скопските управници праќаат убијци, кои го убиваат Шамбевски на sверски начин, од кој беше згрозена и германската јавност. УДБа го гони и Драгана. нејзините агенти се по него. Се обидуваат неколку пати да го убијат. И најпосле им успева. Една ноќ во август упаѓа една голема група удбаши во неговиот стан во Швајцарија, го умртвуваат и полумртов го одвлечуваат во Југославија. Мрачните сили од Скопје се плашат од едно емигрантско перо, од еден сиромашен емигрантски весник и од статиите и брошурите кои Богдановски ги објавуваше.

Нашата јавност се прашува: зошто управувачите во Скопје и натаму ги валкаат рацете со невина македонска крв? Може ли со злочински убиства надвор и внатре во земјата да се угуши слободната македонска мисла, да се угуши борбата за ослободување и обединување на распарчената татковина?

Делото на Богдановски и Шамбевски го превзедоа нови македонски сили и го продолжуваат. Богдановски даде огромен придонес во македонската национална историја, политички и

научно. Тој е најновата жртва на една мрачна тиранија, која еден ден ќе се стави пред судот на историјата. Неговата политичка пресуда го разголи уште еднаш правото лице на една убилачка машина која се плаши од сиромашни емигрантски весници кога тие ја зборуваат вистината за Македонија. Но, слободата и вистината се вечни и никој не може да ги уништи.

(Автор на овој текст потпишан од ДООМ е Миле Илиевски)
ФАКСИМИЛ ОД “НОВА МАКЕДОНИЈА” :ЗА НЕПРИЈАТЕЛСКА ДЕЈНОСТ...” И ОД “ЕКСПРЕС ПОЛИТИКА” (ЦЕЛА СТРАНИЦА) ОВА ДА ОДИ ПО РЕАГИРАЊЕТО ОД ДООМ доом3 пг 1

ЗАПИСНИК ОД СОСТАНОКОТ НА ЦК НА ДООМ СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОКМ НЕЧЕВСКИ (19.04.1980 година)

Работено на ден 19 април 1980 година
во Копенхаген - Данска

ЗАПИСНИК

Од одржаниот состанок на членовите на ЦК на ДООМ и претседателот на ОКМ братот Нечевски.

Кога се констатира дека има достаточен “кворум” за полноправно решавање и донесување на одлуки, согласно правилникот на ДООМ, претседателот на ДООМ, братот Солунски го отвори состанокот и го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД:

1. Уредувањето и подигнувањето на авторитетот на весникот “Македонска нација”.
2. Издавање на нов информативен билтен.
3. Регулирање на односите помеѓу ДООМ и ОКМ.
4. Зајакнување на работата на покраинските поткомитети на ДООМ.
5. Регулирање на негативните појави помеѓу членовите на ДООМ.
6. Разно.

Дневниот ред беше примен без никакви измени и дополнувања. Од страна на присутните се бараше да веднаш се почне со работа по дневиот ред.

По првата точка од дневниот ред дискутираше братот Миле Илиевски, кој меѓу другото рече: “Весникот 'Македонска нација' до денес не го има постигнато своето политичко, морално и

културно-просветно ниво. Во весникот и ден денес продолжуваат да се пишуваат секакви неморални и вулгарни работи, а најповеќе меѓусебни расправии и псовки меѓу членовите на ДООМ. Сметам дека на сето тоа е потребно еднаш да се стави крај. Добро се сеќавам дека на последниот конгрес одржан во Алтенау, Западна Германија е донесена одлука со која се забрануваат секакви вулгарни испади во весникот, меѓутоа и ден денес продолжува.

По мое лично мнение весникот треба да остане чисто политички и културно-просветен лист и како таков да се печати. Списанието само во таа смисла може да го подигне својот очекуван авторитет, а од друга страна читателите со многу поголем апетит ќе го гледаат тоа списание".

По истото прашање дискутираа и браќата Солунски, Нечевски и Радевски и после сета дискусија се донесе следната:

ОДЛУКА

Во иднина списанието мора да остане чисто политички и културно-просветен лист. Се забранува да во иднина во тоа списание се внесуваат статии со вулгарни изрази и меѓусебни расправии.

Редакциониот одбор, а посебно одговорниот редактор, во иднина да се борат да не се провлекуваат никакви грешки, како што тоа досега се правеше и да одговорните се борат да весникот го подигне својот морал пред редовните читатели.

Во врска со втората точка од дневниот ред, издавањето на информативен битлен, после долгата дискусија на присутните, се донесе следната

ОДЛУКА

Во колку се појават извесни чланци од читателите, а кои чланци не можат да си го најдат местото во списанието "Македонска нација", можат да се печатат во тој информативен билтен. Тој билтен ќе биде печатен по укажаните потреби.

По исцрпувањето на втората точка од дневниот ред, се предложи третата очка и се бараше да по истата се почне со работа.

Во врска со третата точка од дневниот ред, регулирање на односите на ДООМ и ОКМ најповеќе дискутираа браќата Солунски и Нечевски. Од целокупната дискусија на присутните членови, се констатира дека ДООМ и ОКМ е една иста организација, која се бори за едно исто дело ослободување и обединување на Македонија. За расцепувањето и создавањето на две исти организации е дело на провокатори кои настојуваа

да на тој начин се ликвидира и угуши работата на организацијата.

Прераснувањето на ОКМ во ДООМ беше со донесена одлука на Бременскиот конгрес и на тој конгрес за претседател на ДООМ беше избран братот Димко Нечевски. После долгата дискусија во која дискутираа браќата Илиевски, Солунски и Нечевски, се донесе следната:

ОДЛУКА

Со оваа одлука се овластуваат браќата Илиевски, Нечевски и Радевски, да припремат потребен материјал со кој материјал ќе се огледат кои се организациите ДООМ и ОКМ.

Сочинетиот материјал да веднаш биде отпечатен во весникот "Македонска нација" и да преку тој весник биде запознаето целото членство на ДООМ и ОКМ и читателите на весникот "Македонска нација".

По исцрпувањето на третата точка од дневиот ред се прејде на четвртата точка - работата на покраинските комитети. Во опширната дискусија од страна на претседателот на ДООМ братот Солунски се констатира дека Покраинскиот комитет на Европа, после конгресот одржан во Алтенау, Германија, до денес нема ништо постигнато. А покраинските комитети на Америка и Аутралија, можат слободно да се пофалат за нивната активна работа до денес. Во покраинскиот комитет во Канада е засилена шпионската служба на Југославија. После долгата дискусија на присутните се донесе следната:

ОДЛУКА

Се задолжуваат покраинските комитети, а посебно комитетот од Европа, да си ги средат своите работи и се впрегнат во позасилена работа за светото дело. Сите недоразбирања и караници меѓу членството, кои во иднина ќе се појават, ќе ги средуваат и расчистуваат покраинските комитети, таму каде ќе се појават такви проблеми.

По исцрпувањето на четвртата точка од дневниот ред, се продолжи со петтата точка од дневниот ред разно.

Братот Солунски дискутираше по однос слабите финансиски средства за одржување на списанието. После долгата дискусија се донесе следната:

ОДЛУКА

Сите покраински комитети, според своите можности да приготват свој финансиски план, кој план точно ќе прецизира колку ќе може да се дотира во месечен кзнос финаниски средства за одржувањето на списанието.

Под точката разно присутните членови најповеќе по својата дискусија се задржаа по прашањето на пишување МЕМОРАНДУМ до Обединетите нации и Европската заедица.

Во дискусијата братот Солунски подвлече дека од направените посети кај дипломатските претставништва на Советскиот Сооjуз, Американскиот и Турскиот конзулат, од сите три претставништва, сме добивале скоро ист одговор и тоа:

“Вие како претставници на една Македонска ослободителна организација, која се бори за ослободување и обединување на Македонија, мора да таа организација со нешто покаже дека фактички се бори за тоа дело. Бидејќи до денес на нас со ништо не е покажано, ние како дипломатски претставници не можеме со ништо да ви помогнеме. Потребно е од вас да се покаже поголема активност, со која активност светот да биде запознат за вашата борба. Тек тогаш може од нас да се очекува бараната помош.”

Во понатамошата дискусија братот Нечевски го постави прашањето во врска со влегувањето на Грција во Европското тржиште, да бидат запознати останатите, т.е. сите земји кои се членови на Европското тржиште, дека новиот член Грција која треба да се прими е окупатор на Македонскиот народ. После целата дискусија се донесе следната:

ОДЛУКА

Се задолжува, т.е. овластува ЦК на ДООМ да приготви МЕМОРАНДУМ и испрати до Обединетите нации и Европското тржиште, во кој меморандум точно да се прецизира Македонското прашање денес и се бара да се поткрепи нашата борба за ослободување и обединување на Македонија. Меморандумот да биде испратен на македонски, англиски и руски јазик.

По исцрпувањето на петтата точка од дневниот ред, состанокот заврши со својата работа точно во 20,30 часот.

Записничар на состанокот
Исаковски Јован

ПИСМО ОД БОГОЉУБ АНДОНОВСКИ ДО ПЕТРУШЕВСКИ СО БАРАЊЕ ЗА КОНТАКТ СО РЕДАКЦИЈАТА НА ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНСКА НАЦИЈА” (25.04.1980)

Драги пријател Петрушевски,

Пред неколку дена го добив твоето писмо од 10 април таа година. Многу ти благодарам за вниманието да ме контактираш и измениш некоја мисла и со мене. Жал ми е што првото писмо дошло на мојата стара адреса и се вратило назад. Во секој случај, фала ти, што ме побара на мојата сегашна адреса.

Вистина е дека јас лично или преку други лица, во последниве две-три години, правев обиди да некако воспоставам врска со некого од редакцијата на М.Н. Но, за сожаление сите мои напори останаа без резултати, без успех. Пишував во Минхен, пишував во Гетеборг, али никојпат одговор не добив...

Затоа овој прв контакт со тебе мошне ме израдува и ми дава надежи дека нашата понатамошна соработка и контакти со цел зајакнување на нашите напори на заедничкото ни дело - ослободување и обединување на сите Македонци во една слободна, независна и демократска република Македонија, ќе дадат, секако и свои плодови.

Моите напори да воспоставам врска со редакцијата на “М. Н.” немаа само проста цел да се претплатам на весникот “М. Н.”, ами и да воспоставам еден срдечен дијалог, како со одговорните во редакцијата, исто така и со читателите на весникот “М. Н.”

Во крајна линија сакав да ви кажам, драг пријателу Петрушевски, дека и на мене лично, како и на сите вас, ми лежи на срцето најголемиот проблем на Македонскиот народ и на Македонското движење: ослободување и обединување на Македонија, а врз база на неодложно сплотување на сите македонски организации и групи во една единствена македонска организација, единствен Македонски револуционерен народен фонт со единствена народно-ослободителна акција и цел.

Во таа цел, сметам да го изложам моето длабоко уверение дека несебичните напори, кои што сме ги вложиле сите ние заедно, бездруго ќе бидат крунисани со пожелни големи успеси. Весникот “Македонска нација” од своја страна би можел да одигра една од најплеменитите ролји во зближувањето и обединувањето на сите Македонци во Македонија и во иностранство во една единствена револуционерна македонска

организација, која ќе биде кадра да со сите народни сили се бори за ослободување и обединување на поробена Македонија.

Оти, што би било ако револуционерната борба на македонскиот народ се препушти на стихијата од хетерогени (разнородни) движења, групи и групации? Ако Македонците не се духовно подготват за единствена цел на идната Македонска револуција; ако тие не се соединети во една единствена революционерна организација, како едно тело и една душа, еден ден, тие ќе бидат принудени да се борат разединети, без единство на волја, ни акција, тегнејќи секоја група на своја страна... при што револуцијата може или да тапка на место и лесно да биде задушена или пак таа да скршне во непожелна посока и не ја постигне нејзината цел.

Јас лично немам да жалам ни труд, ни материјални жртви, дури ни мојот живот, ако треба, во таа света борба на Македонскиот народ со цел за конечно ослободување и обединување на Македонија, најсветиот идеал на илинденските неимари.

Ете каков е мојот став по Македонското прашање.

Предади срдечни поздрави на сите Македонци кои се борат за слободата на Македонија. Тебе лично ти пожелувам успех во револуционерната дејност за доброто на Македонскиот народ.

Твој пријател: Андоновски

П.С. “ИНТЕРНАТИОНАЛ ДОЦУМЕНТАТИОН ОН МАЦЕДОНИА” ќе излезе во 12 томови од вкупно 1600 страници. Цената ќе биде 150 швајцарски франци. Се печати на англиски и француски јазик. Излезени се девет томови. Се нарачува директно (или можам лично да ја превземам и испратам).

МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ДВИЖЕЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ И ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ГИ ЗАЈАКНУВА СВОИТЕ ПОЗИЦИИ

(Извадок од статијата од Миле Илиевски, мај 1980 година)

Старите и искусни борци се договорија да го расчистат трнливиот македонски пат. На 29.04.1980 год. во предградието на Копенхаген во станот на познатиот македонски општественик Димко Нечевски беа собрани делегати од Западна Европа, Австралија и внатрешноста на Македонија. Овој состанок имаше за задача и како најглавна цел беше да се стави крај на сите

досегашни недоразбирања, кавги и расцепи. Во долготрајната дискусија скоро сите присутни имаа слични сфаќања од каде идат кавгите, кој ги конструира и спроведува на дело расцепувањата во македонската емиграција. Овде присутните избраа една комисија, која ќе ги разгледа сите досегашни расцепи во македонското национално движење и направи проект-смерница за во иднина да не се дојдува до такви непожелни судрувања. За да се изработи една поопширна политичка платформа се избраа следните лица: Димко Нечевски, Миле Илиевски и Тоде Радевски. Оваа политичка платформа, откако ќе биде напишана, ќе биде испратена до сите организации што постојат на разгледување и каде ќе има можност за да се дополни и измени.

Најпрвин, едно мало разложение на некои поважни моменти на досегашниот живот на македонското национално движење: прво списание на македонски јазик по Втората светска војна е "Македонска лоза", која се појави во 1958 година. Малку подоцна, во заедничка соработка на Друштвото на Македонците во Шведска и Македонците од Осло се основа првата македонска политичка организација "Македонски Национален Комитет" со свој орган "Слободна Македонија" на чие чело застана Страхил Пеев. Оваа организација имаше краток живот од 1958 до 1962 година, но тоа беше период кога Македонците забележаа завиден успех. Додека претседателот Страхил Пеев, со неколку други членови, правеа една општа посета на поткомитетите во Западна Европа, во Минхен во ресторанот на редакторот на "Хрватска зора" Роко Калеб, истиот ги запозна дека Драган Богдановски е во затвор во Париз, Франција и им даде превод од пишувањето на "Франсуар". Оваа вест тешко ги погоди присутните затоа што и покрај тоа што Пеев беше претседател, Драган беше една од најглавните личности на МНК, за кого ќе пишуваме покасно во посебен материјал. Во организацијата се појавија кавги. Додека еден дел мислеа дека за сето е крив Драган Богдановски, други мислеа дека сето тоа може лесно да се заборави. Драган штом излезе од затвор не беше оној поранешниот Драган. Од смртен непријател на српска црвена Југославија се измени со благ тон спрема Македонската република. Оние Македонци кои во Драган дотогаш гледаа анти-комунист, најдоа на нов Драган, кој политички беше мртов. МНК имаше завидни успеси само затоа што на негово чело стоеше професорот Страхил Пеев, кој во тоа време предаваше славистика на Универзитетот во Лунд, Шведска.

Недоразбирањата во организацијата зедоа таков размер, што на 22.06.1962 година, пак се собраа група Македонци, кои организииpаа нова организиација ОКМ, на чие чело застана Димко Нечевски. Но, кавгите меѓу Македонците во Скандинавијата не стивнаа. Додека еден дел мислеа дека за Драган Богдановски нема место меѓу македонската политичка емиграција, други мислеа дека без Драган движењето ослабнува и дека може да се прими и работи под друго име, но Драган ова не го прифати. После едно извесно време работа на ОКМ, управата реши да направи средба со претседателот на МНК. Таа средба се случи на 17.07.1962 година во Стокхолм. Од ОКМ беа Ристо Христов, Ристо Недановски, Миле Илиевски и Борис Мицковски, но некој заеднички јазик со Страхил Пеев не се најде. ОКМ почна со работа и почна да издава свој орган "Македонија". Весникот "Македонија" во почетокот беше прилично слаб и луѓето што го редактираа беа релативно млади и неискусни, но со големи напори и љубов кон татковината, весникот "Македонија" си најде свои читатели и помагачи. За релативно кратко време тој беше читан не само во Скандинавијата и Европа, туку и во далечна Австралија, Канада, Америка и внатре во татковината. Младите луѓе во редакцијата занесени од успесите одговоруваа на сите писма што пристигнаа во редакцијата. За нив немаше празници: за луѓето околу редакцијата Велигден беше пишување на писма, одговори и статии за весникот "Македонија". Секој ден работеа и во фабрики за насушниот леб, но никогаш не се жалеа и знаеја дека прават помош на Македонскиот народ. Редакторите на "Македонија" чувствуваа дека целиот македонски народ е со нив. По почетокот на 1964 и 1965 година нагло почна да расте македонската емиграција во Скандинавија, па пристигнаа учени и интелигенција: професори, инженери, адвокати и сл. ОКМ им ги отвори своите врати не прашувајќи кои се. И не беше за чудење што во ОКМ се вовлекоа луѓе на српска удба, некој забележано, а некој незабележано, за кој денес со сигурност се знаи се следните лица: Благој Миленковски (професор), Благој Блажевиќ (бивши југословенски офицер), Тодор Коцев (инжинер). Споменатите и други неспоменати почнаа на ОКМ гробот од внатре да му го копаат пошто успеаја да станат членови на ОКМ. За илустрација ќе наведеме неколку бисери како постапуваа ушкалата од удба.

Што се однесуваше за Благој Миленковски, многумина го познаваа уште од битолската гимназија како кодош, а имаше и такви кои го познаваа, кои заедно завршија удбашка школа, но и

тоа не вредеше, некои борци од ОКМ велеа: па што ако е удбаш, нам ни треба учени луѓе, нема да му дадеме како што сака тој. Други пак му префрлаа следното на редакцијата: Вие што ја редактиравте досега “Македонија” не сакате да му го препушите местото од љубомора затоа што тие се пописмени.

Кулминацијата на расправиите и кавгите ја доведоа организацијата до озбилен расцеп. Во канцеларијата на Благој Миленковски, каде тој сам се предложи да стане главен редактор на весникот “Македонија”, под изговор со кое би се стивнале сите кавги, кои тој лично ги провоцира, а Миле Илиевски да се суспендира привремено, а во компензација да се смени дотогашниот секретар и да го предложи за секртар на ОКМ Благој Блажевич. Групата на Благој Миленковски надгласи. Овој “милостив” професор ги маѓепса и добронамерните Македонци, кои гласаа на негова страна, но добар број ќутеа, а и доста од управата на ОКМ не беа на овој состанок. Ресцепот во ОКМ стана факт. Кога Миленковски не успеа да се докачи до весникот “Македонија”, почна да издава нов весник во име на ОКМ “Македонец”. Удба спроведе див терор против оние Македонци што не одеа по патот на Миленковски. Се случија диви тепачки против Македонците и луѓето на удба, но овие од удба се излагаа мислејќи дека имаат работа со наивни Македонци и дека тепачките ќе се припишат како меѓусебна расправија на Македонците. Шведската штампа и шведската полиција застанаа на страната на македонските борци и многу правилно ја проценија работата.Ќе наведеме неколку примери од шведската штама. (...)

ПИСМО ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ОД СЕКРЕТАРОТ НА МАТИЦАТА НА ИСЕЛЕНИЦИ ОД СКОПЈЕ ТРАЈАН БАФТИРОВСКИ ВО ВРСКА СО ПРИСУТНОСТА НА МАКЕДОНСКИ ВЕСНИЦИ ВО ГЕТЕБОРГ (20.05.1980 година)

Драги Илиевски,

Ви благодариме за вашето писмо во кое не информирате за неприсутноста на македонските публикации и весници во Гетеборг. Во врска со тоа, ве молиме да не информирате за Културниот центар за странци неговата улога, цел, состав и тн. Исто така, ве молиме да не известите за точната адреса на Центарот, како и за потребните публикации, весници и др.

Присутноста на македонските весници во тамошните трафики не е наша надлежност. Меѓутоа, ние ќе сториме се во нашите можности, доколку не информирате за институцијата и адресата на која сте се обратиле да добивате “Нова Македонија”.

Ви препорачуваме да се обратите, исто така, и до Републичкиот секретаријат за информации во Скопје, детално да им ја презентирате тамошната положба и конкретните потреби на Центарот. Примете ги нашите искрени поздрави.

С е к р е т а р
Трајан Бавтироски

ПИСМО ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ОД СЕКРЕТАРОТ НА МАТИЦАТА НА ИСЕЛЕНИЦИ ОД СКОПЈЕ ТРАЈАН БАФТИРОВСКИ
(23.07.1980 година)

Почитуван Илиевски,

Поминаа 8 години од нашето видување во Гетеборг и од разговорите. Гледам дека се сеќавате на тие разговори. Се сеќавам и јас. Сум Ве споменувал и во Волонгонг при средбите со Ва-шите.

Јас Ви благодарам што мислите дека ќе ги протумачам успешно Вашите чувства. Ќе се обидам. Но тоа ќе биде доцна наесен, кога ќе се вратат луѓето од одмори. Што ќе се успее не знам, зашто не зависи од мене и од Матицата.

Идејата Ви ја поздравувам. Денес веќе има многу наши Македонци што сакаат да читаат за нашата земја. Таа потреба оди паралелно со изградувањето на свеста дека СР Македонија е лигитимен претставник на сите Македонци и дека треба да ја чуваме и помагаме сите, кој колку може. Само така ќе одиме позабрзано напред и ќе ги остваримe нашите желби за изградба на убава земја. Ние работиме со сета сила, но имаше доста тешкотии. За кусо време остваривме многу, ни треба да сториме уште. Се вложуваат максимални напори. Нашите тешкотии сега се веќе помали. Ќе ги совладуваме. Ќе му бидеме благодарни на секој што ќе помогне: со совети, предлози, со помош од материјален карактер. Најблагодарни сме им на тие што со искрена љубов ја сакаат нашата земја и ја кажуваат вистината за тоа. Денес имаме многу такви наши и пријатели, утре ќе бидат уште повеќе. Вистината ги привлекува. На крајот Ве поздравувам и Ви пожелувам добро здравје.

С е к р е т а р,
Трајан Бавтироски

ПИСМО ОД АМНЕСТИ ИНТЕРНЕШНАЛ ДО
МИЛЕ ИЛИЕВСКИ И ДО ДРУГИ БЛИСКИ НА
ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ВО ВРСКА
СО НЕГОВИОТ СЛУЧАЈ (19.02.1981 година)

Драги господа,*

Секако дека имате слушнато за Амнести интернешнал. Оваа организација е посветена да им помага на затворениците затворени само поради своите убедувања, религиозни верувања или расизам, но само доколку не биле вклучени во никакви насилни активности.

Нашата група 77 од Стразбург, Франција е посебно загрижена за случајот со Драган Богдановски кој во 1979 година е осуден на 13 години затвор. Проблемот е во тоа што имаме малку информации за него, а посебно за конкретната причина за неговото апсење и за начинот на кој бил уапсен. Исто така многу малку имаме слушнато за него откако се наоѓа во затвор. Се разбира дека овој недостиг на информации за нас претставува хендикеп за сите чекори што би можеле да ги превземиме пред југословенските власти.

Веруваме дека Драган Богдановски можеби одржува некаква врска со Вас, па ќе Ви бидеме благодарни доколку ни помогнете. Сите информации што ќе ни ги дадете, ќе ги сметаме како доверливи.

Во очекување да слушнеме од Вас,

Искрено Ваш, Лионел Хилер

_____

* Писмото во оригинал е пишувано на англиски

ФОТОКОПИЈА ОД ПИСМОТО ОД АМНЕСТИ ИНТЕРНЕШНАЛ (19-2-1981) НА ЦЕЛА СТР. доом3 пг 5

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО АМНЕСТИ ИНТЕРНЕШНАЛ ВО ВРСКА СО СЛУЧАЈОТ НА
ДРАГАН БОГДАНОВСКИ (10.03.1981 година)

Лионел Хилаире
6 руе ду Ландсберг
Хоенхеим
67800 Бисцхеим, Франце

Драги пријатели,*

Благодарам многу за вашето писмо кое многу ме израдува.

Пријатно ми е кога знам дека Амнести групата работи за мојот пријател Драган Богдановски.

Со Драган Богдановски се познавам уште од 1958 година. Во 1951 тој побегна во Грција како политички бегалец и оттогаш, па се до 1978, тој живееше во разни европски држави. Повеќе години тој живееше во Норвешка каде има два сина на возраст од 20 и 22 години.

Драган Богдановски околу 25 години работеше активно во македонска организација чија цел е обединување на Македонија. Оваа организација е целосно определена против секаков вид насилство. Убеден сум дека поради ваквото негово членување Драган Богдановски беше киднапиран во 1978 година. (Последен пат зборував со него во јуни 1978).

Во февруари 1979 година, како што знаете, тој беше осуден на 13 години затвор од страна на регионалниот Суд во Скопје бидејќи, спроед судијата, тој во странство работел против режимот во Југославија. Името на судијата е Миладин Стојанов. Драган Богдановски сега веројатно е на издржување на затворската казна во затворот во Скопје, па можете да му пишете на следната адреса:

Драган Богдановски
КП дом Идризово
СР Македонија
Југославија

Ако Ве интересираат поконкретни работи Ве молам прашајте ме и ќе се обидам да Ви помогнам. Во ова писмо можеби ќе бев и поотворен доколку сум убеден дека вие и навистина сте Амнести група. Ќе треба да ми испратите докази за ова?

Искрено Ваш,
Миле Илиевски

_____

* Писмото во оригинал е пишувано на англиски.

ПИСМО ОД БРИТ ОСТЕНГЕН (ПОРАНЕШНА СОПРУГА НА ДРАГАН БОГДАНОВСКИ) ДО АКТИВИСТОТ НА “АМНЕСТИ ИНТЕРНЕШНАЛ” РЕГИНА ВАКСМАН ОД ФРАНЦИЈА ВО КОЕ ДАВА ЛОШИ КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ДРАГАН КАКО СОПРУГ И ТАТКО

Мрс. Регина Њаксман
6, руе де Пфеттисхеим
Лампертхеим
67450 Мундолсхеим
Франце

Осло. 10 Јуни, 1981

Драга г-ѓо Ваксман*

Прво дозволете ми да Ви се заблагодарам за Вашето љубезно писмо од 22 мај 1981. Ги почитувам Вашите заложби да му помогнете на Драган Богдановски, иако се плашам дека малку ќе можам да Ви помогнам. Ми изгледа дека мислите оти јас и Драган се уште сме во брак. Но, ние сме разведени веќе 19 години. Бидејќи сте биле во контакт со г-дин Миле Илиевски во врска со Драган, малку сум изненадена што ова не го знаевте.

Вие ме замолувате да Ви кажам податоци во врска со Драган. Се запознавме во Париз, 1956 година. Во врска со неговиот претходен живот, тој ми кажа дека го напуштил својот дом во Куманово (близу Скопје) уште како многу млад и заминал за Белград. Подоцна заминал во Западна Европа (Франција) и Јужна Америка (Бразил). Во обете земји лежел затвор пред да го запознаам. Не можам да гарантирам дека ова е вистина, но една работа е сигурна, а тоа е дека тој беше во затвор во Франција кога мојот најстар син се роди во март 1958 година. Зошто бил во затвор? Тој ми објасни дека тоа било поради неговите политички ангажмани (тој беше противник на режимот на Тито).

Кога мојот најмал син имаше две години (јули 1961) Драган замина за Шведска за да ја продава книгата што ја напиша за Македонското прашање. Тој ми прати разгледница во која ме извести дека ќе оди и во Белгија за да ја продава книгата и таму, но дека ќе се врати дома по неколку дена. По многу поминато време тој пак ми се јави, но не од Белгија, туку од Фреснес (затвор од Франција, за кој мислам дека е во близината на Париз). Тој ми кажа три различни верзии за причините за неговото затворање, но бидејќи мене ми беше

преку глава од неговите лаги, контактирав со норвешката амбасада во Париз и ги замолив да ме известат зошто Драган е во затвор. Одговорот гласеше: заради криминал (кражба). Потоа некој (не знам кој) ми прати писмо со исечок од судската расправа, во кој прочиав дека Драган лажел на судот во врска со своето семејство (нас). Тогаш почнав бракоразводна парница бидејќи не сакав моите деца да растат со татко кој повеќе беше во затвор, отколку на слобода и кој очигледно не можеше да направи разлика помеѓу сонот и реалноста, исправното и погрешното. Јас мислам дека тој е ментално болен човек и така треба да биде третиран.

Го почитувам тоа што Амнести интернешнал, Група 77 од Стразур, сака да му помогне на Драган, а во тоа е вклучен и Миле Илиевски од Шведска кој, како то спомнавте, контактираше со мене и кој следната недела ќе дојде да се види со мојот најтар син.

Морам да признаам дека сум по малку изненадена бидејќи знаете толку малку за Драган и се уште го ставате во категоријата "политички затвореник". Се разбира дека можеби сте во право за ова, но моето мислење е сосема поинакво. Но, понеогаш размислувам колку навистина го знам или го знаев него?

Драган му кажал на Миле (неговиот пријател) дека редовно се гледал и грижел за своите синови последниве години, но Миле беше изненаден кога му кажав дека Драган ги нема видено своите синови цели 19 години. Моите синови не се сеќаваат дека го сретнале кога и да било. Последен пат кога имавме некаков контакт со Драган беше пред 18 години. По разводот Драган праќаше пари за децата околу една година. Но, еден ден престана и потоа не слушнавме ништо за него. Мојата сестра престојуваше во Минхен во 1963 и таму случајно го сретнала Драган во еден парк. Го прашала зошто заборавил на своите деца, кога знае дека јас бев во лоша економска состојба? Му рекла дека неговиот морал е на многу ниско ниво. Тој и рекол дека слушнал оти јас сум се премажила. Сестра ми му рекла: "Зошто не појдеш во норвешкиот конзулат во Минхен, каде ќе ти кажат дали таа е премажена или не?" Што направил потоа, не знам, но недолго потоа ни испрати 500 норвешки круни и тоа беше последно што слушнавме од него.

Сега по толку поминати години, г-дин Илиевски ми се јави и ме праша дали моите деца би сакале да го посетат Драган в

затвор. Пред извесно време, преку еден полициски службеник, со мене контактираше и Министерството за надворешни работи на Норвешка, кои исто така ме прашаа дали би направила нешто за да му помогнам на Драган. Јас им реков дека не можам и не сакам да направам ништо, потсетувајќи го полицискиот службеник дека Драган си ги заборави сопстените деца и дека сега не може да очекува помош од мене.

Му објаснив и на Миле Илиевски дека Иво (мојот помлад син) ми рече дека тој воопшто не е заинтересиран да го посети Драган. "Зошто да одам и да го видам, кога тој никогаш не ме видел мене?" Но, Пер-Арне можеби ќе биде заинтересиран, но прво сака да знае дали Драган и навистина е политички затвоеник. Пер-Арне контактираше со канцеларијата на Амнести интернешнал во Осло, но тие не можеа да му кажат ништо и му препорачаа самиот да го истражи ова. Како што му објаснив и на Миле, Пер-Арне нема пари за патување во Југославија.

Сега се осврнувам на Вашите прашања, кои ги одговарам на следниот начин:

1. Верувам дека, според Вашиот ангажман, знаете дека југоловенските власти не признаваат дека имаат политички затореници во своите затвори. Не знам каква ќе биде нивната реакија кон мојот син кој ќе дојде од странство да го види Драган.Проверив дека патните трошоци Осло-Белград-Осло се околу 5.000 норвешки круни, т.е. околу 1.000 американски долаи.

2. Мислам дека на ова прашање ќе Ви одговорат во југословенската амбасада.

3. Не го познавам семејството на Драган, но се сеќавам дека името на неговиот татко било Јован. (Драган секогаш ми велеше дека мајка му е почината, но по многу години, брат му на Драган ми кажа дека таа се уште била жива). Извесно време контактирав со братот на Драган, но го заборавив неговото име, а сум ја загубила и неговата адреса. Жалам што не можам да Ви помогнам со вакви информации.

Драга г-ѓо Ваксман, жалам што веројатно очекувавте моето писмо да биде позитивно, но тоа испадна негативно. Сепак, Ви посакувам среќа во Вашите напори да му ја олесните сегашнава состојба на Драган.

Како што спомнав претходно, Миле доаѓа од Шведска за да се сретне со Пер-Арне следната недела. Мислам дека ќе биде корисно да ја слушне верзијата на Пер-Арне и обратно.

Со најдобри поздрави,
Искрено Ваша
Брит Østенген Богдановски
Østenåсвеиен 30, 1344 Хаслум

_____

* Писмото во оригинал е пишувано на анлиски.

ПОТВРДА ОД НОРВЕШКАТА АМБАСАДА ВО БЕЛГРАД ИЗДАДЕНА ВО ВРСКА СО НОРВЕШКОТО ДРЖАВЈАНСТВО НА ПЕР АРНЕ БОГДАНОВСКИ (СИНОТ НА ДРАГАН БОГДАНОВСКИ) ПРЕД НЕГОВАТА ПОСЕТА НА СВОЈОТ ТАТКО ВО ЗАТВОРОТ (10.07.1981 година)

АМБАСАДА НА КРАЛСТВОТО НОРВЕШКА

До оној за кого е потребно*

Со ова се потврдува дека норвешкиот државјанин Пер Арне Богдановски е роден на 21.03.1981 во Норвешка и дека таму постојано живее. Тој сака да го види својот татко југословенскиот државјанин Драган Богдановски со кого немал контакт уште од 1965 година. Неговиот татко сега се наоѓа во Општинскиот затвор во Скопје.

Норвешката амбасада ќе биде благодарна за целата помош што југословенските власти ќе ја пружат за да може Пер Арне Богдановски да го посети својот татко за време на својот престој во Југославија.

Белград, 10 јули 1981

Торе Бог,
Амбасадор

_____

* Писмото во оригинал е пишувано на српскохрватски.

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО
АМНЕСТИ ИНТЕРНЕШНАЛ ВО КОЕ ГИ ИЗВЕСТУВА
ЗА НЕДОЗВОЛУВАЊЕТО НА СИНОТ НА
ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ДА ГО ПОСЕТИ СВОЈОТ ТАТКО ВО
ЗАТВОРОТ (06.08.1981 година)

Амнести Интернатионал
Гроуп 77
Лионел Хилаире
6 руе ду Ландсберг
Хоенхеим 67800 Бисцхеим
Франце

*Благодарам на Вашето писмо од 25 јуни. Не Ви одговорив порано затоа што чекав информации од Арне Богдановски од Норвешка.

Арне Богдановски беше во Југославија од 5-ти до 19-ти јули, обидувајќи се да стапи во контакт со својот татко. Но, и покрај писмото од норвешката амбасада, тој не успеа во тоа. Властите му наведувале разни административни причини само за да не го пуштат во затворот, како на пример: "Директорот на затворот е отсутен" и сл. Според изјавата на братот на Драган Богдановски, тој бил тешко болен, па неговиот син смета дека власта не му дозволила да влезе во затворот затоа што не сакале да го види својот татко во лоша состојба.

Арне Богдановски во септември ќе појде повторно во Југославија. Норвешката амбасада му вети поголема помош. Патувањето во јули му го плати еден пријател од Шведска, но за следното патување нема средства. Арне ќе ви се обрати за помош во врска со ова.

Знам дека поранешната сопруга на Драган Богдановски Брит, Ви има пратено писмо чија содржина нема многу да му помогне на Драган. Иако тие одамна се разведени, не е лесно да се контролираат емоциите. На Вас останува како ќе ги толкувате различните информации што ги добивате, но сите негови пријатели се убедени дека тој е политичи затвореник кому му е потребна голема помош.

Тоа е се за денес. Ве молам пишете ми повторно ако можам некако да помогнам.

Искрено Ваш,
Миле Илиевски

_____
* Писмото во оригинал е пишувано на англиски

ВО ЗАПАДЕН БЕРЛИН НА ПРОСЛАВА,
А СО МИСЛИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА
(Извадок од белешките на Миле Илиевски по повод прославата на 11 октомври во западен Берлин во 1981 година)

Македонците од западен Берлин организираа прослава на 11 Октомври. На оваа прослава беа поканети македонски друштва и клубови од разни краеви на Европа, а најсимболично оваа прослава ја карактеризираа: фудбалскиот клуб од село Зубовци (Македонија), фудбалскиот клуб "Илинден" од Гетеборг (Шведска), Ф.К. "Тиквеш" од Хановер (Западна Германија), два домашни клуба и други. Македонците пристигнаа со автобуси од разни краеви на Европа и се упатија на адресата "Куретендам" 38. Кога стигна нашиот автобус во "Куретендам" пред ресторанот "Ново Скопје" не пречека еден цел штаб Македонци. Почнаа запознавања, некои почнаа да се прегрнуваат: "Кај си бе Панде?", "Еве ме Митре." И одеднаш луѓето заборавија дека се наоѓаат во срцето на западен Берлин. Разговорот се водеше на висок македонски тон, како да се наоѓаат во стари крај во некое село. На никого не му текна дека треба да одиме некаде и доста време се помина на улица, дури не не прекина еден човек кој почна да зборува за програмата на прославата. За програмата на фудбалските натпревари добивме извештај точно во колку часот и каде треба да бидиме. Ни ги претставија тројцата Македонци кои беа наши водичи и тие веднаш не одведоа во ресторанот "Македонија". Таму имаше јадење и пиење колку ти душа сака, а после имаше и долги вечерни разговори. Потоа не однесоа во хотел на спиење, а утредента истите луѓе дојдоа и не одведоа на доручек. Потоа бевме на игралиштето каде се одигра фудбалскиот натпревар. Звучниците што беа наоколу поставени ечеа од македонски мелодии и се редеа една по друга македонските омилени песни. Повторно се сретнавме со луѓето со кои се видовме во "Куретендам" и повторно бескрајни раскажувања и прашања. Одеднаш слушнав некои расправии до сликата на Гоце Делчев. Некој сакаше да ја смести и титовата слика до гоцевата. Додека се расправаа дежурните луѓе и оној кој ја донесе титовата слика, им пријде едно високо момче и со мирен тон му рече на "титовистот" дека овде ќе биде само гоцевата слика, а титовата слика нека си ја носи и закачи

дома. Се вмешав во расправијата и прашав еден зошто се расправаат, а тој ми рече: “Па, гледаш дека има луѓе кои сакаат само да направат некаква ѓурлутија и се обидуваат да ја бојкотираат прославата или да $ дадат пројугословенска боја, но залуден ќе им биде секој обид.” И навистина, прославата си течеше како што беше предвидена од организаторите. Секој почеток почнуваше со “Македонскиот марш”, а потоа следеа македонски песни. Точно во времето на расправијата, на фудбалскиот терен излегоа првите тимови. Откога завршија фудбалските натпревари за тој ден, не однесоа во ресторанот “Ново Скопје”. Тука ме трогна декорацијата во ресторанот: картата на целокупна Македонија на еден цел ѕид, а од десната страна на ѕидот сликата на апостолот на Македонија Гоце Делчев, колку што беше висок ѕидот. Овде ќе подвлечеме дека во цел западен Берлин има околу десет македонски ресторани и Македонците овде многу добро соработуваат меѓусебно. Меѓутоа, треба да се истакне и следното по што Македонците се разликуваат од другите балкански народи. Цели три дена се прославуваше нашиот празник со веселење, пеење и играње, но и со држење беседи, реферати, фудбалски натпревари и друго. Сето ова се одвиваше на мирен начин и без некои посебни инциденти, како што се случуваше во многу други заедници. За разлика од нашите соседи, ние покажавме осет на високо културен народ. Ќе наведеме еден конкретен пример. Со сигурност се знае дека на оваа прослава имаше голем број членови на ДООМ, имаше и луѓе од внатрешноста на Македонија (оркестарот што свиреше беше од Струмица). Во саботата во 19 часот беше закажана игранка. Кога дојде нашата група салата беше скоро исполнета. Одговорните луѓе ни помогнаа да се сместиме некако. Еден ни објасни колку и што може да се порача на сметка на организаторите. Само што седнавме, се појави еден на говорницата и најави дека оркестарот, заедно со сите присутни, ќе го испее македонскиот марш “Денес над Македонија се раѓа”...

ПИСМО ОД СТОЈАН СРБИНОВ ОД МЕЛБУРН ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО РАСКОЛОТ НА ДООМ ВО АВСТРАЛИЈА И ОБВИНУВАЊАТА ПРОТИВ НЕГО (30.03.1982 година)

Драги Миле,

Пред неколку дена го добив твоето писмо, кое носи дата од 11 о.м. На писмото му дадов големо внимание, сум го прочитал неколку пати, па еве се уште се мислам што и каков одговор да ти дадам. Му кажав само на еден од другарите дека имам писмо од тебе и дека сакам со него да споделам мисли и мненија во врска со подигнатите прашања. Во идните неколку денови ќе се видиме, а јас сум со намера да повикам состанок со повеќемина - ако тоа можи да се успее, бидејќи разочараноста овде е многу голема и тешко може да се поврати доверба поново во еден ДООМ и "Македонска нација", кога се уште се пресни спомените за тоа што се догоди и што сме го доживале и претрпеле во изминатите 4 - 5 години. Во секој случај јас ќе ти пишам и друго писмо во врска со ова. Ми пишуваш дека "Македонското прашање е комплицирано" и дека "не бараме начин како да го решаваме Македонското прашање, ами сме биле окупирани со меѓусебни расправии." Понатаму пишуваш: "Јас те разбирам дека ти си срашно револтиран спрема Алтина, а не само ти, ами и многумина други ми зборуваа со зачудување спрема него."

Не можам да се согласам дека сум зафатен со меѓусебни расправии. Ако вие ги сметате националните проблеми и дела за "меѓусебни", тоа си е ваша работа, али само на кратко ќе ти одговорам дека поинаку треба да се мисли макар и подолу спомнуваш во писмото дека очекуваш одговор на твоето писмо и ми велиш: "Немој да се стеснуваш што со некои луѓе од ДООМ си дошол до лоши расправии."

Пред две недели кај нас гостуваше претседателот на Грција Караманлис за цели две седмици. Тој ги посети Сиднеј, Канбера и Мелбурн. Нам ни беше познато дека тој ќе идва на пријателска посета како гостин на Австралиската влада уште од пред 3 - 4 месеци. Јас имав во план и помислував да ние отпечатиме најмалку 7 - 8 илјади летоци на англиски, македонски и грчки во кои би ја истакнале и објасниле која е вистината за "лулката на демократијата" и дали таа прославувана грчка демократија им има доделено барем

нешто на Македонците кое да мириса на демократизам. Да им кажеме на австралиските власти и општество каков третман е давала и денес се уште дава таа криминална Грција на Македонците под нејзино ропство, да ги запознаеме дека ние егејските Македонци сме живи свидетели дека грчката политика спрема македонското малцинство беше секогаш (од 1912 година) криминална и жестоко анти-македонска. Овие летоци ние - ако не бевме разделени и нашето единство разрушено од луѓе како Алтин и Ристевски, па и Солунски, кои едните и другите, со сите нивни дела, му изиграа во рацете на титовистичката УДБа, Солунски и Ристевски против Драган дека украл и злоупотребил 42 илјади долари и други гнасни оптужби за да добијат Алтиновци милост и простување од Југославија отвоено ги прегрнуваа и целуваа конзулите на Југославија, а истовремено нас не претставуваа пред нив за најголемите шпиони и агенти на ЦИА и што ли не друго. Ако сето ова го сметате за "меѓусебни расправии" тогаш не знам дали ќе биде лесно да се заборави или да се мисли кои се тие што се отстрануваа од делото и дали навистина некои кај вас си мислите дека јас се отстранувам од делото?

Сега ќе ти одговорам на некои прашања за кои бараш одговор.

1. Ми пишуваш дека вие во Европа се припремате да го земите весникот пак во Европа, а ние во Австралија ви сме вашата главна нада. Подолу спомнуваш дека си се договорил со многу заинтересирани наши луѓе во врска со ова и дека јас сите нив сум ги знаел. Би те замолил да ми пишеш кои се тие другари, па да видиме како ќе се договориме и кога ќе се видиме.

2. Не си знаел колку е вистина дека "јас сум посветил големо внимание на делегацијата". Тоа е така, според тебе тоа било "како да сум му викал вујко на волкот" и дека тоа си е "моја работа"... Слушај Миле, јас барем за тебе мислев дека поинаку ќе гледаш на таа работа и сметам дека нема што да те изненадува за една моја средба со лица од матицата. Ако ги земиме моите 46 години во Австралија, 42 од овие години се посветени на Македонското движење. Од формирањето на Македонско-Австралискиот народен Сојуз, до 10 годишнината на "Македонска искра", на која седум години бев редактор. Каков таков, без школо и искуство, јас пак сум создал нешто чисто национално македонско до идењето на буагрскиот владика Велички во 1950 да создава бугарски цркви со

Македонците во Австралија, кому достојно сум му опонирал до изградувањето на првата македонска црква во странство, како и решителното учество во бобата на ДООМ. После сето ова, јас не знам да сум извршил ништо чудно да биде гледано со "изненадување"...

Јас навистина се сретнав со Васил Панов, шеф на Секретаријатот за надворешни работи на СРМ, како и со Наум Пејов и таа моја средба стана со нив во хотелот каде тие престојуваа. Со Живко Василевски сум се видел само на две минути и тоа на дено на Пикнико. Но, да видиме зошто јас побарав таква средба со нив и што со нив разговарав?

На волкот му рекле: "Зошто ти е толку дебел вратот? Тој им одговорил: затоа оти сам се ранам."Бидејќи толку гад се нафрла против мене од луѓе не само од типот на Алтиновци, ами и од други кои ти ги знаеш како "мои" другари и се сомневам дека тие се оние кои ти кажале за ова, но не се заинтересирале да научат што е резултатот од мојата средба со нив (делегацијата), еве и ти ме принудуваш да губам скапо време и во ова писмо да ти ја кажам вистината, а од тебе зависи да веруваш на кој сакаш кој ја кажува вистината.

Јас ги изложив толку дословно Алтиновци и сите други кои е грабеа и целиваа кај конзулите не само во врска со ДООМ и "Македонска нација", ами и за сите нечесни и неискрени дела на таа предавничка клика со што делегацијата се увери дека ние од ДООМ барем си останuваме искрени кон националнта кауза на Македонија, дека можеби немаме добри односи со нивните конзули и агенти тука и дека знам оти и тие лично гледаа на мене со недоверба, но јас им кажав во очи дека Алтиновци, како што се грабат и целуваат со југословенските конзули, исто така ги грабаат и целуват и бугарските конзули кога тука гостуваше ансамблот "Пирин пее". Им кажав дека ние ќе останиме верни на борбата против бугарските домогвања, но ќе бараме и од вас во Скопје искрено да излезите со 10 или 15 страници во "Нова Македонија" и да им ја симните маската на грчките поробувачи, како што тоа досега го сторивте со мемоарите на Цола Драгојчева, а не да имате дволична политика, што значи една линија за Бугарија и поинаква за Грција.

Јас им го кажав и ова: дека не сум дошол да барам милос од никого, дека сум уверен оти републиката, односно Југославија може да направи многу повеќе за егејскиот дел на Македонија отколку што таа претендира да прави и дека

сум спремен секогаш и со секого од вас во СРМ да седнам и да разговараме затоа што лицето ми е чисто македонско, дека не сум извршил ништо штетно и злобно против мојот народ независно од тоа што не се слагаме со многу нешто од вашата линија по надворешните работи, а посебно по македонското национално прашање, додека моите колеги од типот на Алтин и ред други кои си мислевте дека се прави, а јас виновен, немаа таква смелост и не можат да седнат со вас искрено и чесно бидејќи имаа виновна совест, каква што имате и вие према некои од нас што не окривувате да сме криви.

Делегацијата го напуштија пикникот само после еден саат откако дојдоа, тие беа отруени од се што дознаа, а мојата средба со нив стана само два дена пред пикникот. Мене и некои мои другари не поканија да ручаме заедно со управата на општината (каде беше да руча и делегацијата), но ние категорично одбивме. Наум Пејов, кога му рекоа да дојди да обедва или барем нешто да касне (имаја печени кокошки и што ли не друго), им рече: “За мене тоа ќе биде отров, а не обед.” Тој не појде да јади, а Васил Панов и Живко каснале нешто, но со сила, што се вели зборот. Кога го напуштиле пикникот јас не ги дознав барем збогом да им кажев, а што се однесува до управата, никој не ги испрати и со никого не се поздравија. А пак со Василевски се поздравивме баш кога тој направи реч - ја читаше по звучникот и неговите зборови до мене беа овие: “Србинов, на ваша страна е шансата, верувај дека сум крајно огорчен од се што дознав за вистинската положба...” Ете тоа е чудото со мојта средба и моето “големо внимание на делегацијата на матицата”, со кои го подигнав и прашањето со моето дете во Бугарија и дали ако дојде до прекин на грижата со детето во домот каде го гледаа некаде во Пиринска Македонија, и ако ми наложат да си го земам назад во Австралија, тие би можеле да ми услужат тоа да се пренесе во СРМ, но им реков дека тоа ќе стане само ако бугарската држава официјално ми побара да го земам од кај нив. Во таков случај јас им кажав имам дете и чупа кои не се женети, а болното дете е слепо и наполно парализирано, просто имам умрен човек, но не погребан и не би сакал да го види и останатата фамилија во каква состојба е тој наш член од семејството, а најмалку би сакал жената да го види. Тие не ми дадоа положителен одговор, ниту пак јас им дадов збор дека ќе го земам од Бугарија и кај нив ќе го префрлам, но им

кажав дека мојот став спрема Бугарија е познат. Бугарите го знаат тоа дека никогаш нема да се согласам со нивната теза за Македонија, па ниту сакам вие да ми диктувате каква линија треба да имам јас за Македонија во замена за тоа детето да дојде кај вас.

Во однос со полицијата и оние што оштетија на некои коли и куќи, арестуван е наш Македонец (младо дете вардарче, кое ќе биде судено скоро. Тоа е на слобода преку гаранција од 10 илјади долари. Ќе ти пишам подробности след делото).

Во врска со Рендевски, јас ќе му се јавам по телефон да дојде да се видиме и ќе го поздравам како што ми пишуваш. Ми е жал што Цане Аржанов постапи така, но биди сигуирен дека Рендовски е искрен и ако дојде до помош за весник тој ќе даде голема сума пари, а не Цане. Што се знае за Богдановски сега? Го виде ли син му кога беше втор пат таму? Ако треба да собериме парична помош?

За вашата конференција во јуни или во јули те молам пиши подробно. “Македонска нација” не ја добивам, ниту имам врска со Солунски и Ристевски. Ќе побарам да најдам за да видам за она што ми кажуваш дека биле судени наши патриоти без да има докази за нив.

Толку за сега. Прими срдечни поздрави од Мелбурн.

Твој, Стојан Србинов

ПИСМО ОД ВАНЕ САМОИЛОВ ДО СТОЈАН СРБИНОВ ВО ВРСКА СО СВОЕТО ЗАТВОРАЊЕ И МЕЃУСЕБНИТЕ ПРЕСМЕТКИ ВО ДООМ (26.05.1982 година)

Здраво брате Стојане,

Ти се јавувам со најискрени желби и поздрави повторно од слобода, од Шведска. Таму во Австралија ме предадоа душманите Алтиновци и компанија со Панко глумецот на полицијата и бев во затвор десет месеци. Еве сум пак слободен, но во Европа и тука меѓу своите соборци и пријатели, меѓу вистинските синови на Македонија. Тешко ми беше кога ме затворија пред да ја отпечатам новината. Ти и самиот ги виде материјалите спремни за печатење. “Македонска нација” требаше да се печати во печаницата на “Украинец” во Мелбурн. Ти таму имаш печатено материјали порано. Би те замолил најискрено и најчесно - братски да

појдеш таму и го земеш материјалот, за да после ми го испратиш ваму во Шведска. Во тебе имам доверие оти си вистински син и патриот на Македонија, а не предавник.

Те молам брате Стојане ова стори го што поскоро оти ми требаат материјалите заради печатење на новината, онака како што се договаравме кога бев таму и онака како што ме советуваше ти да ја печатиме ваму во Европа. Јас сакав да ја започнам работата таму, но во тоа ме спречија предавниците, така да откај Питер Милан во продавницата бев уапсен и се до ден денес бев во притвор.

Брате Стојане, се надевам дека ќе ни излезеш во пресрет на нашата молба. Те поздравуваат моите соборци од вистинскиот ЦК на ДООМ во Европа и ти благодарат за твоето гостопримство што ми го пружи мене кога бев таму. Јас им велев дека си ти единиот вистински и нерасипан човек, дека како нас си го жртвуваш сиот живот за македонското дело, на кое тие се восхитуваа.

Поздрав до твојата ценета фамилија од вашиот Ване.

Се за обединета и слободна Македонија.

Ваш и на Македонија со сиот свој дух и дело,
Ване Самоилов

ПИСМО ОД ВАНЕ САМОИЛОВ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО КОЕ ГО ИЗВЕСТУВА ЗА СВОЕТО ЗАТВОРАЊЕ ВО АВСТРАЛИЈА И МУ НУДИ ДА ПОМИНЕ ВО НЕГОВАТА ФРАКЦИЈА (01.06.1982 година)

Здраво живо Миле,

Еве ти се јавувам со неколку зборови со кои сакам да те поздравам и да ти кажам дека се наоѓам сега во Шведска. Јас се опробав да те фатам на телефон, но не можев да добијам никако линија. Се надевам да се видиме скоро. Јас бев едно време во затвор и пред два дена стигнав од Америка од Канада. Во Австралија ме предадоа душмани и таму бев во затвор. Потоа дојдов во Западна Германија од каде си заминав за САД и Канада, каде седев се до пред некој ден.

Од таму те поздравуваат нашите собраќа и ми рекоа да ти пренесам дека си потребен на организацијата и дека треба да соработуваме. Јас оставам на тебе па ти реши самиот. Сега сум тука во Шведска кај наши луѓе во Стокхолм и од тука ќе ја

раководиме сета работа на ДООМ во иднина. Овие мои соборци те познаваат и ми рекоа дека си арен човек, иако онака не се пишува како што ти ми пиша во твоето задно писмо во Австралија. Веројатно си го пишал под притисок на некој врз тебе, бидејќи јасно беше кога читав со какви изрази се служи еден високо и доста наобразован човек во својот речник.

Јас ти опростувам на се и доколку сакаш да се видиме или пак чуеме, пиши ми писмо и кажи дали да дојдам таму во Партиле или пак ти ќе дојдеш кај мене во Стокхолм. Јас имам намера да ја печатам "Македонска нација" односно да ја печатам "Обединета Македонија" тука во Шведска. Машини веќе купивме и ги чекаме само главите со словата. Овие машини се компјутерски, па чекаме изливок со кирилични букви.

Верувам дека ќе соработуваш со нас оти си вистински Македонец, а не како Ристевски или пак Вретовски од Австралија.

Со поздрав твој Ване С.

ЗАКАНУВАЧКО ПИСМО ДО РИСТО АЛТИН ОД "ТМРА" ВО ВРСКА СО СУДИРОТ СО ФРАКЦИЈАТА НА ВАНЕ САМОИЛОВ (1983 година)

Здраво Ристо Алтине - предавнику македонски,

Зар не ти беше срам и жал оваква срамота да правиш? Македонци да предаваш на австралиската полиција ти вошливо магаре од Грција.

Твојата врска со ЦИД бргу ќе ти ја скратиме, ти овну грчки што се криеш под маска на Македонец со години веќе.

На валкани работи имаме одговор - не со палење коли, ами ќе те запалиме тебе наказо божја да гориш како гламја да се сториш.

Ти си куче гркофилско кое се збогати на рачун на македонското име и народ тука во Австралија. Сите пари што ги имаш нема да ти стасаат за болница и погреб што ти се спрема ајвану ниеден.

Тебе Ристополусу Алтису те има осудено судот на Тајната револуционерна македонска армија на смртна пресуда и таа ќе биди извршена без разлика на кој начин или место. Ти ги имаш законите на ДООМ и знаеш што пишува во законот, каква казна го следува секој член на ДООМ за предавство на

организацијата или за нејните членови. А ти предавнику низаеден предаде еден наш човек што беше таму да ви помогне и ве соедини под македонското револуционерно знаме. Затоа, нема спас ни за тебе ниту пак за оние кои те спомогнаа во предавството на организациониот секретар на ДООМ Ване Самоилов, минатата година на 26 август.

За Извршниот комитет на ЦК на ДООМ
и ТМРА - Глигор Касапидис

_____

Поради судирот помеѓу Драган Богдановски и Ване Самоилов, ДООМ се подели на две крајно спротивставени фракции. Тој судир се пренесе и во Австралија. За време на посетата на Ване Самоилов на Австралија, биле запалени автомобили на членови од спротивната фракција. Притоа било подметнато моето име како наводен организатор на палењето, што секако дека беше дрска провокација против мене. Меѓуоа, полицијата го уапси Ване Самоилов под обвинение дека ги запалил автомобилите по што тој таму одлежа затвор. По неговото излегување од затвор следуваа вакви заканувачи писма против тие што го пријавиле во полиција. Подоцна заканувачко писмо добив и јас, наводно од некаква организација “ТМРА”, а јасно е кој е негов автор.

М. Илиевски

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО СТОЈАН СРБИНОВ ВО КОЕ МУ ЈА ИЗНЕСУВА СОСТОЈБАТА ВО ВРСКА СО ПОВТОРНОТО ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ВЕСНИКОТ “МАКЕДОНСКА НАЦИЈА” ОД АВСТРАЛИЈА ВО ГЕТЕБОРГ, А ГО ИНФОРМИРА И ЗА СОСТОЈБАТА НА ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ВО ЗАТВОРОТ
(31.08.1983 година)

Здраво Стојане!

Измина малу време од кога го добив твоето писмо и ај денес ќе ти одговорам и само си врви времето. Едно пет недели бев низ Европа се видов со доста наши, ти пратив една картичка од Италија веројатно си е добил. Не ми се лути што јас не можам на време да ти одговорувам, знаеш ти како е за да средиш едно списание, а после да го собираш, да го експедираш и ред други работи, а имам и писма на кои исто треба да се одовори.

Голем интерес се јавува за весникот на Панка, јас го фалев насекаде, имаше и такви кои ме прашваја дали би печател материјали кога би му праќале, се разбира од типот на нашата борба. Зборувај со Панка и јави ми што мислите за една таква намера со Европа. Јас знам дека Панко се бори со потешкотии и како слушам дека југаните го дале на суд, ако е точно што пишува во своето билтенче Стојан Боризов Марковски.

Драган го држат во посебна ќелија и само сам го пуштат кога го пуштат надвор во дворот, значи не смее да има контакт со никого, ето еден дел од нашата слободна Република. Скопските врховисти се плашат од македонското перо како од ѓавол. Нешто специјално не успеавме ни овој пат, но преку наши познати секогаш влијаеме за да бидат милосливи спрема него и дека таквиот нивен став е предавнички. Како што ти е познато АИ работи со сите сили и ништо не одговоруваат одговорните власти, ни а ни бе. Мојата намера да се пишува за Драган е неизменлива, но има голем број кои се против, многумина се јавија со негативни намери, но нема се уште некој кој сака нешто да се пишува за Драган. Имам еден материјал кој е припремен од Драган, би сакал да се преведе на англиски. Чим сум готов со вториот број, ќе ти го испратам за да го преведете.

Велиш дека Васил Рендев така вели, носи му поздрав од мене и речи му вака: никогаш богатите чорбаџии не биле имуни на својата подгрбавена Македонија, па зашто тогаш да биди Васил поинаков? Секој шкрт човек најдува свои начини да се извадува, а за нас кои работиме по фабриките нема проблем, ние секогаш сме готови да делиме од својот залак.

Ристовски и физички се заканува, а Цане се лути зошто не сме ја помагале нивната “Македонска нација”, туку сме почнале со ново списание, тој е доста поврзан со РР. Вториот број е веќе готов и ти испратив авионски. Се брзав доста за да го извадиме во август и пропуштивме доста грешки и квалитетно не сум задоволен, ќе се трудиме за во иднина да бидиме подобри, секој почеток е тежок, се бориме со доста потешкотии и ако не добиеме разбирање кај нашите луѓе, навистина ќе биди а нас доста тешко. За првиот број добивме повеќе критики од пофалби, луѓето бараат примероци, а за пари на никого не му текнува. За мое зачудување, нити оние од Волононг што толку ветуваа, не се јавија. Испративме на неколкумина по цели пакети, а ни еден не се јави. Тоа ме

зачудува, можеби и ние нашите ветувања не ги исполнивме, но не е така лесно да се стигни, а средствата со кои почнавме ни се многу ограничени и како почетници ни се јавија нови проблеми, но за во иднина сигурно ќе биди подобро.

Документот што го издадовте вие во Австралија многу пати ми се најдуваше кога имав некоја дискусија со странци. Им го давав за да видат што сакаме ние, но повеќе немам. Ако имаш некој егземплар, прати ми. Толку за овој пат. Пиши го твоето мнение за вториот број.

Со братски поздрави до тебе и до цела твоја ценета фамилија, носи му поздрав на Васила и на неговата фамилија и на сите наши пријатели. Не можам да развијам поопширна дискусија во ова писмо по некои проблеми за које ти ме советуваш во писмото, оти могу работа ме чека.

М. Илиевски

ПОТВРДА ОД АМНЕСТИ ИНТЕРНЕШНАЛ ДО НИКОЛА ДИМИТРОВСКИ ВО ВРСКА СО НЕГОВОТО ЗАТВОРАЊЕ КАКО ЧЛЕН НА ДООМ (1983 година)

Драг г-дине Димитровски,*

Штотуку контактиравме со уредниците на “Нова Хрватска” , кои ни рекоа дека Ви треба изјава од Амнести интенрешнал дека Вие сте биле поранешен политички затвореник. Ви ја испраќаме таа изјава, заедно со преведен извештај од Танјуг во врска со Вашето судење во 1972 година. Ви испраќаме и леток во кој е објаснета работата на нашата организација.

Искрено ваша,
Мелани Андерсон
Истражувачки оддел

Писмото гласи вака:**

Амнести интернешнал потврдува дека Никола Димитровски од СФРЈ е поранешен политички затвореник. Окружниот Суд во Скопје го осудил на шест години затвор во декември 1972, а потоа Амнести интернешнал се занимаваше со неговиот случај. Никола Димитровски не бил обвинет даке употребувал или наговарал на сила, па затоа Амнести интернешнал го смета како поранешен затвореник на совеста. Во прилог испраќаме извештај од Танјуг во врска со неговото судење.

---

* Овој дел од писмото во оригинал е напишан на англиски.
** Овој дел од писмото е предаден на српскохрватски.

ПИСМО ОД СТРАХИЛ ДО
МИЛЕ ИЛИЕВСКИ СО КРИТИКИ ЗА
НЕКОИ НЕГОВИ ИСТОРИСКИ СТАВОВИ
(28.03.1984 година)

Здраво Миле,

Весникот не го фрлам бидејќи тоа е документација дека борбата против комунистите продолжува. И немаш право да ги напаѓаш Швеѓаните, тоа е демократска земја каде организациите имаат власт. Југословенските комунисти имаат многу луѓе и способни луѓе, па затоа добиваат поддршка. Полицијата нема право да решава против решенија земени во парламентот.

Како што ти пишав, грешката во вашата црква е следната: уште при планирањето требало да се обратите до Руската православна црква во Париз и да се ставите под нејзина јурисдикција. А вие сте изработиле правилник кој дава право на удбашите да ви земат се, вие сте им ја дале во нивни раце црквата и имовината уште пред да почнете да ја градите.

Овде Бугарите одат во руската Црква. Од Софија пратиле поп, но овде не му даваат да влезе во православна црква. И живее на плата од Бугарската амбасада. Она за Борис е вистина. Тој е преведен на многу јазици зато што тој патува многу и на западни и на источни издавачи предлага да му се издадат книгите, а во замена тој уредува нивни книги да се издадат во Југославија. Но, тоа е трговија и тоа го прават сите издавачи. Ние исто издадовме две книги во САД со замена. Немој да внесуваш политика во трговијата бидејќи тоа мириса на завист. Ист е случајот со шведското оружје кое Југословените го препродаваат. Бофорш е приватно претпријатие со 15.000 акционери (имам акции таму) и власта нема право да му се меша на едно претпријатие во неговата дејност. Бофорш продаде цели фабрики за диманит на Русите минатата година, па зарем ќе го обвинуваш Палме дека им помага на Русите?

Изгледа дека твоите соработници се егејци бидејќи старите Македонци на Александар Велики им влегле во мозокот. Се се караат со Грците дека тој не бил Грк. Науката не знае каков бил јазикот на старите Македонци, но е документирано дека официјалниот јазик на Филип и Александар (државен јазик) е грчки. Денешните Македонци се Славјани и немаат ништо заедничко со старите Македонци. Пишувачот изгледа ги смешал појмовите кога пишува за “македонска социјалистичка револуција” и дека само Македонците во Вардарска Македонија

ги “добиле скоро сите национални и демократски права.” Па, зошто тој избегал дури во Австралија кога во титовската губернија има национални и демократски права? Ченто и Шаторов беа комунисти, но тие бараа советска Македонија и имаа тесни врски со бугарските комунисти, кое му пречеше на Тито и ги исфрли. Ако нивната советска Македонија се оствареше, денес цела Македонија во своите географски граници ќе беше во границите на Бугарија. И како можеш да објавуваш статија во која се превознесува Георги Димитров и В'лко Червенков, најкрволочните сталинисти и масовни убијци во источниот блок, заедно со Сталин и Тито? Миле, да не си почнал да флертуваш со Матицата од Скопје? Те молам пази што објавуваш бидејќи има многу Македонци, кои прават разлика меѓу тиранија и демократија. Немој да објавуваш историски лаги или глупости.

Уште една ствар да не заборавам. На насловната страна на грбот има три факли. Знаеш ли дека тие се фашистички симбол, стар историски фашистички симбол? Денес три факли ги имаат на своите знамиња и француската и италијанската фашистичка партија. Види ги изданијата на францускиот Национален фронт и италијанската партија Неофашиста или бившата фалангистичка партија на генерал Франко.

Многу поздрави на твоите дома, тебе те поздравува,
Страхил

ПИСМО ОД НИКОЛА ДИМИТРОВСКИ* ДО
МИЛЕ ИЛИЕВСКИ (05.04.1984 година)

На 02.04. о.г. го добив твоето писмо и еве да ти одговорам. Се уште сум во Австрија, но до кога не знам, оти не зависи од мене. Кога ќе стигне документацијата, морам да заминам. Да се надевам дека тоа нема да биде пред твоето патување во Швајцарија односно Австрија. Добро што ми ја спомнавте конференцијата во Швајцарија, во врска со тоа овие денови ќе напишам едно писмо до Марко Милуновиќ, кој е на некаква функција во некогашната Социјалистичка странка на Југославија, во кое ќе му предложам пред учесниците на таа конференција да прозбори и некој збор за тешката положба во која што се наоѓа македонскиот народ во Егејска Македонија. Во последниве 10 - 12 години откако, условно кажано, почнав да се замешувам во таа “политика”, се случија многу нешта важни и интересни случки, но сето тоа преку едно писмо не може да се искаже.

Затоа ми останува единствената надеж дека во една не толку далечна иднина ќе се видиме, многу работи ќе разјасниме и подобро ќе се запознаеме. Изнанедува ме како тоа таа УДБ-а успеала толку масовно да се инфилтрира во редовите на сите бегалски здруженија и клубови, односно дружини? Исто ме интересира како вие успеавте и колку успеавте да ги демаскирате и одстраните нејните агенти и провокатори. Ги видов тие карикатури на усијаните српски глави, со Србите многу малце имам контакти, ги избегнувам без предвид какви се и кои се, па затоа не ме ниту чуди што се занимаваат со таква пропаганда. За Драган, са ми некои работи познати, но сето тоа не е сигурно ни проверено, јас со него не се видов во Идризово, бидејќи он дојде таму токму во времето на моето пуштање. Ќе го речам само тоа дека горам од желба да се вклучам во дејноста во било која македонска национално-ослободителна организација.

Знам дека во Европа се наоѓаат поголем број македонски бегалци и здруженија и дека се тука подобри улови за работа и секаква друга дејност врз национален план, но јас барем засега заминувам за САД, каде намеравам да се вклучам во дејноста на тамошните македонски бегалски здруженија. Овие фотокопии се само еден мал дел од моите персонални документи, ги пробрав токму нив поради тоа што од нив најдобро се гледа мојот вистински граѓански идентитет, а до некаде и мојот животен пат.

Испрати ми уште некои македонски весници и списанија и повели прими ги овие 100 долари како надоместок на трошоците околу испраќањето на истите.

Со почит,
Димитровски Никола

_____

* За Никола Димитровски веќе пишувавме. Тој е поранешен подофицер во ЈНА, кој своеволно ја напушта ЈНА и емигрира во странство, каде се приклучува во македонските организации. Во 1971 година, заедно со Симјановски, доаѓа во тогашната СРМ со задача да шири пропаганден материјал за македонското ослободително дело. Но, обајцата се упасени и осудени на долговремени затворски казни (за што го објавивме извештајот од агенцијата Танјуг). По излегувањето од затвор Димитровски

пак емигрира во странство и продолжува со активноста во македонските организации.

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО НИКОЛА ДИМИТРОВСКИ ПО НЕГОВОТО ЗАМИНУВАЊЕ ЗА САД (05.10.1984 година)

Здраво Коло,

После телефонскиот разговор и твоето писмо, се обидов да се обратам на некои места за да се види на кој начин и како да ти се помогне. Чикаго, Индијанополис, во таа околина има голема наша емиграција и му пишав опширно писмо на Трајко Трајковски, кој е потпретседател на ДООМ и е должен да ти помогне. Исто така на Димко Нечевски во Копенхаген му пишав и му побарав да се завземи преку свои во истото место за да ти се помогне. Димко ми вети и ми побара поблиски податоци и за да ти се бара некоја девојка меѓу нашите, но јас си велам дека најдобро да се префрлиш во таа околина, па после сигурно дека ти сам ќе си одбереш некоја нашинка и после ќе заборавиш дека Америка е таква каква што ја опишуваш ти. Ако јас не можам да те разберам, тогаш никој не ќе може, оти и Шведска не е многу пријатна за еден јужно-европеец, а кога јас дојдов во Шведска многу малку или воопшто немаше странци. Кога сретнував Турчин или Србин се чувствував дека срекавам роден брат. Јас знам што е странство и туѓина. Од 21 мај 1956 не сум видел родна земја, но... Коло, туѓината пуста да остане, а поголемиот дел од нашиот народ се наоѓа распространет низ цел свет. Каде нема Македонки и Македонци? Јас сум постар и имам искуство со туѓината, но и ти си во години и сигурно подобро знаеш што да правиш, само твојата помисла како велиш дека ќе си ги собереш пљачките и ќе си одел во Југославија, го комплицира твојот живот. Секако е подобро решење да обидиме да се префрлиш каде има поголема наша емиграција и ако толку те очајува Америка, тогаш стрпи се малу, не се мешај во политика, заќути се и по некоја година ќе видиш како ќе се осеќаш. Однапред знам дека после извесно време ќе велиш: “Нема нигде како Америка.” Со сите нас отпрвин така било, па сега сме како преблеани јаганца. Денес јас не ја менувам Шведска ни со една земја, иако е најладната земја. Како што велиш и ти за Америка, така мислев јас на времето за Шведска, си мислев во првата прилика ќе се селам негде на друго место, но еве цели 24 одини

сум во Шведска. На Димко адресата ја имаш во списанието "Македонија". Димко има свои блиски во Чикаго и е во блиски врски со некои Македонци, кои можат да ти помогнат. Јас му писав, но не е лошо и ти да му се јавиш со едно писменце.

Во Јули месец ми се чини дека знаеш дека имавме конгрес. Многу убаво се помина и ми се чини дека беше еден од најдобрите конгреси што се имаат одржано досега. Само и сега некои работи не испаднаа како што се реши на тој конгрес... Коло не е лесно да се биди Македонец. Непријателите се многу појаки од нас, ни го газат расатчето уште неникнато.

Толку за овој пат со братски поздрави и со нада дека ќе си најдеш некоја благородна Македонка и среќа. Димко ми вети дека ќе ти помогни.

Миле Илиевски

ПИСМО ОД БОГОЉУБ АНДОНОВСКИ ДО ПЕТРУШЕВСКИ ВО ВРСКА СО ИЗРАБОТКАТА НА ПЕЧАТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НОФМ (15.08.1984 година)

Драги Петрушевски,

Одговорен брат на НОФМ ме задолжи да се изработи печат на организацијата. Досегашните обиди овде не најдоа пожелни резултати бидејќи нема ни печатница, ни печаторезница со букви од македонската азбука. Но, тоа не треба да се разбере дека со тоа се исцрпени сите можности. Обидите ќе се продолжат.

За да најдеме најдобар излез, јас се обрнувам до вас и ве замолувам да се распрашате дали во вашата средина има поволни услови за да се изработи печатот на НОФМ. Значи, би требало да се побара некој печаторезец, кој би могол добро да го изработи грбот (амблемот) на Македонија и направи буквите што е можно подобро. Значи, една задача од значение.

Печатот треба да ги содржи следните елементи:

1. Во средината амблем (грб) на Македонија, кој во горниот пол е украсен со сонце од 16 зракови (старо-македонски симбол на 16-те федеративни кралства на древната Македонија); а во долниот пол има три петокраки ѕвезди, кои што ги симболизираат Вардарска, Егејска и Пиринска Македонија.

2. Околу централниот елемент на македонскиот амблем (грб) има два венца; од кои едниот е исплетен од пченични класови и лиснати гранчиња од винова лоза, додека другиот, пак, е

исплетен од ловорови и дабови лиснати гранчиња. Обата венца допираат до силуетата на македонското сонце. Во нивната основа тие се поврзани со македонско знаме, во чија тролисна замка - од лево е запис на 1903, од десно на 1944 година, а централниот врвен лист на замката е празен (во кој треба да се забележи годината на конечното ослободување и обединување на Македонија).

3. Наоколу треба да биде записан следниот текст: НАРОДЕН ОСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ НА МАКЕДОНИЈА. Место точките на печатот ќе бидат петокраки sвездички, кои ќе треба да го оделат наредниот текст: Централен комитет (со помали букви од ист тип). Ако најдете добро решение, хитно јавете за да се јави на другите дека е најдено решение. Ќе бидат изработени три печати. пари ќе ви се испратат одма штом ќе се договори нивната изработка. Одговор ќе пратите преку братот А. од Ж.

Примете братски поздрави и желби за успех во нашето дело.

ПИСМО ОД БОГОЉУБ АНДОНОВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО ТЕКОВНИТЕ АКТИВНОСТИ (16.01.1985 година)

Драги Миле,

Пред некој ден ти го испратив текстот “Стратегија и тактика на НОФМ” со цел за проучување, дури и за репродукција, ако сметаш дека ќе биде полезно. Братот “М-ки” овој реферат го подготви за конгресот во времето кога дојде братот С. и се јави на телефон. Со обзир да к-сот се одржа во тесен круг, материјалот не се прочита. Тој беше приготвен за случај да движењето носеше име ВМРО. Братот С. беше запознат со концептот за време на неговиот престој кај братот “Караџа Македонски”.

Текстот го фотокопирав и го распратив до П.С., С., Р. Р., Н. Д., М.Д., Х.С., Г. (Берлин, “Балкан ст.”, Т. Т. и уште двајца пријатели кои што ти не ги познаваш). Како ќе видиш во овој материјал се спомнати основните смерници на НОФМ во наредниве месеци и години. Забелешките и измените се наполно слободни и добро дојдени.

Сега ти испраќам еден примерок од писмото и “М. К.”, кое можеш да го испратиш во Градската библиотека на Стокхолм, каде што секако има и читатели на француски јазик.

На крајот на писмото е напишана датата на неговото препишување во “Гетеборг”. Како Р. Р. пишуваше дека тој

испратил такво писмо само до претседателот на ООН (под претпоставка дека тој ја напишал неговата адреса), братот “М-ки” имаше намерение да ја стави адресата на П. С. во Партиле, но не ја даде таа адреса без согласност на П. С. Како знаеш, братот “М-ки” е политички емигрант и не може да ја стави неговата адреса.

Во колку ти мислиш да е пожелно да се адресата од Партиле достави како додаток со неколку збора, со две три фрази на англиски, достави им ја адресата од П. С. и Д. Н. Во колку ќе има некакво барање, ќе го известиме братот “М-ки”. Ова важи само за кабинетот на претседателот на ООН. За другите 92 адреси нема потреба, оти тие се само врста “копија” од писмото, кое им се доставува на деведесет и две влади за да се запознаат со Македонското прашање. Ако мислиш да се достави адресата за врска, не губи време.

Во исто време ти испраќам една копија од Александар Христов “Сандо”. Тоа се неколку зборови како одговор на писмото на братот А. Б. од 31.03.1984 година во врска со предлогот за соединување на сите македонски револуционерни организации. Мислам дека една копија од него имаш и ти. Ако имаш, пиши. Мислиш ли дека ќе биде добро да се бара официјален одговор на НМРО и СМТРК? (По ракописот се заклучува голема сличност со ракописот на Б. Х.).

Ми е чини за разумно да се извиди позадината на оваа изјава.

На крајот на писмово, ти праќам срдечни поздрави, како на тебе и на твојата фамилија, исто така и на твоите соработници.

А. Б.

ПРОТЕСНО ПИСМО ДО “ЈУГОСЛОВЕНСКИ ЛИСТ” ОД ИЛИЈА МАРГИТИН, ТРАЈАН ЦВЕТКОВСКИ И МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ПО ПОВОД НИВНОТО НЕЗАКОНСКО РАЗРЕШУВАЊЕ ОД УПРАВАТА НА МПЦО “СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ОД ГЕТЕБОРГ (24.01.1985 година)

Почитуван редактор
на “Југословенски лист”,

Ја прочитавме одлуката на неговото преосвештенство Митрополитот Преспанско-Битолски, која повеќе мириса на одлука на група “сложни калуѓери”, зад чиј грб стои удбашки

шмајзер, кој со еден фишек тепа два зајака. Било како и да е, ние оваа одлука ја сметаме за чиста провокација на владиката Герман.

Ова нешто ние го тврдиме оти знаеме кој е тој Боро Станковиќ. Тој дојде како колонист во Македонија и си прилепи македонско презиме за да однатре и го копа гробот на Македонија.

Зошто тој Боро Станковиќ не дојде на годишното сорбание на 2.12.1984 година, кое се одржа о црквените простории пред неколку стотини верници? Тогај на демократски начин беше избрана црквена управа. Тој српски јунак беше уредно поканет на спомнатото собрание, али ипак не дојде.

И што испадна? Боро Станковиќ, преку неговиот владика Герман, сега ќе ни разрежува казни. Е па, право да си речеме, ние мошне добро го знаеме нивното братство. Тоа почиваше и се уште почива на камшикот, ножот и пиштолот... И овој пат, вие го гибате Македонецот во неговата душа, сакате да му ја одземете единствената му црква, која што тој (нашиот Македонец) си ја изгради со неговите сопствени раце. Сакате да му ја дрпнете црквата од неговите сопствени раце. Нели? Зошто, бре браќа Срби, тоа нешто го чините и си ја грешите вашата душа? Дури и Лилјана Илиевска преку радиото изли едно чудо јад на нашата црква. И Лилјана не е Македонка! Со неколку Срби и Србинки сакате да не заплашите. Лилјана не беше тука при посетата на дедото владика од Битола, кога од вашето радио преносител беше некој Благој Христов. И сега тој не кажува ништо, а Лилјана изблува змиски отрови по нашите верници...

Ние не им замеруваме на Боро Станковиќ и Лилјана што се тие Срби. Сакаме да ви речеме дека ние не го мразиме српскиот народ. Оти Македонците и Србите се комшии, кои треба да развиваат пријателски односи заради еден мирен развиток на нивните сегашни и утрешни поколенија. Грешна ви е политиката, кога со неколку Срби, кои што јаделе македонски леб, сакате да создадете страв и трепет. Но, ние не се плашиме, ами сакаме да ви кажеме дека онаа “ОДЛУКА”, која личи на некаков Титов или кралски “указ”, не е ништо друго, ами една проста четничка (или удбашка) одлука. Ние сме принудени да се браниме и ќе чиниме што ќе можеме нашата црква да не падне во четнички раце.

Ако сакате да ја побарате материјалната вистина, ве молиме да го прашате попот Георги Јовановски. Него лично никој не го прашал за таа одлука. Што се однесува до Спасевска Павлина,

таа се колне и во живо и во мртво дека ништо не знае за оваа очевидна лакрдија (комедија)...

Илија Маргитин
Трајан Цветковски
Миле Илиевски

РЕАГИРАЊЕ НА ИЛИЈА ТУПАЧКОВСКИ ПО ПОВОД ИСКЛУЧУВАЊЕТО ОД УПРАВАТА НА МПЦО “СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИ” ОД ГЕТЕБОРГ (1985 година)

НА ОНОЈ ШТО ВЕРУВАВМЕ, НЕ ИЗНЕВЕРИ НАЈПОВЕЌЕ

Македонската православна црковна општина “Свети Кирил и Методиј” во Гетеборг отсекогаш била како трн во окото на непријателите. Секогаш бевме изложени на нечовечки малтретирања од повеќе страни. Најповеќе оние кои се грижеа да еден ден Македонскиот народ има своја црква со културен центар. Активистите беа нарекувани некакви вмровци и изроди на Македонскиот народ, но сето тоа не им сметаше на свесните и чесни Македонци, задоени со духот на Гоце Делчев. Тие знаеја дека не смеат да подлегнат на туѓите пропаганди било од кого и да се. Многу беа повикувани од службите за безбедност во Република Македонија, баш тие што требаше да ни дадат поддршка, тие не гонат, не затоа што сакаа, туку затоа што мораа да ги задоволат господарите од Белград, кои се уште не ја признаваат МПЦ во Република Македонија. Нападите од политичките власти полесно се пребродуваат, но тешко е кога тие доаѓаат од оние што требаше да се радуваат на нашите успеси и да не поддржуват. Како, на пример, митрополитот Битолско-Преспански г. Петар покушаваше да ни ја продаде новоизградената црква. Неуспехот да ја продаде стана успех да се запали и изгори до темел. Но свесните и поштените Македонци не се деморалисаа. Тие собраа нови сили и поново го дигнаа светиот храм кој го носи името на Македонските просветители “Светите браќа Кирил и Мтодиј”. Но огнот не го зеде злото со себе, него го остави во непријателите на Македонскиот народ, кои крвнички гледаат на МПЦО “Св. Кирил и Методиј” во Гетеборг. Како непријатели ги сметаме Грците, Бугарите и Србите кои не не признаваат ни црквено, ни национално и со нимиe полесно да се бориме и да им докажуваме на шведските власти дека тие ја разделија нашата

убава Македонија на Балканот и истото го прават и овде во Шведска.

Али каде и на кого да се жалиме кога Митрополитот Повардарски господин Михаил во кого верувавме како во Дедо Господ и од кого очекувавме да направи мир меѓу Македонците во Гетеборг, на жалост ги влоши работите уште повеќе. Ваше високо преосвештенство, верниците што ве пречекаа со сол и леб вие ги изневеривте. Зошто? Само Вие знаете. Ваше високо преосвештенство повеќе вечери бевте со нас во МПЦ "Св. Кирил и Методиј" во Гетеборг и навистина ако сакавте да видите ќе видевте повеќе него ли што требаше и ќе ги разберевте онака како што се работите во МПЦО "Св. Кирил и Методиј" во Гетеборг. Но, на жалост Вие не сакавте да видите и да разберете. Навистина уште во саботата покажавте нешто што не требаше да се деси, бевте поканети на кафе кај фамилијата Стојановски во 10 часот и не појдовте. За ручек требаше да бидете кај В. Арсов и таму не појдовте, за вечера требаше да бидете кај М. Стојановски, тие се надеваа до последната минута дека ќе појдете, но Вие не најдовте за згодно ни да ги известите овие верници дека нема да појдете кај ними. Во 22 часот ве побаравме кај свештеникот Ристо Трајковски преку телефон. Ни се јави попадијата која отсечно ни рече дека не сте тука, а идниот ден, во неделата, после службата Вие ми се извинивте дека сте биле легнати да се одморите!? Сега на кого да верувам? На Вас или на попадијата. Јас не можам да разберам зошто може некој некого да лаже без потреба.

Ваше високо преосвештенство не сакам да бдам многу критичен према Вас, не како за човек да сте нешто што самите се претставувате, него од чинот што го носите како Македонски Владика. Во времето кога бев дете, во моето убаво село Граешница Битолско дојде Владика, навистина дедо ми се чувствуваше како да дојдел Господ. Уште тогаш се научив да го поштувам тој свет чин, макар кој и да го носи - не е важно.

Уште кога се организиравме во црковна општина одма бевме прогонувани. За првиот состанок што го направивме во големиот парк Слотскуген во Гетеборг, Југословенскиот конзулат беше обавестен за нашиот состанок и седна на споредниот астал да слуша што ќе зборите. Другиот ден беа повикани членови од Управниот одбор кои ги присили да се откажат, но оние што не се уплашија, ја продолжија работата. Сега сум убеден дека ни

Вие не ги исплашивте. Но, едно да знаете само, направивте голем зијан со вашето невладичко однесување. Но, се надевам дека денес не е успехот на Ваша страна пошто во Македонија се менува климата и на подлите изроди им се открива лажниот патриотизам, кои со децении го лажеа македонскиот народ. Кога бев во Австралија доста луѓе ми раскажуваа за Вашата подлост и нечесност, но јас не верував се додека не се уверив сам и ја увидов и разбрав Вашата подлост. Им се извинувам на пријателите што ми раскажуваа и не им поверував.

Ваше високо преосвештенство, не сте само вие што не гоните, ги има уште многу други. Уште во цутот на организирањето на МПЦО "Св. Кирил и Методиј" бевме истерани од Есланската црква што една беше православно уредена со иконостас и каде понекогаш служевме богослужби, истерани бевме како Македонци. Но, ни тоа не не разорганизира да ја откажеме нашата идеја да еден ден македонскиот народ мора да има своја МПЦ во Гетеборг и како што и се постигна.

Но, точно тоа Вас и Вашите господари ве мачи што во Гетеборг се изгради МПЦ, но се надевам дека, сакале или не, еден ден ќе се покаете и ќе признаете дека сте биле во штета на МПЦ "Св. Кирил и Методиј" и дека некој ве терал.

Како што денес многу признаваат за затварањето на Методи Андонов - Ченто, за убиството на студентите од Струмица и за стотини и стотини други невини убиства, точно од нечесните изроди на Македонија.

Дедо Владика дали не ти беше жал да ги напуштиш 180 до 200 верници, кои те слушаа на богослужбата и да отидеш онаму каде што најмалку ти беше местото? Дали не мислеше дека клучот го ставаш на Македонската црква или пак со таква намера беше дојден? Илјада пати рече дека годишното собрание ќе го одржиме во црковните простории, но на жалост како Владика остана недостоен на твојот збор. Тогаш не ми е ништо чудно што повеќе пати се пишува во македонските новини дека Владиците се тргаат за плаштенки и забради и дека Митрополитот Битолско-Преспански го тепал поглаварот на МПЦ Г.Г. Гаврил.

Дедо Владика знам дека знаеш да читаш македонски, најубаво ќе беше ако правилникот на МПЦО го прочиташе и по него ги судеше работите. Се надевам дека сите верници ќе беа задоволни, оти убаво пиши во него дека секој што, најмалку шест месеци треба да ја посетува црквата, може да биде биран во Управниот одбор, а не оние што никогаш не ја посетувале,

ниту ќе ја посетуваат. Дедо Владика избра луѓе од тип на висок криминал, кои најмалку се популарни меѓу Македонците. Но нека ни е на здравје, не е сефте од вас, па не е ни прва нашата црква што пати од Вас, баш што треба да ја браните.

Тупачковски Илија,
Партиле, Шведска

ПИСМО ОД БОГОЉУБ АНДОНОВСКИ
ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ (03.02.1986 година)

Драги Миле Илиевски,

Весниците ги примив пред една недела и веќе ги распратив по пијатели. Р. Р., како што ти пишав порано, бараше повеќе весници. Исто така и Т. Т. бараше десетина-дваесет весници и ветуваше дека за примените весници ќе испрати пари.

За кога планираш нареден број?

Овој пат ти праќам неколку дописи од НОФМ до "дивите пријатели од НМРО". Од нив ќе видиш дека тие негодуваат и ни поставуваат услови да не пишуваме на начин кој што ним не им се бендисува. А тие пак, ако пишуваат и не масакрат!

Димко смета да бидеме поодмерени и поеластични, се додека не видиме до каде ќе одат во нивната заблуда.

Јас лично мислам дека тие сакаат да предизвикаат раздор во нашите редови. Молчењето на братот С., како и на "Гоцета" со Митка, не мириса на добро. За да видам дали "Гоце" искрено со нас соработува, јас го замолив да го потпише со Митка барањето до "Интернационална амнестија" за да се таа завземе за пуштањето на Д. Б. од робија. Исто така му пратив барање за да ми напише неколку зборови за скоро судените Македонци во Скопје. И знај, ако не го испратил писмото за "Амнесty Интернатионал", и ако не сака да напише допис со коментар во врска со судењето на Македонците во Скопје, тоа ќе биде еден доказ плус за нашето мнение дека тој не е наш. А ти, молам те, јави му се со неколку редови и побрај му една фотокопија од испратеното писмо со негов и митков потпис.

Во случај да не сторите ништо, ќе треба да видиме дали се допишуваат со братот С. и Р.Р. Ако тие одржуваат добри врски со нив, ќе значи дека сакаат да направат раздор. Во врска со "Гоце" прашај го дали тој може нешто да стори кај Исаковски и му ги побара парите, кои што С. му ги давал во свое време. (Ако

тоа не беа пари од УДБ-а, па преку Исаковски на вешт начин си ги вратија и го оставија ДООМ на цедило).

За се што е сврзано со рок, јави ми се макар со неколку збора.

На крајот тебе, на твојата фамилија и на твоите соработници ви испраќам срдечни поздрави и ви пожелувам добро здравје и успех во вашата работа.

Твој пријател,
А. Б.

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО БУБЕВ
ВО ВРСКА СО НЕДОРАЗБИРАЊАТА ПОМЕЃУ
НЕКОИ ЧЛЕНОВИ НА ДООМ (09.02.1986 година)

Почитуван Бубев,

Измина доста време откако се видовме. Се надевам дека не си ме разбрал погрешно и еве за што се работи. Јас имам една доста развиена кореспонденција, а секој ден мора да се оди на работа за насушниот леб. Кога бев во Австралија се договоривме со Солунски за да ја префрлиме "Македонска нација" во Европа, а јас да ја припремам таа работа и отпочнав со издавањето на "Македонија", а потоа одозгора се отпочна една неумесна расправија меѓу мене и Ристета, која не однесе доста далеку. Сполај ти за понудата каде велиш зошто не сум ве прашал и вас за одењето во Перт. Мене ми се понудија од многу места, но јас не прифатував баш затоа да не се дојди до недоразбирање и избрав сето да оди преку Ристета, а од Ристета јас не би сакал ни цента. Колку што има Ристе плата месечно, јас земам повеќе за две недели. Но, како било, сето тоа стана за сожалување...

За да бидиш активен Македонец и да се спротивставиш на југословенска удба, треба да знаеш дека ќе ти направат могу замки. Овде ќе ти изнесам дека само со луѓе од твоето село секоја година се сретнувам, за кои не е тешко да се види дека тие имаат специјална задача и пред кои ќе мораш да балансираш за на крајот да се разделиш како со луѓе. Јас морам да признаам дека имам јадено последните години повеќе ѓаватска туршија и пиено ѓаватска ракија, него било чија друга. Иако гледаш дека се работи во однос да те навредат по наредба на оние шо ги испратиле и ги инструирале, сето мора да го балансираш да испадне учтиво.

Додека со Ристета работите беа поинаку. Ние бевме многу блиски и се знаевме. Тој имаше доаѓано кј мене, јас најпрвин му

бев нему гостин и сето сакав да оди преку него и баш затоа онаа помош од 500 долари требаше да оди преку него. Тоа јас го побарав за она време додека се наоѓав во Австралија. Многу често се видувавме и кроевме планови, но постепено во дискусиите се доаѓаше до недоразбирање. Секако дека кога двајца се замерат не може грешката да биде само кај едниот, но јас се обидував да му разјаснам дека секогаш не можеш да бидиш во право, а поготово кога стоиш на водечко место, мораш да попушташ. Но, Ристе имаше поинакво сфаќање, никогаш не сакаше да попушти. Ако бев јас малку попретпазлив не требаше да ги примам тие 500 долари, а кои покасно Ристе ги употреби како ѓупски стап за да мава по мене. И не само тоа. Кога Ристе се скарува со некого, не бира средства и начин како да го оцрни противникот. Користа од тоа не сум ја сфатил, но се гледа дека оди дури и кон измислување на некои работи, а тоа носи штета на организацијата.

Стојан Боризов Марковски јас не го познавам. Од сликата се гледа дека е помлад човек, од неговото пишување се гледа дека се уште е зелен. Ако тој мисли дека со напаѓањето на други списанија и весници и на други луѓе ќе го покрени својот авторитет и авторитетот на своето весниче, тој тогаш се лажи, а можеби ги лажи и неколцина околу него, но и ние не треба да му даваме секоја важност, тој сам си ги покажува своите лоши страни и никако не ќе можи да биди прифатен од поширокатa јавност.

Ние бараме луѓе кои се позрели и одадени на делото, нашата борба е пред се и над се национална за ослободување и обединување на Македонија. Социјализмот нека си го бркаат другите, кои се слободни. Ние му имаме направено сопки на СБМ и тој си се искажува што него го боли, но не заборавај дека најдобрите патриоти од македонската емиграција се уште ги користи српска удба (велам српска, оти во Југославија Србите командуваат)... И тоа точно оние Македонци кои порезниците ги дереа до кожа и ги истераа од родното огниште и далеку по: Австралија, Канада, САД, Европа, идат истите порезници да ги честиме, јадат, спијат по нашите домови со мака заработени во западните земји.

Ние не треба да се занимаваме со луѓе кои не знаат што сакаат. Ние треба да ги организираме оние кои знаат да се борат за доброто на Македонија. Јас го побарав А. Костовски затоа што знам дека е добар, а може му е близок пријател на СБМ и тој го користи неговото име. Тешко да се објаснат некои

работи во едно писмо. Пред некоја година еден професор од твоето село беше гостин на снаа ми. Јас бев многу внимателен, човекот беше случајно дојден, се гледаше дека никој го немаше испратено. Тој ми раскажа едно чудо работи кои во јавноста воопшто не се познати. Тој дури се чуваше од својот брачед, а кога останавме насамо ми беше многу отворен. Меѓу другото, тој ми рече: Кој е тој што верува дека Васко Каранглески се самоубил? Подетално знаеше како е убиен Васко и зошто.

На крајот сакам да ти се извинам и немој да мислиш дека јас нешто не сум сакал да го сторам, но не сум стигнал. 81 број на МН требаше да излезе на 01.01.87, но удба ни направи една провокација, се разбира преку наши и еве касниме цел месец.

Јас сакав да одам во Перт при Солунски и од две места ми се понуди карта. Од црквата во Перт ми го плаќаа патот и три дена хотел и храна, но јас сакав сето тоа да оди преку Ристета за да не ги налутам РР и Солунски пошто тие беа луѓето на ДООМ. РР ми ги предаде тие пари само една недела пред да заминам во Шведска, а јас не ги скрив или си ги употребив за свои приватни работи како што сега РР таму шири, тие пари ги вложив во една машина, а колку мои пари плус платив за таа машина, јас го известив Солунски за тој да го извести РР. А колку мои пари давам за секој број на “Македонска нација” тоа добро го знаат РР и Солунски.

Ти напишав повеќе одошто треба оти нашата работа е таква. Околу мене југословенска удба бара да најди влакно, па послем да си прави ортома. Прости ми ако сум згрешил нешто. Прими ги моите братски македонски поздрави и многу поздрав на твоето ценето семејство. Те поздравува Добрица Грбевска и брат ми Илија. До добро видување. Многу сакам пак да ја посетам убава и топла Аустралија.

Со почит и добри желби,
Миле Илиевски

ПИСМО ОД ХРИСТИДИС СТЕФАНОС
ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО АКТИВНОСТИТЕ
НА НОФМ ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ
НА МАКЕДОНИЈА (06.05.1986 година)

Мој драги брат и соборец Миле, здраво и живо,

Здравјето ми оди многу убаво, исто така и на фамилијата. Новината “Македонска нација” ја добив за која многу ти

благодарам искрено, а исто така го добив и твоето писмо, кое беше пратено до мене. Исто така те разбирам за се што ми бараш, а јаска тоа го сторив одма без да имам големо закаснење и еве сега, прво што ми бараше, материјалот го преведов и готов е да го печатите за летки или за се што ти треба за нашето свето ослободително движење. Брат Миле, навистина сега материјалот е поубав од што беше во прво време, само најдувам грешка на едно место, а мислам дека тоа не се вика за грешка, туку ќе те замолам ако може да се преправе материјалот со подобро печатење на боите оти не се читат убаво. Гледај, па и ти самиот ќе речеш дека имам право: страна 5 убаво е печатена, страна 6 исто е убава, а убави се и 7, 8 и 9. А страните 10 - 18 и 2 и 3 не стојат добри со бојата. Види ако можите да биде материјалот како што се наредени другите страни, така ќе можеме за сиот материјал да речеме дека нема грешка.

Сега во врска за да го дадеме материјалот на продавница во Минхен да се продава. Знам дека не е ништо тешко, тоа е најлесно, ама јаска или друг мој соработник од Македонците наши не може тоа да го стори бидејќи тие што ги продаваа новините се познаваат со Грци. Мислам дека ќе ме убаво разберите, а не сакам да паднеме во непријатни раце без да сториме ништо за нашето свето дело.

Ние бараме верни луѓе ако некој се најде од републиката, ама на секој не можеме тоа да го речиме. Видиш, ние работиме тајно без човек да знае што ние правиме. Тука во Минхен се има сторено доста пати од грчката страна голема дискусија за летки што се ширеа во внатрешноста на татковината Македонија, а сите знаат дека сме ние Македонци и така велам не ќе треба да ме брзате за тоа дури јаска да најдам човекот кој може да го даде за продавање материјалот и да си заминува. Тоа го рековме денеска со еден Крсте Цветановски од охридското место и тој истиот ми вели: “Стево, пази се дури да најдиме човек кој никој не го познава, само ќе го даде материјалот и нема да се јавува никаде.” Не знам дали убаво ќе ме разбериш брат Миле. Во врска со татковината, не можам да дојдам никако во контакт, само ми велат: арни сме, добри сме, ама не гледам да прават убави работи како што се правеа првите години, сега мислам дека се надеват само на нас, бидејќи нив ги било страв откако се стори ланската година меѓу нив за парите што ги потрошиле без да сторат многу голема работа. Мислам ти имам писано за ова кога се вратив од Лерин за се што се сторило

таму. Сега биле малку посмирени, али стравот остана меѓу доста наши искрени Македонци. Значи ќе чекаш малку дури да одам долу да ги извидам сите работи, до дека имаат сработено, што мислат за натаму и сето тоа јаска ќе видам како иде и после ќе ти се подробно јавам по моето враќање.

Ти испратувам преведен материјал на грцки од материјалот "Стратегијата на НОФМ и тактиката" и т.н. Сега ти што ќе можиш, тоа да сториш. Ти испратувам и слика од Папандреу Андреас, а во материјалот имам нешто убаво кладено, значи малце имам прекладено бидејќи јаска ги знам поубаво како го мачеа македонскиот народ тие кучиња Грци...

Колку за сликата нема веза ако била убава или не, но се фаќат секогаш зборовите на статијата. Тоа ќе го чита целиот народ. Така брат Миле и јаска не седам, правам се што можам и јаска сам работам, сите сакаа слобода, ама сите сакаа други да ја донесат слободата на Македонија и на македонскиот народ. Толку за сега, ајде сега се најубаво и среќно те поздравувам со најтопли мои братски патриотски поздрави како лично до тебе, исто така и до твојата многу ценета фамилија и до твојот брат Ило и до нашиот македонски брат Тоде.

Со почит, твој засекогаш Стефо
Слобода или смрт!
Да живее македонскиот народ!
Да живее Македонија!
Македонија на Македонците!

ПИСМО ОД ХРИСТИДИС СТЕФАНОС
ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ (07.06.1986 година)

Мој македонски брат и соборец Миле здраво и живо,

Ти задоцнив со писмото бидејќи бев на одмор во Лерин и сега се вратив и одма ти пишам за да те информирам на кусо за браќата од внатрешноста. Прво прими најтопли искрени поздрави од сите браќа во внатрешноста од ЦК на ЦОК на МЧП, Солун и благодарност за работата која се врши за нашиот идеал од името на НОФМ и на сите македонски ослбодителни организации и групи. Се разбира дека имаме стигнато до голем успешен чекор и дека ние сите не треба да застанеме и дека треба да се стигне до македонско национално обединување на сите ослободителни организации и групи, како во странство, така

и во сите делови на раскинатата мајка Македонија. Браќата ги информирав за работата која ја врши ЦК на НОФМ и мислата за обединување на сите македонски организации и групи. Со голема гордост од сите браќа, рекоа: браво, тоа ќе ни даде голема можност да дојдиме до голем успех, оти без национално единство, нема национална слобода. И рекоа вака: Обединувањето е најважно за движењето.

1) Ќе ве молиме немојте да клавате во статиите на материјалот за "Македонска нација" или на кој материјал било, да не се пишува против Југославија, оти таму гори едно мало кандилце, кое дава светло на сите нас Македонците, а тоа кандилце ние сите Македонци треба да го пазиме да не угасни. Оти видите во последно време Југославија официјално побара од грчкиот премиер Папандреу признание на македонската нација и правдата на нацијата. Тука се стори голема дискусија цело време на сите политички организации во Грција и голема дискусија се прави преку сите грчки весници и нема везе ако Грците викаа дека не постои македонска славофонска нација, тоа на наска Македонците ни дава поголем патриотизам кога вели Гркот дека не постои оваа македонска нација, туку таа била скопска југословенска пропаганда. И Белград им рече на Грците: Ако вие Грците мислите дека треба да се крие вистината за нацијата, тогај вие сте погрешни или ако мислите дека треба да стоиме со затворени усти пред вистината за да ги држиме добри врските меѓу двете земји, мислиме дека правите голема грешка. Ако вие Грците сакате навистина да имаме добри односи меѓу двете земји, ќе треба бргу да ја признаете македонската славофонска нација и да им ги дадете сите човекови полни права исто како што ние имаме признато на сите народи во Југославија. Еве зошто браќата рекоа немојте да пишите против Југославија, туку треба да бараме соработка со нив и мислам дека ќе имаме успех на тоа.

2) Движењето наше треба да има сега за сега цел само за национално признавање на македонската нација за егејскиот дел на Македонија и исто така и во пиринскиот дел на Македонија, признавање од советската влада, принавање од Европејската заедница и од ООН. Да се признаеме и од источниот блок, писма до Горбачов, писма до Реган, писма до Европејската заедница, писма до сите режими во светот, писмо до папата Јован Павле Втори, да му се заблагодариме што за Велигден папата за прв пат изјави на македонски јазик (Исус воскресна од гробот). Тоа беше еден акт на признање на нашата

нација. Во републиката се врши големо движење на македонистиката, во Охрид и во Скопје. Брат Миле, не е старото време, сегашното време е многу изменето во Југославија, знам дека ќе има по некој гад што не не сака, ама ајде да го кладиме прстот на мозокот и да смислиме во кое време југословенскиот режим побарал официјално слобода и признавање на македонската нација од Софија и од Атина? Еве зошто јаска велам и велев секогаш, оти браќата работат со внатрешноста и материјалот јаска им го праќам преку човек во Републиката, кој има голем интерес да слушне дека сите македонски организации и групи се обединија и бараат национално признавање за Егеј и Пирин и да се вратат сите Македонци од источна Европа, како Македонци, не како Грци и да не се притискаат со потпис дека биле Грци - знаеш дека Грците сакаат да се пишуваат самите Македонци како припадници на грчката нација. Ќе забележам доста такви работи на конгресот ако успееме да го одржиме оваа година во Европа негде и да можиме да кладеме ред на секоја задача, секој треба да си ја знае работата и да се прашува сам што сторил денес за илинденската идеја. Контролната комисија треба да прави на сите нас контрола како во Европа, така и во внатрешноста на татковината. Финансискиот секретар и касиерот треба од сите да бараат членарина, да се прават состаноци повеќе пати во годиниата, а тогај мораат од срам сите да помогнат кој како може.

Врските треба со сите во целиот свет да ги имаме, во Канада, Америка, Австралија, Европа, внатрешноста на татковината, значи да нема човек кој ќе е без контрола, мислам брат Миле дека ќе дојдиме за година време до признавање на целата поробена наша македонска нација.

Се разбира ако се признаеме за македонска нација, тогај слободата лежи до прагот, кога и да е ќе влезе во секоја македонска куќа, а без да се признае за нација и старата карта на целокупна Македонија, јаска не мислам на успех.

Еве зошто ние треба да работиме културно, паметно без да се брзаме на секоја работа. Првин ќе планираме, а сетне ќе работиме, а секоја мисла на секој од наска кога ќе е од интерес на Движењето, треба таа мисла или план да се дискутира од доста членови или делегати или од симпатизери дали ќе е убаво така да се стори. Брат Миле, тогаш ќе имаме успех, тоа јаска го зборував и со братот Солунски, а тој ми одговори вака: Знам Стефо дека така е како што велиш, ама ќе ти ја даде статијата и пари и ќе ти рече пиши ја во весникот, а ти вели, си сирома,

немаш пари, мораш да ја печатиш секоја статија од секој човек. Јаска ја гледам таа најголема грешка, ако нема пари не сме ние криви, ама ако кладиме погрешна статија во весникот, тогај сите ние сме одговорни лица пред целата македонска нација за уништувањето на целата идеја.

Брат Миле не знам дали успеавте да направите демонстрација пред грчкиот конзул како што ми рече, ние во Лерин не научивме ништо, туку чекавме да чуеме. Им реков на браќата да гледаат целото време во новините, може ќе се чуе нешто убаво, но досега не слушнавме.

Во врска со обединувањето на сите македонски ослободителни организации и групи ќе се надеваме дека ќе успееме да седнеме на една маса, а мојата мисла е ако седнеме на една маса, ќе ги склониме да работиме сите во нашиот комитет, јаска за тоа гарантирам. Само ќе сакам од сите васка тогаш да ми се даде можност јаска да преговарам за заедничка соработка. Само нека дојдат и ќе гледаме сите на тоа да успееме на обединување. Тоа го сакаат браќата од внатрешноста и тие на тоа се надеваат.

Толку засега бидејќи треба да одговорам и на доста други браќа како на: Солунски, на Ристета, на Панко, на Митко, на Андоновски, во Републиката да го пратам материјалот што го добив од братот Андоновски за браќата во внатрешноста.

Дозволи ми сега да те поздравам од сите наши браќа од Лерин и Леринско, исто и од мене ти пожелувам се најубаво и среќно и со успех во работата.

со почит засекогаш,
твој Стефо

Македонија на Македонците!
Да живее Македонија!
Да живее македонската нација!
Се за НОФМ!
Да живее македонското обединување!

ПИСМО ОД ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ ОД КАНАДА
ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО КОЕ МУ ЈА ИЗЛОЖУВА ИДЕЈАТА ЗА МАКЕДОНСКА ДЕМОНСТРАЦИЈА ПРЕД ЗГРАДАТА НА ООН ВО ЊУЈОРК (26.09.1986 година)

Здраво Миле,

Еве после толку време ти одговорувам на твоето писмо. Не сакам да бидам сфатен дека не сум сакал да ти одговорам по којзнае какви причини, дека не сакам да го обновиме нашето пријателство. Сакам само едно да сфатиш дека кај мене ништо не се изменило. Добар патриот и националист не се прекројува така лесно. Не знам како сме дошле до крајна точка на нашите допишувања, но сепак Ве уверувам дека кај мене се уште се забележуваат истите намери како и порано.

После неколку години ние овде пак се активиравме во македонските национални чекорења, не дека сме подзастанале или потфрлиле, ами сега се јавуваме како позајакнати, закрепнати со нови сили. Поставувате прашање како позасилено и заеднички да делуваме на нашето дело. Ние го направивме тој чекор, Вие и самите ќе видите од овие материјали што ти ги испраќам. Ние ќе мораме да ги активираме сите македонски сили во едно. Треба да се внимава на критиката која, иако е праведна и фактички докажана, таа може да биде и штетна. Ние треба да работиме на национална база.

Не знам дали ќе ја прифатиш мојата, нашата идеја, за која јас сметам ќе биде една од најсветлите и најкорисните. Ние овде оформивме еден Иницијативен одбор во Торонто за припремање на општо-македонски протест пред Обединетите Нации на 10 август 1988 година. Тој Иницијативен одбор е гранка на општо Македонскиот национален комитет (МНК) со врховно тело по целиот свет. Сега работиме да ги формираме поткомитетите во Америка и на други места. А и Вие ќе треба да ги известите сите комитети и организации по целиот свет за да протестот биде успешен, а со тоа ќе се родат и други плодни работи. Ние ќе треба да отпочнеме со работа и заеднички да ја организираме оваа демонстрација што ќе ги отвори вратите на македонската вистина. Ако ние се собереме сите Македонците од целиот свет на 10 август 1988 година, ние навистина ќе запишеме нова историја што досега не било. Пиши ми дали се слагаш со оваа идеја и да отпочнеме почесто да се допишуваме.

За мојата збирка немам ништо разбрано. Што се однесува за весникот што го издаваме овде “Македонија” јас се откажав бидејќи тој потпадна под туѓо влијание. Националниот Комитет ќе издава наскоро свој весник. За еден весник, идејата е добра и таа ќе можеме да ја дискутираме во иднина. Ако имаме прилика да се сретнеме во 88, така што сите ќе се запознаеме и ќе ги

зацврстиме националните мисли. Тој ден може да биде и македонски национален конгрес (светски), прв од тако вид.

Мојата радио емисија "Македонски свет" е единствен македонски национален глас, единствен македонски радио час, каде можат да се слушнат национални работи. Преку него се огласува и повикот за протестот, а ќе се објавуваат соопштенија и за вас таму. Јас не сакам ти да имаш некакви сомневања во мене. Ние испитавме многу работи и направивме преднацрт како поуспешно да делуваме кон македонското дело. Ние наполно се отстрануваме од мешање на држави каде сметаме дека е во конфликт со нашите мисли. Критикуваме само каде треба да се критикува, против оние што ја негираат нашата национална припадност. Одбиваме да се мешаме во внатрешните работи на Република Македонија и Југославија, иако не се согласуваме со нивните политики. Ние имаме многу поважни работи на кои да работиме, работи кои ќе привлечат повеќе поддржувачи.

Те замолувам да ја пренесеш идејата насекаде каде можеш, запознај ги сите комитети и друштва да отпочнат со работа и да го планираат нивниот годишен одмор за 88 година уште од сега и на тој ден илјадито да се собереме, така здружени ќе бидеме посилни.

Испрати ми адреси од други списанија и друштва. Мораме заеднички да работиме на македонското дело, овој е првиот потег кон тоа единство.

Со братски поздрав до тебе и до твоето семејство,
Горнан Јовановски

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ
ДО ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ ОД КАНАДА
(27.10.1986 година)

Здраво Јовановски,

Јас уште веднаш можев да ти одговорам позитивно на твоето писмо и на твојата замисла за 1988 год. Сепак сакав да ја слушнам мислата и на другите. Зборев со претседателот и со еден дел луѓе од организацијата, направив уште веднаш копии од твоите материјали по однос на демонстрацијата и сите ја прифаќаме твојата замисла. Останува да се работи и таа демонстрација да има успех. Првата македонска демонстрација

се направи во Гетеборг на 15.06.1986. Кога почнавме да ја организираме демонстрацијата, никој од нас не можеше да верува дека таква опфатност ќе има од толку голем број Македонки и Македонци, поготово од нашите млади родени во Шведска, кои со ентузијазам ја водеа демонстрацијата, делеа протесни писма, им раскажуваа на Швеѓани за Македонија и Македонците, за нашите маки и трагедии. Јас бев весел со нашите млади Македонки и Македонци кога видов со каква сигурност ја водеа демонстрацијата. Демонстрации се направија и во Аустралија, во главниот град Канбера и во Сиднеј и таму било добро по раскажувањето на некои мои пријатели и што можев да прочитам во неделниот весник "Македонија". Па зошто да не можеме да организираме една добра демонстрација каква што ја замислувате вие. Ние сме со вас и ако не служи здравјето и животот, јас ќе бидам на таа демонстрација, а ќе сторам се за нејзино добро и помасовно организирање. Значи, можеш да рачунаш на мене и моите пријатели.

Во 1980 декември и јануари 1981 бев во Аустралија. Јас бев одушевен од тамошната емиграција. На делегациите од Републиката им поставуваа озбилни прашања и нема како порано "цили мили", него: што чекате, од кого чекате да ни се ослободи и обедини Македонија?, а не да ги ранат како порано, на многу места не добија ни кафе. (Не сакам да ме разбереш погрешно. Ние си ја сакаме Републиката, но во неа има и лапачи и кариеристи, кои ја заборавија Македонија, па затоа таквите не би требало да бидат пречекувани од нас). По мое сфаќање аустралиската емиграција е денес најактивна и најдобро организирана. И Обединетите Македонци од Канада срамежливо почнуваат да ја префрлуваат линијата на југословенското братство и добро е и кај вас да се почне нешто чисто наше. Ние секогаш треба да си ја цениме нашата Република, за нас таа ќе биди секогаш наша обединителна јатка, но не треба заради тоа да и ги збаоравуваме нашите други два делови.

Искрено да ти речам не знам многу за вашето радио, кое ти го предводиш и си негов шеф. Весникот што го издаде ми беше испратен, но би бил задоволен ако ми напишеш нешто повеќе за радио програмот, што може се таму да се рече и што не може. Како, на пример, дали смее да се каже нешто за нашата Организација?... Дали можеме да кажеме некој збор на една лента и што се се смее? Како ми велиш во писмото дека ние сме

какви што бевме, па верувам дека и за НОФМ некогаш ќе има време.

После пиши ако сакаш нешто околу твојот приватен жиот, а за мене ми се чини дека знаеш. Жена ми е од Полен, имам ќерка и син. Ќерка ми оди на универзитет, син ми е сега во шведската армија и двајцата учат добро, ми помагаат кога можат околу моите потфати по македонското прашање, здравјето ме служи и се оди добро.

На крајот прими ги моите топли и братски поздрави, со верба дека ќе се видиме на 10 август 1988 година и овој датум отсега натаму ќе треба да го пишуваме со поголеми букви, заправо цифри. До добро видување и пишувај почесто.

Со почит твој бат Македонец,
Миле Илиевски

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО
ЈОЛЕ МАРКОВСКИ ОД АВСТРАЛИЈА
(крај на 1986 година)

Здраво Јоле,

Срдечно ти благодариме од редакцијата за испратените сто долари, за кои добивме 446 шведски круни. Не напиша ништо како сте, како ти е фамилијата, како се моите? Не заборави кога ќе ги видиш да ги поздравиш. Посебно ќе го поздравиш Милета Тасевски. Испрати ми ја неговата адреса. Ние овде сме добри, иако УДБа ни се заканува дека се ќе сторела за да не спречи со списанието. Знаеш, ни ја изореа црквата, а ни се фалат дека ќе не изгореле и нас сосе фамилии. Јас велам дека од тој што се фали не треба да се плашиме.

Кога имаш време напиши ншто повеќе за вас таму, за животот, за нашите работи како се развиваат. Ние полагаме нада на весникот “Македонија”, иако јас во моментот си ја немам обновено претплатата, но ќе го сторам тоа што поскоо. Треба сите ние тој весник да го помагаме. Ти и учителот треба повеќе да пишувате. треба да му се помага за да се шири и да го читаат нашите, а црквите треба материјално да се помагаат. Сигурно си разбрал дека еден комитет специјално си има дадено задача (комитетот се наоѓа во Канада, Торонто) да организира една демонстрација во 1988 год. на 10 август во Њујорк, па ќе видиме како ќе испадне. Ние во НОФМ ќе им помогнеме. Им пишавме

едно писмо за да ни дадат на знаење како точно мислат, ние сме со мислата една таква демонстрација да биди против сите три цепачи на Македонија, но изгледа дека тој комитет не е потполно на нашето сфаќање.

Р.Р. врши голема пропаганда против мене. Ќе ти пратам копија од едно писмо писано до еден овде. Се сеќавам на твоите зборови дека тој никогаш не дал од својот џеб ни цент, а од друга страна сите ги прави арамии. Копијата немој да им ја покажуваш на други оти ако разбери Ицо мој за кого исто има пишано, ќе прават кавги.

Толку за овој пат. Ако ми се јавиш и прашаш било за што ќе ти пишам. Примете ги нашите мили и топли поздрави и со среќа да си ја дочекаме новата 1987 година и Божиќните празници. Носи му поздрави на учително, на J. големио, на Димета и на секој наш заинтересиран Македонец.

М. Илиевски

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО
БОГОЉУБ АНДОНОВСКИ (16.03.1987 година)

Здраво Богољубе,

Чим ми стигнаа материјалите го спремив 81 и го експедитирав на поважните места, а сега пуштам само негде каде ќе ми текне од каде имам адреси и еве пак треба да го приберие 82 број, а пријателите наши наместо да ни помогнат, ни клаваат сопки. Од Солунски добив едно писмо во кое меѓу другото ме тера да сум му писал едно писмо на детулето РР со тема да сме се помириле. Јас му одговорив на Солунски долго и широко, па еве наново немам одговор, дали ќе одговори или не, не знам.

Првата страна не испадна најдобра. Набрзина не можев да најдам некоја друга слика за темата што го отвараше овој број и убаво беше обработена.

На тема околу солунските браќа К. и М. и Климент Охридски, Крале Марко, не знам зошто и ние Македонците ги нарекуваме “словенски”, заеднички на сите Словени, кога Бугарите и Србите се безобразни и ги нарекуваат нивни српски, односно бугарски. Ние би требало да пишуваме: Солунските браќа или македонските учители, македонскиот филозоф и слично. Со Димко зборувавме преку телефон, се спремаме некаде да

летуваме заедно од 15 јули, во Португалија, Шпанија или Италија.

Каде велиш дали сум имал книга добра за да се умножи материјалот на француски, овде во Шведска ја има најдобрата книга што постои, само да се има пари, овде има каква сакаш книга. После за печатењето не зависи само од книгата, зависи и од печатарот, неговото искуство и машините, тој што раководи со машините.

Што може да се стори за да се активираат повеќе некои работи? Прашај го Караџа дали треба да се напише едно циркуларно писмо и да се прашаат претставниците на “Македонска нација”, активните членови зошто не си ја плаќаат членаринатa, зошто не се претплатуваат на МН и ред други работи.

А за Ангело и нивниот одговор, одма можеш да наслутиш дека некој друг им соли памет. Материјалот што е пишуван од некој Крсто како одговор на нас, е удбашко масло. Еве како оди тоа: некој удбаш кој се крие зад Крсто му го пишува одговорот по нивна порачка, а Вретовци го имаат него како за свој, кој се плаши божем да не биде откриен. Такви советници имаше и Ристе неколцина околу себе, кои го туркаа во ќорсокак, а тој ги имаше за свои блиски. Еден од нив е од соседното мое село (кога јас бев во Австралија имаше ден од конзулато југословенски роднина на неговата жена), кој беше секој ден при пријателo на Ристета. Кога јас му ставив примедба на РР, тој ми одговори дека не сум го познавал него и дека истиот му носел на РР новости од југословенскиот конзулат, а истите тие новости можеш да ги најдеш во страниците на “Нова Македонија”. Јас немам влијание на Вретоски, кога бев таму јавно истапив против него во корист на Солунски и РР оти јас му реков на Ангело: ти си крив што истапи од ДООМ и ред други работи, а не само тоа, јас на сите им велев дека БХ е човек од скопска удба.

Како можев јас да знам дека новембарскиот број не сте го добиле? 81 број сте го добиле, а за април чекам материјали за 82 број. Што имате, веднаш испратете ми, а 83 би сакал да му го посветам на Драган Богдановски, барем половината и ако сака некој од твоите пријатели, нека напиши она што сака за Драган.

Материјалот за грчкиот министер, како што ме известивте, ќе продолжи. Некој Грк (заправо од грчко потекло од Америка) се заканувал да се напишело една книга против “лажната” македонска нација и да се испратела до сите влади во светот за да го забранат нашето агитирање. Значи, таа тема моментално

е многу актуелна. Од преводот не ми испративте. За манифестацијата во Њујорк, како сам можеш да видиш, сите организации ја прифаќаат. Јас се носам со мисла дека ќе одам таму, а и Димко мисли дека треба да одиме. Како стои со твоите пријатели? Нормално дека јас имам можност да го умножам материјалот и на француски.

Се надевам дека Ви одговорив на поважните прашања, а ако нешто сум заборавил, опростете. На кајот примете ги нашите мили поздрави од мене, од Ирина, Сузана и Томи, до Вас Богољубе, до вашата госпоѓа Ангелики и Владо. До добро видување, ако сакаш прати му го уште веднаш материјалот на Караџа нека го разгледа и ако може нека го среди за печатење.

Со уважување до сите Вас,
Ваш,
Миле Илиевски

ПИСМО ОД БОГОЉУБ АНДОНОВСКИ
ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ (19.05.1988 година)

Драги Илиевски,

Само што го добив писмото, седнав да ти одговорам. Пред се ти благодарам на поздравите и дадените совети. Го примив материјалот и сторив нешто што сметав дека е нужно. Сосема е нормално што си почнал со негово распраќање.

Слушај Миле, со оглед дека имавме закаснување со двата овогодишни броја на "М. Н.", заради што паднаа извесни критики на наша сметка во врска со тоа, а согласно и на твојата изјава дека ти е направена штета на фотокопирувачката, за што ме извести и братот Д. Н., јас одлучив да земам една таква машина. Едно време наидов на потешкотии, создадени од некои елементи, кои што ги следат нашите траги, па имав задоцнување околу купувањето.

Но, знај дека зедов една фотокопирувачка, која секако ќе ни послужи на нашата заедничка работа. Таа може да ги смалува текстовите, како и да ги наголемува до извесна мера. Јас ти праќам две мустри на нејзиното смалување, па ти ќе можеш да процениш дали ќе има нужда да се намали форматот на списанието или пак да си остане како што си беше од сега. Од друга страна, таа би могла да ги намалува текстовите за брошури, кои би биле печатени во согласност со потребите.

Од слаби врски, ете тоа се стори. Иако тоа нешто го направил и братот Д. Н. тогај сме фрлиле пари од недоразбирање. Но, било како било. Поарно да имаме две машини отколку ниедна. Јас бев замолен од братот "Б" да му репродукувам некои поеми, кои имаат поголем број страници (некои и преку 300), а освен тоа јас лично ќе можам да ја користам таа машина и за мои потреби.

Од 01.05.88 не сум на работа. Како што ти напишав некое време, голема мака мачев со Евреинот кај кого бев на работа овие три години. Не ми платил преку 30-40% од нормалната работа, а заради недостиг на лекари во поликлиниката, ме товареше со голем број прекувремена работа. Тој пред три години ме премами да го напуштам старото место, каде што навистина бев помалку платен, но тоа беше уредно и имав по два дена одмор во неделата. Тој ми понуди поголема плата, али ми плаќаше нередовно и со големо намалување. Просто, како по нечиј наговор, ме убедуваше за да си заминам и останам без работа. Тој знаеше дека сум стар и дека нема работа ни за помладите лекари, па ме играше како мајмун. Откако децава почнаа по малку да работат, одлучив да го напуштам и да го предадам на суд. Така сега ниту работам, ниту пак ми мплатил за двава последни месеца, ниту за прекувремената работа, не само за оваа, ами за полни три години. Не знам што ќе сторам. Тој е многу лош човек, а од друга страна неговите сонародници се големи богаташи, кои можат да сторат се што сакаат, па можеби и при најдемократски судови.

Опрости се оддалечив од писмото. Наполно ја разбирам положбата, која што ни ја сервираат слугите на режимот во Т. Ј. Тие најдоа средства и можност да завладеат и со МПЦ, а па да не зборуваме за патриотските македонски организации. Во нив е и чеканот и оревот, па прават што им душата сака, исто као некојпат врховистите на Фердинанд и Борис. Нема организација во која тие немаат некој "Г", "В" или Страхиле. Поповите им служат како на свеци, иако покојниот Т. во војната и после неа, долго време ги гонеше како "Бог ѓаволот"... Ама, што ќе му правиш кога се новиве попчиња "титовски питомци", па му играат по неговата сурла... Движењето ќе има многу многу потешкотии од следбениците на Т., кои ги подготви да ги бранат зафатените јасли по цена на главата. Ти би требало да играш будна политика. Треба добро да се обмисли каква тактика да се избере со нив. Нека остане меѓу нас. И братот Д. Б. во последното писмо ми пишува како во Т. Ј. многу што се изменило и дека епохата на

Удба останала само предмет на минатото (историјата). Од една страна ме кани на разговор со нив, при што, високи бучки ми гарантирале безбедност... По некој ден ми се јави по телефон од Куманово, па во врска со тоа ми стави до знаење да најдам некој дипломатски изговор, од што го разбрав дека она што ми го пишува, го пишувал под притисок на неговите апсанџии. Јас, како што ти реков, му испратив многу материјали: “Македонски мем.”, “Програмата со Статутот”, “Апологијата” и т.н. Накусо речено, Удба е мој заколнат враг. Таа ми го ликвидира и синот, кој денес требаше да работи и да ме одгледува. Јас ја оптужив владата на Т. уште во 1977 година пред ООН. Тие ми правеа пеколни пречки во школувањето на моите деца. Али не успеаја да ја пружат нивната крвава рака по нас до денес. Живееме како и порано, под страв и терор, еве веќе 20 години само во туѓината. Пред да заминеш во А., јави ми број на тел. на кој би те барал во определеното време. Во времето на тој твој престој би требало да сториш се за да се фатат што пошироки врски за НОФМ. Приготвувај терен за еден обединувачки конгрес на сите македонски патриотски организации. Понеси еден примерок од пропагандниот материјал, кој би можел да се размножи ако треба. Биди во допир со Д. и Горнан.

А. Б.

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО
НИКОЛА ДИМИТРОВСКИ ВО САД
(24.10.1988 година)

Здраво Коло,

Измина малу време откако го добив твоето писмо, за кое сум ти благодарен, а исто и за парите испратени за списанието за кои во списокот ќе те заведам како “Македонец патриот”. Јас ми се чини тебе те разбрав дека ти не сакаш твоето лично име да фигурира, а сакаш да работиш за делото. Мораш јасно и одлучно да ми подвлечеш како сакаш за јас покасно да не бидам окривен дека на некого или со некого работам зад грб. Мене ме виде и си имаш претстава, а и јас тебе. Ние имаме луѓе кои соработуваат со некого од нас, а само со еден или двајца имаат врска и со никого повеќе. Затоа во твоето следно псмо да ми подвлечеш како сакаш.

Моето заминување од Мервил, Гери беше најавено однапред и ми се чини и тебе ти казав дека тој понеделник јас ќе заминам за Канада, Торонто, но ако е станало некое недоразбирање, не е

моја кривица, оти тој ден јас го казав на сите мои пријатели и кога бевме во неделата заедно, стана збор за тоа.

Материјали за списанието можеш да ми праќаш до мене и никој нема да знае. Ако ти на никого нема да му речеш, од мене нема да излезе. Дури кога ги праќаш и материјалите, потпишувај ги со некое од тебе измислено име, а можеш да си купиш некоја постара машина која ќе ја употребуваш само за тоа. Јас ќе ги препишувам на нашата печатарска машина и нема никој повеќе да знае. Уште одма можам да ти подвлечам дека таму меѓу вас има луѓе кои рапортираат, а ти не ги разбираш и дури со кои стоиш во блиски пријателски односи. Таквите луѓе се однесуваат како патриоти, а никогаш ништо добро и париотска работа не направиле. Затоа мисли пред кого и што зборуваш ако сакаш да бидеш анонимен.

Трајко Трајковски не само што е повереник, туку е и еден одличен патриот, а и не верувам дека пред Трајко треба да се криеш. Но, секогаш е твое право ти сам да работиш како сакаш и како што ќе побараш од мене, така ќе постапам.

Ме прашуваш како е нашата емиграција во Европа. Како и сегде и тука српска удба врши голем притисок, така да многумина или се повлекуваат или се нивни жртви и влегуваат во пројугословенски друштва.

Македонското прашање е многу комплицирна работа и многупати ние сами сме виновни за нашата ситуација. Во Торонто во црквата одржа едно предавање професорот Блаже Ристовски и меѓу другото зборуваше за Илинденското востание и дека тогаш биле оставени нашите интереси на Бугарино Гарванов. Вистина е така, а кога заврши го прашав: зошто во 1941 и после му дозволивте на Светозар Вукмановиќ Темпо да ја води македонската борба? Од ваквите моменти и нашите историски слабости јас појдувам дека е погрешно ние да чекаме и денес Србите да го решаваат нашиот проблем со Албанците. Ако Македонската влада во Скопје не се покаже способна да го решава тој проблем, ќе мора македонската емиграција да се организира подобро и бара начини за решавањето на македонските проблеми. Во нашиот телефонски разговор стана збор и за еден наш пријател, кого ти се уште не си го оценил добро, но кога ќе надникнеш во неговата работа, ќе видиш друго.

Јас бев скоро два месеца во Американскиот континент и се видов со многумина Македонци, но и со добри и закоравени Југословени. Утре да се изменат работите и наместо Србите, односно Југословените, да ја имаат предноста Бугарите, истите

тие Југословени одма ќе станат бугаромани. Многу малу имавме време да си позборуваме, но она време што имав можност да слушнам од тебе, ти ја сметаш Република добра. За жалење што и јас со тоа ќе се согласам, оти и ние немаме нешто подобро, но јас не се кријам да ја искажам мојата огорченост спрема нејзината политика што тие прво се Југословени, а после Македонци и со тоа носат вода на српската воденица. Еве ги сега кога сите најпрвин и на преден план си ги ставија своите национални интереси, нашите од петици запнаа да ја спасуваат Југославија, иако стандардот е најлош во Македонија. Народот, на кого му имаат втерано страв во коски, се плаши и кој ни е крив после што нашиот народ бега од своите огништа, а на нивно место се шират Албанците?

Земи ја демонстрацијата во Њујорк. Нашите југословенско настроени правеа се да и дадат пројугословенски колорит. Јас сакав да зборувам за Драган, а не за она за кое зборев, оти цел ден беше убедување како Драган не бил в затвор, него само за некои грешки бил притворен, а сега бил на слобода. А само ти знаеш какви се нивните затвори. Споредено со "грешката" твоја и "грешката" на Драган само Драган знае како си поминува во нивниот затвор.

Би ти писал доста, но не сакам да те заморувам. Некои велат дека јас сум бил крајно националист. Не сум, но ме нервира кога секогаш сакаме друг да ги врши нашите работи.

Сега секој може да види како Србите демонстрираат, а нека мрдне некој друг, одма забите ќе му ги искршат.

Толку за сега Коло и извини што јас сум отворен по Македонското прашање и тоа прашање ќе се реши само тогаш кога ние Македонците ќе се согласиме и му побараме решение. Никогаш нема друг да ни го реши.

Со братски поздрави, поздрави ги сите пријатели и добри Македонци: Т.Т., Л, Бориса и други со кои се видуваш.

Твој брат Македонец,
Миле Илиевски

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО
ДИМКО НЕЧЕВСКИ ВО ВРСКА СО
СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ПРОТИВ НЕГО
(08.03.1989 година)

Димко здраво,

Твоите писма ги добив и се разбрав што сакаш да ми кажиш. Ме радува дека ти се свиде последниот број од “Македонска нација”, веројатно дека за во иднина треба да бидат подобри броеви, но тоа не зависи само од мене, зависи од сите нас.

Јас не се замолчив, туку си ги лижам раните што ми ги задаваат нашите кучиња. Имам еден куп книги од судот на кои ќе треба да се одговори. Двапати бев од полицијта сослушуван, последниот пат на 06.03.1989 во понеделникот од 8 часот до 11. Сега книгите треба да одат до обвинителот и тој да одлучи шо ќе биди. Ти нема да си повериваш ни на очите ни на ушите да го слушнеш кумот твој, кој меѓу другото вели: Ти добиваш со илјади долари од Македонците во САД, Канада, Аустралија. Тврди тој дека имал докази за тоа (ова ти го подвлекувам за да имаш на ум, може ќе треба да им дадеш на полицијата точни податоци за 1985-86-87 година колку се има добиено за “Македонска нација”. Ќе им дадеш точни податоци, а јас имам квито за се што имам правено и титовчињата не ќе можат да ме оцрнат дека јас работам за џепот, туку си вадам од џепот...

Оној материјалот што го потписа и го испрати во Југославија, направи голема грешка. Тој материјал како што е пишуван, и неговата цел, ми мириса на четничка работа. Андоновски има свои ставови кои воопшто не се на иста линија со нашите сфаќања, барем со моите, а за тебе имам мислење дека имаме исти сфаќања по Македонското прашање, само јас никогаш еден сличен памфлет не би го потписал, а ти тука правиш прво грешка, а после се буниш.

Океј, ние немаме сметка да се караме со Андоновски, тој има и добри страни, а лошите работи ќе настојуваме да му ги спречуваме. Кога го направи тој списанието летоска на свој начин, јас му звонев и сметам дека во иднина нема така да постапи спрема мене, а на идниот конгрес озбилно ќе го дискутираме ставот на Андоновски. Јас сум на мислење дека секој човек може да си има свои сваќања, но кога станува збор за линијата на нашето национално движење, тогаш секој мора да се придржува на тие принципи. Треба уште веднаш да се зафатам со нов број, дури не излезат книгите за судот. Јас веќе

отпочнувм со 87 број на “Македонска нација”, оти тоа е целта на србулињата, да ме спречат во работата. Ти испрати му се што имаш материјали на Андоновски за препишување, јас ќе ја припремам техничката работа, а чим сум готов со работата тука, ќе гледам да те видам за да разменime мислење по многу работи.

За Драган порано ти пишав, неговиот роман ми беше донесен дома од еден за кого ти расправав во минатото писмо, но јас не најдов за згодно да го објавам и по тоа ќе позборуваме кога ќе се видиме.

Демонстрацијата во Женева ќе ја припремиме како што стана во Њујорк, но овој пат уздите ќе ги држиме во наши раце. Како ќе се постави Андоновски на тоа према нас, така и ние према него. Пане и Перо ќе треба да ги посетиме и ги инструираме по таа демонстрација, на кои јас имам доста поверение, али и по тоа поопширно ќе зборуваме кога ќе се видиме.

Ако сум заборавил на некои прашања прости ми имам доста работи во главата, а како најпрвен да го спремиме во скоро новиот број на списането и тоа тотално против титовци, тие се најгнасните. Да можевме во моментов ќе беше редно твојата жена да ја посетиме во болницата, носи и многу здравје од мене и од Ирина. Ирина уште веднаш рече да дојдиме, но јас Димко морам на Титовите бандити да им одговорам на нивните измишљотини, оти е во опасност да ја преземат црквата. Времето ќе покаже што ќе стани. Примете ги нашите топли поздрави прво до тебе, на Ване и целото твое семејство, од мене, Ирина и брат ми Илија. Митре Јанкуловски те поздравува, на една конференција се закачија со Трајан, па после Т. му кажувал некои приказни.

Со почит,
Миле Илиевски

ПИСМО ОД СОЛУНСКИ ДО ДРАГАН БОГДАНОВСКИ
ВО КОЕ ПРАВИ РЕЗИМЕ ЗА СОСТОЈБАТА И
НЕУСПЕСИТЕ НА ДООМ ЗА ВЕМЕ НА ПРЕСТОЈОТ
НА ДРАГАН ВО ЗАТВОР (05.06.1989 година)

Драганчо здраво,

Тоа што го правиш ти е огромно дело, кое е толку потребно за нашето општо дело и цели. Ги толку пати читав твоите статии

и се многу убави. Мене никогаш не ме лажеше мислата дека ти си искусен мајстор по перото и камо да имаме уште неколку како тебе. Јас малце ти закаснив со одговорот и ова се случи од две причини. Едната е што јас секогаш сум бил бавен на одговорите, таков останувам и сега и за ова да не ми замеруваш, а другата причина е тоа што сакав повнимателно да ги простудирам твоите статии и влезам по сите правила во смислата и содржината. Извини што ти чукам на енглеската машина, мојата им ја дадов на една група наши млади момчиња да го печатат нивното списание на поткомитетот на Движењето за македонски човечки права за Македонците од егејскиот дел на Македонија и така немајќи друг начин решив да ти шарнам нешто на оваа машина, која секогаш ми е под рака. Гледам во последното списание "Македонска нација" има една од твоите нови статии. За неа не ти честитам и мислам дека многу брзаш, а еве зошто. Не само европските држави, туку и другите држави ширум светот истото го прават во однос на УДБ-а, тие соработуваат со УДБ-а и тебе тоа може да ти попречи да го добиеш тоа што го бараш - да се некаде населиш на постојано, бидејќи не си ти сега младо момче да шеташ наваму, натаму без да имаш сигурност зад тебе. НОФМ е се уште со името револуционерен, а зборот револуционерен, според разбирањето на денешниот свет е тероризам. А кога велат тероризам не чекај некој да ти даде право на постојано живеалиште или виза. Пред две недели, тука во Австралија со дозвола на владата беше дојден еден Чилеанец по име Георгио Бушман, лидер на една чилеанска револуционерна организација, која што се бори со вооружена сила да го урне Пиноче. На втората недела од неговото доаѓање, владата на Австралија беше готова да го арестува и го предаде на владата на Пиноче. Чилеанските заедници и некои од синикатите протестираа и австралиската влада му даде нему два дена време да ја напушти Австралија. Бушман има шведско државјанство и живее во Шведска. Истото може да се случи и со тебе ако не слушаш што ти советуваат твоите пријатели. За ова е достатно некој изрод да се поплаче и се е готово. Или ќе те грабнат и ќе те предадат на УДБ-а или, ако се јават големи протести, најлесното што може да се случи е да ти предложат веднаш да ја напуштиш Австралија и никогаш да не се вратиш назад тука. Ти се уште не си навикнат да ги слушаш советите од твоите другари и истомисленици, а тоа е лошо. За поканата што ти ја испратил Сергеј не можам да ти речам ништо, бидејќи не знам што покана е таа, а и не го

познавам Сергеј за да дознаам. Поканата треба да биде форма, која треба да биде исполнета и потпишана од ополномоштено лице, началник на полицијата, судија или друго ополномоштено лице. Ако поканата не е таква, тогаш таа не важи. Ако поканата не е ваква како што ти пишувам тогаш или Сергеј не знаел како да го стори тоа или пак за да не ти рече дека не може тоа да го стори, решил да не те разочара. Не го познавам и затоа не можам ништо да речам. Едно знај дека тој што те кани одговара за се, храна, стан и боледување, кое е доста скапо ако се случи да се разболиш. Медицинското осигурување кое тој го има за себе не важи и треба да плаќа од свој џеб, а ова е доста скапо. И ова нешто Сергеј можел да го знае. Но, ова не е толку важно, ако не се најде друг, јас ваква покана ќе ти испратам, но првин види што ќе испадне со Швеѓаните, сетне ќе видиме. Да не се случи така да бидеш ни тука, ни таму. Осигури се првин од тамо и ако не излезе нешто од Австралија барем да има каде да се вратиш. За ова толку.

На прашањето кое ти ми го постави за време на нашите телефонски разговори од Скопје, зошто го сменивме името од ДООМ во НОФМ, одговорот е краток: Јас, Ристе и господинот Антон Манев Србинов бевме под постојан надзор на австралиската федерална полиција и се сметавме како лидери на революционерно движење што значеше терористичко, по нивно сфаќање. Постојано доаѓаа кај нас и прашуваа што имаме намера да правиме, дали ќе се вооружиме и ќе пукаме по Грците, Србите и Бугарите и така натака. Ова ми беше смачено мене и решив на Петтиот конгрес да предложам да се смени името од Движење за Ослободување и Обединување на Македонија во Национално Обединителен Фронт на Македонија, каде зборот “обединителен” требаше да не им изгледа терористички од нивна страна, а од наша, обединувањето значеше и ослободување. Кога Македонија ќе се обедини, значи дека се ослободува. На конгресот тоа се усвои, а Богољуб и Миле тоа го сменија во Ослободителен. Името обединителен не им се бендиса. Му кажав на Богољуб, но Богољуб си е Богољуб. Тој се знае и тој се прави, а другите се само слепи волчиња, кои ни знаат нешто, ни мислат и за да нема расправии, решив да ги оставам да прават што сакаат. Оттогаш наваму ни кај мене некој дошол, ни кај Ристе за да прашаат дали имаме намера против некого да пукаме. Што се однесува до Србинов, ниту сум го прашал, ниту пак сум имал намра да го прашам откако тој го

растури поткомитетот на ДООМ и почна да бара трева за пасење во туѓи пасишта.

На прашањето зошто го дадов Движењето во рацете на Богољуб, ќе ти одговорам пак во кратко. Богољуб работеше со овие од Сиднеј кои од поткомитетот на ДООМ создадоа свое Движење и развија лута пропаганда и напади против мене и Ристе, а со тоа донесоа голема штета. Богољуб работеше под името "Доктор Балкански" и се јави кај мене и Ристе со добронамерни писма - единство, љубов, братство и друго. Ова го примивме како должно и решивме да го поканиме да дојде на конгресот со цел да нешто успееме во смирувањето на овие бесните од Сиднеј кои почнаа со нашата печатница да бијат по нашите глави. Тука се излагавме. Богољуб не дошол на конгресот да помогне, туку да растури. Тој разви голема демагогија и на крајот заврши со зборовите дека секој знаел зошто јас и Ристе сме го растуриле Движењето, ги фрли лисјето со некои забелешки што ги држел и водел и киниса да бега. Јас се најдов како во небрано лозје и требаше набрзина нешто да смислам и да не дозволам тој да им даде на овие од Сиднеј храна за уште неколку години да лаат како бесни кучиња. Тогаш му реков дека има право да бега бидејќи бегаат тие кои што дошле да растурат, а не да помогнат на делото и дека јас во него верував и сум бил со намера него да го предложам за претсеател како стар револуционер и високо образована личност, која може да придонесе на нашето заедничко дело. Кога Богољуб слушна дека јас сум имал доби намери, тој веднаш се смени и стана како јагне. Седна и почна да се оправдува дека тој и навистина дошол со добри и братски мисли и цел и дека ние него неправилно сме го разбрале. Кога видов дека тој се смири не сакав пак да го нервирам да го истури сето тоа што го таел во себе и си реков дека е можно дека не сме го разбрале и да седнеме и да ја завршиме работата. Како гледаш и тука немав друг избор, тоа ми дојде тогсш набрзина и тоа го реков, но се поксжа дека тој дошол со намера да биде идниот претседател. Немам податоци, но мислам дека на некого од нашите од Европа тоа им го ветувал без да знам јас, а кога виде дека ние ништо не сме спомнале за него каква должност да му дадеме, се нафрли како волк на мене и Ристе и за да не бега и донесе штета поголема од што веќе беше донесена, требаше да го ставиме на претседателскиот стол.

Одговорот на прашањето зошто го дадов списанието "Македонска нација" во рацете на Миле или инаку зошто го

пренесов во Европа, е следно: Откако Исаковски го присвои бизнисот за себе и откажа да праќа пари, се најдовме во големи финансиски тешкотии. Јас со операците што ги имав од раните што ги имав уште од партизанството, наоѓајќи се долго време на боледување, ја изгубив мојата инжинерска позиција, која ми дозволувше да доделувам по нешто за списанието. И Ристе го изгуби изворчето кое многу помагаше да го вадиме редовно списанието. За ова изворче и една мала сума пари, меѓу Ристе и Миле до ден денес односите не се добри и дури до сега не сме успеале да ги смириме работите меѓу нив. Баш во ова време или нешто порано Миле почна да го вади списанието "Македонија" како орган на поткомитетот кај него. Јас, немајќи можност да продолжам со списанието "Македонска нација" се обрнав кај Миле да престане да го вади списанието "Македонија" и ги праќа парите тука за да можеме да продолжиме со списанието "Македонска нација". Миле ми одговори дека тој не барал пари од никого за тоа списание и ќе продолжел да го вади со парите што ги вадел од поправањето на стари коли и нивно продавање. Ваквиот оговор на лице, член на Централниот Комитет мене ме многу разочара и решив да му го товарам списанито да го вади и, ако има пари да го плаќа, нека продолжи да го вади и списанието "Македонија". Како гледаш Драгане и тука немав друг излез. Ако дозволев да се продолжи со "Македонија" и го прекиниме списанието "Македонска нација", тоа ќе значеше дека ДООМ умре и останал само еден поткомитет во Шведска, со што од една трана ќе и го правевме ќефот на УДБ-а, а од друга страна ќе им дадевме можност да се нафрлат со сите сили против Миле и од него да направат тоа што го направија со мене и Ристе - партал и прав. Кога нема "Македонска нација", нема ни ДООМ. Ова јас го сметам за победа, нека е и мала, но сепак е победа. Миле не се погрижи да го одржи тоа ниво на кое се вадеше во Австралија, но сепак и докажавме на УДБ-а дека таа нема сила да не уништи.

И на крајот на прашањето зошто ти беше отстранет од секаква работа во Централниот Комитет на ДООМ?

Како што ти веќе сега знаеш УДБ-а отпечати от твое име два листа дека во првиот лист ти го признаваш Четвтриот конгрес и ја примаш должноста политички секретар, а во вториот лист ти го негираш и не го признаваш Четвртиот конгрес и се уште се сметаш за претседател на ДООМ, а јас и Манев сме биле руски агенти и бугарски шпиони, коишто навлеговме во ДООМ баш кога вие со другите сте работеле да го засилите ДООМ. Оваму

се раширија десетици клеветнички писма од твое име со могу точен твој потпис. Со ова УДБ-а се стремеше да докаже дека ти не си ништо друго, овен кариерист, кој не знае ниту што прави, ниту што сака. Еднаш пишува дека признава, а другпат дека се премислил и решил пак да биде претседател. Со тоа тие сакаа да те прикажат како безумен, од друга страна сакаа да не навредат нас и не доведат да се откажеме и го предадеме Движењето на овој ренегатот од Лондон, кој беше тука кај овие од Сиднеј. Тие го повикаа и Ристе и побараа ним да им ја предадеме архивата, инаку јас и Ристе ќе сме оделе три метра под земја. Ристе им рекол дека тој треба да си оди од таму од каде што дошол, а овие од Сиднеј да си седат на газот мирни. Тука за мене беше најтешкото време, ниту да го дадам Движењето, ниту пак да го држам. Знаев дека овие писма не можат да бидат од тебе, но како тоа да се докаже на народот дека ти не си ти, кога твојот потпис беше точно твој? Ова беше најтешко да се докаже, а освен Ристе немаше со кого да се посоветувам. Миле играше некоја нечесна игра и беше доста тешко да го разберам, а камоли да барам од него совети. Можеби тоа го правеше со добри намери, но во исто време неговите писма даваа доста голема храна за овие од Сиднеј, кои играа во рацете на овој од Лондон, чие име се гнасам и да го спомнам. А требаше Драгане да се решава бидејќи Движењето губеше и членството кое секогаш чекореше зад нас, тоа го очекуваше и бидејќи јас бев убеден дека овие писма, дури и кога се потпишани со твој точен потпис, не се твои, па решив да му кладам крај на сето тоа. Од една страна решив да и го сторам ќефот на УДБ-а да мислат дека таа ја постигна својата цел, а од друга страна сакав да им докажам дека тие нема да можат да го превземат Движењето дури и ако останеме во него неколку души. Јас не бев уверен во тоа дека ти ќе имаш можност еден ден да се јавиш и да ја кажеш вистината, но нешто ме тераше на тоа дури и ако не се јавиш, дека некаде нешто ќе оставиш што еден ден ќе дојде во наши раце и ќе ја отвори вистината. Не знам од каде ваква увереност идеше во мене, но тоа длабоко го чувствував во душата и решив да не се откажувам, туку напротив, да те отстраниме до петтиот конгрес и да продолжиме со работата натаму без оглед колку таа ќе биде тешка. Сега ти тоа можеби го гледаш за грешка, може мислиш дека не требаше да се пишуваат вакви нешта, но влези во мојата кожа и кажи ми како инаку јас можев да не и дадам можност на УДБ-а да не го превземе Движењето во свои раце? Ако не се решавав да им се

спротивставам, не пишувајќи против тебе, ќе значеше дека тоа е се верно и требаше да падне ДООМ во рацете на оние кои ги сакаше и бараше УДБ-а. Толку за сето горното. Ако има уште нешто што те интересира, тука сме, пиши ми. А сега со братска искреност и почит,

Твој,
Мијалко

ЛАКЕИТЕ СЕ ОДНЕСУВААТ КАКО ГОСПОДАРИ
(Статија од Драган Богдановски, 18.06.1989 година)

Кога некој лакеј или слуга се мрдне од умот, тој заборава на својата слугерантска положба, па се вообрази дека е господар и се однесува пред луѓето дека тој за се има право и бара другите да му се послушни и да ја исполнуват неговата волја. Нормален човек не знае на еден ваков, чукнат во умот, лакеј дали да му се смее или да го сожалува што Господ или природата направила од него ваков будала. Случајот на лакеите кои си вообразиле дека станале господари можеме да го илустрираме со нашите скопски "државници", србоманските врховисти. Тоа се истите оние македонски предавници кои во 1945 година ја уништија македонската народна војска, кога таа не сакаеше да оди и се бори за српските интереси на Сремскиот фронт, а беше спремна да маршира за Солун, тоа се истите предавници кои во 1946 година делови од македонската национална територија, заедно со старата македонска светија манастирот "Свети Прохор Пчињски" им го отстапија на Србите, а легендарниот претседател на АСНОМ Методи Андонов - Ченто го уапсија и го осудија на единаесет години робија, тоа се истите оние арамии кои за себе си обезбедија живот на турски паши и ориентални махараџи, а нашиот работен народ го доведоа до питачки стап, тоа се истите народни крвопијци, кои ја обезмакедончија Македонија, испадувајќи ги Македонците по Австралија, Америка, Канада и по западноевропските земји, тоа се истите оние изроди од кои Македонија плаче и крв плука - ете тие, туѓински измеќари, марионети и фантоми на Белград, наместо да молчат и да се закопаат два метра под земја зашто самата нивна појава смрди на предавство и на вазалство, си го присвојуваат правото кое ни по обичајното право ни по меѓународните закони не им припаѓа, тие и само тие да ја претставуваат Македонија и македонскиот народ. Но, лакеите и слугите не можат никого да го претставуваат, освен сопствената

си мизерија. Луѓето што ползат четвороношки пред Србите немаат право ни да го спомнат чесното име на гордиот македонски народ, а камоли да претендираат дека само тие имале право Македонија и македонската нација да ги претставуваат. Како лакеи на туѓинци господари, тие тоа право го изгубија уште во 1945 година кога го изневерија илинденскиот идеал на македонскиот народ.

Во последно време скопските врховисти на разни свои средби и конгреси се жалат дека во емиграцијата имало Македонци, т.е. македонски организации, кои правеле обиди да $ бидат партнер на СРМ во претставувањето на Македонија и македонскиот народ пред надворешниот свет и пред меѓународното јавно мнение. Тие дури сакале да го игнорираат постоењето на СРМ.

Сметајќи дека СРМ е некаква национална држава на македонскиот народ, скопските врховисти сметаат дека само тие имаат право да зборуваат од името на македонскиот народ, дека само тие имаат право да го претстваууваат македонскиот народ во светот.

Ако тие беа навистина македонски државници и ако ја исполнуваа својата историска задача да бидат заштитници на целокупната македонска нација, на цела Македонија, тогаш никој во емиграцијата немаше да се обидува да $ го оспорува на СРМ односно на нејзиното раководство, тоа право. Меѓутоа, работата не е така. СРМ не си ја исполнува својата историска задача прво затоа што таа не е вистинска држава, па соодветно на тоа нема право да истапува како држава на меѓународен план, а второ затоа што кај нејзиното раководство не постои волја да се завземе да ги зашитува интересите на македонството во целина. Освен тоа, што може да се очекува од скопското раководство, кога тоа не ги заштитува ни интересите на македонскиот народ внатре во рамките на Југославија и допушти народот во СРМ да дојде до питачки стап, да има најнизок животен стандард, најголема безработица, најмасовно иселување и да биде република во федерацијата со најголем полициски терор поради што другите републики ја викаат “темен вилает”

СРМ нема право да има своја дипломатија, а една држава штом нема своја дипломатија, таа не е вистинска држава и не може никого да го претставува. СРМ за да може нешто да стори за македонските национални малцинства во соседните земји, мора да дејствува преку сојузната дипломатија, која заради Македонците не сака да си ги расипува односите со Грција и

Бугарија. Југословенската дипломатија е предадена во рацете на Србите, кои си го негуваат своето старо српско-грчко пијателство на штета на Македонија. Па и скопските раководители, во политичка смисла на зборот, прво се Југословени, а потоа Македонци. Ти секогаш повеќе водат грижа за единството на Југославија, отколку за единството на македонските национални интереси. Скопските "државници" не се слободни во своето дејствување ни на внатрешен ни на надворешен план. Затоа, тие ако се искрени Македонци, ако искрено $ го сакаат доброто на Македонија и на македонската нација, тогаш не треба да се лутат, туку напротив треба да се среќни што надвор во емиграција, наполно слободни Македонци, независни од никого освен од себе си и од Македонија, прават работи што СРМ, т.е. нејзиното раководство не може да ги прави зашто нема слобода на дејствување. Секоја македонска организација во странство, која е инспирирана од илинденскиот идеал на македонскиот народ за слободна и обединета Македонија, има поголемо право да ја претставува Македонија и македонската нација одошто србоманското врховистичко раководство на СРМ.

Се лутеле или не скопските раководители, партнерството односно конкуренцијата која така многу ги нервира нив, постои и ќе постои. И среќа е за Македонија што постои.

На меѓународен план, во меѓународните односи, СРМ ништо не е повеќе признаена од било која организација на македонското иселеништво. Демократскиот дух што владее во меѓународните форуми им дозволува не само на државите, туку и на разни организации, па дури и на приватни лица, да ги изнесат своите маки и неволји, своите барања пред меѓународните форуми. Палестина не е држава, но Јасер Арафат зборува во Обединетите Нации. Зошто тоа да не го прават слободните Македонци во иселеништвото?

Скопските "државници" немаат ни морално ни законско право да се лутат што други Македонци, многу почесни и многу поголеми патриоти од нив, ја вршат работата која тие требаше да ја вршат, но не ја вршат, зашто и да сакаат да ја вршат, не ги остават да ја вршат, бидејќи не се слободни, бидејќи се робови на Југославија.

19 јуни 1989 година
Гетеборг, Шведска

Драган Богдановски

ПИСМО ОД БОГОЉУБ АНДОНОВСКИ ДО ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ВО ВРСКА СО СОСТОЈБИТЕ ВО НОФМ И ПОВТОРНОТО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДРАГАН (28.08.1989 година)

Драги брат Богдановски,

Завчера го примив твоето писмо. Срдечно ти благодарам за поздравите, советите и примедбите.

Да почнам од последниве. Братски те молам да ми опростиш за сторената "омашка на калемот" (лапсус цалами). Не се сеќавам каде ми одмакнала. Во секој случај сметај ја за безвредна. Избриши ја. Ако ми ја посочиш во кое писмо сум ја сторил, и јас ќе ја избришам, бидејќи сите мои службени дописи во одбраната на твојата работа, твоето киднапирање не било ставено под сомнение. Некои од тие документи ти ги имаш во фотокопија, а некои пак се уште се во моите списи. Опрости, уште еднаш за таа случка.

Што се однесува до предлозите за исправка во испратените материјали, молам те, да ми испратиш твоја текстуална формулација, која, биди уверен, ќе биде внесена во наредната рецензија на споменатите документи. Ако би имал прилика да се запознаеш со сите мои статии или приватни писма, ти би видел дека Тито и неговите измеќари нигде не се поштедени од критиката, која е заснована на историска вистина. Можеби, овде онде за "атер на НРМ" биле поблаго удрени од осведочените гробари на Македонија, Грците и Бугарите. Али, јас наполно го делам твоето мислење што се однесува до историските штети, кои што од Титовата диктатура му беа нанесени на македонскиот народ, а и на македонското прашање. Титовистичкиот југословенски врховизам е своеврсно зло, насочено против македонскиот илинденски идеал, кој што беше чинет од чисто опортунистички обзири од страна на Тито и неговите измеќари од родот на Л.К., Л.М., М.А. и други.

Сакам да ти нагласам дека ти си една од најодговорните личности во македонското револуционерно движење. Како таков те бранев на Петтиот конгрес и ти, иако беше на робија, си една од најеминентните раководни личности на НОФМ. И овој пат тебе лично, ќе ти се даде почит да избереш ресор, кој што ти со својата душа си го пожелувал. Јас сум стар и уште зафатен со работа за егзистенцијата ми, бидејќи немам право на пензија, која би ги покривала моите животни трошоци. Затоа сакам да ти речам дека ти не би требало ни малку да се воздржуваш, кога се

работи за активноста на македонската организација. Верно е дека ти беше отстранет од активниот живот на организацијата. Али, не е вистина дека ти си бил "исфрлен" од неа.

Твојата работа јас лично ја ценам како мошне плодна. Само, би те молел, да не би дошло до взаемна негација, или контрадикција, при секој нов чекор во тактиката и стратегијата на организацијата да имаме претходно советување, макар со два-три збора. Оти ми се чини дека "договорот куќа гради".

Во врска со новините во тактиката и стратегијата, би можел да си направиш дополнителни нацрти, како би можеле да ги подискутираме на еден заеднички состанок, кога за тоа ќе се укаже погодна прилика.

Што се однесува до Панко, сакам да ти речам дека во овие 6 - 7 години, откако успоставивме врска, сум сторил се што е можно да го одоброволам неговиот дух. Но, има некоја сила одстрана која му давала спротивни директиви од моите добри желби и настојувања. Или, просто, откако "намирисал" дека јас се наоѓам во раководството на оптужуваниот врв на ДООМ, завзел наполно неоснован и непремостлив став. Жал ми е - јас лично на конгресот, после советувањата што беше ги направил братот С., упорно и залудно го одбив понудениот ми ресор. Ама, кога се фатив на оро, сум принуден да го играм до крај. Јас и онака ќе соработував со движењето, али сметав деликатна должност да му се предадеше на помлад и послободен патриот, кој ќе можеше подобро да го води орото. Ете сега танецот привршии. Па, на последните советувања би можел да направам рокада во танецот. И овој пат му пратив покана на братот П. С. за да ја објави во неговиот весник. Ама тој ме изневери, како што ме изневерил со безброј до него испратени дописи, печатени на добра машина, готови само да се прекопираат во интерес на нашата заедничка борба. Јас се искарав со низа раководители на ДООМ и НОФМ, штитејќи ја неговата патриотска личност. А тој, како што ти кажав, не ми врти глава. Макар што на некои од неговите непријатели во нашите редови им дофрлал како тој повеќе од нив придонел за НОФМ, но не му земам за кусо. Тој беше и се уште се смета за член на ЦК. Ама, со "сила може само да се одземе, а не да се даде." Како сака. Му се оставам на волја. Гледам дека создава нови организации. Нека е среќно, ако со тоа нема да работи против организацијата во која што тој некојпат завземал висок положај. И денес тој положај ќе му беше даден. Но, тој не одговара на мојата кореспонденција, па не знам што сака.

По најважниот проблем ти испраќам документ, кој можеш да го потпишеш и испратиш до МПО, се разбира ако си согласен со него. Прими мои срдечни поздрави.

Твој соборец и пријател,
А. Б.

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО ТРАЈКО ТРАЈКОВСКИ ВО ВРСКА СО НЕДОРАЗБИРАЊАТА ВО НОФМ
(05.11.1989 година)

Трајко здраво,

Измина доста време откако ти се немам јавено. Имав и се уште имам проблеми, а претерано многу време фрлив по некои организациони работи, а не помалу со Драган, на кого му треба доста мојата помош и како гледаш се во некоја закачка.

Во почетокот, како што ме извести Богољуб, на 7 јуни требаше да одиме во Стразбург, така него го извести Александар Костов, а тие многу порано отидоа. Таму се договоривме како да го одржиме конгресот. Богољуб стори се да испадне само тој да стани сам конгрес. Откако виде дека така не оди, сторивме што сторивме, се видовме јас, Димко, Богољуб, Драган и некои други во Копенхаген. (Порано Богољуб и Димко испратија еден меморандум до југословенската влада, кој повеќе личи на четнички меморандум отколку на македонски). Ако не ми кажеше Димко и јас немаше да знаев. Значи тој меморандум се пишувал зад грбот на раководството на НОФМ. Како било, се почна да се бира кој што да биди. Јас никогаш не сум се наметнувал, но сметав дека на Драган треба да му се даде добро место (Димко стори се за Драган да не спие во неговиот стан, што мене доста ме погоди). На вечерата се отворија дискусии како да се држиме спрема Драган, јас ги известив дека Драган само преку мене има добиено повеќе писма и пари отколку што ние имаме добиено за цели десет години. Димко и Богољуб се сторија за да се стават на врвот. По неколку дискусии околу Панко и панковиот весник, јас на Богољуб му подвлеков дека неговите материјали не ги печати затоа што мирисаат на комунистички. Јас тоа му го изнесов повеќе од добра намера, оти тој сакаше Панко да го деградира, а мојата намера беше Панко да завземи видно место. Во дискусијата ми се нафрли Богољуб дека јас му се наметнувам. потоа дојде резолуцијата за која исто се закачивме. Ако ја имаш ти од Богољуб, еве ти ја испраќам нашата исправка со Драган, но

Богољуб беше непопустлив. Ние со Драган си дојдовме, а Богољуб и Димко останаа кај Димко уште два дена. И покрај тоа што имавме направено еден состав, накнадно Димко и Богољуб направија измени и тоа не само што се ставија: Богољуб за претседател, а Димко за генерален секретар, туку и некои други измени. Откога Драган се запознал со тие маневри се јавил на Богољуб телефонски и потоа ми се јави и мене и ми вели: "Миле, чувај си ги твоите пријатели. Јас немам ништо заедничко со луѓе кои се само за тоа да застанат на врвот, а еве и откога ги оставивме сами, поново измениле кој што да биде. Лично јас не сакам да се дојде до расцеп и ќе сторам што стои до мене, но идат гласови како Богољуб плети мартинки, а некои писма дури ми се на располагање."

Ти си му писал на Драган и добро е што сте дошле до разбирање. Измеѓу Миле и Ристе никакво разбирање не се направи. Откога не му дозволив на Богољуб да внесе некои работи, се налути и тогаш тој почна за РР. Пред тоа тој ни раскажа дека во Сиднеј му рекле на еден состанок: "Еве не нас дваесет и неколку уште веднаш ќе станеме членови на НОФМ, само да го снема РР." Тоа беа зборови на Богољуб, а ако не ми веруваш мене можеш да ги прашаш Димко и Драган. Истото му го рекле и во Волонгонг. Последното писмо од Богољуб е доста дрско и несносливо. Се уште не сум му одговорил, а имавме и еден несослив телефонски разговор. Се воздржав да му одговорам на неговите напади. Сум бил дома кај него повеќе пати и сум доста ценет од неговата госпоѓа и неговите деца, па си реков нека си вика, но во некои писма што продолжуваат да се шират низ Гетеборг Богољуб претерува. Јас никогаш и на никого не му се наметнувам. Може секој да си биди комунист, србофил или било што, но кога станува збор за линијата на организацијата, тогаш не е во прашање што сака Миле или Богољуб, туку како сака Македонскиот народ!

Ова ти го пишувам како информација и немој да упаѓаш во некои неподносливи дискусии, кои одат на штета на организацијата. Еве го сега е поврзан со некои луѓе, кои порано беа со Миленковски, а кои секоја година си одат во Македонија.

Толку за сега со братски борбени поздрави и многу поздрав на твојата ценета госпоѓа и синовите. Мојата ќерка веќе почна да работи како инжинер и имам една уста помалу за ранење. Ве поздравува многу Ирина.

Твој
Миле

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ
ДО ДИМКО НЕЧЕВСКИ ВО ВРСКА СО
НЕДОРАЗБИРАЊАТА ВО НОФМ
(ноември 1989 година)

Димко здраво,

Овде ти праќам копија од писмото на РР во кое многу јасно се гледа зошто му е потребен РР на Богољуба.

Богољуб ми има напишано едно доста безобразно писмо на кое се уште не сум му одговорил. Треба прво да ја смирам мојата наивност и кога ќе се почувствувам смирен, ќе му одговорам.

Тебе исто сум ти лут, затоа што јас во тебе верував и ми се чинеше дека знам што работиме. Кога сакав да ве запознаам со расписките и парите што ги трошам за списанието, и ти и Богољуб покажавте дрскост како да тоа не е важно. Е мој Димко, колку пати јас треба да замижам и кога ќе си ги отворам очите да видам некој како ми бае од бабини деветини. Јас со голема нада и верба дојдов во Копенхаген верувајќи дека многу работи ќе се решат, но освен горчини друго ништо немаше. И тоа:

1. Србоманскиот памфлет за кој ти дури луто ми се јави по телефон дека такви работи не ти се свиќале (се надевам дека во иднина нема да потпишуваш слични глупости). Со тој ваш меморандум, освен ти и Богољуб, никој друг не е запознат.

2. Јас никогаш на никого не сум му суфлирал што да биди и каква идеја да гаи, но кога станува збор за линијата на организацијата, си постои шаблон во кој правец одиме и кои да ги викаме пријатели, а кои се цепачи на Македонија.

3. Те замолив да ја побараш од Богољуб кореспонденцијата од РР, а еве сега станува збор и со ТТ. И нему му писал еден тон лаги, иако ТТ мене ми го даде и на Драган поверението за да го претставуваме. Јас си мислев дека безрезервно среќавам пријатели и нема што да се вадат писмата, кои ми беа испратени во поверение од членовите, како и од ТТ.

Разбрав дека Богољуб се поврзал и со Тодор овде во Гетеборг. Алал да му е, не е неинформиран човек. Преку телефон ми рече дека оставил пари кај Димко и ме праша дали си ми ги пратил.Ти ми велиш дека го припремаш весникот, само

што тој не стигна на време поради квар на машината, а и ти подвлекуваш дека кај тебе имало само 300 круни. Потоа по телефон ме извести Богољуб, дека ако не можеш да го извадиш ти, тој ќе го извадил. Сигурно има некој милионер чичко како што имаше Благој Миленковски. Или пак ако ти немаш пари, зошто не му речеш на Богољуб да ти испрати? Богољуб праќа измеѓу 300 - 500 круни, другите пари си ги дава Миле од скинатиот џеб. Немам вујко богат, ни вујко владика. Ако Богољуб извади списание како што се случи порано без да се консултира со мене кому му е поверено списанието, тогаш нема што да си ќутиме. На втората точка од "меморандумот" ти луто реагираше како јас да сум крив, а пред Богољуба се однесуваше како тоа било потребно. На дискусиите меѓу мене и Богољуб ти ладнокрвно подвлекуваше дека и ти си бил комунист порано, па сега се прашуваме што го натерало Богољуба да ги побудува сите духови само и само да се дограба до весникот? Не му беше доста да направи се за да остане сам на конгресот и ги сошие сите конци како ќе му биде најдобро. Мојата дискусија беше повеќе од добронамерна. Јас знаев зошто Панко не му ги печати материјалите, а веројатно и тој тоа го знаел, но не сакал да го прифати, тој си имал свои планови. Од ТЦ слушнав некои зборови кои се засновани на ваши меѓусебни врски, а и од еден пријател на Тодор. Се надевам дека овој пат нема да запливаш во туѓи води, оти расцепот во ОКМ настана практично меѓу мене и тебе. Тоа го постигна Благој Миленковски, а не некои други. После станаа кавгите измеѓу тебе и Драган, а јас сепак се воздржав бидејќи знаев дека шило во торба не стои и дека Миленковски порано или подоцна ќе си го покаже своето вистинско ЈАС. Со надеж дека овојпат нема да го злоупотребиш нашето пријателство сакам ова допишување засега да остане меѓу мене и тебе, но ако решиш да го запознаеш Богољуб, тогаш барем биди отворен спрема мене. Толку за сега. Многу поздрав до твојата госпоѓа и целото твое семејство. Имате исто многу поздрав од Ирина.

Со почит,
Миле Илиевски

ПРЕВОД ОД ДЕЛ ОД СУДСКИТЕ ДОКУМЕНТИ
ВО ВРСКА СО НАМЕСТЕНИОТ СУДСКИ ПРОЦЕС
ПРОТИВ МИЛЕ ИЛИЕВСКИ (1989 година)

“...Во 1962 година Илиевски, заедно со неколку истомисленици, организира едно друштво што работело за македонските интереси, пред се на културно-политички план. За цело време Илиевски бил член и одговорен за издавање на весникот “Македонија”, кој весник објавувал политички вести и бил контроверзен.

Илиевски го објавил првиот број во 1964 година. Тој ги пишувал материјалите на својата машина за пишување и ги умножувал на еден стар 'стенцилеринг' апарат, што го вртел рачно. Илиевски понекогаш добивал мали количества хартија и слично, а поголемите трошоци за весникот ги давал од својот џеб.

Весникот се издавал 4 - 10 пати во годината во тираж од 200 до 1500 примероци, во зависност од материјалните можности.

За цело време на печатењето на весникот имало бројни тешкотии и политички компликации. Илиевски и неговите соработници често пати биле физички напаѓани од југословенската полиција.

Илиевски и неговите истомисленици се броеле за признавање на Македонија, која е разделена помеѓу Југославија, Грција, Бугарија и Албанија.

Илиевски потенцира дека тој никогаш не се борел против личности или нечии полиции, туку дека неговата борба е за признавањето на Македонија како држава и признавање на македонскиот народ.

Весникот станал се попопуларен, па било напуштено печатењето на стариот начин. Била пронајдена печатница во Минхен, Германија, која прифатила да го печати весникот, па таму се печател повеќе години. Финансирањето на весникот се плаќало од дојдените пари од претплатниците на тој весник, а честопати морал да учествува и со свои пари. Имало и други Македонци кои помагале. Парите од друштвото се употребувале за весникот.

Во почетокот на седумдесеттите години почнал Миле Илиевски со Миле Цветковски да дискутираат за изградба на една црква во Гетеборг. Илиевски и Цветковски ги испитале можностите и организирале црковна управа со една група луѓе. Илиевски не влегол во управата, туку работел отстрана заради

неговиот отворен политички ангажман. Затоа избрал да не фигурира со името во црковните книги и работел индиректно преку други.

Тој бил таму секој ден со алатите кога се правела црквата и добил локал од ќошот на Магазинигатен-Дротнингсгатан каде се направила црквата.

Во црквата доаѓаат поголем број членови, а за неколку години членството расте и во друштвото Илинден. Тогаш е направена нова црква, која ја поддржуваат 1800 фамилии.

Друштвото ја имаше црквата на Магазингатан..."

*

Во заклучокот на судската пресуда (што ја даваме во фотокопија) пишува: "Криминал не може да се докаже", што претставува јасна потврда од Шведскиот суд против лажното обвинение што го поднесе против мене извесна Павлина Спасевска, која јавно се фалеше дека била од УДБ-а и дека сите ќе не "уништела".

Миле Илиевски

ПИСМО ОД "КОВАЧОТ МАКЕДОНСКИ ЈАНКО"
ДО БОГОЉУБ АНДОНОВСКИ ВО КОЕ ГО ИЗВЕСТУВА ДЕКА СЕ ПОВЛЕКУВА ОД ЧЛЕНУВАЊЕТО ВО НОФМ (05.02.1990 година)

Почитуван брат Андоновски,

Немалку сум шокиран од се ова што имам добиено во лектирата од тебе. Најнапред да ти заблагодарам на сето до тука внимание, за испратените ти списи, наменети чисто речено за "дискусија", што само по себе зборува, да се оди до крај...

Во моето писмо до братот Драган Богдановски, од тебе препратено, за што пак ти благодарам, но верувај ми дека се чувствувам многу непријатно (зашто се дотука не сум имал никаков абер за сета таа непријатност помеѓу вас), тоа кое ме чини задолжен да ти се крајно извинам за моето инсистирање да биде баш преку тебе испратено и секогаш со мисла на добронамерност. Ти брате Андоновски верувам да имаш забележано за моето нагласување дека, според програмата на НОФМ, требаше да ни бидат доставени материјали за работта до крајот на минатата 1989 година и наместо тоа мое секојдневно очекување, јас се здобив со еден куп испратени расправии, дотука познати на секого од членовите на НОФМ,

освен на мене, зошто тоа не е така страшно, но не миришат на ништо од доброто замислено и исто програмирано. Тоа е нешто кое ме потсетува на некогашното сценарио: Солунски-Исаковски-Ристевски по повод нивните меѓусебни финансиски недоразбирања, за кои нечесни работи требаше јас лично да учествувам како посредник да го поднесувам сиот срам од еден скандал преку водачите на ДООМ. Треба ли коментари?

Јас мислам дека со нашата прва патриотска средба ние двајцата доволно добро се разбравме да не аплаудираме како во сала пред бината, а тоа веднаш се увиде откако ти се обиде да ни читаш како на некое "предавање" за што веднаш ти реков дека не е времето за "политички час", туку да зборуваме по однос на суштината... Веднаш потоа изјавив да досегашната пасивна работа не дава активен плод во татковината и дека е нужно да се влезе во активно дејство директно во Македонија, во самата маса. Да се дигне гласот и да се добие нужното ехо во светот. И потоа наместо некој весник "Ле Мацедоан", наменет за туѓинецот, јас предложив еден нов македонски весник под називот "Обединета Македонија", од кој, по моето враќање, ти имам испратено и еден образец. Во самиот наслов ќе биде поттикот за македонскиот национален револт во обеднувањето и ослободувањето од владеачкиот туѓински јарем.

Толкувајќи ги во себе внимателно сите твои писма испратени тука, јас те гледам стриктно фатен за македонскиот филозоф Аристотел за неговата вежба спроти Платон и Сократ, но ако има место да се дозволи тоа, да и однадвор се каже на тоа мислењето, оставајќи ја настрана метафизиката од Аристотел, нема да е од повеќе да погледнеме и во софистите, од чиј софизам, насочената насока во заблуда веќе се има забележано и тука пред нашите очи: не е ли тоа носење во заблуда со подвлечени вулгарности, дури и тоа што се "чуло" по телефон: "задници", "лижења" и т.н. и т.н.? И тоа во еден весник така ценет од македонските патриоти, а уште повеќе изрази од еден претседател? Во принцип сите ние кога се наоѓаме со состојба да се извлекуваме од некоја непријатна ситуација, природно се држиме до софизмот за да не ги признаваме грешките директно...

Во сета оваа брканица не гледам ништо повеќе отколку една театарска претстава под наслов "Прав во очите", во мое време прикажувана во Струмичкиот театар. Кога истата ја видов на репертоар во еден од француските театри, сум трчал да ја видам постановката на истата од еден француски режисер, тука

во Париз. Според тоа, токму испаѓа дека сум фигурирал во една од главните ролји како актер, а под режијата на тебе лично мој докторе, без да ме интересира за авторот. Како што се покажа, после сиот овој резултат, сета таа таква режија одвај дали дојде до овој чин. Не треба тоа да не крајно разочарува зашто и професионалните режисери не ретко доаѓаат во ситуација на неуспех. Имено, враќајќи се на моето минато, се сеќавам на познатиот Коле Чашуле, кој дојде специјално до Скопје за да ја постави на струмичката сцена "Печалбари". Тој немаше успех, но затоа авторот го донесе името на театарот кој денес се вика "Антон Панов".

Ќе се потрудам на секој начин да останам во рамките на твојата демократичност за слободно давање на мислењето и сметам дека дадените забелешки не ќе не одведат многу далеку бидејќи јас би сакал, ако дојде ред и ден да се видиме пак, барем да се поздравиме како добри пријатели ако не повеќе, зашто до денес немам разбрано за некаква нечесност спрема мене од тебе, како што е случајот со мојот непријател број еден од овој кој ти има и тебе испратено моја фотографија - ти знаеш брате Андоновски за кого тука се однесува зборот...

Почитуван докторе, ти самиот ме имаш запишано во твојот избор, на чиј предлог, не знам. Јас веќе сум се заблагодарил за тоа, според тоа, не ќе ти биде ништо од повеќе, според мојата благодарност, да ме исто така отпишеш и тоа веднаш, да моето име не фигурира понатаму во средината на твоите членови од НОФМ. Јас немам присуствувано во ништо на тоа, во било каков програм или резолуција, исто како ни во некое гласање, зашто не сум бил ни член на НОФМ до овој момент, Покрај тоа, те молам докторе, извести ги твоите членови да во иднина не ме задеваат со нивните глупости преку "слепите" им пратки за работи кои што се крајно туѓи за мене.

Јас, ако се сеќаваш, по една објавена статија во "Македонска нација" ти имав направено забелешка по телефон да во почетокот на Титова Македонија постоеше "Народен фронт", како и самиот автор на статијата со тоа се чука в гради тука, па се ми изгледа дека НОФМ ќе биде истото со недостаток на АФЖ. Но, уште позабележително ти направив забелешка во врска со "Генијалниот Доген" каде ти реков да го запреш со славизирањето на Македонците и да не прави повеќе никаква славо-Македонија од Македонија самата неа. Ете овој "Диоген" во правата смисла на зборот, по филозофијата, е вистинскиот но и преку тоа, тој е еден вистински втор Демостен за Македонија,

кој од Македонците одвојува Дардани славо-Македонци варварски и овие од долна Македонија старо-грчки Македонци и тоа му е сосем на место да “Македонија е неговото (југословенско) срце”...

Имено, има толку многу да се пишува, но нека се поштедеме барем ние двајцата помеѓу нас и пак да се видиме без многу црвенило на лицето и преку се да се пријателски поздравиме, барем од моја страна. Со тоа сакам да те најсрдечно поздравам со сите најубави желби во твојот личен живот и воедно целото твое, за мене, преку тебе лично, многу ценето семејство.

Со патриотски искрени поздрави,

Ковачот Македонски - Јанко

ПИСМО ОД ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ДО
МИЛЕ ИЛИЕВСКИ СО ПРЕДЛОГ ЗА НАДМИНУВАЊЕ
НА НЕСОГЛАСУВАЊАТА СО БОГОЉУБ АНДОНОВСКИ
(06.11.1989 година)

Драги Миле,

Денеска добив писмо од братот д-р Андоновски и во врска со тоа ти го пишувам ова писмо.

Од содржината на писмото на Андоновски се гледа дека тој немал намера да ја вади во Швајцарија постојано “Македонска Нација”, туку тоа го сторил со бројот 89 само и само да ти помогне, зашто бројот беше задоцнил со своето излегување.

Затоа, идниот број на “М.Н.” нека си го носи редниот број 90, да не се создава забуна меѓу читателите дека има две различни “Македонски Нации”.

Вашите несогласувања треба да си ги решите вие самите за да се избегне расцеп или раскол во Движењето. Една отворена и братска дискусија сигурен сум дека ќе доведе до слога меѓу вас. Затоа, не го доведувај во прашање Шестиот конгрес, каков таков - тој барем за јавноста е одржан.

Пиши му на докторот писмо, не се срамувај да му се извиниш за навредувањето, помлад си, па едно извинување од твоја страна би ти направило чест и достоинство.

Прими срдечни и братски поздрави.

Твој, Драган Богдановски

Еве ти го испраќам писмото што денеска го добив од Андоновски. Читајќи го ова писмо не можам да не си го поставам прашањето: дали ние не грешиме спрема овој човек, кој како секој човек си има и свои слабости. Мислам дека тој уште долго

време може да биде користен на чело на движењето, па затоа не треба да го отфрламе, а да се обидеме да му укажеме на неговите грешки.

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО АНГЕЛЕВСКИ ВО ВРСКА СО НЕДОРАЗБИРАЊАТА ВО НОФМ
(21.06.1990 година)

Почитуван Ангелевски,

Од презафатеност од многу работи, еве дури сега Ви одговоруваме на Вашето писмо. Сами знаете дека сега во наша Македонија стануваат многу промени и не се стигнува да се оди со времето. Ние сме Македонци и доста скапоцено време и средства губиме за рекла-казала, а и често се фаќаме на туѓата јадица, наместо конструктивно да работиме за делото. Таму е нашиот потпретседател РР, од кого ти праќам копија од неговото писмо до Богољуб Андоновски за кого Вие се интересирате, а тој наш потпретседател за Австралија можел на еден фин начин да ви објасни за створената ситуација, а на самиот Б.А. сте можеле да му поставите многу просто прашање: со кого го одржавте конгресот?

Лично за мене е жалосен случајот оти еве тој наш Богољуб не престанува со своите клевети за многумина, а поготово против Драган Богдановски за кого сите знаеме дека од српска УДБ-а преку наши наемници беше киднапиран, мачен и мрцварен по затворите на титовистите. Од друга страна Б.А. е само суспендиран, а не истеран како што некој го толкува тој документ. Ова лето му е дадено на знаење нему и на контролната комисија да свикаат конгрес и на тој конгрес или вонредно собрание да се објасни пред раководството и членството.

Многу уважуван Ангелевски, јас кој ти го пишувам ова писмо и сум во нашето движење од почетокот, ќе ти кажам дека никогаш досега не се случило еден човек сам да прави конгрес и да одлучува, дури и кога удбашите припремале такви преврати, како преку Благоја Миленковски и Ванета Самоилов Петровски, тие успевале да одвлечат на тие нивни конгреси еден дел од членството, а и некои од раководството. БА ниту тоа не успеа, да навлече некои со својата превратничка тактика, освен неговиот братучед Благоја Веловски од Сиднеј, а за други не знаеме, додека споменатиот не е ни член на раководството и на организацијата. Каква поддршка има од Димко Нечевски не ми е

познато, само знам дека и Димко остро реагираше за пишувањето на Андоновски до југословенските комунисти и до бугарската ком-партија, па макар што по некои барања, тој со нив се солидаризира, ги крева на ниво сега кога комунизмо полека ама сигурно пцовисува во цела источна Европа.

Точно така, нашата борба е пред се и над се македонска национална борба, инспирирана од илинденските идеали, а еве и на партијата ДПМНЕ, која ја предводи Драган Богдановски - однапред се ставени буквите ВМРО. Нашиот оснивачки конгрес на 17 јуни во Скопје беше прифатен од целиот македонски младеж, во конгресната сала немаше место за заинтересираните, сигурно си читал во "Нова Македонија". Нашата телевизија ќе има ленти за видео од тој конгрес. ДПМНЕ е продолжеток на ОКМ, ДООМ, НОФМ, а зошто АБ шири сега разни измислици баш против Драган Богдановски, кој го посвети целиот живот на Македонија и македонскиот народ, прашај го тој наш брат што го натера на тоа?

Наместо ние сега братски да се сплотиме во демократските партии кои постојат внатре во Македонија, иако некои работи се уште се темни, тоа би требало од нас сите да се бара на расветлување на се, за да се забрани злогласната тајна полиција, која се раководи од Белград и оворено пред нашиот народ преку демократските принципи да бараме обединета целокупна македонска република, како тоа што го направија Хрватите!

Нашите во Пиринска Македонија се борат со голи раце против бугарските црни и црвени фашисти и во своите апели до нас во странство, бараат барем некоја машина за пишување да им се испрати и некој копијатор за умножување на нивните апели. Вие од Аустралија во 1989 година испративте делегати до Европската заедница за што два делегати потрошија цели 40.000 долари без да се сретнат со некого во Европа. Тоа го гарантирам јас (станува збор за Радин и Попов). Тие сретнаа луѓе во Скопје, а не во Стразбург или Брисел, тие се шетаа на сметка на човечките права за оние кои вистина се борат за човечките права да сте му собрале по 1000 долари и му купите на старо некоја пишачка машина, би било во многу поголема корист, а не на луѓе кои се шетаат и ја вршат работата на злогласната полиција на Белград свесно или несвесно. Нивните експерти му го прават плано како да му ги мачкаат очите на народ. Ние кога бевме во ОН во Њујорк, од таа делегација постои лента како бевме примени, што се дискутираше, каде им

се предаде и петиција, а ај нека ви покажат вашите делегати нешо слично, некој документ од нивната посета, каде и од кого беа примени, а еве сега има делегати од Австралија во Копенхаген (бркање на ветер). Сето тоа не оди така, секоја работа треба однапред да биде припремена и договорена со одговорните власти.

Да се вратам на темата со Богољуб. Тој наш брат беше примен официјално во 1984 година, а се имаше јавено на наша адреса уште во 1967 година. Најпрвин долго време соработуваше со Благој Христов во Лондон и Вретоски А. И на Ангелета можеш да му се обратиш да се извести за тактиката на Богољуб. Јас сметав дека ние многу јасно и конкретно се објаснивме во нашиот документ објавен во "Македонска нација" број 90 за март и април. но во ова писмо ќе се обидам да ти испратам некои материјали, односно копии од некои материјали за да можеш сам да си извлечеш заклучок, а се надевам дека Р. Ристевски подетално ќе те запознае со сите материјали кои се пишувани од БА. Во последно време БА издаде и неколку пати пиратско списание од "Македонска нација", тука исто се видува за кого нему му трга срце. Некои броеви од списанието се уште не сум ги добил, само ми има јавено преку телефон дека пред некоја недела извадил ново пиратско списание.

Еве еден добар пример со Богдановски. Барем сега сите знаеме дека тој цели десет години и седум месеци скапуваше во занданите на титовистите. Кога стигна во Шведска, кој го прифати и му излезе во пресрет и му го среди социјалниот опстанок? Пред да замине за Европа во посета на некои наши патриоти и го припреми конгресот во Скопје ми остави една писаќа машина, која не вреди ни сто долари, за да ја дадам некаде да се поправи. Тоа е нашата македонска вистина, ако побараат некои намазани од котилото на УДБ-а, се собираат со илјади долари и никој не им бара сметка. Во 1981 година бев во Австралија, се видов со доста наши и многу добро бев примен во вашиот град, поготово во црковната управа. Имам доста блиски пријатели и роднини: Јоле Маркоски, Јоле Големиот, Палино, Диме Николовски, Серго С., Ѓорги од Оризари ми се чини дека беше. Со многумина долго време дискутиравме по нашите работи. Споменатиот РР испадна ситен спрема мене за едни пари кои ми беа дадени од црковната управа и се оладија односите меѓу нас. Но, тој е должен поодблизу да те запознае околу Богољуба. На крајот примете ги нашите братски и патриотски поздрави до вас и вашите пријатели, иако не ви се

одговори во ваше задоволство. Се надеваме дека ќе ни одговорите на ова писмо и конкретно побарате објаснување по кое прашање не сме се разбрале.

За НОФМ
Ваш одан соработник
Миле Илиевски

П.С. Ви испраќам пристапница за во ДПМНЕ, по можност да ја умножите и разделите кај заинтресираните. Побарај го Јоле Марковски и запознај го. Тој ми е од најблиските мои пријатели во вашиот реон.

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО
БОГОЉУБ АНДОНОВСКИ ВО ВРСКА
СО МЕЃУСЕБНИТЕ НЕДОРАЗБИРАЊА
(средина на 1990 година)

Богољубе,

Да не те познавам и да сум појдел од мој личен интерес, немаше да ти пишувам ни еден редец. Ти твојот став во многу писма и до Драган и до други си го отвори срцето, но сега станува збор за еден завршен чин за ОКМ, ДООМ односно НОФМ. Во ноември ќе има гласање, лично јас немам претензија за власта, иако сум во ВМРО-ДПМНЕ. Секој ден имам пријатни изненадувања од партијата и нејзиниот водач и му оди, како што се вели, на наше се како треба. Ти лично нагло се измени откога дојде Драган, а Димко страда од драганофобија, но не е како што ти сега сакаш да се извлекуваш за некој збор што мене ми се клизна. Тебе и на Димко водата ви ја измати Драган, а не јас. Мојот обид да ве поврзам не беше злонамерен, јас секогаш сум имал мисла дека со сите заедно нешто може да се постигне. Ти дојде во Копенхаген откако разбра дека Димко полесно може да ти ги потпишува твоите материјали и оние материјали што не му се свиѓаат нему, оти Димко го знам и по политичко убедување и по нарав, а тебе ти се чинеше дека сега е момент од Димко да направиш како прво стожер, а потоа корисна будала да ти ги потпишува твоите памфлети. Ако не е така, прочитај го неговото писмо од кое ти имам направено копија што е пишувано до тебе. Такви и слични писма се во моите раце, како и за конгресот, кој конгрес ти сам си го придотера. Ако ти продолжиш да играш и претседател и редактор комплетно со цела редакција и сам си припишуваш дека со стожерот и превртливиот Тодор Коцевски

дека вие сте што правевте се досега и ја ослободувате Македонија, многу моменти и многу конгреси вие не ќе можете да ги присвоите, оти кој ќе ве оправда оти на гореспоменатите организации кога одржуваа конгреси и кога имаа врвни достигнувања, галеничињата твои и стожерите им седеа во скутот на удбаши, а ти кај беше кога тие конгреси се одржуваа и кога многу од гореспоменатите организации сега тебе добро те советуваа за конгресот да се пресвика со целото негово раководство. Разбрав дека во некое од твоите пиратски списанија си ме имал нападнато и си му испратил на ТТ и не знам на кого други. Зошто ти мене ме напаѓаш кога бесот те фаќа од присутноста на Драган? Не можеш на коњот, па удариш по самарот. Јас не знам што си пишувал, но ако си толку поштен ќе требаше да ми испратиш кога веќе пишуваш потив мене. Јас не знам дали тебе ќе ти помогне нешто ти да продолжуваш да ја издаваш "Македонска нација". Јас исто наскоро сум готов со идниот број. Чекам да добијам што си писал ти. Органот на ОКМ "Македонија" јас го регистрирав и РР, а не ти и Димко. ОКМ прерасна во ДООМ и тогаш се јави потреба или по барање на некои од членовите, од "Македонија", се промени името во "Македонска нација". Сето како што се досега испаѓа дека ти се јавуваш како на времето што стана со Благоја Миленковски. И тој како тебе подучен од некого сакаше да стани татко на се. Многу ќе ти биди попаметно ако си го ставиш прстот на умот и си речиш: "Чекај бре Богољубе, што трчаш како прле пред магаре. Јас се борев за Македонија, ама не со овие луѓе што го организираа ОК, ДООМ и НОФМ, туку со шарените и за Југославија." Си пеел и за плитвичките езера. А ако си имал намера да станеш борец за нашите идеи ти треба да се измениш, а не ние, оти ти тврдиш дека не било така, да ти си дојден во нашата средина и дека твоите идеи се нови за нас. Иначе, оти не сакаш кај старите членови да направиш збрка и да си ја наредиш со нови луѓе, од тебе избрани, кои порано немаа ништо ни со ОКМ, ДООМ и НОФМ. Можеш ти да ја оправдаш твојата постапка за твојот конгрес за да пишуваш против мене, јас се уште не знам што си написал и ти не си нашол за згодно да ми испратиш од таа твоја вистина да видам и јас што си писал. Како било било, и јас сум готов со наредниот број. Ако имаш некои интересни материјали испрати ги штом се отчукани на машина, а по можност и пари (чим имаш пари да вадиш посебно списание, тогаш ќе биди подобро да издадиме заедно еден број)!... А ако ти почнеш да издаваш списание под нашето

име, тогаш ќе ме присилиш да направам еден посебен број со писмата што ми се на располагање, кои не најдобро зборуваат за тебе. Јас не почнав прв да те напаѓам, дури и не ти посветував внимание, кога ти преку писма почна да пишуваш против мене. За мене тоа е губење време и млатење празна слама, но ако ме присилиш нема да ти преќутам.

На 19 август во црквените простории ВМРО-ДПМНЕ ќе има оснивачки собор за Шведска под водство на Т. Радевски, М. Илиевски, М. Велјановски, И. Цветковски.

Ти нема да го прифатиш мојот предлог само ако имаш задна мисла. Како сам гледаш ги имам сите твои писма и твоите напади се земени од ваздух. Јас секогаш сум му бил верен на македонското дело и за никого не сум се изменувал, а како сам знаиш сега ги имам во раце сите твои писма и писма кои се пишувани за тебе. Јас дури и со сожаление се однесувам спрема тебе и ќе ми биди жал ако ме приморaш да почнам да пишувам против тебе, односно ако бидам приморан да губам време да ти одговорувам на твоите глупости. Оние што порано по наредба на српска удба измислуваа лаги против мене, сега имаат пополнето пристапници за да се учленат во ВМРО-ДПМНЕ, но зависи дали на секој ќе му се уважи пристапницата. Што се однесува до тоа што ти си даваш кураж и вадиш едно пиратско списание, можам да побарам од швајцарскиот суд и една потера, затоа што тоа се коси со законите - немој да ме дотераш до тоа дерење.Тогаш само ти ќе имаш незгоди, а мене ќе ми одземеш од моето скапоцено време. Писмата твои до Драган ги препратував онака како што беа затворени и не знам дали ти е одговарал.

Кога сам ќе видиш дека јас и нема што да пишувам, доста е само да публикувам еден дел од писмата што се пишувани од тебе и писма што зборуваат за твојата личност пишувани од други.

Евем ти написав еден дел за кое ти требало од порано да си свесен и да побараш разумна расправа, но никогаш не е касно ако си со чиста намера за делото да постапиш како што бара делото. Да направиме нов конгрес, каде ќе бидат сите уредно поканети, а оние кои не ќе можат да дојдат, да си најдат свои претставници. Инаку сам се туркаш во ќорсокак и млатиш празна слама. Од премногу млатење на празна слама ќе стане плева и од тоа ќе нема никој корист, а најмалку ти!...

Миле Илиевски

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО
БОГОЉУБ АНДОНОВСКИ ВО ВРСКА
СО МЕЃУСЕБНИТЕ НЕДОРАЗБИРАЊА
(средина на 1990 година)

Богољубе, си станал прав ТК.

Србите велат: “С ким си, такав си”, но ти во некои моменти покажуваш дека имаш повеќе разум од овој празен и во главата и во душата. Не знам што те тера на такви нагли преврати, ако навистина ти станала судбината на македонскиот народ, остави ги на мира Миле и организацијата за која тој цели триесет години не само што делел од залакот на своите деца, туку со ризик за својот живот, работел за делото. Со тебе влегов во контакт после цели десет години на колебања. Јас знаев за тебе уште во шеесеттите години, знаев за твоето минато, иако сметав дека некои спрема тебе претеруваат, ти сега потврдуваш дека твоето минато не е чисто, а ако си сакал да се измиеш од тоа твое минато, тогаш остави ги другите - за перење е потребно сапун и чиста вода.

ТК е бивши титов порезник, удбашки слуга, криминалец над криминалците и ти си се фатил со него. Твоето напаѓање сега само ми прави услуга, но не и на делото. Јас, како што ти спомнав и погоре, и покрај тоа што имав лоши податоци за тебе, ти подадов рака и кога се однесуваше како треба, се покорував само и само да врват работите. Во Канада правеше состаноци зад мојот грб, ме изигра со “Македонска нација” за да не биде претставена во Шератон. Кај Димко видов уште веднаш дека си ги имавте посебно договорено работите и тука се обидов да ви подвлечам дека со лага ага не се бидува. Дека јас таму дојдов со добра намера, погледни го меморандумот за Илинден, но ти се увери дека Димко ти падна во скуто како зрела круша за потпишувањето на твоите пасквали, но сега сам гледаш дека ти губиш во таа твоја подла игра. како прво ти никого нема да го увериш дека си бил на некој конгрес. Кој си ти што ги сменуваш сите стари борци и си местиш луѓе кои никогаш порано не сториле ништо за организацијата? Не е така лесно “да играме мижачка”, а да не се види ништо.

Твоето пиратско списание те открива до голост. Такви намери направи и порано српска УДБ-а, па не им успеа и зошто сега тебе да ти успее? Знаеш ли колку ќе те кошта ако се потера судски што ти го вадиш твојот памфлет во името на органот и организацијата, која е регистрирана во Гетеборг? Многу тешко ќе

ти биде да докажуваш пред швајцарските власти по кој закон ти тоа го правиш како да е твое? Ти сигурно имаш некоја задна мисла или си во нечија служба, но ако сакаш за твое добро да ја оправдаш твојата постапка, еве го мојот предлог. Ова лето побарај навреме кај сите членови и на кое место сакаш ти стојам на располагање, не заради мене, туку, како ти што стално велиш, за доброто на нашиот народ, да се објасниш со кого и како го одржа конгресот. Ако не ја прифатиш добрата страна, која води кон вистинско добро, тогаш ќе бидеме приморани да побараме кај швајцарските власти да откријат како ти се дограбуваш до списание кои постоело и е регистрирано од други, а еден таков акт нема да биде многу добар за тебе. Против мене можеш да пишуваш колку сакаш, а ако јас најдам за згодно ќе ти одговорам и со твои документи ќе ти ја затнам устата.

Љубовните писма што му ги праќаш на Драган преку Тодор, му ги препратувам и таа си е негова работа дали тој се секира околу твоите клевети. И овде се гледа дека љубоморно реагираш. За Драган веќе има цели штабови наоколу во нашата дијаспора, а и внатре во Македонија, и ако најдат за згодно веројатно ќе ти одговорат.

Списанието “Македонија” и ОКМ, книшката и статутот се дело на Миле и Ристо Христов, а не на Димко. На Димко списанието се викаше “Македонец” и главен редактор беше Благој Бен Миленковски, Т. Коцев и компанија, затоа и тука не се истрчувај многу.

ДООМ е организација, која се роди на делата на ОКМ, но не пореку Миленковски, туку преку Шамбевски, Богдановски, Шариновски, Илиевски, Ристевски, Стамкоски, Србинов, Марковски и редица други. Прашај го Димко што работеше кога ОКМ го одржа историскиот конгрес во Кил? Кај беше Димко за време на третиот, четвртиот и петтиот конгрес на ДООМ и со кого правше полиика?

Ако имаш малу политичка мудрост уште веднаш ќе констатираш дека мочаш против втерот. Стави си го прстот на умот и не растурај го она што порано го граделе. Ако ти е чиста совеста, дај да си пружиме раце и сите заедно да го направиме она што е добро за наша Македонија и за нашиот народ.

Кога покреваш поблеми од пред десетина години, колку пари ти и должиш на редакцијата, односно мене, само за аплогијата, која кошташе 1880 круни? Од 1989 година, месец мај, Димко кај кого се наоѓаа парите, нема испратено ни една пара и во тој

случај кој и ги троши парите околу списанието? Вакви слични твои маневри нема лесно да те оправдаат за твојата "поштеност". Димко нема дадено пари за списането ниту еднаш откако јас го уредувам, освен за ротопринтот, кој кошташе 22.000 шведски круни. Алал да и е за поштеноста. Со Тодор оди му на гости и нека те донесе во нашата црква за да ги сретнете вашите едномисленици. Верувам ќе си ги увидиш твоите лекомисленија и ќе се вразумиш, а ако продолжиш да мелеш, немој да очекуваш нешто подобро.

Со поздрав,
Миле Илиевски

ПИСМО ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ОД
МАКЕДОНСКИ АКТИВИСТ (1990 година)

Здраво Миле,

Вуковиќ Јово (а не Јоцо) е кореспондент на Танјуг. Тој или некој друг барал од Министерството за правда да види дозвола за македонскиот конгрес и добил одговор дека таков конгрес не им е познат. Изгледа дека Драган не знаел дека во Шведска мора да се бара дозвола за собири, нарочно кога има и странци. Во Германија, Франција, Швајцарија и други држави тоа не е потребно.

Читав во еден рапорт до УД дека во Македонија имало регистрирани 14 партии и групи за наредните избори. Се смета дека половината од нив ќе земат места во парламентот. За Драган е ова, се разбира, една дилема бидејќи тој не може да оди во Скопје каде комунистите имаат полна полициска контрола. Постои можеби можност тоа да се реши со естонскиот модел, кој се примени на изборите во Литва и Летонија. Но, Македонија е далеку од балтичките држави и во менталитет и во политичка култура. Можеби тоа може да се реши со помош на австралиските Македонци? Бидејќи оној кој остане надвор од политичкиот живот во Македонија и без политички мандат, нема политички глас. А комунистите се мајстори и можат да го испреварат и во Австралија.

Драган секако има припадници и во Македонија и ако успее да отиде во Австралија и со помошта на Стамкоски организира една вистинска македонска партија со многубројно членство, која притоа да се обиде да истапи во предизборната кампања во Македонија, може тој да добие мандат. Се спремам пак на пат во

Сент Ејен, минатата недела таму беше лето. Поздрави Драгана кога го видиш и предај му овие мои предлози.

Многу поздрави,
(нечиток потпис)

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО
МИХАИЛ ШАРИНОВСКИ СО КРИТИКИ ПРОТИВ
ДРАГАН БОГДАНОВСКИ И ВО ВРСКА
СО ПРЕТЕПУВАЊЕТО НА ДРАГАН (декември 1991 година)

Здраво Михаил,

Немој да ме обвинуваш било за што, ти написав едно писмо со доста работи за кои се сомневам против Драган, не ти го пратив што Драган ме посети и ме стави на размислување, овој јунак, и ако со докази лично за мене тврдам дека не е чист и опасен, тоа го почувствував од кога југословенската удба имаше монтирано еден суд против мене. Јас не знам колку ти знаеш колку пати од четниците до удба, па и до вмешување на овдешни политички сплетки, се имаат водено против мене судои (за моја среќа ни еден суд не сум изгубил). Последниот суд ми го припремија удба заедно со нашите црковни владици и попови кои имаа аминување од овдешните власти. Работите отпочнаа вака: Страхил Пеев ме посети и меѓу другото ме предупреди да престанам со “Македонска нација” и да не одам во црквата. Тоа се случи во 1988 год. Откако не го прифатив овој совет, се истури рофја од ведро небо. Од три различни места ми дојдоа оптужници и тоа успеав да се одбранам, освен на цивилниот суд во Мендал, тоа е гратче до Гетеборг и тој суд траеше цели две години и неколку месеци. Кога пристигна во Гетеборг Драган се уште траеше судот, јас добро почувствував дека оној кој работеше во конструирањето на тужбата добро ме познава и нема да претерам ако кажам дека тоа беше Драган. Ти долго време се расправаш со Драган, но сигурен сум дека како што јас го знам и како што јас сум го помогнувал иако често пати сум му бил отворен кога прави несериозни работи и во очи сум му велел. Но, откога стигна овој пат во Шведска се потрудив поодблиску да го запознаам. Мијале, Драган е трул во душата, дали тоа се случува сега или тој е бил секогаш таков, тоа е тешко да го тврдам, но кога еднаш го слушнав разговорот на Драгана со Добре Величковски (Драган не знаеше дека јас се навоѓам во кералот, а од каде без да сакам ја дигнав слушалицата од телефонот и го слушав тој разговор), мене ми

стана јасно дека тука не се работи за некоја жртва на удба, туку удбин провокатор седи во мојата куќа, јади и пие и ми ги покажува забите. (Па ќе речиш ти што си ќутел досега). Драган се уште ме посетува кога тој најде за згодно, се уште не сум го измаршира од мојот дом, иако постои доста заладеност меѓу нас.

Ти сигурно сега знаеш дека Драган со едно негово интервју излезе и против партијата која тој ја створи и имаше големи заслуги во новата МАКЕДОНСКА ДРЖАВА и партијата и самиот Драган. А зашто сега Драган излегува и против таа партија, е едно загонетно прашање. За мене е доста јасно оти Драган кога јас се уште ја издавав МН, ми даде еден материјал против ЉЉ. Георгиевски и Голубовски. Тој материјал не го печатев, за кое со Драган имавме жолчни расправии оти беше точно пред првото гласање во Македонија и ќе и направеше голема штета на самата партија и сето тоа. Кога го одбив ми се закани дека ќе организира поткомитет од луѓе кои се мои најголеми противници, значи луѓе на удба и така постапи и еве го сега против се што тој досега го градел, значи против самиот себе јавно истапува. Јас го барам твојот совет како да се работи против оваа Драганова лакрдија. Не знам дали претерувам дека ова изгледа некој му го диктира. Не знам дали тебе ти е познато еднаш Драган е претепан во неовиот стан, тоа е широка историја, ќе се обидам да ти кажам накратко: тој како што ми каза добил една телеграма во Париз дека станот му бил провален, но кога стигнал во станот, ништо не било гибнато. Дошол во Гетеборг и тука бил три дена (тогаш јас не бев во Гетеборг). На третиот ден Владо Арсов и Тоде го однеле на централната станица и кога стигнал во станот го чекале четворица, му искршиле и раце и нозе и ребра, му ставиле и отров во устата и го фрлиле во некое ѓубриште. Еден Швеѓанец го нашол и со прва помош го однеле во болница каде лежеше неколку недели и после го сместија во тајно место, како тој ми рече дека имал само со мене врска. Владо Арсов морал да има прст во оваа афера, јас на Владо пред сите му ја обелив во една дискусија во црквата. Те молам твојот совет ми е потребен, оти како што вели во неговото интервју, тој сега ќе ја издава “Македонска нација” и дека ќе основа нова партија, а за кого таа партија ќе работи, Господ да не разбери. Кога почнавме да дискутираме за ВМРО-ДПМНЕ со денови дискутиравме, а кога не наидов за згодно да ја прифатам неговата намера, тој го стави моето име без да добие моја согласност. Во тој момент јас бев во Полска и кога се вратив ми

беше врачен “Млад Борец”, каде имаше програм на спомнатата партија, а и во Панковиот весник требаше да излезе. Тогаш јас, заедно со Драган, му звоневме на Панко за да го избриши моето име. Кога ја пишуваше книгата за неговото киднапирање ми ги даваше сите материјали за да ги припремам за печатење до 118 страница, а кога јас му подвлеков дека има многу голи лаги и неточности за што јас со факти му подвлеков, се скаравме и повеќе не ми даваше, а знам од Панко дека тој продолжил да пишува, и уште толку има напишано.

Инаку, јас сум добар, здрав и жив, ти посакувам и на тебе и твоето ценето семејство се најдобро во Новата година и сигурно се проведуваш добро за Божикните празници.

Овој пат толку, драг Михајло и до добро видување, ако е среќа летово, а климата политичка е добра, сакам да бидам повеќе месеци во стари крај, па кога ќе се вратам ќе ти напишам едно писмо како стојат работите таму.

Со почит од твојот пријател
Миле Илиевски

ПИСМО ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ДО МАНЕ (1992 година)

Здраво Мане,

Најпрвин прости ми за мојата пасивност и што не ти одговорувам. На твоите пратки срдечно ти благодарам. Ситуацијата во Македонија и на Балканот многу брзо се менува, а сигурно дека сето тоа се случува благодарејќи на падот на комунизмот. Кога јас во 1991 година бев во Македонија, иако за кратко, климата беше многу поволна и изгледаше дека и во Македонија комунистите се повлекуваат. После цели 35 години да не бидиш во својот роден крај си имаш претстава како изгледа. Се ми беше како во сон. Јас бев таму само пет дена и тоа само во Битола и моето село. Тоа беше доста да биде симболично и многу пријатно. Народот беше доста пасивен и сиромашен, па во мене се појавија мисли како сега на овој дел од Македонија да му се помогне, а ти си немаш претстава колку пари има во светот кај нашите македонски печалбари, а не малку сме ние патриоти кои сме родени во таа Македонија. За жалење е случајот со нашата полиција, која си остана иста, ако не и повеќе комплицирана е сега. Како да се повампирија (тоа го тврдам од овдешните кодоши, кои сега се поголеми јунаци него што беа за времето на постоењето на Југославија). Некои групации се и со Драган. Јас тој човек го познавам повеќе од секого, но никогаш не можам да го разберам. Се обидов повеќе

пати со него да отворам дискусии, но неговата книга за киднапирањето, неговите интриги за растурање на ДООМ - НОФМ и за нападите на Голубовски, Георгиевски, а еве го сега и против цела партија што ја створи тој и сите тие напади се вадени од неговите ракави или пак се директива на некого. Кога јас и Гоце се обидовме да го испратиме неговиот син кога тој беше во Идризово јас бев во Осло, ја сретнав неговата жена и неговите два синови. Бев изненаден од многу работи, но пак си ќутам и трпам и сето тоа го правам за некакво македонско единство, оти само со договорување и компромис тоа може да се постигне, а не со напаѓање. До душа мене Драган ми понуди да одам со него долу кога беше конгресот на ВМРО ДПМНЕ, но јас не прифатив заради неговата превртливост. Јас го провоцирам и кога сме сами водиме жолчни расправии и не еднаш ги побивам неговите лаги што му излегуваат од ракавите со факти што тој сам ми ги има сервирано, но Драган си останува истиот. Ти си во последно време секогаш на негова страна, иако од зад грб блува против тебе. Јас знам дека повеќе пати треба да се преќутува и исчекува, но до кога?

Кај мене беше Љубе од Белгија со кого имаш добри врски. Со него сторив лав муабет подолго време. Тој има тука еден негов брачед, кој ни е поп, со кого се видовте кога беше тука. Тој човек повеќе се крсти во ѓаволот отколку во Господ. Сега имавме годишно собрание на црквата и тука стана збор да се изгради одма до црквата една сала со културни простории оти и во Шведска ќе заврши со давање пари и ќе останиме и без друштва и ќе ставиме под прашање дали црквата ќе опстани ако не го собереме народот на едно место и сите заедно да се задржиме како Македонска колонија. Попо од Малме беше прв што стана против мене и мојата намера за изградба на спомнатите простории, а по него се наредија истите тие што до вчера не знаеја ни каде е црквата и беа најжестоките Југословени. Јас не жалам што Драган се откажува од партијата чиј татко е самиот тој, но ми дава смелост дека тука се работи за организирана работа против самата партија, која ја стави Македонија на картата со сини бои, а само Србија беше со црвени бои. Те молам напиши ми едно писмо на широко колку што можеш за твоето гледање и ако сакаш критикувај ме ако не сум во право. Јас твоето писмо нема на никого да му го кажам, ќе си го задржам твоето мислење само за мене. Сега прими ги моите топли и братски поздрави и тебе и на твоето семејство ви сакам среќна Нова година и весело спроведување на Божикните

празници. Ти пишувам на брзина оти сум со намера да се распрашам кај другите мои пријатели околу Драгана и неговото последно јавно истапување во “Нова Македонија”.

Поздрави го Гоцета, нека ми прости што тебе ти пишувам, а не нему, оти како гледам дека ти си поактивен сега, а верувам дека со Гоцета сте во договор кога се работи за Македонските работи. На крајот примете ги моите поздрави и добри желби до тебе и до твоето ценето семејство и поздрав до Гоце и неговото семејство.

Ако е можно да ми ја испратиш лентата што се однесуваше за Добре Величковски и пиши ми што стана со Александар Димевски, оти преку еден мој пријател што беше долу имав поздрав од неговите родители. Со татко му се видовме кога бев во Канада. Ние овде направивме една акција и после одоздола ни беше речено да престаниме, така сакал А. Д.

Со почит твој пријател,
Миле Илиевски

ИЗЈАВА ОД КИРЕ ШАМБЕВСКИ (АКТИВИСТ НА ОКМ И ВНУК НА УБИЕНИОТ БЛАГОЈА ШАМБЕВСКИ)

Јас Кире Шамбевски имав 18 години кога дојдов во Шведска. Оваа (2006 година) ќе наполнам 67 години. Во Македонија завршив четири години училиште а потоа уште четири години учев занает за терзија, а посетував и вечерно училиште. Додека учев занает, имаше доста муштерии кои доаѓаа кај нас од кои слушнав муабети за луѓето кои избегале преку граница. Јас како дете не можев да го поднесам тоа што му го правеше власта на татко ми за време на колективизацијата. Татко ми не сакаше да влезе во колективот и затоа почнаа да го малтретираат и да го обвинуваат дека наводно го “организирал народот” против колективизацијата. Притоа ја малтретираа и мајка ми, па и нас седумте негови деца. Ни ја зедоа целата стока. Поради тоа татко ми во очај отиде во Белград за да се жали кај Тито. Се сретнал со високи функционери и им кажал што му прават, а тие му рекле да се врати дома, каде се ќе му биде вратено. Но, само што слегол од возот на станицата во Битола, бил уапсен и одведен во Одборот. Таму го прашале зошто не дошол кај нив прво, туку заминал за Белград. Татко ми им рекол дека не отишол кај нив затоа што тие му го одзеле имотот и го

прогонувале и апселе. Им рекол дека тие што ги тераат селаните во колективите се најголемите неработници кои не знаат што значи селанската мака. Им посочил примери на членови од други одбори кои оземале имоти од селаните, а потоа сами се вселувале во нив, додека претходните сопственици биле принудени да живеат во шталите. По ова татко ми повторно го малтретираа, а ние сите работевме за да се прехраниме некако. Поради колективизаијата завладеа голема сиромаштија и луѓето буквално се тепаа за храна.

Во такви услови решив да побегнам преку граница. Првпат избегав во Грција кога имав 17 години. Немав ни пасош, ни пари. Ме фатија нивните стражари и ме испрашуваа. Ми рекоа дека ќе ме вратат назад затоа што сум малолетен. Ме држеа два дена и ме прашаа како сакам да ме вратат: дали да ме предадат на Југословенската војска или сам да се вратам илегално. Јас им реков дека сам сакам да се вратам, по што двајца нивни војници ме одведоа до границата, која сам ја преминав и се вратив во Југославија.

Вториот пат сакав да побегнам со еден мој другар, но пред да ја минеме границата не фати полиција. Не одведоа во станицата и не испрашуваа. Ние им рековме дека сме тргнати во едно село за да бараме поп. Но, тие знаеле дека во тоа село нема поп и откриј дека не ја зборуваме вистината. Не врзаа за масата и таму ја минавме ноќта. Утредента дојде еден друг полицаец, кој исто така не испрашуваше. Кога слушна дека сум син на Стојан Шамбески, ми кажа дека го познавал татко ми и дека ќе стори се што може да не пуштат порано. Тој не спроведе во Битола, каде повторно не испрашува, а откако ветивме дека нема веќе да бегаме, не ослобоија.

Третиот пат побегнав во 1958 година кога имав 18 години. Тогаш избегав со братучед ми Драги од село Могила. Тргнавме од Могила за Битола, а оттаму ја преминавме границата. Заминавме за Лерин и се пријавивме во полицијата. Таму останавме една недела, а потоа не префрлија во Солун во полицијата. Таму останавме еден месец, а потоа не одведоа во логорот за бегалци Лаврион, каде останавме седум месеци. Јас се пријавив дека сакам да одам во САД, Канада или Австралија. Додека бев на лекарски преглед, дојдоа од некаква комисија и ме прашаа дали сакам да одам за Шведска. Им одговорив потврдно. Така јас станав еден од првите Македонци што се населија во Шведска. Прво бевме 50 души, а по три месеци дојдоа уште 30.

Ние дојдовме во Малме со авион и таму останав една недела. Потоа бевме еден месец во логорот Стафансторп. Најдов работа во еден хотел во Штокхолм, каде се запознав со една Германка по име Вера, со која подоцна се оженив. Ни се родија три деца: Борис, Јованка и Александар. Додека бев во Штокхолм добив пакет од југословенската амбасада и едно писмо со кое ме викаа да појдам таму. Јас не појдов затоа што се плашев од нив. Потоа се преселив во Трелеборг каде исто така имаше доста Македонци. Таму го организиравме Ослободителниот Комитет на Македонија, заедно со Македонци од Шведска, Данска, Норвешка и Германија. Потоа објавивме весник што го распространувавме низ целиот свет, вклучително и во тогашна Југославија. Тогаш почна и УДБ-а да ни прави проблеми. Бевме и физички нападнати. Еднаш со еден мој пријател Христо се возевме со автомобил и бевме запрени од четворица. Ја отвори вратата и го извлекоа Христо, по што почнаа да го удираат. Другите се обидоа да ме нападнат мене. Постојано викаа: "Ќе ви дадеме ОКМ!". Пооа побегнаа, а јас го одведов Христо во болница, каде остана да лежи три дена. Едниот од напаѓачите беше извесен Борис од Битола. Го пријавивме во полиција, а потоа и весникот во Трелеборг пишуваше за него.

Во 1965 година ги зедов татко ми Стојан и мајка ми Васа кај мене во Шведска. Потоа дојде и брат ми Ставре и двете сестри со зетовите. Дојдоа и неколку братучеди и денес во Малме сме преку двесте души од семејството Шамбевски.

Во 1966 година се преселив во Малме каде од млади момчиња, формирав фудбалски клуб, кој го доби името "Македонија". Овој клуб постои до денес. Но, подоцна во неговото раководство се уфрлија луѓе од југословенскиот конзулат, па јас се откажав.

Да кажам нешто и за мојот стрико Благоја Шамбевски. Тој беше висок фунционер на ОКМ, а живееше во Германија. Претходно бил во затвор во Југославија. Потоа побегнал преку граница и се приклучил на македонската емиграција. Беше sверски убиен од УДБ-а во еден хотел во Германија.

Јас и денес сум активен во македонските организирани субјекти во Шведска. Во 1972 година се разведов со првата жена и се оженив со една Хрватка од која имам ќерка Александра. Денес живеам во околината на Малме.

СТАТИЈА ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ОД ФОРМИРАЊЕ КЛУБ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГЕТЕБОРГ

КОМЕНТАР НА ИЗДАВАЧОТ

Една прекрасна идеја

Во Гетеборг, Шведска, има многу Македонци. Тие се среќаваат по куќите или на некои јавни места да поразговараат за своите проблеми и сл.

Во последно време се почесто се слуша жалење што не постои едно одередено место каде Македонците би можеле да се собираат во поголем број. Така се појасно се искристализирува идејата за формирање на Клуб на Македонците во Гетеборг. Постојат разни мненија за начинот и содржината на работата на клубот, но сите тие се усмерени кон една заедничка идеја: да се направи можност за оживување на заедничката соработка меѓу Македонците.

Весникот им ги отвара своите страници за изнесување на предлози и мненија на Македонците од Гетеборг и од другите места во Шведска во врска со формирањето на Клубот на Македонците.

Редакцијата има чуено многу лични мненија од нашинци во Гетеборг. Предлагаат да се земи под кирија некоја мала просторија (за почеток на работата), да се намести со скромен намештај, неколку маси, столици, едно радио и грамофон. Многумина ветија дека ќе помогнат во клубот со донесување на грамофонски плочи со народна музика и со материјална помоќ.

Некои предлагаат формирање на културно - уметничко друштво на Македонците со музичка, играорна и рецитаторска секција кое подоцна треба да се омасови и оформи други секции. Познавајќи ја музикалноста на нашиот народ, а водејќи сметка за тоа дека многумина свират на разни инструменти, не е тешко да се поверува дека оваа идеја е остварлива. Се смета дека друштвото во прво време треба да дава приредби за Македонците, а подоцна и јавно да настапи. Со обзир на тоа дека нашиот народен мелос и носиите се атрактивни во Скандинавија, може да се очекува добар успех на тоа поле, а и да се соберат средства за подобро уредување на клубот. Народни носии можат да се најдат, оти повеќето нашинци потекнуваат од село каде народната носија цути и ден денес.

Формирањето на клубот многу би им помогнало на сите Македонци. На тој начин тие би имале место каде можат да се среќаваат, пејат народни песни, поиграат шах и пинг-понг, поразговараат за своите проблеми - со еден збор: да се запознаат едни со други. Не треба да се зборува колку голема корист од тоа има. На тој начин ние би настанале една голема фамилија. Би можеле да се договориме на кој начин можеме некому да му помогниме да си најди подобра работа, подобар стан, да пронајди некој пријател и слично.

Важно е дека клубот не се замислува како никаква политичка трибина и нема никакви политички цели. Се цели да се сочува македонскиот дух кај Македонците и да им се даде можност да се разонодат, повеселат да се соберат онака, како што тоа сме го правеле во татковината.

Колку да ни е животот среден и убав во туѓинава која, по игра на судбината стана наша втора татковина, сепак сите сме осетиле тага и носталгија за стариот крај. Ако преку радиото некаде чуеме наша песна очите и срцата ни се полнат со солзи. Не сите имаме можност да посетиме некој нашинец и да се повеселиме со него по нашите обичаи. Еден ваков клуб би направил парче од татковината овде. Собрани на едно место - можеме да осетиме дека сме никнати на иста земја, да почувствуваме дека не сме изгубени и осамени на туѓиот свет.

Ние ја поздравуваме идејата за формирање на Клуб на Македонците и од своја страна ќе помогнеме според нашите можности таа идеја да се оствари.

Ги каниме нашите читатели да го изнесат своето мнение во врска со формирањето на клубот.

Миле Илиевски
Главен уредник и издавач

НЕДАТИРАНИ ПИСМА ОД ДРАГАН БОГДАНОВСКИ ДО МИЛЕ ИЛИЕВСКИ И СТАТИИ

Драги Миле,

Ти пишувам од работа каде забушавам малку, крадејќи време да ти напишам неколку збора.

Јас очекувам писмо од тебе во кое требаше да ми пишеш нешто за новодојдените од Грчка.

Јас сум добар со здравјето и ти пожелувам исто и на тебе, здравје и среќа во животот.

Со ова писмо ти го испраќам и писмото од Милуновиќ што го испрати на Редакцијата на “Македонска лоза', бидејќи ние му го испративме списанието да чита.

Јас се надевам многу на тебе брате Миле за успехот на Вашето друштво, за кое ќе имате голема наша поткрепа. Еве ти праќам еден дел од првиот број на “Македонска лоза”, кој ќе биде готов дниве, со една статија за Друштвото, која ја потпишавме со твое име.

Испрати ми ја и твојата статија што сакаше ти да ја напишеш за да ја печатиме во седми број во месец август.

Јас сум убеден дека ќе се видуваме почесто во иднина. Ние ќе се потрудиме да набавиме, односно купиме на отплата, една иста таква печатна машина, така да можеме да издаваме весници и книги. Можеби ќе отвориме печатница и во Шведска, каде ќе се учиш да печатиш и го помагаш ослободителното дело.

Кога ќе го прочиташ писмото од Милуновиќ, врати ми го за да можам да му одговорам.

Поздрав до тебе и на сите наши сонародници.

Твој,
Драган

Драги Миле,

Многу ти благодарам на твоето писмо, како и на одличното гостопримство што ни го укажа за време на моето гостување кај тебе, но те молам да не извиниш што ти ги изедовме конзервите и испивме пивото. Што да правиш кога сме пљачкаши?

Ти благодарам за писмото од Гавочанов што ми го препрати. Тој е наш пиринец од Горна Џумаја и е добар патриот, па не е кривица што немал можност да го изучи нашиот литературен јазик. Инаку, студира во Германија.

Миле, од јануари ќе почне да излегува во Швеција весник “Слободна Македонија”, месечно еднаш, додека “Македонска лоза” ќе излегува во печатница како голема книга од сто до сто и педесет страници како зборник со историски и книжевни работи. Кажи им на сите наши кои сакаат да ја добиваат “Слободна Македонија” да се претплатат, инаку на никој нема да му биде праќана бакшишно односно џабе. “Слободна Македонија” ќе биде многу добро подредена и многу ќе ти се бендиса, верувам и покај тоа што си ти многу тежок во овие работи и стално ни наоѓаш мани.

Владо собрал околу педесет шведски круни, пиши му нека ги предаде на Пеев за да има малку пари за распростирањето на “Слободна Македонија” по пошта. Ми пишеш дека Кире бил кај тебе и ти поставувал многу прашања. Ако тој како студент не може да ја разбере нашата борба, тогаш што ќе остане за другите попрости од него. Ти можеш да се гордееш што си се издигнал до таа степен да учиш и учени и недоучени. Кога ќе се ослооди Македонија, ќе те направиме професор по политички науки на Скопскиот универзитет.

Толку за денес Миле, за овие празнични денови сум напишал 40 писма, па можеш да си претставиш каква работа имам и понатаму.

Прими срдечни поздрави од твојот пријател и брат,
Драган

Драги мој Миле,

Еве дури денес ми се даде можност да дразнам неколку збора. Претрупан сум со работа како секогаш, а нарочно сега кога Пеев замина на пат, сета работа околу редактирањето на весникот ми падна на мене. Верувам дека овој последен број на “Слободна Македонија” ти се е бендисал, како технички, така и содржајно.

Спасоски ни на мене не пишува, ми прати само една иста таква картичка за да се пофали дека бил на конгресот. Инаку, еден Хрват ни пиша дека трескал маса глупости на конгресот, но тие го обавезуваат само него, а не нас.

Оној Граматиков што сакал да дојде во Швеција е ванчовист. Неговото име стоеше неколку пати во “Трибуна” и сигурно го праќаат тие да прави од вас во Швеција Бугари. Распитај се ти кај оние во Кунгелв кога намерувал да дојде и што им пишувал на нив. Нека дојде и ќе го сослушаме со каква намера е дошол и што ќе зборува. Само треба да пазиме да не повлијае на некој од нашите какавани во Швеција и ги стави во бугароманското оро.

Јас ќе гледам да дојдам кај тебе при кајот на овој месец и ќе позборуваме за се.

За Илинден би било убаво да се соберете сите во Швеција, јас ќе дојдам и ќе направиме една убава прослава, ќе одржиме едно предавање и тогаш ќе ги натераме да потпишат пријавници за членство во друштвото. За тоа треба на сите до еден веднаш да им пишеш, прославата ќе се одржи во сабота и недела пред

Илинден, така да луѓето не губат од работа. Во Гетеборг ќе гледаме да им наредиме место за спиење. Пиши веднаш на сите, а во следниот број на “Слободна Македонија” ќе објавиме едно соопштение во врска со тоа.

Што ти пишува Балаловски? Гледај да го испиташ убаво за се. Можеш да му пратиш и еден број од последниот “Слобона Македонија”. Пиши ми веднаш што мислиш во врска со прославата во Гетеборг, а јас ќе ти пишам овие дни пак.

Прими срдечни братски поздрави,
Твој,
Драган Богдановски

Драги Миле,

Извини молам те што не ти се јавив веднаш. Јас ти пишав едно писмо поопширно, кое сум го погрешно испратил до Германија, а пак туѓото писмо до тебе. Не знам како сум се збркал, но изгледа сум се побркал со умот.

Разбав се што ми пишуваш. Јас бев во Гетеборг, посетив некои од нашите, но бев само на минување и немав многу време да зборуваме.

За Илинден убаво е да се собереме сите во Гетеборг, пиши им ти на сите на кои им ги имаш адресите.

Твоето размислување во врска со гостите од Белгија е на свое место, тие имат некаква цел и нека ги нека дојдат, да видиме што ќе зборуваат и каква цел ќе имат да извршат.

Книшката “Илинден 1903, македонска бобена епопеја” ти ја испратив, а еве денес е готов и седмиот број од весникот, кој ќе ти го пуштам по утрешна пошта.

Г. Милуновиќ те страшно нападна во “Југославија” и во еден друг српски весник што излева на англиски во Австралија како србомрзец и ортак на усташите, го пренесе оној членок што беше пишуван во твое име од Маринковиќ, но јас те зедов во заштита и го објавив писмото од Маринковиќ што ти го беше пишувал од кое се гледа дека тој (Маринковиќ) го напиша членокот. Сакаат четниците да не компромитираат пред надворешниот свет како фашисти и усташки сојузници, но нема тоа да им успее.

Инаку, се оди добро овде, работиме помалку. Поправо сега сам останав овде и имам многу за работа.

Пиши ми веднаш во врска со прославата на Илинден, иако е нужно ние ќе мораме да се состанеме и еднаш пред Илинден.

Пиши ми како ти се бендисува мојата книшка? Пише ли ти Спасовски, а исто така Балаловски ти се јави ли?

Што стана со твојот преглед за Австралија. Јас очекувам повеќе од тебе да заминеш за Австралија, зошто во тебе големи надежи полагам.

Прими срдечни братски поздрави и одговори ми веднаш,

Братски твој,
Драган Богдановски

Драги мој Миле,

Знам дека се уште се лутиш за конзервите, но не брини, кога ќе дојдеш овде на гости и јас ќе се постарам да ти најдам овде конзерви, разбира се ако сум во состојба. Твоето писмо го добив одамна, но еве сега најдов слободно време да ти се јавам само со неколку збора.

Прво, сметам дека нема нужда да им пишуваш на луѓето околу "Српски видици". Тие си се федералисти, кои ја признаваат македонската нација, не не нарекуваат Срби, туку не сравнуваат со Србите, Бугарите, Хрватите и другите јужнословенски нации, па сметам дека треба да им бидеме благодарни, бидејќи како демократи не можеме ние никого да критикуваме што има федералистички разбирања. Напротив сметам дека треба да им бидеме благодарни зашто нивната група е првата српска група која отворено призна дека Македнците не се Срби. Ова можеш да го видиш во последниот односно јануарскиот број на "Српски видици" во статијата "Сједињене југославенске државе", ако ја прочиташ внимателно.

Како ти се бендиса "Слободна Македонија"? Вториот број ќе биде подобар многу и ќе излезе на време, мислам околу први февруари. "Македонска лоза" ќе излезе во март како посебна книга и ќе донесе многу убав материјал. Ќе се праќа само на претплатниците.

Ти се извинувм со ова писмо, само сакам да ти кажам дека не сум те забравил, се надевам кроз две недели да дојдам во Шведска пак ќе се видиме. Што стана со промената на погрешката во твојот пашапорт шо требаше да ја направиш. Пиши што има ново кај тебе и како ми живееш?

Поздрав на сите сонародници и пријатели. Во овој нов број што ќе излезе февруарски “Слоб. Македонија” твојот “пријател” Милуновиќ ќе си го добие заслуженото по носот.

Со срдечни братски поздрави,
Твој,
Драган

Драги мој Миле,

Извини ме прво што не ти одговорив веднаш на твоето писмо, како секогаш претрупан сум со работа, а нарочно сега со мојата книга што се печати и морам да ги поправам печатните грешки.

Многу сожалувам што не можев да дојдам на Илинден, на прво место ти не ме извести дали ќе дојдат нашите на прославата, а од друга страна ми се случи една незгода, си го пресеков прстот со една машина за косење на трева во бавчата, баш еден ден пред што требаше да тргнам на пат.

Убаво што си се видел со Пеев. На оној наш во Швеција што испратил пари за “Слоодна Македонија” јас ќе му ги испратам сите броеви што се излегле до сега, како и мојата книшка. За време на отсуството на Пеев, немало кој да му го испрати весникот. Што се однесува до кого треба да праќаат пари за претплата, се ни е едно, нека ги праќаат и кај тебе ако сакаат.

За оној твој пријател што пишува од Америка, пишав на нашите во Канада да видам за тоа собрание. Нашите прават такви собранија, но во Канада има и една групировка под македонска маса која ја водат бугарските комунисти, па сега за сега ништо не можам да ти кажам.

Осмиот бој на сисанието верувам дека си го добил.

На дваесет и петти вој месец јас ќе префрлам во Гетеборг и ќе дојдам да те посетам. Спремај конзерви!

Инаку, сега нема да ти пишам многу, оставам материјал да си позборуваме кога ќе се видиме.

Прими срдечни братски поздрави,
Драган

Драги брате Миле,

Извини што пак закаснав со одговор на твоето последно писмо, но молам те разбери ме братче, претрпан сум со работа и последниот минут време го користам.

Разбрав се што ми пишуваш и еве за кратко да ти одговорам.

Немој да се секираш ништо за интригите на Милуновиќ, ако треба ние така ќе му одговориме да не смее друг пат ни да се појави. Нека ги лаже тој баламите, ние сме свесни македонски патриоти и со четнички брадоњи си немаме работа.

Ние пишуваме на српско-хрватски за да одговориме на великосрпската и хрватско-усташката пропаганда потив нашата татковина, а не од мерак за тој српски јазик. Србите и Хрватите не разбираат македонски, едвај ако има десет проценти што разбираат, тоа ни го тие пишуваат и бараат повеќе да пишуваме на српско-хрватски бидејќи не можат да не разберат.

Во број 8 ние пишавме одговор на Крал Петар, кој сака пак да прави Јужна Србија од Македонија и го раскринкавме така да добиваме честитки од разни страни на земјината топка. Ние пишавме исто така и против усташите зошто и тие ја продаваат Македонија на бугарскиот империјализам и служат како пандури на издајникот Ванчо Михајлов и неговата банда во Белгија и Америка.

Кажи му на Марчетиќ дека “Македонска лоза” ќе престане да пишува против усташките зликовци кога тие ќе престанат да пишуваат дека ние сме биле некаки “македонски Бугари” и другите нивни усташки глупости кои се чист криминал против Македонија. Ние сме македонски патриоти - националисти и ние сме против секого кој си прави тргоија и задни планови со нашиот народ и нашата татковина.

Јас ќе гледам да дојдам кроз две три недели, затоа ќе те обавестам на време.

Онаа работа што ми ја испрати ќе ја умножам дниве и ќе ти испратам стотина примероци.

Деветиот број се припрема и кога ќе излезе околе први октомври ќе ти го пратам.

Од осмиот број испрати на Балаловски зошто јас му ја изгубив адресата случајно, па не бев во состојба. да му пратам или пак прати ми ја неговата адреса поново.

Толку за овој пат драги брате,
Твој до гроб верен пријател и брат,
Драган

Да живее слободна и независна македонска, а не бугароманска или србоманска, Македонија!

Драги Миле,

Во моето последно писмо ти ветив дека наскоро ќе ти пишам поопширно, па еве сега го исполнувам ветеното.

Миле, ние се познаваме цели 20 години и со извесни прекини речиси постојано сме на една иста страна. Во текот на овие 20 години јас не знам ниту еднаш да сме биле скарани, да е постоело некое непријателство меѓу нас. Тоа наше пријателство досега никој не можеше да го разбие само затоа што ние меѓу нас бевме искрени. Се што правевме, го правевме договорно, со меѓусебно разбирање. Ти сам знаеш дека пред тебе јас никогаш не сум имал некои тајни. Ти си единствениот човек од сите мои соборци во емиграцијата во кого имав и се уште имам неограничена доверба. Затоа, и овој пат, кога се комплицираа работите во ДООМ, сакам да ти кажам се искрено, како и досега, и со тоа најдобро ќе ти помогнам да ги разбереш сегашните решенија и чекори што ќе ги преземам во мојата сегашна политичка активност. Она што ќе ти го изнесам во ова писмо е тотална, целосна, вистина, а ти разбери го како сакаш и како можеш. Како и во моите досегашни односи со тебе, не те присилувам (а тоа и да сакам да го сторам, не можам, затоа што твојата тиква е потврда дури и од мојата) да се определуваш на моја страна и да се скараш со други твои пријатели заради мене. Јас сметам дека во нашето пријателство постои една двојбеност - ние сме не само политички пријатели, туку и лични прјатели. Лично мислам дека можеме да останеме пријатели како човек со човек и тогаш кога (ако тоа се случи) политички ќе се разделиме.

Да почнам првин од Австралија. Ти самиот знаеш, бидејќи и со тебе се консултирав телефонски, за решението свиканиот конгрес да се одложи. Со ова решение беа согласни сите активисти на ДООМ во Европа, а со него беа запознати и активистите во Америка и Австралија. Никој не ги очекуваше оние од Австралија да дојдат за конгрес, зашто конгресот беше одложен. Меѓутоа, тие сепак дојдоа. А тоа нивно доаѓање по секоја цена, си имало свое зошто. А тоа нивно “зошто” ако тогаш не ми беше јасно, сега ми е повеќе од јасно.

Во моето последно писмо јас ти пишав дека ние заборавивме дека, освен удбашките, имаме и други непријатели. Ние сите наши снаги ги бевме вложиле да се одбраниме од удбашките кучиња и во таа расправија со нив просто се заслепивме, па не осетивме кога бугарски и руски шпиони ни се вмакна во нашите редови. Ние бевме слепи да видиме дека Софија има не помалку интерес за ДООМ, отколку што тоа го имаат удбашите.

Ние не можевме да осетиме дека бугарската служба, така да се рече, е секојдневно присутна во ДООМ. Ние не можевме да ја согледаме ни разликата во настапот спрема ДООМ што ја имаат удбашите и бугарските агенти. Додека удбашите водеа фронтална борба за да го унишат ДООМ, дотогаш бугарската служба го ползуваше ДООМ за свои гнасни цели, без да тоа ние го осетиме. На кој начин бугарската служба го ползуваше ДООМ за свои цели? Ти знаеш Миле дека врз поновата масовна македонска печалбарска емиграција, Бугарите не можат ништо да влијаат, бидејќи тие имаат погрешно становиште за македонското прашање со тоа што ја негираат македонската национална индивидуалност. Со бугарската национална идеологија денешна Бугарија не може ништо да стори среде македонското иселеништво, затоа таа за да ја ослабува македонската национална кауза и македонството воопшто, настојува и работи да го разбие македонското национално единство во емиграцијата, а особено да го спречи влијанието на Македонската република во македонската емиграција. Бугарските тајни и јавни агенти во емиграција се впрегнати во работата да спречат секакви врски на македонската емиграција со Македонската република. За таа цел, сега мораме да признаеме, ДООМ беше ползуван од бугарските агенти, без тоа јас и ти, и другите наши чесни другари од ДООМ да го знаеме.

За прв пат мене почнаа да ми се отвораат очите по ова прашање во мај месец 1977 година. Тогаш еден наш стар соборец од САД, ми испрати опширно писмо, еден број "Македонска трибуна" и книгата "Голден бук - Златна книга", издадена од Централниот комитет на МПО (ванчомихајловистите). Во тој број "Македонска трибуна" го има составот на ЦК на МПО и на Контролната комисија. Во Контролната комисија за член фигурира лицето Џим Тодоров, а во "Златната книга", која е напишана на англиски јазик, се наоѓа поместена и една статија од тој Џим Тодоров. Човекот што ми го пишуваше писмото ми рече да погледнам во "Експозето по македонското прашање" што го печатевме во Австралија, односно што го печатеше Стојан Србинов - таму ќе сум видел една статија од Џим Тодоров, познат бугарски врховист, агент и претставник на Тодор Живков во редовите на МПО. Мојот пријател од САД се зачудил кога го видел името на Џим Тодоров во едно издание на ДООМ, односно во еден официјален документ на ДООМ, каков што е Експозето по македонското прашање. Што бара статијата и името на тој познат бугарски

врховист во нашето Експозе - се праша мојот пријател од Америка.И од каде дошла неговата статија и неговото име во официјалниот документ на ДООМ? На ова прашање, драги Миле, може да даде одговор само Стојан Србинов. А тој не случајно и туку така ја придодал статијата на софикиот агент и врховист Џим Тодоров во нашиот официјален документ. Очигледно е дека во тоа Србинов и неговите газди сакале да го прикажат, односно компромитираат ДООМ како тој пактира со ванчомихајловистичките врховисти, односно дека е во служба на Бугарија на Тодор Живков. Искрено да ти кажам јас самиот не знаев кој е тој Џим Тодоров, ни зошто тоа им го вмакнал Србинов во нашето Експозе по македонското прашање. За да се увериш Миле дека ова е се точно, ти го пресликувам местото од "Македонска трибуна" на кое е објавен составот на Централниот комитет на МПО, па ќе видиш кој е Џим Тодоров. Исто така ти испраќам копија од листот од книгата "Голден бук" што ја издале ванчомихајловистите, а на кој е објавена истата онаа статија што Србинов ја објавил во нашето Експозе. Ако не веруваш во овие копии, јас можам да ти го испратам и целиот број "Македонска трибуна" и целата книга "Голден бук", па ќе се увериш во ова што ти го кажувам. Но ако јас, а и ти Миле, не сме знаеле кој е Џим Тодоров, тоа не е случај со Стојан Србинов. Стојан Србинов знае многу добро кој е Џм Тодоров, зашто и двајцата му служат на еден ист газда - на Тодор Живков. Се разбира не е лесно да се поверува во ова нешто, зашто Србинов така се правеше чесен македонски патриот што јас го сметав најчесниот македонски патриот во цела Австралија. Меѓутоа, фактите зборуваат сосема спротивно и крајно време е да си ги отвориме очите. Вистина Србинов има големи заслуги за разбивање на југословенската пропаганда на теренот на Австралија, но треба да се прашаме со каква цел тој тоа го прави и за чии интереси. Тој не се бори, како ти и јас, да ја обединиме Македонија во самостојна држава, туку на секаков начин да ги доведе Русите, а со нив и Бугарите и во Вардарска Македонија. Концепцијата на Србинов се разликува Миле од твојата и мојата. Тој сака ДООМ да се употреби за предизвикување нереди во Вардарска Македонија и на тој начин да исчезне и оној дел од Македонија кој е национално признаен. Мислам дека и ти си имал писма во раце од Србинов во кои тој се застапува ДООМ на еден или друг начин да предизвикува нереди во Вардарска Македонија за да даде изговор на Русите да ја окупираат Вардарска Македонија, како што ја окупираа на

времето Чехословачка. Исто тоа го бара и Шариновски, кој лично тоа го има барано во советската амбасада во Канбера. Е па драги Миле, не знам што мислиш ти за тебе, но во мене има чувство за национална одговорност и јас никогаш нема да работам оној дел од нашата татковина каде што Македонецот може слободно да се вика Македонец, да попадне под руска или бугарска чизма (а тоа е се едно исто зашто ако тие дојдат и во Вардарска Македонија ни името македонско нема да смее да се спомне). Ако не можам да му помогнам на својот народ, не сакам ни да му донесам уште поголемо зло. Не сакам да служам како користена будала на Бугарите, па утре и историјата и мојот македонски народ, да ме проколнуваат. Секогаш сум чесно работел за македонското дело, таков сакам да останам докрај. Јас не сакам со непомислени работи да ја изгубиме еден ден Македонската република, зашто да не даде Господ уште еднаш да стапне бугарска нога во Вардарска Македонија, а ако тоа стане, тогаш ни партал нема да остане од се што е македонско.

Причините што доссега ги наведов беа достатни прво за да го одложам конгресот, а потоа да го избегнам сретнувањето со оние тројца од Австралија што дојдоа за конгресот, макар што конгресот го бевме одложиле. Си поставив за задача на секој начин да ја откријам вистината, и ја открив, па сега мислам дека ни најмалку не грешам кога се нафатив да ги расчистам работите во ДООМ. Ти Миле најдобро знаеш дека ДООМ го создадовме и досега држевме на наши рамења ти и јас. Исто така знаеш многу добро дека јас самиот се спремав а го тстапам претседателското место поради мојата социјална мизерија и дека јас самиот го бев избрал Шариновски за нов претседател на ДООМ. Јас искрено ќе се радував да видев еден друг претседател на моето место, но јас ќе станам политички злосторник спрема мојот народ и спрема оние луѓе што ни веруваа толку години ако ДООМ го предадам во нечесни раце. За жал многу доцна разбрав дека ќе сум сторил големо политичко злосторништво ако ДООМ го предадов во раце на Шариновски и Србинов. Сепак, среќен сум што на крајот не го сторив тоа злосторништво. И додека сум јас жив, биди уверен Миле, ДООМ нема да падне во нечесни раце, нема да стане орудие во рацете на непријателите на македонската национална кауза.

Разбери еднаш засекогаш Миле дека политиката што ја водат Шариновски и Србинов е планирана во Софија од бугарски и руски специјалисти. Шариновски, додека бил во Ташкент во

Русија, бил еден од оние Македонци кои агитирале пред нашата емиграција од Егејска Македонија да не се враќа во Вардарска Македонија, туку да се населува во Бугарија. Идеолошките другари на Шариновски сите се вратија од Ташкент во Бугарија и таму сега се прават поголеми Бугари од вистинските Бугари. Во Софија сега дејствува цела една група македонски советофили, бивши сталинисти и информбировци од Егејска и Вардарска Македонија, како на пример, советскиот генерал Панде Вајновски, бивш борец на партизанското движење во Егејска Македонија, кој сега се прави Бугарин и е бугарски генерал (овој Вејновски завршил воена академија во Советскиот Сојуз), потоа Кочопулос, бивш претседател на НОФ за Егејска Македонија, некогашно послушно орудие на грчката комунистичка партија, а сега исто така голем Бугарин; потоа поетот од Егејска Македонија Паскал Паскалевски. Кон овие национални ренегати од Егејска Македонија, денешни бугарски слуги, се приклучени и националните ренегати од Вардарска Македонија Венко Марковски и новинарот Димитар Кицев и уште некои други. Ете од тоа бугарашко русофилско котило ни се појави "Македонска трагедија", таа бугарска кукавица што снесуваше јајца во гнездото на ДООМ. Но, ако тогаш не ги знаевме кои биле авторите на "Македонска трагедија," ние трагедијашите сме ги имале во нашите сопствени редови, тие успеале да станат дури и членови на нашиот Централен комитет. Во ова нешто денес не постои никакво сомневање, зашто Шариновски и Србинов работат за информбировските ренегати од македонската национална кауза во Софија, односно - јасно и просто - за Бугарија.

Ти знаеш Миле дека една од основните особини на ДООМ е неговата неутралност во однос на двата големи светски блока. Меѓутоа таа нејзина особина, ние ја нарушивме во корист на советскиот блок, така да денес ДООМ насекаде, било тоа да е во Австралија, во САД или тука во западноевропските земји, е сметан за просоветска организација. Ние погрешивме најпрво со "Македонска трагедија". Откако го пуштивме тој информбировски партал во страниците на "Македонска нација", ние ја нарушивме неутралноста на ДООМ во однос на блоковите. Ние и водевме политика на додворување спрема Бугарија на Тодор Живков, мислејќи си дека со тоа ќе го убедиме Тодор Живков да ја признае македонската национална независност и да дозволи на теренот на Пиринска Македонија да се создаде една втора македонска национална република, но Тодор Живков не сакаше

ни да слушне за нашите предлози. И ова наше додворување на Тодор Живков придонесе многу ДООМ да биде сметан за комунистичка и пробугарска организација. Но, најмногу ДООМ го компромитираа оние будали во Австралија кога почнаа да одат во советската амбасада за да бараат помош од Советите. Денес нема една држава во овој западен свет, која не знае дека ДООМ барал помош, па дури и советска воена интервенција во Вардарска Македонија. ДООМ е ужасно компромитиран како орудие на советскиот блок, на прво место против Југославија. Затоа ДООМ пак треба да го вратиме на неговата неутрална позиција во однос на блоковите и ќе треба да докажеме дека не сме орудија ни на Советскиот Сојуз ни на Бугарија. Ако сакаме да го спасиме ДООМ, ние треба да ги избркаме просоветските елементи од него. Воопшто ние многу го комунизиравме ДООМ, човек денес може да рече дека ДООМ е некоја комунистичка партија, а не национално движење. Комунистите во ДООМ дигнаа многу високо глава, треба да им ја снижиме малку. Барем ти Миле си кулачко дете, па нема да ги жалиш комунистите.

Јас и ти Миле веќе ги направивме по триесет години во емиграција. За тие години научивме многу нешто, но по некои прашања воопшто не се изменивме, ништо не научивме. Македонија (мислам на Вардарска) ние уште си ја замислуваме онаква каква што ја оставивме при нашето бегство. Забораваме дека децата што по нас се родиле, сега се постари отколку ние што бевме стари кога избегавме. Таа нова македонска генерација е сведок на една подруга македонска стварност. Ако јас и ти во оние оскудни повоени години не можевме да се прилагодиме на режимот и на системот во вардарска Македонија, генерацијата што израсна таму после нас е прилагодена на таа стварност. Таа генерација е школувана и воспитана сепак во еден македонски национален дух и во македонски училишта и универзитети, па затоа е и сродена со тамошната Македонска република. Јас и ти Миле кога мислиме на македонската република мислиме само на Срби, удбаши и на македонски србомани кои ја управуваат таа република, но младата генерација така не мисли. Таа ја смета Македонската република за македонска национална држава и не гледа насекаде удбаши и србомани. Оваа нова македонка генерација, драги Миле, денес тешко не разбира мене и тебе. Нашите остри напади врз раководството на републиката оваа нова генерација ги разбира како напади врз самата република. Затоа ние сега политиката на ДООМ треба да ја прилагодиме на сфаќањата на

таа нова македонска генерација. За таа цел неопходно е потребно нашата политика да ја ублажиме во однос на Македонската република, треба да завземеме еден поблаг став кон нашите мајмуни во Скопје, а многу повеќе да удриме по грчиштата и бугариштата, кои не признаваат ништо македонско. Досега правевме сосема обратно, најмногу го напаѓавме раководството на Републиката и Југославија. За оваа наша голема грешка ние скапо плативме, многубројните печалбарски маси ни го свртеа грбот. Ти самиот Миле го знаеш ова, сети се само колку летки-апели испративме во Шведска, а добивме само дваесетина одговори и тоа половината негативни. Затоа во иднина ќе го ублажиме малку тонот спрема Републиката за да не ги одбиваме печалбарските маси од нас. Како гледаш Миле јас ти изнапишав многу работи. Не го жалам "изгубеното" време за ова нешто, сакам да ги разбереш сегашниве мои политички потези, кои ги преземам затоа што нив ги бара моменталната положба во ДООМ и чистоќата на македонската национална кауза. Знам дека си бистро момче, па затоа се надевам дека не само што ќе ме разбереш, туку и дека ќе ме поддржиш.

А сега прими срдечни поздрави,

Твој,
Драган Богдановски

МАКЕДОНИЈА ПОД СРБО-КОМУНИСТИЧКО РОПСТВО
(Статија од Драган Богдановски и Миле Илиевски)

Горчлива и трагична беше судбината на македонскиот народ во првата кралска Југославија - создадена по силата на версајскиот мировен договор по кого вардарскиот дел од нашата татковина беше даден на Србија како награда за нејзиниот допринос во војната. За време на 22 годишното свое владеење големосрпскиот окупаторски режим работеше со сите средства, тргнувајќи од нечуен политички терор, како стрелање и колење на македонски патриоти и невини селани без секаква судска постапка против нив, па преку наложување на српски јазик во училишта, српски учители и попови и преку колонизација на Срби на македонската земја да го избрише националниот карактер на Македонија, т.е. да го претопи нашиот народ во Срби, за да може на тој начин да ја овековечи својата окупација на Македонија. Но, големосрпските хегемонисти не успеаја во

својата намера бидејќи лесно не се избришува национален карактер на еден народ, а особено на еден таков жилав народ, кој имаше зад себе едно богато револуционерно минато, водено за неговата национална самостојност - богато сопствено јазично и културно богатство, како тоа што го имаше потлачениот под големосрпската чизма македонски народ. Преку сеопшт стихиен отпор против српскиот асимилаторски режим, а подоцна и преку организирана политичка борба и национална пројава на литературно поле, македонскиот народ ги разби на парчиња големосрпските асимилаторски планови и на 6 април 1941 година Македонците мобилизирани во кралската армија први ги скинаа и фрлија во кал омразените српски шајкачи и си појдоа дома. Сиот македонски народ со радост ја дочека смртта на кралска Југославија.

Втора, титовска, комунистичка Југославија изникна на буништето на првата кралска Југославија, ги задржа, па дури и прошири границите на својата претходница, но за разлика од кралска Југославија, која беше унитаристичка со изразена и отворена големосрпска хегемонија, творците на таа Втора Југославија, принудени од историски настани, ги поставија нејзините темели на замаскирани федеративни основи. Бивша Југославија беше одамна штемблирана како симбол на големосрпската хегемонија и темница за сите други народи што се наоѓаат во нејзините граници. Големосрпската хегемонија, спровдувана за животот на бивша Југославија, остави тешки последици и за самиот српски народ, кој опасно настрада во граѓанската војна. Големосрпската хегемонија и националистичка омраза изразена со четнички и усташки колежи на невино муслиманско, српско и хрватско население, ја беа страшно компромитирале југословенската државна идеја и ниеден народ, освен српскиот, не ја сакаше нејзината обнова. Четничкото движење на Дража Михајловиќ кое се претставуваше како “Југословенска војска во татковината” и кое работеше за обновување на кралска Југославија најде широка народна поддршка во Србија и во некои други делови од бивша Југославија, како Босна и Херцеговина каде имаше српски етнички елемент, но не и во Хрватска, Словенија и Македонија. Во ова судбоносно време кога националната омраза пролеваше потоци крв, Комунистичката партија на Југославија, познавајќи ја одамна многу добро Ахиловата пета на Југославија - нерешеното национално прашање во неа, во својата борба за заграбување на власт, успеа да го искористи за своја цел тоа

нерешено национано прашање. КПЈ која го предводеше партизанското движење за време на војната, вешто и умешно ги прикриваше своите класни и идејно-партиски амбиции и намери и на партизанското движење му даде национален карактер. Тито излезе со програм за едно државничко преуструјство на Југославија, кое требаше да го реши националното прашање еднаш засекогаш. Тоа државничко преуструјство требаше да се направи на федеративна основа, секоја нација да си добие своја национална република во заедничка сојузна држава. Големите сојузници во војната: Англија, Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз, запознаени со крвавите национални чуда што се одгираа за време на војната на теренот на бивша Југославија, увидоа во Титовиот државен програм едно праведно решение на националните прашања на овој дел од Балканот и пчнаа да го помагаат Титовото партизанско движење и му откажаа секаква помош на, помаганиот од нив, генерал Дража Михајловиќ. Така, по силата на историските настани, вардарскиот дел од нашата татковина пак се најде след војната во границите на Југославија. Овде треба да се подвлече дека за време на војната македонскиот народ кој беше поставен под ужасите на едно ново национално ропство - бугарското, кое во многу односи беше потешко и од српското, се беше дигнал со пушка в рака да се бори против бугарскиот насилнички и разбојнички режим, не сакаше ни да чуе за некакво обновување на Југославија како држава. Македонските комунисти кои стоеја на челото на партизанското движење во Македонија не сакаа ни да го спомнат името на Југославија, се до летото 1944 година, кога секретарот на Покраинскиот комитет на комунистичката партија за Македонија Методиј Шаторов беше исклучен од партијата како национален шовинист. Заедно со него беа исклучени сите други членови на тој комитет и на нивно место беа доведени од Белград испечени србомани како Колишевски, Смилевски и други. Но и таа нова србофилска комунистичка клика беше принудена долго време да го избегнува името “Југославија”, а зборуваше само за “илинденски идеал” на македонскиот народ. Своето гнасење од таа Југославија најдобро и најдемонстративно го покажа македонската војска во зимата 1945 година кога откажа да појде да се бори за српски интерси на Сремскиот фронт и место за Срем ја исфрли паролата “напред за Егејска Македонија”.

За положбата на македонскиот народ под србо-комунистичкото ропство ќе зборуваме на ова место малку

подоцна, а сега нека ни биде дозволено да се вратиме пак на некои познати историски настани и факти, чие изнесување ќе ни ја покаже денешната "Народна" алијас "Социјалистичка" Република Македонија како една нова српска бановина, управувана за сметка на Белград од една клика Македонци родоотстапници, доведени на власт во Македонија од страна на српските комунисти.

Како рековме малку порано, станиовиштето на македонските комунисти за време на Втората светска војна спрема југословенската идеја беше негативно. Во Југославија тие гледаа темница за македонскиот народ и тие го отфрлија Титовиот повик за подигање на востание во сите краеви од бивша Југославија. За време на бивша Југославија во Македонија беше изградена една немногубројна, но здрава раководна и елитна, составена од млади интелектуалци, комунистичка организација. Цели две децении македонските комунисти водеа борба против националистичкото големосрпско становиште на српските комунисти спрема Македонија, кои ја сметаа за "српски Југ". Македонските комунисти го поставија македонското национално прашање во 1934 година пред Коминтерната, која донесе специјална резолуција со која се призна правото на македонскиот народ на самоопределување. Долги години македонските комунисти беа единствени организатори и предводници на народниот отпор против српскиот асимилаторски режим во бивша Југославија. По нивна иницијатива, македонските студенти (околу 200 на број) на Загребскиот и Белградскиот универзитет, во 1936 и 1937 година го основаа Македонскиот Национален Покрет (скратено МАНАПО) како широка национална организација и тие работеа долги години за разбивање на Југославија. Со распадот на кралска Југославија, македонските комунисти сосема правилно сметаа дека не постои никаква основа за постоење на една Југословенска комунистичка партија и едно евентуално нејзино постоење би било вештачко и не би одговарало ниту на интересите на борбата против фашизмот, ниту пак на народните интереси. Македонските комунисти не признаваа повеќе никаква Југословенска комунистичка партија, никаков нејзин Централен Комитет. Позивот за подигање на востание што го испрати ЦК на КПЈ и до македонските комунисти едноставно беше игнориран, а Методија Шаторов Шарло откажа да појде во Белград на состанок на ЦК, каде беше повикан да го објасни своето становиште. Македонските комунисти не сакаа да се

борат за обновување на Југославија и тие ја исфрлија паролата за една обединета, целокупна "советска Македонија", која погледнато од македонско историско и национално гледиште, стопати подобро одговараше на македонските национални идеали. Во овој спор со србокомунистите, Тито го обвини Шарло пред Коминтерната за национален шовинизам и дефетизам и бидејќи Титовото партизанско движење одеше тогаш во корист на советските интереси, Коминтерната, односно Москва, го погази од неа толку прокламираното право за самоопределување на народите и го жртвуваа Шарло за сметка на Тито. Тогаш Шарло и сите останати членови на Покраинскиот комитет за Македонија беа исклучени од партијата. На нивно место ЦК на КПЈ односно србокомунистите доведоа од Србија однародени Македонци србомани - разни стипендијанти на големосрпскиот асимилаторски режим на чело со српскиот комунист од македонско потекло Лазар Колишевиќ, подоцна по должност или поправо речено, службено прекрстен во "Колишевски". Кога во 1941 година Колишевиќ пристигна во Македонија за секретар на македонската партиска организација, тој не знаеше ни да зборува македонски и единственото македонско што го носеше во себе беше оти беше од македонско потекло. Уште како мало дете сираче, Колишевски бил земен во некој дом за сирачиња во Србија и таму бил одгоен во српски национален дух. Подоцна како српски државен стипендијант, Колишевски во Крагуевац завршува средно воено-техничко училиште и се вработува во Заводот за оружје во истиот град. Тука станува члена на КПЈ и во партиската хиерархија достигнува до секретар на Обласниот комитет на партијата за Крагуевачката област. Се до неговото поставување за секретар на Покраинскиот Комитет на КПЈ за Македонија, тој се осеќал и работел само како Србин - српски комунист. Тој станува "Македонец" по партиска должност. Со неговото македонско потекло (роден е во Свети Николе) србокомунистите се послужуваат како со средство за да бидат осуетени сепаратистичките планови на македонските комунисти, за да се постави македонската партиска организација под туторството на србокомунизмот. Слична е животната историја и на другите белградски маши во Македонија од управувачката клика во Скопје. Главен командат на македонските партизански единици за време на "народната револуција" беше бившиот мајор од кралската армија Михајло Апостолски. Штип е родното место на овој српски јаничар. Во бивша Југославија Штип беше прогласен

како најнемирен, најнепокорен град во Југославија и големосрпскиот терор ја достигна во него својата кулминација. Во Штип Македонци замркнуваа, но не осамнуваа. Во Штип беснееше злогласниот Жика Лазиќ и неговите крвави жандари. Во борбата против големосрпскиот режим Штип даде во Македонија најголеми жртви, но за голема срамота на овој славен по својата борбеност и верност на македонскиот идеал град, во него се родил овој изрод од нашиот род. Долгогодишната "втора еминенција" во Скопје бившиот српски комунист Видое Смилевиќ е иселеник од Македонија, кој сиот свој живот пред неговото доаѓање го провел во Белград. Никола Минчев е бивш српски воспитаник и српски учител, кој работел на посрбување на македонските деца. Многумина од денешните скопски управници се српски зетови, кои дома во своите фамилии зборуваат српски, а македонски зборуваат надвор на улица, како на пример Колишевски, Киро Миљовски и други.

Кога Москва ја жртвува македонската комунистичка организација на србокомунизмот, ЦК на КПЈ го испрати во Македонија својот "делегат" Светозар Вукмановиќ Темпо со задача да организира нов Покраински комитет за Македонија. Темпо го доведе со себе во Македонија Колишевски и новото партиско раководство и тој сам назначуваше за членови испробани србофили. Лека полка под раководство на Темпо беа ликвидирани сите оние партиски раководители кои не сакаа да постанат орудие на србокомунизмот. Некои од нив беа јавно физички ликвидирани, други наидоа на мистериозна смрт, како на пример Кочо Рацин. А кога србокомунистите во 1944 година заграбија власт во Македонија, тие ги ликвидираа не само истомислениците на комунистот сепаратист Шарло, туку и сите оние млади национални снаги израснати во партизанското движење. Особено голема чистка на македонските сепаратисти стана во зимата 1945 година кога македонските војници откажаа да се борат за српски интереси во Срем. Ова го зафати и првиот претседател на Антифашистичкото собрание на Народното ослободување на Македонија Методија Андонов Ченто, кој беше осуден на 12 години затвор. На власт во т.н. "Македонска Народна Република", остана само една клика од србомани, белградски наемници кои за ќеф на своите белградски господари, кои се спремни да ја заколат и својата родена мајка. Десетици процеси беа исценирани во прв ред против демократски ориентираното македонско граѓанство. Невини луѓе беа обвинети за соработка со окупаторот и за наводна

шпионажа во корист на западните земји, но не беа ретки случаи кога едноставно преку ноќ луѓето беа исфаќани и ликвидирани.

Денешните српски комунисти за разлика од нивниот стар учител Сима Марковиќ, кој не признаваше никаква македонска нација и ги сметаше Македонците за Срби, излегоа потактички и поумни од својот учител и тие му признаа национална индивидуалност на македонскиот народ, но само како мамка која треба да му ги замачка очите. Србокомунистите не се ослободија од српскиот империјализам и работат на постепено асимилирање на македонскиот народ. Но, колку и да беа перфидни србокомунистите сепак нивната игра беше брзо разоткриена пред очите на македонскиот народ, на кого не му требаше многу време и ум па да осети дека во т.н. "македонска" република се смрди на српско. И тоа како во политичкиот, така и во културниот живот. За "културтрегери" во младата македонска република веднш беа поставени испробани србомани како Блаже Конески, српски стипендијант и воспитаник; професор Хараламлие Поленаковиќ, бивш српски доцент на Скопскиот филозофски факултет и други. Во македонскиот литературен јазик систематски се уфрлуваат српски зборови, а правилата на ортографија во нивната основа си останаа српски. Како и во кралска Југославија, македонските ученици се принудени да изучуваат српски јазик и српска книжевност, српски писатели, чија литература зборува за еден туѓ на македонската психа, ментатлитет и свет. Книжарниците и библиотеките низ Македонија се полни со дела од српска книжевност и историја. Единственото училиште во Македонија кое го носеше името на родоначалникот на писмеността во Македонија "Климент Охридски" беше прекрстено од србокомунистите. По македонските градови и паланки постојат модерно и луксузно опремени српски основни училишта и гимназии. Во тие училишта се учат децата на многубројните Срби службеници во Македонија, како и децата на богатата управувачка клика од Македонци - белградски пандури, кои не сакаат да ги праќаат своите деца во бедните и мизерните македонски училишта. Во Македонија излегува еден дневен весник кој се вика "Нова Македонија", но штом читателот ги отвора нејзините страници, ќе сретне дека 75% имиња на соработниците се Срби. На Скопскиот универзитет има повеќе студенти Срби, отколку Македонци и скоро половина од наставата се извршува на српски јазик. И тоа ми било македонски универзитет! Додека македонските студенти на Белградскиот универзитет се

принудени да учат на српски јазик, за српските студенти на Скопскиот универзитет се држат предавања на српски јазик и тие полагаат испити на српски јазик кај професори Македонци. Тоа ти е србокомунистичкото "братство и единство". Преку училишта, печат, радио, телевизија, воена служба и разни работни акции и курсеви, србокомунизмот прави се за да го измени националниот бит на македонскиот народ, особено на младите македонски генерации. Под маската на некаква југословенска култура србокомунизмот систематски работи на посрбување на македонскиот народ. Разбира се дека македонскиот народ и неговите просветни синови не можеа да останат рамнодушни према оваа прикриена големосрпска асимилаторска политика и почнаа да протестираат и се борат, но тогаш бргу се најдоа во мрачните подруми на УДБ-а. Најголемиот македонски поет што досега го дал македонскиот народ Венко Марковски на неколку пати беше обвинуван за национален шовинизам и затворан, па времето од "ослободувањето" наваму го проведе во србокомунистичките затвори. Поетот Гане Тодоровски беше на неколку пати сослушуван од агентите на УДБ-а и после еден таков тормоз се обиде да се самоубие. Талентираниот поет Лазо Каровски беше затворан и осудуван и србокомунстичката цензура го уништи како поет затворајќи му секакво поле на појава.

Во Македонија ѓоамити постои денес македонски литературен јазик, а сите возни карти за железничкиот превоз се напишани на српски јазик. Според србокомунистичката конституција сите народи и "републики" се рамноправни, а на Македонците што изглегуваат во странство пасошите им се напишани на српски. Тоа е дел од многуте докази дека за денешните белградски управници Македонија си е една обична српска провинција.

Во ниедна друга република од денешната србокомунистичка Југославија политичиот терор не е така силен како што е во Македонија. Во сите краеви на таа србокомунистичка темница режимот прогонува и проследува свои непријатели, но во Македонија тој ја применува и денеска старата големосрпска тактика: колење и куршум во тилот без никаква правна процедура. како што џелатите на кралскиот жупан Жика Лазиќ во бивша Југославија убија 60 селани од село Гарван, Штипско, без никаква пресуда, така и џелатите на УДБ-а исклаа петмина струмички студенти. Вакви крвави настани стануваат само во македонскиот дел од Србославија.

Комунистичките агитатори внатре во Македонија и во својата пропаганда за надворешниот пазар, ообено за нашите иселеници во Америка и Канада, како и преку свои платени агенти, вмакнати во редовите на македонската политичка емоградија се испопукаа фалејќи го културниот подем на македонскиот народ во комунистичка Југославија. Разбирливо е дека еден, со векови поробуван народ, кој за прв па си го извојувал правото да пишува и создава вредности на свој јазик, да покаже вистински полет на културно поле. Тој полет на младата македонска интелигенција, србокомунистичката мафија во земјата и нивните академски агенти во емиграција, се обидуваат да ја припишат како заслуга на нивниот комунистички режим. Вистината е сосема поинаква. Србокомунистичката тиранија го кочи културниот развиток во Македонија, таа го спречува раѓањето на една вистинска македонска литература. Единствената македонска национална пиеса "Гоце" во која беше изнесена македонската револуционерна епопеја и опеан ликот на легендарниот македонски водач Гоце Делчев, ја забрани УДБ-а под изговор дека настаните и луѓето биле прикажани историски необјективно, но во сушност од страв дека тоа дело ќе сее патриотски чувства во македонската читателска и театарска публика. Музичарот Кирил Македонски беше направил од пиесата опера, која се изведуваше со голем успех во Скопје, но на крајот и тој беше уапсен од УДБ-а, која за нашите македонски услови уништи еден надарен уметник.

Таканаречената "југословенска народна армија" е една асимилаторска установа за Македонците кои служат во неа. На нив им е за време на воениот рок забрането да зборуваат македонски, а оние кои не зборуваат српски биваат дисциплински казнети да чистат клозети и им се скратуваат отпустите кои им се паѓаат по правила. Во србокомунистичката армија практично нема Македонци официри и тоа по следните две причини: прво затоа што македонските младинци кои би се определиле за овој позив се сметаат од србокомунистите како политички несигурни и други затоа што на македонските младинци им е одвратна таа српска армија во која тие би биле ништо друго отпреку пандури со палети на рамења.

Со цел да ги прикријат своите цели и злодела, србокомунистите тврдат дека во овие дваесет години на нивното сатрапско владеење во Македонија било повеќе изградено отколку кога и да било порано, но и оваа комунистичка "вистина" има само за цел да ги замаже очите на оние кои не ја познаваат

стварноста во Македонија. Начинот на кој се спроведува индустрискиот развиток на "народна" Република Македонија овозможува масовна инфилтрација на Срби во Македонија. Како аграрна и заостаната земја Македонија нема свои стручни кадри за изградба и одржување на погон на новата индустрија, а србокомунистите не се бринат да создадат такви македонски кадрови. Кадрови доаѓаат "готови" од Србија и резултат на таа индустријализација е тој: да има што повеќе Срби во Македонија отколку за време на бивша Југославија. Тие Срби настанети во Македонија имаат неколку пати поголеми заработувачки од македонските работници.

Србокомунистичките агенти среде македонските иселеници и емигранти велат дека во денешна Југославија имало многу Македонци на високи државни постови, од кои многумина "министри и амбасадори". Србокомунистичките агенти сакаат да кажат дека во денешна Југославија управуваат и Македонци. Ништо нема вистинито ни во ова комунистичко тврдење. Од стотина амбасадори кои ги има испратено Југославија по разни земји во светот, само тројца се Македонци. На нив им се доделени постови во земји со кои Југославија само формално одржува дипломатски врски. На ваквите постови во дипломатската служба седат предимно бивши српски овчари, кои беа изгонети од армијата поради недостиг на образование. Министрите Македонци пак се најобични белградски наемници од србофилската клика на Колишевски и на ним им се дадени министерски столици со цел да се замажат очите на превареният и онеправдан македонски народ. Во денешна Југославија не управуваат Македонци, туку преку продадени Македонци србомани, србокомунистите управуваат во Македонија.

Ова е на кусо сликата за ропската положба на македонскиот народ во србокомунистичка Југославија. Мало и големо, машко и женско, будно и со нетрпение го очекува распадот и на оваа втора, србокомунистичка, Југославија. Историски ништо не го спојува македонскиот народ со Југославија и тој си има свои свети национални идеали, кои стојат во директна спротивност со секаква југословенска идеја. Но, за тоа нешто во следниот број на "Македонија".

РЕЦЕНЗИЈА ЗА КНИГАТА “ДОКУМЕНТИ ЗА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (ОКМ - ДООМ - НОФМ) - прв том”, ПОДГОТВЕНА ОД МИЛЕ ИЛИЕВСКИ

Книгата под наслов “ДОКУМЕНТИ ЗА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО ДИЈАПСОРАТА (ОКМ - ДООМ - НОФМ) - прв том”, подготвена од Миле Илиевски пополнува значајна празнина во македонската историографија, покривајќи еден дел од поновата македонска историја. Тоа е делот во кој е опфатена борбата за обединета и независна држава Македонија, која се водела во периодот, почнувајќи нешто по Втората светска војна, па се до осамостојувањето на вардарскиот дел на Македонија (претходната СР Македонија) како независна држава во 1991 година.

Значајно е и тоа што Миле Илиевски и самиот бил активен учесник во овие настани во текот на целиот период опфатен во оваа книга. Притоа тој се наоѓал во самиот центар на настаните, односно членувал во самиот врв на организациите ОКМ, ДООМ и НОФМ, кои впрочем се и најзначајните организирани субјекти во борбата за независна и обединета Македонија што дејствувале од педесеттите до деведесеттите години на дваесеттиот век.

Миле Илиевски предава голем корпус документи, главно од својата архива, меѓу кои има: писма, меморандуми, статии, летоци и сл. Сето тоа е хронолошки подредено, со исклучок на мал дел писма. Притоа авторот Илиевски се воздржува од свои коментари (освен со мал број потребни споредни дообјаснувања) со што обезбедува објективно прикажување на документацијата објавена во книгата.

Од оваа документација кај читателот може да се создаде прилично јасна слика како дејствувале најзначајните емигрантски организации во дијаспората чија цел била слобона, независна и обединета Македонија.

Ова посебно се однесува на писмата, т.е. на личната преписка помеѓу одделни врвни раководители и членови на овие организации. Од овие писма може да се регистрира хронологијата на настаните, меѓусебните односи, борбата против странските пропаганди, внатрешните интриги и сл., а од нив се согледува и самиот карактер на пишувачот, т.е. интелектуалниот состав на овие организации.

Од писмата согледуваме дека членовите на ОКМ, ДООМ и НОФМ воделе лавовска борба против странските анти-македонски пропаганди: југословенската, големосрпската, грчката и бугарската. Истовремено тие се бореле да придобијат што поголем број Македонци во своите редови, као и да придобијат симпатии пред значајни странски субјекти.

Во прилог на придобивањето свои следбеници среде македонската економска емиграција (печалбарите), овие организации се служеле со своите печатени гласила, писма и летоци, а подоцна и со радио емисии. На македонските печалбари (економски емигранти) им се објаснувала вистинската состојба во Македонија, им било укажувано на табу-темите од поновата и постарата историја, потоа на подмолноста на странските пропаганди и сл. Истото ова било нудено и на странските субјекти преку материјали преведени на најзначајните странски јазици.

Во борбата против странските пропаганди се влегувало во директни дуели со македонските негатори, се праќале писма и на највисоките органи на државите - окупатори на Македонија и т.н.

Од сите овие документи се стекнува впечаток дека ОКМ, ДООМ и НОФМ (со извесни осцилации) биле солидно организирани субјекти, со своја организациска структура, финансиски извори, печатени медиуми и стратегија во дејствувањето.

Но, ни странските контра-известителни служби не седеле со скрстени раце, втурнувајќи се со сетоа своја сила против работата на овие македонски патриоти.

Резултат од сето ова се потресните сведоштва за мистериозни убиства на членови на ДООМ, неуспешни атентати, претепувања речиси до смрт, заплашувања, апсења и тајни судења проследени со долги затворски казни. Сето ова е драматично опишано во документите што ги нуди Миле Илиевски во оваа книга, а секако дека така ќе биде и во следниот најавен том.

Се чувствува дека ваквите удари врз македонските организации (посебно применети од страна на злогласната јуословенска УДБ-а), делумно оставиле трага и во психологијата на македонските активисти. Нивните меѓусебни недоразбирања еволуираат во фракционерски борби во кои, речиси секој еден, ги нарекува припадниците на спротивната страна како “удбаши”,

што во некои случаи веројатно и било оправдано, но во некои не.

Фракционерството одвнатре ги разјадува овие организации и ја отапува острицата на нивната борба потиов вистинските непријатели. Понекогаш тоа фракционерство и навистина е провоцирано од непријателот, но понекогаш се работи и за лична нетрпелиост, егоизам или идеолошки разлики (социјализам против капитализам и сл.), иако и во ваквите случаи опонентите од разните фракции меѓусебно себеси се нарекувале "удбаши", иако е многу тешко да се утврди каде и навистина дејствувала УДБ-а , а каде дошло до рацеп поради внатрешни слабости.

Но, самиот факт за вмешаноста на УДБ-а и на другите странски служби, зборува за сериозноста и моќта на македонските организации, како и за стравот на државите што ја држале (и ја држат) под своја власт Македонија и Македонците.

Од писмата се добива слика и за интелектуалната структура на македонските организации. Од нив гледаме дека таа опфаќала широк дијапазон: од врвни интелектуалци, па се до одвај писмени печалбари. Но, она што восхитува е дека во сите нив тлеел нескротливиот оган на македонскиот патриотизам и подготвеност да се жртвуваат за својот идеал за слободна, обединета и независна Македонија. Ова исто важи и за идеолошката определеност на овие македонски патриоти. Денес сме сведоци дека комунизмот доживеа катастрофален пораз како систем, секаде каде што беше направен обид истиот да се инсталира. Комунизмот денес е завршена приказна на неуспешен експеримент, но во времето на дејствувањето на ОКМ, ДООМ и НОФМ, се уште постоеше Источиот блок и комунистичката пропаганда што оттаму излегуваше, па (исто како и среде припадници на многу народи) така и среде македонските патриоти имало луѓе кои верувале во овој систем. За разлика од нив, имало и такви кои уште тогаш ја согледале безперспективноста на овој тотоалитарен режим. Но, интересно е тоа што и едните и другите до максимум се обидувале да ја притаат својата идеолошка определба и на прво место да го стават националниот интерес на Македонците. Постоел формален договор меѓу членовите, на кој, горе-долу сите се придружувале дека прво треба да се ослободи и обедини Македонија, а потоа народот сам нека реши во каков систем ќе живее. Сепак, и покрај ова, посебно во писмата, се забележуваат антагонизми помеѓу приврзаниците на двата

система, при што доаѓало во нивно групирање според идеолошката определба, па и до одделни препукувања, иако никогаш не дошло до отворен судир, што зборува за високото ниво на патриотска свест, кога во тие тешки мигови, идеолошкото прашање се ставало во втор план во однос на националното.

Сигурни сме дека оваа книга подготвена од Миле Илиевски, ќе предизвика реакции во нашата јавност, а пред се иницијативи за создавање на други слични публикации со документација од револуционерната дејност на македонските емигрантски организации во дијаспората, но и внатре во Македонија, со цел уште поголемо пополнување на празнината во нашата понова историографија, што почна со оваа книга.

Александар Донски,
мај 2006 година